**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ**

**ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА**

**ВТОР ЦИКЛУС НА СТУДИИ**

**НАСОКА: ИСТОРИЈА И АРХИВИСТИКА**

**МОДУЛ: ИСТОРИЈА НА НАЈНОВИОТ ВЕК**

**- МАГИСТЕРСКА РАБОТА -**

# „ИДЕИ, ПЛАТФОРМИ И КОНЦЕПТИ ЗА СОЗДАВАЊЕ НА НЕЗАВИСНА МАКЕДОНСКА ДРЖАВА (1941-1949)“

**МЕНТОР:** **ИЗРАБОТИЛ:**

**проф. д-р Никола Жежов** **Павле Јанакиевски**

**БР. НА ИНДЕКС:**

**СКОПЈЕ, 2020 ГОДИНА**

# ПРЕДГОВОР

Историскиот периодот на XX век е израз на многу турбулентни настани во Светот, Европа, Балканскиот полуостров, но се подразбира и во етничка Македонија кој неизбежно беше сведок на настаните, како што Татковината не остана имуна од светските случувања.Ова е периодот кој во историската наука се претставува како период на најновата или современата историја, историјата на најновиот век. Современата македонска држава има долга и богата предисторија, односно време исполнето со настани и личности кои чекореле кон патот на македонската слобода. Во таа борба, особено по поделбата на Македонија на10 август 1913 година, едно од клучните прашања било прашањето за повторно обединување на македонскиот народ. Тоа прашање особено ќе се актуелизира во текот на Втората светска војна и при нејзиниот крај, кога била прогласена Демократска Федерална Македонија, како дел од југословенската федерација.

Кога станува збор за периодот од 1941 до 1949 година и по него, може да се каже дека овој дел од историјата на македонскиот дваесети век, спаѓа во редот на помалку истражуваните подрачја во македонската историографија, при што особено одбегнувани биле прашањата за репресијата во комунизмот и оние настани во кои настрадале повеќе личности заради политичко или идеолошко несогласување со новата партиска власт. Во овој контекст би навел неколку причини, заради кои периодот по 1944 година беше помалку истражуван во македонската историографија:1. Непостоењето на историската дистанца кое се поставуваше како методолошко правило. Во современата историографија, со користење на различни извори на информации и методи на сродните науки, клучна улога не игра времето односно историската дистанца, па дури се воведува истражување на т.н. тековна историја. 2. Влијанието на политиката врз историографијата во наведениов период, помалку или повеќе, значеше и воспоставување на директната контрола врз историјата и историчарите кои беа повикани да создаваат определена историска или општествена свест. Истовремено, беше воспоставена партиска матрица во толкувањето на одредените историски настани и појави и на улогата на личностите во најновата историја, што секако се наметнуваа пожелни и непожелни теми, односно табу-теми, беше присутна автоцензурата кај историчарите кои зависеа нормално од државното финансирање и поткрепа итн. 3. Архивската документација во најголем дел беше надостапна заради прописите во архивското работење, но повеќе заради интересот на државата, политиката, партијата итн. Истражувачите на најновата историја беа соочени со затворени архиви во републиката и кај соседите, забранети фондови, несредена, фризирана или уништена документација, затворени досиеа кои уште се не достапни за науката со ограничувања во прописите за нивното користење, чување на докоминти во лични и семејни фондови, различни искази на сведоци за еден ист настан или личност, прекубројност на неупотребливи материјали и недостаток на повредни релевантни показатели и факти итн.

4. Тешкотиите при користење на методот на усната историја заради фактотшто улогата на учесниците во настаните или погледот (сваќањата, толкувањата, предрасудите) за еден ист настан, појава или личност најчесто се различни. Во овие рамки е присутна мултиперспективноста (гледањата од различен агол) или селективноста при нивните сведочења и искази. Тоа создава своевидни тешкотии при утврдувањето на веродостојноста на историските факти. 5.Присутна е релативна прецизност, односно вистинитост „под сомнение" на бројчаните показатели или т.нар. „социјалистичка" статистика. Различните статистички показатели се „прилагодувале" односно биле во функција на потребите на дневната политика, а понекогаш и на партиската пропаганда. Постои шаренило на „утврдени" или неутврдени бројки за еден ист настан, процес или појава во различните извори на податоци. Клиометријата како посебна научна дисциплина сеуште не е доволно развиена во Република Македонија.[1]

По падот на Берлинскиот ѕид во 1989 година и по пропаѓањето на комунистичкиот режим во Европа, дојде до извесна либерализација на користењето на архивската документација (особено во земјите на Југоисточна Европа). Се отворија повеќе забранети зони за историографијата почнувајќи од дезидеологизација односно отфрлањето на задолжителните толкувања, отфрлање на афтоцензурата и на табу-темите, до слобода на избори на теми, методолошки пристапи, трагање по нови видови на извори, индивидуализам наместо колективизам итн.

При крајот на осумдесетите и почетокот на деведесетите години од XX век во рамките на Република Македонија се појави една паралелна историја (наспроти официјалната) која на виделина ги изнесуваше оние премолчани настани и факти кои претходно беа политички непожелни за јавна презентација. Академската (официјална) историографија, во одредени чекори, заостануваше зад „сензационализмот" на аматерите, бидејќи методологијата на историското истражување и утврдувањето на историските факти има своја посебна постапка која без компаративниот метод (adetura altera pars) и другите методи со кои се служат историчарите од струка, без познавање на теоријата на историјата, критиката на изворите итн., можеме да видиме само уште едно субјективно гледање на нештата од минатото, дури и пресметка со минатото, но никако наука.

За овој период се објавија релативно поголем број трудови кои опфаќаа поголем број аспекти, при што, оние трудови кои се пишувани до 1991 година, во голема мера ги премолчуваат, или од позиции на партиски утврдени гледишта ги толкуваат најчувствителните и црни дамки во раѓањето на современата македонска држава како на пр. идеолошки чистки, политичките дисквалификации, насилното одземање на приватната сопственост, воведувањето на „комунизмот" на селото и други појави проследени со репресија, воспоставувањето на партиско-полициската наместо правната држава итн.

[1]Виолета Ачкоска, Лекции од историјата на современата македонска држава (1941-1991), Филозофски факултет, Скопје, 2015, стр. 1-2

Според тогаш актуелните политички критериуми на еднопартискиот систем, водени од лични амбиции или закоравен догматизам (но и присутен страв од непосакуваните последици), оделни официјални историчари, публицисти, политичари или партиски идеолози во Република Македонија (со мали исклучоци), даваа негативни толкувања, дури и настојуваа да се избрише од колективната меморија вистинската улога на личностите со поинакви политички сваќања или на оделните национални дејци и на историските личности значајни за најновата македонска историја, особено во градењето на македонската државност, македонскиот национален идентитет и националната самопочит.

Преставувањето на состојбите, донесувањето на заклучоците, толкувањето на фактите, спомнувањето на личностите во различни историски ситуации, во најголем број случаи се трудев да ги поткрепам со документи и со внатрешна критичка анализа на истите, одбегнувајќи било какви лични квалификации или дисквалификации. Целата историја со неутрален тон, многу коректно дури и кон некои личности кои можеби не го заслужуваат таквиот внимателен однос. Напротив, некои си го покажаа вистинското лице на жестоки бранители на сопствената „револуционерна рента“, низ многу натписи, панфлети, идеолошки егзекуции и етикетирања. Тоа беше морален пораз на една револуција која се колнеше дека човекот е нејзиното најголемо богатство.

Некои си го поставуваа прашањето: Зошто токму сега кога се исчистија повеќе илјади досиеја, кога се уништени бројни документи, кога многумина ги однесоа своите лични драми во вечноста, да се чепка по скриените тајни на една историја? Сепак, учителката на животот не може да премолчи пред човечките падови и успеси, пред доброто и злото. Тие се дел од животот што протекол, но, од кој треба да извлекуваме поука да бидеме подобри, да не газиме врз човекот во име на ниту една идеологија и партија или заради личен интерес и амбиции.

Подолго време размислував како да ја составам темата, дали тоа да биде тематски или пак хронолошки. Се решив на последното, бидејќи на тој начин подобро, но и поразбирливо може да се прикаже. Работејки на ова дело користев објавен и необјавен архивски материјал, книги, статии, зборници, весници документи и документарни филмови се со цел да се обидам да дадам еден што е можно подобар и посодржан преглед на настаните во регионот и кон Македонија а воедно и во Македонија. Се надевам дека успеав во својата намера, иако секое дело секогаш може да биде и подобро. Во контекст на претходно споменатото треба да се има на ум дека ниту една тема никогаш не може да биде до крај исцрпена или пак истражена.

Искрено не верувам дека постои некој што напишал било какво дело без да должи благодарност кон некого. Најмногу од се им благодарам на моите родители за нивната трпеливост и ведрина. На нив најмногу им должам и време и внимание. Мојот професор, ментор, и најмногу од се пријател, Никола Жежов заслужува длабока и искрена благодарност за сите сугестии во моментите за создавањето на овој труд.

# ВОВЕД

Предмет на научно-истражувачкиот труд е од современата национална политичка историја која се однесува на клучниот период од Народноослободителната борба на македонскиот народ во текот на Втората светска војна (1941-1944) и процесот на создавање на првата современа македонска држава, до резолуцијата на Информбирото. Станува збор за календарски кусо време од 1941 до 1949 година, но историски богато време, исполнето со многу настани, појави и процеси кои ги одбележуваат сите противречности на времето на војната и непосредно по неа. Тоа е период од современата македонска историја одбележан со сенародна националноослободителна борба на Македонците за слобода и државност, борба за зачувување на автономноста на таа борба и создавање на Демократска Македонија како македонска национална демократско-граѓанска држава во рамките на Федеративна Југославија.

Македонците имаат свое посебно место во светската историја под туѓи држави и режими. Војната си има своја логика така што кога страдаш од непријателот се возвишуваш во чинот на жртвата.Во самиот старт на истражувачкиот поход тргнав од мислата„дека доколку сакаме да ја дознаеме вистината за едно општество треба да тргнеме од она што неговата историографија не го напишала".Некаде во почетокот на 90-тите се отвори „Пандорината кутија" и од неа излезе вистината за бројните табу теми во македонската историографија, забранети зони и црни петна од нашата најнова историја: Методија Шаторов – Шарло, Мирче Ацев, Страшо Пинџур, Коста Рацин, Кузман Јосифовски – Питу, Борка Талевски, Благоја Јанков – Мучето, Методија Андонов – Ченто, Венко Марковски, Панко Брашнаров, Петре Пирузе – Мајски .....За период од 30-тина години, многу мрачни и длабоко скриени тајни околу жртвувањето, предавствата, репресијата врз овие и бројни други личности изникнаа на површина. Полициските досијеа се отворија[2] (иако мошне „фризирани"),[3] архивите се либерализираа,[4] борците од

[2]Во СРМ постоеле околу 14.500 досиеја, на кои според некои проценки работеле околу 23.000 кодоши. На околу 90% од нив не дале во МВР писмена согласност за соработка со службата. Некои информатори кодошеле заради напредувањето во кариерата за сметка на друг, некои ги дискредитирале своите партиски конкуренти, некои од нив биле вработувани и со уцени, закани, со мито итн. Имало и платени информатори, загрижени патриоти, а меѓу соработниците имало и лица што не биле ни свесни дека нивните информации се користеле за полнење на нечии досиеја. (На 14.500 досиеја работеле 23.000 кодоши, „Дневник", 5 јуни 2000). Она што е карактеристично за овие досиеја е дека се фризирани, податоците кои се во нив често се безначајни и банални, тендециозни и тешко употребливи како историски извор и веродостоен податок. Почесто тие зборуваат за ниското ниво на доставувачот, отколку за човекот на кого му чувале досие. Сигурно, далеку поверодостојни се извештаите на службениците на КОС бидејќи тие биле обучени за таквата активност, но до сега не се достапни за користење на науката.

[3]Еве што за своето полициско досие забележал Глигор Крстески, еден од судените припадници на организацијата ВМРО-СДРМА, за која понатаму ќе стане збор: „На мое големо изненадување и надвор од сите очекувања, во моето полициско досие, започнато и дополнувано од 1947 година наваму од страна на поранешните служби за државна безбедност и нивните информатори, најдов или поточно, останале само 96 страници! Тврдам дека тоа е невозможно, дека моето полициско досие, такво какво што ми е дадено во

НОВ започнаа полемики, бројни репресирани проговорија, а нивните „превоспитувачи“ брзаа да најдат оправдување за своето не човечко однесување. Сепак, сето тоа е далеку зад севкупноста која треба дел по дел да се истражува.

Овде направив еден обид за проблемско третирање на дел од најновата историја гледана од еден подруг агол со цел да ја преиспитаме и во неа конечно да го пронајдеме човекот со сите негови доблести и мани, да го протолкуваме неговото однесување во војната и мирот, помеѓу индивидуалноста и колективистичката свест, со помош и на другите општествени и хуманистички науки. Само преку интердисциплинарниот пристап можеа да се одбегнат црно-белите слики на нашето минато, создавани најчесто во служба на оваа или онаа идеологија и политика.

Во центарот на нашиот интерес е процесот на противречностите настанати како резултат на настојувањето на централните федерални органи за посилна централизација на државата од една страна, и борбата за поголема самостојност, демократија и за интегрално решавање на македонското национално прашање од друга страна. Во тие политички превирања, поголемиот дел од македонските дејци и творци на македонската држава, предводени од Методија Андонов се оквалификувани како македонски автономисти и сепаратисти и поради своите ставови дошле во судир со централното државно-партиско раководство во Белград. Тоа е времето кога се создала силна партиска држава што ќе одговара на централистичките тенденции на Јосип Броз – Тито, така што постепено била истиснувана македонската интелегенција но и дејците кои не можеле да ги прифатат недемократските методи на партијата. Во Македонија, на чело со Централниот комитет на Комунистичката партија на Македонија е Лазар Колишевски, доверлив човек на Комунистичката партија на Југославија, кој без приговор ја спроведувал центалната политика и расчистува со сите идеолошки и политички неистомисленици како и со т.н. сепаратизам и автономизам на македонските кадри.

Настојував да ја кажеме вистината и историјата да ја заштитиме од злоупотреба. Текстовите се концепирани такашто некаде зборував за појавите и процесите, попатно вметнувајќи ги личностите во нив, а некаде низ судбините на личностите го пренесувам системот и методите на репресија. На моменти кажаната вистина е болна, неверојатна и неприфатлива, но сметаме дека секој човек, група, народ треба да се соочат со вистината за себе заради идните генерации, на луѓе кој од секогаш се бореле и сакале да ја дознаат суровата реалност на настани кој не дале соодветен одговор или се избегнувало намерно или ненамерно да се соопшти вистината.

---

фотокопии од МВР (каде што ми гарантираа дека е само тоа со коешто располагаа, во целост), до крајни граници е „чешлано“, преработувано и значително оштрбено...“ (Глигор Крстевски, Моето полициско досие, „М-графика“, Скопје 2002, 5, извадок од полициското досие на Г. Крстески)

[4]Документацијата за периодот 1945-1960 година крајно фризирана, или според исказите на Владимир Дедијер направен е „сеф“ т.е. во фасциклите не се наоѓаат најважните документи, а повеќе од нив биле уништени по налог на Александар Ранковиќ (Владимир Дедијер, Нови прилози за биографију Јосипа Броза Тита, књига II, Београд 1981, 72, 75)

Во воведот од истражувањето наопходно беше прво да се објасни генезата на поимот идејата за автономија во македонската политичка историја, автономноста на македонското националноослободително и револуционерно движење, како и автономизмот и сепаратизмот на македонското националноослободително движење. Ги анализирав автономноста и целите на македонското националноослободително движење во Народноослободителната борба, државотворната платформа и силното влијание на илинденските традиции во него, како и интервенциите на раководството на КПЈ, чија цел е да го стави под своја контрола. Дефинирав две спротиставени политички струи во македонското националноослободително движење кои имаат различни ставови во однос на утврдувањето на крајната цел на националноослободителното дввижење. Едната струја е промакедонска (македонски автономизам), која се залагала за автономно македонско националноослободително движење и создавање независна обединета македонска држава со демократско уредување, а другата е пројугословенска комунистичка струја, која се залагала за националноослободително движење под раководство на КПЈ и создавање македонска национална држава во рамките на Југославија со комунистичко уредување.

Ова поделба на две политички струи постои и по Првото заседание на АСНОМ и конституирањето на современата македонска држава. Се продлабочла поларизацијата во македонското раководство. Таа здрава демократска средина со политички струи со спротивни ставови околу суштинските национални прашања е нарушена со интервенциите на комунистичкото раководство, македонско и југословенско. Воспоставувањето и зацврстувањето на еднопартиската комунистичка власт било придружено со елеминирање и ликвидирање на опонентската политичка струја и конспиративна нелегална опција. КПЈ во спрега со Оделението за заштита на народот (ОЗН-а) и преку силна агитација и пропаганда вршеше пренасочување на македонскиот идентитет кон југословенскиот. Обидот да се дадат издржани одговори на поставените прашања се темели врз истражувањето на достапните објавени и необјавени документи во македонските ерхиви, историографски трудови кои непосредно или посредно се однесуваат на горенаведената проблематика, која е предмет на истражувањето на овој труд.

Политичките појави, процеси и настани во Македонија во периодот од 1941 до 1949 година преставуваат еден од клучните периоди во историјата на современата македонска држава, како и за „Идеите, платформите и концептите за создавање на независна македонска држава“. Иако за овој, посебно значаен период, нашата историографија деде вонредно богата продукција на трудови, сепак најголемиот дел од нив се обоени со толкувања на тогаш актуелната комунистичка идеологија, со посебен акцент на улогата на Комунистичката партија, за развојот и успешноста на македонското националноослободително движење. Тоа се истражувања со многу премолчувања, табу теми и негативни оценки за личностите кои беа жртви на политичките пресметки. Притоа биле создадени партиски шаблони во толкувањето на одредени историски настани што не

можеа да се дополнуваат со нови истражувања и поинакви мислења на историчарите, кои и самите биле подложни на автоцензура поради долготрајното влијание на политиката врз историографијата. Со тоа помалку или повеќе се воспоставува директна контрола врз историјата. Историчарите наместо да создаваат национална и патриотска свест кај македонскиот народ, создаваат социјалистичка општествена свест и југословенски идентитет.

Во социјалистичката историографија евидентно е минимизирањето на автономноста на македонската НОБ. „Социјалистичката револуција“ се издигнувала над создавањето и изградувањето на македонската национална држава. Понатака во овој труд треба да се расветли кој ја уништи идејата за создавање на обединета македонска држава, и дали воопшто таа идеја можеше да се реализира, но дали и некој свесно од политичките кадри ја киднапираше за никогаш во иднина да не се оствари. Како во минатото пред воениот период и во тие бурни години на војната и по неја се појави поданичкиот однос на луѓето кој беа во првите редови на КПМ. Реалната состојба најверователно тоа не го дозволуваше но секогаш постоеше прашањето кое беше енигма и дали преку дополнителни политички интервенции пред се на меѓународен план, можеше да се оствари обединувањето на Македонија, или дали да се создаде атмосфера за политичка дискусија и борба внатре во КПМ, или тоа прашање некој како да секаше веднаш експресно да го затвори. Идејата била згасната на самиот почеток свесно и со тенденција да не се повтори, борбата се проследила преку политички дисквалификации, на македонската врвна интелегенција, каде тоа можеме јасно да го проследиме во последната глава на трудот, што од овој процес јасно се потврдува. Очигледно јасно е упатена пораката кој треба да владее со Македонија и кој ќе ја раководи земјата во иднина, што се забележува во последниот настан кој се однесува за територијалната поделба на Македонија во однос на северните меѓугранични делови (Прохор Пчински), едноставно тоа прашање веќе е политички запечатено а и потврдено со резолуцијата на Инфорбирто, каде веќе сите идеи, платформи и концепти биле одложени за подобри времиња. Често си го поставував прашањето за овој инсклучително тежок период од 1941 до 1949 кој постојано имам дилема, дали требаше на ваков суров начин да заврши целата приказна за „обединувањето“ на Македонија или можеше поинако ова прашање да се реши, секако дека трезвените и незаслепени умови тоа би го направиле.Заради ваквата причина се обидов во самиот труд да разјаснам повеќе дилеми, кој верувам ќе бидат блиску до вистината и ќе даде еден нов правец на гледиштата за тоа време од нашата болна историјата. Борбата за расветлување на овие за жал многу неразјаснети дилеми не е да се осуди или охрабри посхумно некоја значајна личност, која директно била инволвирана, туку да дојдеме до зклучок кој дополнително ќе ни ја расветли историската вистина што долго време во оделни моменти ни е сомнителна од повеќе аспекти.

Затоа поставената проблематика во магистерскиот труд е помалку обработена и со тоа соодвествува на барањата на новото време. Сегашната временска дистанца дава

можност за објективно научно преставување на процесите и настаните, како и на улогата на личностите во тие процеси. Македонската историска наука критички се преиспитува, па може да се каже дека се саморевидира. Воедно се рехабилитираат многу значајни личности од поновата историја на македонскиот народ. Затоа и овој труд треба да даде придонес во збогатувањето на сознанијата од најзначајниот период за македонската државност. Веруваме дека и општеството како заедница ќе им користи од овој труд кој ќе даде подршка на македонскиот национален идентитет. Горенаведената пробематика, која ќе се обидеме да ја расветлиме во рамките на поставената тема, континуирано предизвикува интерес во научната јавност. Оттука ова истражување е нужно од општествен, а предизвикувачко од научен аспект. Придонесува во научното дорасветлување и поверодостојно интерпретирање на овој пресвртен историски период за македонскиот народ и македонската држава.

Партиите се менливи, политиката е менлива, но, човекот е вечен. Затоа ова делого посветувам на идните генерации Македонци со желба да живеат во татковината во која ќе се почитуваат човекот и неговите вредности.

# Глава – I: Идеи, Платформи

## 1. Идеја за создавање на самостојна Македонија

Идејата за македонската државност се појави во втората половина на XIX век. Нејзината реализација започнала со двете востанија (Разловечкото и Кресненското-Македонското) и со политичките акции на Македонската лига и на Привремената влада на Македонија, кренати и сподвижени во рамките на Источната криза во 1875 – 1881 година. Меѓутоа, револуционерното, востаничкото и политичкото движење од тој период се надоврзаа врз подлогата традиција на учество на Македонците во востанијата за слобода и за автономија на балканските народи, како и врз сопствените борби за ослободување од туѓата духовна хегемонија, пред се од онаа на Грчката патријаршија. Тоа движење се надоврзува и врз претходните процеси на својата национално-културна преродба во која Македонците доволно јасно ги издвоија поимите и имињата на својата земја, на својот народ, на народниот јазик и на традициите. На тој план, генерацијата што во источната криза ги започна борбите за македонската државност, проникната со името на земјата што со векови ја населуваа нејзините предци, чуствувајќи се како Македонци, се поврзува со традициите на старата македонска држава од времето на Филип II и на Александар III Македонски.

Врз таа основа, тогашната генерација Македонци именски, културно и политички ги разграничи интересите на својот народ и на својата земја од оние на околните балкански народи. Со придодадениот словенски карактер на македонските кралеви, тогашните Македонци поставија граница во однос на Грците, со што ги отфрлија шпекулациите дека македонското движење било инспирирано од нив или дека било дел од грчкиот национализам. На другата страна, со надоврзувањето на македонското античко наследство, македонската генерација од периодот на Источната криза подигнала бариера и против веќе пројавените бугарски и српски претензии кон Македонија, мотивирани, покрај со друго, наводно и со заедничко потекло и со заеднички традиции. Тоа е суштината на посочените сваќања на тогашните македонски генерации, независно од нивната, евентуална, претпоставеност, односно од тоа дали тие имале право или не, како што им префрлал тогашниот критичар, бугарскиот преродбеник и општественик Петко Рачов-Славејков.

Тој аспект, дали имале право или не, само по себе, бил помалку значаен. Важни биле ставот и интересирањето на посебноста за судбината на Македонија и на посебноста на целите и на интересите на македонското општество во однос на оние на соседните народи и држави. Со тоа Македонците манифестирале цврста волја да создадат посебна (своја) држава и да ги издвојат интересите на македонското население како посебни национални и државни интереси. Затоа, македонското ослободително движење од тој период било самобитно, автохтоно и автономно движење, независно од претпоставените

верувања врз кои Македонците ја заосновале својата волја да се борат и да формираат македонска државност на Балканот.

Повикувањето на античката македонска држава било мотив за мобилизација на силите за борбата против жестокиот османлиски режим во кој македонските христијански маси биле понижени и загрозени во основните човечки потреби: честа, достоинството, животот и имотот. Во повикот за борба против нечовечкиот режим, античката македонска држава, со својата слава, зрачела слобода и достоинство, кои се хипостазирале како можна иднина на македонските маси изложени на прекумерна експлоатација и на лошо и неправедно владеење. Отаму, повикувањето на Македонците од периодот на Источната криза да се наредат под знамето на Македонија за да ја обноват македонската држава наишло на широк одглас сред македонското население.

Во таа насока, кон крајот на 1875 година, Димитар Поп Георгиев Беровски, натаму Димитар Беровски, кој се наоѓал во Солун како водач за претходната конспирација за стапување на македонските црковно училишни општини во унија со католичката црква и за обновување на Охридската архиепископија како македонска црква, решил да организира востание во Македонија. Тој во своите „Записки за Македонското востание 1875-1879“ година напишал: „Известувањата за херцеговските акции, движењето на турските војски и мојата положба станаа за мене еднакво неподносливи. Од ден на ден во мене растеше нетрпеливоста и во декември 1875 година решив да организирам востание во Македонија...“[5], „Да го прегрнеме општонародниот интерес со здраво расудување на иднината“ – Димитар Поп Георгиев Беровски.

Така започна перманентно историскиот процес на македонскиот народ што речиси век и пол преку борбата за слобода од разни окупатори, што се нижеше низ годините кои следеа. Отука веќе започнаа идеите, платформите и концептите што се појавувале и се повеќе и повеќе како основни елементи за борбата за осамостојување и обединување на Македонија. Идејата, платформата и концептот за обединување на Македонија и денеска кај луѓето кој се чуствуваат како Македонци постои, иако се повампируваат духовите и старите аспирации кон Македонија од соседните земји. Се започнало на 7 мај 1876 година со Разловечкото востание, потоа со Македонското востание[6] од 1878 – 1879 година, Илинденското востание 1903 година, преку борбата за автономија на Македонија и за создавање Македонска држава во периодот од 1893 – 1912 година, секако преку востаничките институции што во самите имало правилници, устави итн., како и преку политичките активности на Народната федеративна партија[7]. Копнежот не престанал тука,

[5]Владо Поповски, Ванчо Ѓорѓиев, Зоран Тодоровски, Виолета Ачкоска, Создавањето на современата македонска држава, Македонска реч – Македоника литература, Скопје, 2014, стр. 5-7.

[6]Кресненското востание во новата литература, се именува за Македонско востание. Владо Поповски, ....., Создавањето на современата ...., стр. 16-28.

[7]Народната федеративна партија под ова име се појавила во јануари 1909 г. Во периодот од јули до декември 1908-та делувала под името Македоно-одринска револуционерна организација (МОРО) и ја сочинувале окружните организации на Серскиот, Струмичкиот и Солунскиот револуционерен округ, предводена

продолжил со Балканските војни, Тиквешкото[8] и Охридското востание[9]од 1913 година, Првата светска војна, или едноставно кажано борбата за создавање на автономна, независна и обединета Македонска држава (1912-1941). Идејата за самостојна и обединета Македонија дополнително ќе се распламти од македонските дејци и револуционери Димитрија Чуповски[10] со изработката на неговата карта во Санкт Петербург (Ленинград) 1913 година и Крсте Петков Мисирков[11] со неговото дело „За македонските работи", објавена во 1903 година.

Војните што на територијата на Македонија со мали прекини се воделе шест години, од 1912 до 1918 година, ја уништиле дотогашната македонска етнографска и стопанска компактност. Во воените операции кои се воделе на тлото на Македонија биле искористени неповратно голем број на природни богатства, но била уништена и значителен број на човечка сила од македонското национално ткиво[12]. Во Вардарскиотдел на Македонија според податоците од 1920/21 година имало вкупно 782 278 жители од кои 630 000 биле Македонци[13].Периодот кој следел е временски определен, а се однесува за Македонија помеѓу двете светски војни (1919-1941) година.

По завршувањето на Првата светска војна и по потпишувањето на договорите на Париската мировна конференција, на 27 ноември 1919 година, Македонија и македонскиот народ останале и натаму потчинети и поделени во рамките на соседните балкански држави. Кралството на Србите, Хрватите и Словенците (Кралството на СХС), Бугарија,

---

од Серската група на Јане Сандански. По Илинденското востание, особено по Рилскиот конгрес левото крило се ориентирало кон барање соработка со сите прогресивни сили во Турција, врз база на борбата против султанскиот апсолутизам и за запазување на национално-територијалната целост на Македонија.

[8]Виолета Ачкоска, Александар Атанасовски, Ванчо Ѓорѓиев, Далибор Јовановски, Никола Минов, Стефан Пановски – Востанијата во Македонија, Филозофски факултет – Скопје, Скопје, 2015 стр. 245-258.

[9]Виолета Ачкоска, Александар Атанасовски, Ванчо Ѓорѓиев, Далибор Јовановски, Никола Минов, Стефан Пановски – Востанијата во Македонија, Филозофски факултет – Скопје, Скопје, 2015 стр. 259-268.

[10]Димитрија Чуповски (Папрадиште, Велешко, 8 ноември, 1878 - Ленинград, СССР, 29 октомври, 1940) македонски национален деец, општественик, револуционер, политичар, дипломат, публицист, научник, издавач, историчар, картограф и филологи еден од најистакнатите и најдоследни организатори и афирматори на македонската национална мисла. Чуповски е силен заштитник и бранител на македонската национална самобитност и посебност, а по поделбата на Македонија во 1913 година, силно се залагал за нејзино обединување и конституирање како национална држава на македонскиот народ. Познат и како Димитрија Павле Чуповски или Димитрија Димов Чуповски.

[11]Крсте Петков Мисирков (Постол, Егејска Македонија на 18 ноември 1874 – Софија, Царство Бугарија на 26 јули 1926) — македонски филолог, кодификатор на македонскиот литературен јазик и правопис, славист, историчар, етнограф, аналитичар на национално-политичките проблеми, публицист, собирач и проучувач на македонското народно творештво. Тој е и автор на првата книга и првото списание на современ македонски јазик, основоположник и активен учесник во македонските научно-литературни и национално-политички друштва во Белград, Санкт Петербург, Одеса и Софија, раководител на ТМОК и личност на македонскиот 20 век. Мисирков е автор на книгата „За македонцките работи", списанието „Вардар"и голем број на научни статии објавени во различни весници. Покрај авторската дејност тој се занимавал и со превод на литературни дела и собирање на народни творби.

[12]Никола Жежов, Режимот на Кралството на Србите Хрватите и Словенците и отпорот на македонскиот народ во Брегалничкиот округ 1918-1924 година, Скопје, 2000, стр: 21. (посочениот труд е изработен во ракопис).

[13] Иван Катарџиев, Време на зреење, дел 1, Култура, Скопје, 1977, стр.24/25.

Грција и мал дел на Албанија. Со тоа биле раскинати географската, економската, политичката и етничката целина на Македонија. Разделен со вештачки граници, македонскиот народ бил подложен на тешка економска експлоатција, на политичка обесправеност, на национално непризнавање и угнетување. Состојбата била крајно отежната и со примената на една сурова денационализатосрска и асимилаторска политика од страна на владите на овие буржоаски држави.

По Првата светска војна, Вардарскиот дел на Македонија влегол во составот на новата држава, Кралството на Србите, Хрватите и Словенците (Кралството на СХС), формирана на 1 декември 1918 година. На почетокот, Вардарскиот дел на Македонија бил именувана како „Нови јужни краишта", а подоцна и официјално била наречена „Јужна Србија". Воспоставувањето на новата власт се одликувало со спроведување денационализација и асимилација на македонскиот народ и со засилена колонизација на немакедонските етнички елементи во Вардарскиот дел на Македонија. Македонците не биле признати како посебен народ, туку биле прогласени за Срби, односно за „Јужносрбијанци", во администрацијата бил воведен српскиот јазик, а се промениле и имињата и презимињата на граѓаните, кои задолжително завршувале на „иќ".

Во октомври 1929 година службеното име на Кралството СХС се променило во Кралство Југославија. Според новата административно-територијалната поделба, територијата на Кралството Југославија била поделена на 9 бановини[14], а Вардарскиот дел на Македонија влегол во составот на Вардарска бановина со седиште во Скопје. Аграрната реформа и колонизацијата на Кралството на СХС во Вардарскиотдел на Македонија преставувале ново средство на големосрпската буржоазија за ограбување, за притисок и за денационализација на македонскиот народ.

Во Вардарскиот дел Македонија во периодот помеѓу двете светски војни не постоела и не било дозволено постоење на легална македонска граѓанска политичка партија, најмногу поради фактот дека македонската нација не била призната. И покрај ваквиот однос, македонскиот народ нашол потпора и цврста основа во рамките на Социјалистичката работничка партија (комунисти) СРПЈ, бидејќи единствено оваа партија влевала надежи кај широките народни маси дека ќе се застапува за решавање на македонското прашање. Во 1920 година во Вардарскиот дел на Македонија се одржале првите општински и парламентарни избори, во кои Комунистичката партија на Југославија се здобила со големи симпатии и со подршка на населението. Партијата ги

[14]Вардарската бановина — административно територијална единица (бановина) во рамките на Кралството Југославија од 1929 до 1941 година. Се наоѓала на најјужниот дел на земјата, во чии рамки спаѓала целата територија на денешна Република Македонија, јужните делови од Централна Србија и југоисточно Косово. Именувана е по реката Вардар со административен центар во градот Скопје. На чело на бановината бил бан, именуван од кралот, по предлог од Министерскиот совет, со мандат од 4 години. Бановината е востановена е со посебен закон и во неа влегувале Вардарскиот дел на Македонија, Јужна Србија и речиси цела Метохија, Бановината била поделена на 44 околии и 453 општини, подоцна намалени на 365. Градот Скопје бил посебна административна единица, изземена од Скопската околија.

добила изборите во Скопје, Велес, Куманово, и во Кавадарци, каде што формирала општински управи, познати како „црвени општини“. Насочувњето и залагањето на КПЈ за решавање на националното прашање во Југославија влијаело македонскиот народ да ја гледа перспективата за решавање на македонското прашање врз принципите на слободно определување и на вистинска рамноправност со сите народи и малцинства. Ваквите начела и барања, под влијание и залагање на КПЈ, придонеле во 1936 година да се создаде Македонскиот народен покрет (МАНАПО)[15]. Политичката платформа на МАНАПО се состоела во: будење на националната свест на македонскиот народ и афирмација на народниот јазик, борба против големосрпската хегемонија за демократизација на земјата и за решавање на националното прашање, акциона соработка со сите демократски политички движења во Југославија што му го признаваат правото на македонскиот народ за слободен живот и за економски развој, борбата против фашизмот и воспоставување дипломатски односи со СССР. Во текот на 1937 и на 1938 година, МАНАПО развил мошне интезивна активност во истакнувањето на македонската самобитност и во поставувањето барање за решавање на македонското национално прашање. Со ваквите свои политички активности, МАНАПО се афирмирал како единствено македонско народно движење.

На обновувањето на активноста на партиските организации во Вардарскиот дел на Македонија југословенските власти одговориле со масовни апсења, малтретирања и судења. Покрај членовите на КПЈ, посебено на удар биле припадниците на ВМРО (Обединета) и на Македонската младинска тајна револуционерна организација (ММТРО). Од 1919 до 1929 година во Вардарскиот дел на Македонија имало околу 1400 политички убиства, а биле уапсени и престојувале во затворите повеќе од 25 000 македонски граѓани и селани.

Вооружените акции на четите на Внатрешната македонска револуционерна организација (ВМРО) во Вардарскиот дел на Македонија уште повеќе ја влошиле севкупната политичко-економска и социјална положба на македонскиот народ. Мерките што државните власти на Кралството Југославија ги превземале за спречување на дејствата на комитските чети на ВМРО, кои од Бугарија навлегувале на територијата на Вардарска Македонија, биле придружени со убиства и со масовно тероризирање, со заплашување и со апсење на невиното македонско население. За спречување на

[15]Македонското Народно Движење (Македонски Народен Покрет) или МАНАПО било левичарско движење формирано во 1936 од страна на прогресивните македонски студенти кои студирале на универзитетите во Белград и Загреб во периодот помеѓу двете светски војни.Паралелно со комунистичките движења, почнувајќи од 1935 година, започнала и широката политичка активност на македонските студенти во Загреб, Белград и Скопје. Тие во Загреб во 1935 година и наредната година во Белград формирале истоимени културно-просветни друштва „Вардар“, кои активно дејствувале до април 1937, но поради својата национално-културна дејност биле забранети од властите во Кралството Југославија. Обидот такво друштво да се формира и во Скопје не наидел на одобрување од страна на факултетските власти во Скопје, поради што истиот завршил неуспешно. Блаже Ристоски, Македонска енцикопедија, МАНУ, Скопје, 2009, стр. 870., Иван Катарџиев – Историја на македонскиот народ (1912-1941), том IV, ИНИ, Скопје, 2000, стр. 486-489.

комитската активност на ВМРО, режимот на кралството Југославија довлекувал голем број жандармерски единици, изградил жандармерски станици и гранични пунктови, формирал вооружени одреди, т.н. „контрачети“, објавувал воени состојби, распишувал големи награди за фаќање на комитските војводи, вршел масовно затварање на сомнителните лица итн. За воведување ред и мир биле во кралството биле ангажирани околу 35 000 војници, жандарми, граничари, четници и др. Од вкупно 17 000 жандарми, колку што ги имало во целото Кралство Југославија, 12 000 биле распоредени во Вардарска Македонија.

По Првата светска војна, во Бугарија, заедно со огромната бегалска маса, бил сконцентриран и најголемиот дел од активниот кадар на македонското револуционерно движење. Се смета дека вкупниот број на македонските емигранти и бегалци во Бугарија изнесува околу 500 000 души организирани во братства што масовно се формирале во сите места каде што биле населени.

По Првата светска војна, етничките промени во Егејска Македонија продолжиле со уште поголем интензитет. Грчките власти, врз основа на меѓународните договори со Бугарија, за мошне кусо време и со насилни мерки протерале од Егејска Македонија во Бугарија преку 32 000 Македонци, а доселиле околу 640 000 Грци, поголемиот број од Турција. На 27 ноември 1919 година, со Нејскиот мировен договор меѓу Грција и Бугарија, била потпишана конвенцијата за т.н. доброволно иселување на инородното население што живеело во двете држави. По силата на оваа конвенција речиси 86 571 Македонци биле принудени да заминат за Бугарија. Паралелно со протерувањето на македонското и на другото инородно население, грчката држава спроведувала политика на колонизација на Егејска Македонија со цел да се смени етничкиот состав на населението. По анектирањето на Егејска Македонија, Грција не го признавала македонското име и македонскиот јазик. Македонците биле именувани како славофони, како славофони Грци или како ендопи (домородци). Секое македонско презиме требало да завршува на „ис“, на „ос“ или на „пулос“. Особено се забранувал македонскиот јазик, дури и во секојдневиот живот. Поради кршењето на забраната за користење на македонскиот јазик во јавниот живот или во рамките на семејството, околу 4500 Македонци биле осудени и пратени на грчките острови. Но важен елемент е изготвувањето на букварот АБЕЦЕДАР, во 1925 година[16].Во овој меѓувоен период треба да напоменеме дека македонската интелегенција овде се мисли на Димитар Шалев, Глигор Анастасов и Димитар Илиев, делувала често во однос на македонското прашање во Друштво на народите, каде упатувале разни петиции[17].

---

[16]Абецедар е буквар на македонски јазик за македонското национално малцинство во Грција, подготвен од специјална комисија на грчката влада, под меѓународен притисок и покровителство на Друштвото на народите во Женева, отпечатен во Атина во 1925 на лерински народен говор со специјално приспособена латинична азбука и со нагласено фонетски правопис.

[17]Воислав Д.Кушевски, Македонското прашање во Друштвото на народите, Менора, Скопје, 2001. стр. 187-232.

- **Борбата на македонските емигрантски и револуционерни организации за создавање сопствена држава**

По Првата светска војна, во Бугарија се нашла многубројна македонска емигрантска и бегалска маса, која и во новосоздадените општествено-политички и економски услови во Бугарија продолжила и да игра значајна политичка улога во националноослободителната борба на македонскиот народ. Наоѓајки се во состојба на присилно одвојување од својата татковина, македонската емиграција и во новите тешки услови во Бугарија ги пројавувала своите национални и револуционерни стремежи.

За разлика од другите балкански држави, единствено во Бугарија постоеле релевантно поволни услови македонската емиграција и воените сили на ВМРО да развијат активна политичка и вооружена дејност. Во борбата за остварување на своите цели, македонската емиграција во Бугарија формирала посебни организации, братства и друштва, преку кои ги изразувала своите политички и национални стремежи. Интензитетот на политичката активност на македонските организации, братства и друштва особено се засилил пред и за време на Париската мировна конференција, кога се определувал статусот на Македонија и кога било поставено решавањето на македонското прашање.Преку многубројните апели, меморандуми и декларации до Париската мировна конференција, до владите на големите сили и до целата светска јавност, македонските емигрантски друштва, организации и револуционерни сили во Бугарија и недвосмислено ги изложувале желбите и стремежите на целокупната македонска емиграција за конституирање на Македонија како нова држава на Балканот за самоопределување и за одлучување за својот државноправен статус.

Најголемиот број револуционери од Македонската революционерна организација по Првата светска војна се затекнале во Бугарија и веднаш ја продолжиле својата националноослободителна дејност.**Серска група во македонското револуционерно движење**: Димо Хаџи Димов, Таската Спасов-Серски, Георги Скрижовски, Александар Бујнов, Стоју Хаџиев, Чудомир Кантарџиев и др., нарекувани и Санданисти, уште во првата половина на октомври 1918 година подготвиле декларација за решавање на македонското прашање[18]. Иднината на Македонија тие ја гледале преку конституирање на автономна (независна) Македонија во нејзините географски и економски граници, со внатрешно уредување по примерот на Швајцарската Демократска Република, ставена под заштита на Сојузот на ослободените демократски народи, која ги придонесе за разбирање и за слога меѓу балканските народи[19].

[18]Ангел Динев – Политичките убиства во Бугарија, НИП - „Илинден“, Скопје, 1951, стр. 35.
[19]Александар Трајковски, Михајло Миноски, Александар Апостолов, Даринка Пачемска-Петреска, Зоран Тодоровски, Галена Куцуловска, Љупчо Георгиевски, Златна книга-100 години ВМРО, Глас на ВМРО – ДПМНЕ, Скопје, 1993, стр. 130.

Под влијание на идеите и на принципите прокламирани од страна на претседателот на Соединетите Американски Држави на Парискатa мировна конференција, Вудро Вилсон, серчани верувале дека и на Балканот ќе настапат демократски промени во државите, кои ги придонесоа полесно да се прифати и постоењето на автономна Македонија[20]. Серчани биле убедени дека, доколку се создадат поволни услови, македонскиот народ на најдемократски начин и легитимно преку плебисцит ќе ги искаже своите стремежи да живее „слободно како неразделна целина"[21].

**Извршниот комитет на македонските братства во Бугарија** бил обновен веднаш по завршувањето на Првата светска војна во 1918 година, избран за прв пат во 1912 година. Од 1923 година Извршниот комитет бил преименуван во Македонски национален комитет. Бројот на македонските емигрантски друштва во Бугарија до 1934 година изнесувал 235 братства, додека вкупниот број на регистрираните членови на македонските братства во 1924 година изнесувал околу 150 000 души.

Извршниот комитет на македонските братства во Бугарија на својот основачки собир во ноември 1918 година донел резолуција дека ќе се раководи од следните две начела: „1. Неделивост на Македонија и 2. Нејзино присоединување кон Бугарија". Доколку тоа било невозможно, Извршниот комитет истовремено изјавил дека ќе се задоволи и со создавање „една независна Македонија", но не да се распарчува меѓу Бугарија, Србија и Грција. Во средината на 1919 година, програмската платформа на Извршниот комитет во однос на судбината на Македонија била: „Присоединета кон Бугарија или издигната во самостојна и независна држава – Македонија треба, во нејзин интерес и во интерес на спокојството на Балканот на Европа, да биде одземена од нејзините ограбувачи Србија и Грција – да се воспостави нејзина целост". Во октомври 1919 година, под притисок на македонските емигрантски братства, Извршниот комитет ги променил своите погледи и го прифатил решението да се приклочи кон барањето, „еднодушно да се работи за самостојна Македонија" и за „неразделна автономна Македонија", односно дека „македонското прашање може единствено да се реши со автономија". Во февруари 1920 година Извршниот комитет испратил апел до парламентите на Англија, на Италија и на САД за да се застапат за „создавање независна Македонија"[22].

По Првата светска војна, група македонски дејци од поранешната Внатрешна револуционерна организација од Западна Македонија: Ѓорче Петров, Петар Поп Арсов, Петар Ацев, Павле Христов, Ризо Ризов, Анастас Лозанчев и др., кои останале доследни на своите револуционерни борби од минатото, ја обновиле својата активност за постигнување економска и државно-политичка независност на својата татковина

[20]Владо Поповски, Ванчо Ѓорѓиев, Зоран Тодоровски, Виолета Ачкоска, Создавањето на современата македонска држава, Скопје, 2014, стр. 98

[21]Иван Катарџиев, Историја на Македонскиот народ, том IV, ИНИ, Скопје, 2000, стр. 262.

[22]Владо Поповски, .... Создавањето на современата ...., Скопје, 2014, стр. 99

Македонија. Тие формирале раководно тело под името **Привремено преставништво на обединетата поранешна ВМРО**. Негови членови биле: Ѓорче Петров, Д. Х. Димов, М. Герџиков, П. Ацев, Т. Спасов-Серски и Пол Христов. Своите програмски определби тие ги изнеле во апелот до македонското население и до македонската емиграција во Бугарија од 6 март 1919 година[23]. Во апелот тие ја изразиле желбата на македонскиот народ за зачувување на неговата земја „цела и неподелена како самостојна политичка единица на Балканот во нејзините природни граници врз базата: Солун како општ центар, Вардарската долина, Скопје и Битола со својата стопанско-економска заедница", подвлекувајќи дека македонската држава ќе воспостави најблиски односи со сите балкански народи и ќе соработува со нив под услов „нивните влади да ја прифатат Македонија како постојан и рамноправен фактор на Балканот"[24].За време на одржувањето на Париската мировна конференција, Привременото преставништво во ноември 1918 година го испратило во Париз, П. Христов, викар на унијатите од Тракија, по потекло Французин, да ги пренесе стремежите и барањата на македонското население за создавање автономна независна Македонија пред француската и пред светската јавност и особено пред учесниците на Мировната конференција во Париз.

**Македонската емигрантска федеративна организација (МЕФО)** е основана на 5 декември 1921 година во Софија, кога бил одржан основачкиот конгрес. На конгресот, на кој за претседател на конгресот бил избран Павел Шатев, бил одобрен проект-уставот на организацијата, според кој главната цел на МЕФО била: да се бори на легален начин за издигнувањето на Македонија во нејзините географски и економски граници во автономна федеративна држава, независна од балканските држави, која ќе служи како обединувачка алка меѓу нив, да ја популаризира македонската кауза меѓу народите, да ја издигне македонската емиграција во културно-просветен однос и да се грижи за нејзините морални и материјални интереси[25].

МЕФО испратила неколку мемоари до делегатите на големите сили во Друштвото на народите во Женева и до другите меѓународни комитети и организации во Европа, во кои барала „конституирање на македонската држава со внатрешно уредување по примерот на Швајцарија, која ќе биде под заштита на Друштвото на народите", а истовремено протестирала против неприложувањето на клаузулите за националните и за културните права и поради злоупотребата на Конвенцијата за доброволна размена на населението меѓу Грција и Бугарија и укажувала на непостоењето на елементарни национални, културни и политички права во деловите на Македонија под српска и под грчка власт и на засилениот терор над македонското население од страна на нивните државни власти[26].Во раководното тело на МЕФО се наоѓале поранешни членови на ВМРО, учесници во

[23]Александар Трајковски, .... Златна книга-100 години ВМРО, Скопје, 1993, стр. 131.
[24]Владо Поповски, ..... Создавањето на современата ....., стр. 100
[25]Иван Катарџиев, Историја на Македонскиот народ, том IV, ИНИ, Скопје, 2000, стр. 267-272.
[26] Владо Поповски, .... Создавањето на современата ....., стр. 101

Илинденското востание и интелектуалци со високо образование стекнато на европските универзитети, како што биле: Владислав (Славчо) Ковачев, д-р Филип Атанасов, арх. Никола Јуруков, д-р Христо Далкалчев, Никола Киров-Мајски, Климент Размов, Павел Шатев и други.

**Илинденската организација** била основана на основачкото собрание што се одржало на 3 април 1921 година во Софија. На собранието било избрано раководното тело во состав: Крум Зографов – претседател, Георги Поп Христов – секретар, Славчо Пирчев – благајник и Георги Занков – советник[27]. Истотака на собранието бил донесен и првиот устав, според кој целта на организацијата била: да ги обедини сите поранешни македонско-одрински револуционери, да развива зближување и солидарност меѓу нив и да ги заштитува нивните интереси и права, да им помага на своите членови и да им наоѓа соодветна работа, да ги сместува нивните деца во училиштата и во пансиони, да им доделува бесповратна парична помош на крајно бедните членови, да ги сместува болните во болница, да се грижи за пристојно и посвечено погребување на починатите членови на организацијата[28], да ги овековечува и да ги слави годишнините на нивните херојски загинати другари[29], да се грижи за духовно-културниот развиток на своите членови[30].

Илинденската организација го прифатила федеративно-автономниот принцип, сметајќи дека единствено тој одговара на интересите и на стремежите на македонското население и на македонската емиграција. Меѓу раководните лица на Илинденската организација се наоѓале: Георги Занков, Арсениј Јовков, Петар Ацев, Михаил Чаков, Владислав Ковачев, Славчо Абазов, Славчо Пирчев и други. Илинденската организација имала свои друштва во речиси сите поголеми места каде што имало македонска емиграција и поранешни членови на револуционерната организација. Таа била најмасовна легална македонска емигрантска организација, со своите печатени органи: „Илинден“, „Пирин“, „20 јули“ и списанието „Илустрација Илинден“[31].

Македонската револуционерна организација, или **Автономистичка ВМРО**веднаш по Првата светска војна, се нашла во особено тешка и сложена состојба. Во состојба на распарчена и поделена Македонија, на разиденет и разочаран македонски народ и на разбиени и деморализирани раволуционерни сили, таа останала главната револуционерна и вооружена сила што што можела да ја продолжи борбата и да ја врати довербата за ослободување, за обединување и за создавање самостојна и независна македонска држава.

---

[27]Исто, стр. 102

[28]Македонците од сите до сега спомнати организации, групи и струи почнувајќи од Серската револуционерна група до Илинденската организација покажале висок македонски патриотизам. Сите ја чуствувале Македонија за единствена нивна татковина без разлика каде живееле. Александар Трајковски, .... Златна книга-100 години ВМРО, Скопје, 1993, стр. 142.

[29]Иван Катарџиев, Историја на Македонскиот народ, том IV, ИНИ, Скопје, 2000, стр. 276-281.

[30]Александар Трајковски, .... Златна книга-100 години ВМРО, Скопје, 1993, стр. 138-139.

[31]Исто, стр. 140.

Дејците и вооружените сили на Македонската револуционерна организација биле принудени своето дејствување да го продолжат во Бугарија како емигрантска организација.

Веднаш по Првата светска војна, а особено пред одржувањето на Париската мировна конференција, членовите на ЦК на Внатрешната македоно-одринска револуционерна организација, Тодор Александров, Александар Протогеров и Петар Чаулев, го најавиле постоењето на Организацијата под ново име: Внатрешна македонска раволуционерна организација (ВМРО). Најавувајќи го револуционерниот метод на дејство како единствено средство за борба против новите поробувачи на Македонија, ВМРО уште со својот прв мемоар, испратен до претседателот на Париската мировна конференција, од 1 март 1919 година, истакнала дека за да има мир и спокојство на Балканот е потребно Македонија „да се зачува неподелена и во никој случај да не се остави под власта на Србија и на Грција“, заканувајќи се дека „нема да има мир на Балканот“ доколку не бидат прифатени нејзините барања. Членовите на ЦК на ВМРО, Тодор Александров, Александар Протогеров и Петар Чаулев, пристапиле кон подготовка за нелегално комитско движење во името на автономна Македонија, со што автономијата станала основна парола на Организацијата, која почнала да се нарекува „автономистичка“ ВМРО. Во јуни 1920 година ЦК на ВМРО изработил посебна директива за дејноста на Организацијата во Вардарска и Егејска Македонија, која поаѓала од основната цел: „извојување на слободата – под форма на автономија или на независност на Македонија во нејзините етнографски и економски граници“[32].

Во септември 1922 година ЦК на ВМРО изработил „привремени наредби“, во кои јасно подвлекол дека „Во Македонија под бугарска власт Организацијата се обновува и се преустројува како помош на раволуционерната организација во поробените делови на Македонија под Србија и под Грција“ и дека „Општата цел на Внатрешната македонска револуционерна организација е – создавање една автономна или независна држава од цела Македонија во нејзините етнографски и географски граници“. Во октомври 1922 година ЦК на ВМРО упатил мемоар до Друштвото на народите и до претседателите на владите на големите сили, во кој „од името на населението на Македонија“ барал: „Создавање на една независна Македонија, ставена под заштита на Друштвото на народите или на некоја сила ополномоштена од него“.

Во декември 1923 година, врз основа на претходните преговори со преставниците на Советскиот сојуз и со Коминтерната, бил изготвен проект за спогодба меѓу ВМРО и Советскиот сојуз. Во проектот ВМРО се задолжила да работи заедно со другите раволуционерни организации на Балканот за федерирање на балканските држави во нивните етнички граници, Советскиот сојуз да ја признае ВМРО како единствен толкувач на суверената волја на Македонија, двете страни да ја зачуваат својата самостојност во

---

[32]Владо Поповски, ..... Создавањето на современата ...., стр. 104-106

внатрешната и во надворешната политика и ВМРО да добие материјална, дипломатска и морална поткрепа од Советскиот сојуз.

Преговорите со Советскиот сојуз завршиле со потпишување неколку документи во април и во мај 1924 година во Виена, и тоа: декларација, протокол за обединување на македонското революционерно движење, манифест кон македонскиот народ, кон организираното раволуционерно население во Македонија и кон македонските револуционери и декларација на македонската парламентарна група. Во сите овие документи, а особено во Мајскиот манифест[33] од 6 мај 1924 година, била изложена новата ориентација на ВМРО врз основата на обединувањето на македонските национални револуционерни сили во едиствен македонски револуцинерен фронт за „ ослободување и обединување на раскинатите делови на Македонија во една неполно независна и самостојна политичка единица во нејзините природни, географски и етнографски граници“. Сите барања, залагања и предлози на раководството на автономистичката ВМРО за време на нејзиното дејствување од 1919 до 1924 година за идниот статут на Македонија, главно, се движеле во неколку етапи: од автономија до независност на Македонија, од Македонија како рамноправна политичка единица во југословенската федерација до независна Македонија во балканската федерација.

Паралелно со активноста за формирање на Илинденската организација во Бугарија од страна на ВМРО, во случајот иницијативата ја дал Тодор Александров, започнала активноста за поврзување на засебните друштва на македонската емиграција во Европа, САД, Канада и во други држави на светот за нивно организирање во заедничка и единствена организација наречена **Македонска патриотска организација (МПО)**.

Основачкиот конгрес на друштвата што влегле во новата заедничка и единствена организација се одржал на 1 октомври 1922 година во Форт Вејн – Индијана. Највисокото тело на организацијата бил Конгресот, кој редовно се свикувал еднаш годишно. Меѓу два конгреса со МПО раководел Централен комитет. Во 1927 година МПО започнала со издавање на својот орган „Македонска трибуна“[34]. Весникот излегувал во Индијанаполис. Според објавеното во неговиот прв број, МПО се изјаснила дека ќе се залага за независна Македонија и за создавање претпоставки за „обединување на балканските народи во една заедница, поставена врз начелата на праведност и меѓусебна почит“. Но, како услов за една таква заедница, таа најнапред побарала ослободување и обединување на Македонија[35]. Активноста на МПО главно била насочена против Атина и Белград.

МПО не ги одобрувала меѓусебните прогони и убиства во ВМРО. Таа реагирала особено болно на убиството на Александар Протогеров. Како излес од ситуацијата, во писмото до ЦК на ВМРО, упатено на 20 октомври 1928 година, МПО предлагала да се

[33]Никола Жежов, Енциклопедија ВМРО 1893-1934, Матица Македонска, Скопје, 2015, стр. 171/172.
[34]Иван Катарџиев, Историја на Македонскиот народ, том IV, ИНИ, Скопје, 2000, стр. 282.
[35]Иван Катарџиев, Македонија и Македонците во светот, Матица македонска, Скопје, 1996, стр. 89.

организира вондреден конгрес на ВМРО или општ собир на релативни политички сили во организацијата. На IX конгрес (август-септември 1930) неутралниот став, под притисок на михајловистите, е напуштен. МПО се определила на страната на Иван Михајлов - Ванчо[36].По таа дата, дејноста на МПО, се до почетокот на Втората светска војна и потоа, потполно била под влијание на Иван Михајлов.

**Македонската федеративна револуционерна организација** била составена од некои стари членови и војводи на ВМРО. Тие дејствувале како прикриена опозиција и се застапувале за свикување конгрес на кој ќе се донесе нова програма и ќе се избере ново раководство на организацијата. На почетокот на 1922 година, тие се отцепиле од автономистичката ВМРО и формирале нова организација – Македонска федеративна револуционерна организација (МФРО) – и избрале Централен комитет и Задгранично преставништво. Раководството на МФРО во декември 1922 година излегло со проект-устав и со повик до „македонскиот народ", во кои била содржана употребата на легални и на илегални средства и било објавено „извојувањето на слободна и независна Македонија како рамноправна членка на балканската федерација преку вооружена и смела борба".

Раководството на МФРО активно соработувало со бугарската влада на Александар Стамболиски во борбата против автономистичката ВМРО и со властите на Кралството на СХС во Софија во добивањето на материјална помош[37]. Дел од војводите на МФРО пролета 1923 година преминале во Вардарскиот дел на Македонија и се ставиле на располаѓање на државните власти на Кралството на СХС во борбата против автономистичките чети на ВМРО и во тероризирањето на македонското население.

По убиството на Тодор Александров во февруари 1925 година, се одржал VI конгрес на ВМРО, на кој бил избран нов ЦК на Организацијата во состав: Иван Михајлов, Александар Протогеров и Георги Поп Христов.

Конгресот ги потврдил дотогашниот устав и правилник на Организацијата, според кои целта на ВМРО и натаму останал иста: „борба за обединување на поделена Македонија во нејзиниот географски граници и извојување политичка автономија (самоуправување)". На конгесот била донесена и посебната резолуција за идното

---

[36]Иван Михајлов Гаврилов (26 август 1896 - 5 септември 1990), познат уште како Ванчо Михајлов, Ванче Михајлови Радко — раководител на ВМРО и контроверзна историска личност во Македонија. Се школувал во Штип, Солун и Скопје, каде што завршил гимназија во 1915 година. По Првата светска војна студирал право на Софискиот универзитет, бил еден од основачите и прв претседател на студентското друштво „Вардар". По пристапувањето во ВМРО бил секретар на Тодор Александров, пунктов началник за Софија, а по убиството на Александров бил член на ЦК на ВМРО од 1925 година, реизбран и по убиството на Александар Протогеров во 1928 година. До 1928 година бил одговорен за снабдување на Организацијата со муниција. Од 1928 година ВМРО никогаш не одржало официјален конгрес на кој тој поднел извештај за неговата работа. Виолета Ачкоска, Никола Жежов, Предавствата и атентатите во македонската историја, Макавеј,Скопје, 2004, 242/3., Ванчо Михајлов, Спомени – Младина, том I, Италија, 1958.

[37]Владо Поповски, ....., Создавањето на современата ...., стр. 108.

дејствување на Организацијата, во која нагласено место се давало на непосредното учество на „бугарска Македонија“, односно на Пиринскиот дел на Македонија под бугарска власт, во борбата „за ослободување и за обединување на цела Македонија“.По VI конгрес на ВМРО, Иван Михајлов, член на ЦК на ВМРО, ја презел Организацијата во своите раце и се издигнал во нејзин нов лидер[38]. Отаму, организацијата, до нејзиното распуштање во 1934 година, се нарекувала „**михајловистичка ВМРО**“.

Михајловистичката ВМРО на своите политичко-пропагандни активности поаѓала од уставната цел на Организацијата за извојување „целосна политичка автономија“ на Македонија. На VII конгрес на Организацијата, одржан во јули 1928 година, новото раководство на ЦК на чело со Иван Михајлов донело посебна резолуција во која извојувањето на автономијата на Македонија било поставено како „единствен услов за мирен развиток на балканските народи и за нивно поврзување во поширока државна заедница поставена врз начелата на слободата и на рамноправноста“. Подоцна терминот „автономија“ Иван Михајлов го заменил со новата парола на неговата организација – „независна Македонија“[39]. Во остварувањето на независната македонска држава, михајловистичката ВМРО сметала на Пиринска Македонија како на основно јадро околу кое би се обединиле другите делови на Македонија – вардарскиот и егејскиот. Во подоцнежните документи на оваа организација, Пиринска Македонија се именувала како „Пиемонт“ на идната обединета Македонија.

Во април 1932 година бил одржан VIII (последен конгрес на михајловистичката ВМРО, на кој била донесена резолуцијата во која била потврдена целта на организацијата во борбата за „автономија или самостојност на Македонија“. Во февруари 1933 година михајловистичката ВМРО и Македонскиот национален комитет организирале „голем македонски собир“ во Горна Џумаја, на кој била донесена декларација во која за правилното решавање на македонското прашање се барало оспособување на Македонија во оделна самостојна политичка единица во своите природни и географски граници и реализирање на македонскиот идеал „Македонија на Македонците“. Од собирот бил упатен повик до македонската емиграција во Бугарија, во кој од името на „слободна и независна Македонија“ раководството на собирот барало „сите Македонци да бидат сплотени во едно будно и нескршливо народно единство“.

Во јануари 1934 година ЦК на михајловистичката ВМРО излегол со декларација до Друштвото на народите во Женева, во која изјавил дека „Организацијата е принудена да се служи со револуционерни средства во борбата за ослободување на Македонија“ поради жестокиот асимилаторски режим на југословенската и на грчката влада. Во декларацијата раководството на Организацијата и дало до знаење на европската јаност дека секоја промена што би донела реални гаранции за слободен национален, културен и политички

[38]Исто. стр.109.
[39]Исто, 110.

развиток на македонското население „Организацијата ќе ја поздрави со симпатија како почеток на мирно и споредливо разрешување на балканските проблеми".

Со воениот превrat во Бугарија, извршен на 19 мај во 1934 година, новата бугарска влада ја распуштила михајловистичата ВМРО и го забранила нејзиното дејствување во границите на Бугарија, а исто така ги забранила и активностите на сите македонски организации, друштва и весници[40].

Во јуни 1928 година, по убиството на Александар Протогеров, член на ЦК на ВМРО, револуционерната организација ВМРО се поделила на две струи. На страната на убиениот член на ЦК на ВМРО, Александар Протогеров, застанал поголемиот дел од раководството на ВМРО, членовите на Задграничното преставништво и оделени интелектуалци и војводи на Организацијата. Својата дејност тие ја продолжиле како оделна организација, наречена „**протогеровистичка ВМРО**".

Протогеровистичката ВМРО продолжила да го подржува традиционалниот начин на дејствување преку четништвото. Основното начело од кое поаѓало раководството на протогеровистичката ВМРО било дека македонското прашање не е бугарско државно прашање, туку прашање на самото население во Македонија. Во борбата за извојување слободна македонска држава, протогеровистичката ВМРО останала приврзаник на традиционалната цел и на уставната определба на Организацијата за извојување „автономна Македонија". Од 1930 година протогеровистичката ВМРО се застапувала за ослободување на Македонија, таа да влезе во рамките на балканската федерација, но преку револуционерни средства. Со ваквата своја програмска платформа протогеровистичката ВМРО застанала на иста позиција со левите сили во македонското ослободително движење, пред се федералистичката струја на ВМРО (Об.).

Во борбата против михајловистичката ВМРО, протогеровистичката ВМРО стапила во контакт со раководството на ВМРО (Об.) и со југословенските власти, чија соработка главно била насочена во испраќање финансиска помош и оружје. Под влијание на соработката со југословенските власти, протогеровистичката ВМРО ја изменила и својата програмска платформа, со истакнување на идејата за јужнословенска федерација со Македонија како нејзина федерална единица. Дел од раководството на протогеровистичката група се застапувал за зближување на односите меѓу Бугарија и Југославија и за федерација на Југославија и Бугарија во која би се вклучила обединета Македонија како автономна политичка единица, сметајќи дека е тоа единствениот начин за решавање на македонското прашање со кој и двете држави, Југославија и Бугарија, нема да имаат претензии кон Македонија.

[40]Даринка Пачемска Петреска, ВМРО 1918 – 1934, (хронологија), Филозофски факултет – Скопје, Скопје, 2004 година, стр. 155.

**ВМРО (Обединета)** се појавила кога пропаднале сите надежи за обединување на македонските револуционерни сили со Мајскиот манифест. Преставници на левите сили на македонските емигрантски и револуционерни организации, кои опстојувале на основните идејни и програмски определби на Мајскиот манифест, во првата половина на октомври 1925 година во Виена ги поставиле основите на новата македонска националноослободителна организација ВМРО (Обединета)[41]. Меѓу учесниците се наоѓале познати дејци на македонското ослободително и револуционерно движење во минатото: Димитар Влахов[42], Павел Шатев, Георги Занков, Ризо Ризов, Владимир Поп Томов, Христо Јанков и други. Главната цел на организацијата била извојување „слободна и независна Македонија во рамките на нејзините географски и економски граници и оформување самостојна политичка единица што ќе влезе како рамноправна членка во идната балканска федерација“[43]. Од почетокот на 30-те години, раководството на ВМРО (Обединета) го нагласувало правото на самоопределување до отцепување и до создавање слободна и независна „македонска народна република“[44].

Главните програмски задачи на ВМРО (Обединета) биле: изградување масовна револуционерна организација што ќе ги опфати народните маси во трите дела на поделена Македонија и македонската емиграција во сите земји, стапување во тесна врска со сите „националноpеволуционерни и социјалноpеволуционерни организации и партии на Балканот што го подржуваат принципот за самоопределување на народите и се подготвени на дело да помагаат за конституирање на Македонија како независна политичка единица“[45], борба за „јазична и културно-просветна слобода на сите националности во Македонија, за политичка слобода и рамноправност, за давање земја на селаните и за широка поткрепа на економски слабите слови“, разобличување на злосторничката политика на сите балкански влади и решителна борба против нивната освојувачка поделбена политика, како и против колонизаторската, асимилаторската и денационализаторската политика во Грција и на Србија, откривање на разобличување на политиката на европските држави кон Балканот и особено кон Македонија, засилување на пропагандата и на агитацијата во странство меѓу работните маси и меѓу прогресивното јавно мислење, како и меѓу македонската и балканската емиграција, за „независна Македонија и балканска федерација“.

Уште од формирањето на ВМРО (Обединета), Советскиот сојуз и Коминтерната ја прифатиле како македонска националноослободителна организација, рамноправна со другите националноослободителни и класноpеволуционерни партии на Балканот во т.н.

[41]Иван Катарџиев, Историја на Македонскиот народ, том IV, ИНИ, Скопје, 2000, стр. 391-397.
[42]Никола Жежов, Енциклопедија ВМРО 1893-1934, Матица Македонска, Скопје, 2015, стр. 48.
[43]Тодор Г. Зографски и Димче А. Зографски, КПЈ И ВМРО (обединета) во Вардарска Македонија во периодот 1920 – 1930, ИНИ, Скопје, 1974, стр. 133-140.
[44]Владо Поповски, ..... Создавањето на современата ...., стр. 112
[45]Тодор Г. Зографски и Димче А. Зографски, КПЈ И ВМРО (обединета) ...... ИНИ, Скопје, 1974, стр. 143-146.

Балкански револуционерен фронт[46]".Од 1927 година, во раководството на ВМРО (Об.) дошло до поларизација на две струи: комунистичката на чело со Владимир Поп Томов и со Димитар Влахов и националнореволуционерната, или позната како национал-федеративна, на чело со Павел Шатев. ВМРО (Обединета) имала и свои почетни органи: „Балканска федерација" и „Македонско дело".До Втората светска војна, ВМРО (Обединета) го одржувала континуитетот на македонското ослободително движење, а во војната нејзините членови активно се вклучиле во нацоналноослободителното движење во трите дела на Македонија.

Речиси сите македонски легални и нелегални организации и здруженија во Бугарија се залагале за автономна, самостојна, независна и обединета Македонија. Членовите и симпатизерите на сите македонски и легални и револуционерни емигрантски организации, групи и струи ја чуствувале Македонија како нивна единствена татковина, без разлика каде живееле. Тие не го признале нејзиното распарчување меѓу соседните држави, искажувајќи силна желба за постигнување државно-политичка независност на Македонија. Ослободувањето на Македонија и конституирањето на нејзината посебна државност тие го сметале како задача, право и долг на нејзините жители, без оглед на нивната национална припадност, и со сите средства настојувале да ги бранат самобитноста и самостојноста на македонското ослободително дело.

- **Комунистичката партија на Југославија во Македонија**

Комунистичката партија на Југославија е формирана на конгресот во Вуковар 1920 година. Кратко време по формирањето, со објавувањето на т.н. Обзна при крајот на 1920 година и донесувањето на Законот за заштита на државата, нејзината дејност била забранета[47]. Меѓу првите социјалисти во Македонија биле Илија Плавев[48], Роса Плавева, Малина Попиванова[49], Тодор Г. Зографски[50] и Димче А. Зографски[51], како и многу други, додека Комунистичката партија на Југославија издавала и свој весник „Социјалистичка зора", Таа се повлекла во длабока илегалност која траела се до почетокот на Втората светска војна на Балканот.

Уште од првиот момент, со оглед на меѓународниот карактер на Кралството СХС, во КПЈ започнала тешка и долга дискусија по националното прашање. Во неа мачно и низ жесток судир течеле процесот на ослободување или поточно речено, на потиснување на национализмот во редовите на српските комунисти и прифаќање на реалноста –

[46]Александар Трајковски, .... Златна книга - 100 години ВМРО, Скопје, 1993, стр. 142-155.
[47]Тодор Г. Зографски и Димче А. Зографски, КПЈ И ВМРО (обединета) во Вардарска Македонија во периодот 1920 – 1930, ИНИ, Скопје, 1974, стр. 30/1.
[48]Блаже Ристески, Македонска енциклопедија, том II, МАНУ, Скопје, 2009, стр. 1163.
[49]Роса Плавева (Велес, 1878 - Белград, 1970) била македонска социјалистка, една од првите борци за женски права во Македонија.
[50]Блаже Ристески, Македонска енциклопедија, том I, МАНУ, Скопје, 2009, стр. 576.
[51]Исто, стр. 576.

меѓунационалниот карактер на земјата. Дебатата била особено тешка во врска со македонскиот национален карактер. Во тоа време, во редовите на српските комунисти било доминантно гледиштето дека македонското национално и револуционерно движење и неговата организација ВМРО имаат пробугарски карактер. Впрочем во тој период, во редовите на Балканската комунистичка федерација[52], под влијание на БКП, ослободителната борба на македонскиот народ се третирала како социјално-политичка. Поради тоа и дискусијата што се одвивала во редовите на КПЈ за положбата на македонскиот народ во вардарскиот дел на Македонија му пристапувала на ова прашање од социјален, но не и од национален аспект.

Талакањето на КПЈ во врска со македонскиот проблем траело долго. Низ долг и тежок процес, чии почеток била Третата земска конференција (1 – 4 јануари 1924), бавно но постепено ќе се ослободува од својот шовинистички набој. Во процесот на ослободување на шовинизмот, КПЈ ќе го форсира социјалниот аспект. Таа ќе ја прифати како своја Резолуцијата на македонското и тракиското прашање, донесена на Шестата конференција на БКФ, која изобилува со пробугарски погледи. Потоа, истата 1924 година, како легално издание на Независната работничка партија на Југославија (НРПЈ) ја објавила брошурата на Коста Новаковиќ „Македонија на Македонците! Земјата на земјоделците", која имала поинакви погледи. Оваа брошура наишла на добар прием во Македонија, иако во неа не се третира националниот аспект на македонскиот проблем. КПЈ долго време била против поддршката на оние организации во Македонија што имаат национален и револуционерен карактер. При крајот на ноември 1924 година, во една дискусија во рамките на БКФ, КПЈ се заложила во Македонија да се формира „селанска организација" што ќе биде под влијание на партијата. Цели пет години КПЈ инсистирала пред БКФ, односно пред Комунистичката интернационала[53] да се прифати нејзината идеја. Зад тоа се криел отпорот против поддршката на македонското национално движење што се носело со ознаката ВМРО.

Следните неколку години, КПЈ почнала да ја открива и да ја прифаќа суштината на македонскиот национален проблем, особено јазикот и можноста тој да се употреби во партиска пропаганда. Прв пробив во тој поглед бил направен на Третиот конгрес на КПЈ

[52]Движењето за обединување на социјалдемократијата на Балканот се засилило по Младотурската револуцијаод 1908 година. Балканската работничка социјалдемократска федерација го спроведувала слоганот на Првата балканска социјалдемократска конференција одржана во Белград во 1910 година за Балканска федеративна република.Балканската револуционерна социјал-демократска федерација, подоцна Балканска комунистичка федерација била обединување на социјалдемократски организации од балканскиземји со интернационалистички позиции кои се застапнувале за создавање на Балканска федерација.

[53]Комунистичка интернационала (позната како Коминтерна или Трета интернационала 1919-1943) била меѓународна комунистичка организација создадена во Москва во март 1919 година. Коминтерната имала за цел да се бори „со сите расположливи средства, вклучувајќи и вооружени, за отфрлање на меѓународната буржоазија и за создавање на една меѓународна Советска република како преодна фаза до целесно укинување на државите". Коминтерната била официјално распуштена од страна на Јосиф Сталин во 1943 година.

(9 мај 1926). Во неговата резолуција по националното прашање, стои принципиелното залагање за „неограничена употреба на мајчинот јазик секаде и на секое место“, односно за „задолжително образование на државна сметка на мајчин јазик“. А дека ова решение се однесувало и на правото на Македонците да се образуваат на својот мајчин јазик, се гледа од објавената директива на ЦК на КПЈ, еден месец по одржувањето на конгресот. Во неа недвосмислено се нагласува дека во својата агитација КПЈ треба да се сложи со конкретни факти за суштината на националното угнетување, како што се: „забраната на македонскиот јазик и училишта“, „забраната македонското име“[54].

Очигледни се настојувањата на КПЈ, од почетокот на четвртата деценија на XX век, посмело да се ослободува од товарот на српскиот национализам во партијата. Во тој поглед, свое место имала и критиката на Комунистичката интернационала за слабата активност на КПЈ во редовите на националните малцинства. Непосреден резултат биле решенијата од Четвртата земска конференција од декември 1934 година, кога покрај основањето на националните партии во Словенија и Хрватска било решено „во перспектива да се основа и КП на Македонија“.

Треба да се напомене дека по 1930 година процесот на ослободување од товарот на шовинизмот во редовите на КПЈ се развивал во амбиент на се поизразити настојувања во вардарскиот дел на Македонија да се добие поширок простор за слободно изразување на економските, политичките и културните права и потреби на македонскиот народ. При тоа, во целина, промената на погледите во наведената смисла, во партијата се движела поспоро од настојувањата во македонската средина за културна и националана афирмација на македонскиот народ. Требало да поминат пет години од Четвртата земска конференција на КПЈ, кога партискиот врв, на чело со Јосип Броз, на едно советување во Словенија (јуни 1939 година), понепосредно ќе се занимава со партиската организација во Македонија. Па и тогаш, судејќи според проблематичното решение за името на партиската организација во Македонија, наместо КПЈ во Македонија да се преименува во Комунистичка партија во Македонија, работите сеуште не биле на чисто. Секако дека тоа било знак за сеуште присутното колебање во партијата во врска со позициите и третманот на македонскиот проблем. Тие колебања и тогаш кога КПЈ формулирала јасен и прецисен однос на Петата земска конференција (есента 1940 година) кон македонското националноослободително движење, имено како македонско, давајќи му целосна поткрепа во неговата борба за ослободување, и натаму останале. Причините за тоа биле во прилично неконзистентниот однос на Коминтерната спрема борбата на македонскиот народ за сопствена национална држава. Нејзиниот двоен стандард што продолжил и во текот на Втората светска војна имал драматични последици.

На, КПЈ и биле потребни дваесет години да ја открие суштината на македонскиот национален проблем и да го прифати македонскиот национален идентитет. Заслугата за

[54]Иван Катарџиев, Историја на Македонскиот народ, том IV, ИНИ, Скопје, 2000, стр. 351/2.

ова еволуција во погледите на партијата пред се му припаѓаат на македонскиот народ од вардарскиот дел на Македонија, на напорите на неговите комунисти и на другите демократски сили за афирмација на македонската самобитност и на стремежот за македонска држава.

По воведувањето на Обзнаната кон крајот на 1920 година, Комунистичката организација во Македонија, како дел на КПЈ, се нашла во крајно тешка ситуација. Настапил период на жесток прогон на членовите на партијата. Практично на удар се нашле сите што во легалниот период им давале поткрепа на комунистите, без оглед дали биле членови на партијата. Бројот на членовите се свел на поединци и на мали групи. Всушност, во вардарскиот дел на Македонија престанала секаква комунистичка активност. Режимот ги ликвидирал и легално избраните комунистички општини, т.н. црвени комуни, што во Скопје, Велес, Куманово и Кавадарци на општинските избори од 22 август, а на изборите за Конституантата на 28 ноември 1920 година, во Македонија комунистите добиваат најмногу гласови 38% и 15 пратенички места.

Во повеќе градови од вардарскиот дел на Македонија, 1922/23 година комунистите ја обновиле својата дејност. Големо врз нивната активност имале настаните во 1924 година. На Третата конференција на КПЈ, одржана во почетокот на јануари 1924 година, била донесена Резолуција за македонското и тракиското прашање. Потоа, на 16 март 1924 година одржана е Обласна конференција на КПЈ во Македонија. Во центарот на овој настан биле поставени актуелните проблеми на македонската стварност: аграрната реформа, колонизацијата, тешката политичка положба во Источна Македонија (Брегалничко), прашањето за ослободување и обединување на Македонија.

Во Резолуцијата што била прифатена на конференцијата, истакнатата е заложбата: „сите делови на Македонија што се наоѓаат под Кралството СХС, Бугарија и Грција можат да се оделат и да се обединат во една држава – рамноправен член на Балканската Федеративна Република[55]“.

Без големи дискусии и теоретски образложенија, упорно и систематски македонските комунисти на суптилен начин ги граделе своите видувања за решавање на македонскиот проблем. Тие го застапувале гледиштето дека прашањето може да се реши врз основа на обединување и државно конституирање на Македонија. Битно е да се каже дека тие не граделе само формули, туку и активно се залагале да се изгради политички субјект кој ќе ја води борбата за остварување на тие цели. Кога по неуспехот на Виенската спогодба и убиството на Тодор Александров биле превземени активности за обновување на единството на македонското национално ослободително движење врз основа на Мајскиот манифест, комунистите во вардарскиот дел на Македонија активно се вклучиле во тие напори. Особено биле активни велешките комунисти, а како личности се

[55]Исто, стр. 409.

истакнувале Ризо Ризов и Панко Брашнаров. На крајот од 1924 година што била исполнета со организациони активности околу поврзувањето на силите на револуционерното дижење врз основа на новата ориентација. Таквата ангажираност на македонските комунисти предизвикала остри реакции и осуди од страна на ЦК на КПЈ. Немоќен сам да го реши проблемот, ЦК на КПЈ на 8 ноември 1924 година се обратил до БКФи лично до Георги Димитров, од кого побарал „точни инструкции во врска со основањето на новата организација на македонското национално и револуционерно движење". Всушност, начелно се поставувало прашањето дали комунистите можат активно да учествуваат во национални (ослободителни) движења. Во својот одговор од 16 ноември 1924 година до ЦК на КПЈ, Георги Димитров го осудил начинот на којшто Ризо Ризов и Панко Брашнаров се ангажирале во основањето на новата македонска организација во вардарскиот дел на Македонија. Тој во писмото е категоричен „никаква нова македонска организација нема да се образува, ниту национално-болшевистичка партија". „Ризов и Брашнаров погрешно го сватиле тоа што некои другари им го рекле. Ним само им било препорачано сред македонското население да го популаризираат манифестот на македонската организација од 6 мај оваа година и да се поврзат со Чаулев. Тие се должни само тоа да го прават, а не да создаваат нова македонска организација или националноболшевистичка партија"[56].

Заклучокот е едноставен: македонските комунисти што учествувале во активностите во вардарскиот дел на Македонија поврзани со обединувањето на силите на македонското национално и револуционерно движење, врз основа на Мајскиот манифест, според БКФ и КПЈ не смееле да бидат организатори туку само агитатори на новите струења во движењето. Околу тоа се изродил остар судир меѓу Обласниот секретаријат на партијата во Скопје и ЦК на КПЈ.

Македонските комунисти не го прифатиле барањето на ЦК на КПЈ и продолжиле со своите активности околу организирањето на новата организација на македонското ослободително движење. Во почетокот на 1925 година, во Скопје била одржана нелегална конференција на кој е избран Извршен одбор со задача да раководи со активностите околу обединувањето на силите на македонското националноослободително движење.Тоа уште повеќе ги влошило односите меѓу партиската организација во Македонија и ЦК на КПЈ. Централниот комитет, чуствувајќи се повреден што неговите директиви во Македонија биле игнорирани, а имајќи ја подршката и на БКФ, на 16 март 1925 година упатил остро ултимативно писмо до Обласниот секретарјат во Скопје. Во писмото изричито се вели: „1. ЦК на Партијата останува на своето решение што се базира на директивите на БКФ дека Партијата во Македонија не може да создаде национална партија. Ова решение уште минатата година писмено му е соопштено на ОС (Обласниот секретаријат). 2. Некои членови на партијата спротивно на тоа зеле иницијатива да создаваат национална буржоаска федератистичка организација, одржале конференција и избрале Извршен одбор. ... Така постапувајќи, овие членови на Партијата работат против политиката и

[56]Исто, стр. 409/10.

тактиката на Партијата. Тие создаваат федератистичка организација... и на таков начин работат на ликвидирање на Партијата. 3. ЦК на Партијата ги повикува сите членови на Партијата кои во каква и да е форма се ангажирале за создавање на федералистичка организација да ги напуштат сите натамошни работи, во спротивно веднаш ќе бидат исклучени од Партијата.“

Во писмото до Обласниот секретарјат и до сите македонски комунисти се барало до 25 март 1925 година да се изјаснат во врска со изнесените барања. Писмото предизвикало сериозни незадоволства во редовите на македонските комунисти. Некои го прифатиле, други, помал број, поминале во секташтво и се обиделе да создадат македонска болшевистичка партија, трети воопшто не го прифатиле и продолжиле со своите активности.

Со оглед на тоа што писмото на ЦК на КПЈ предизвикало отпор во партиската организација, по барање на ЦК на КПЈ била свикана обласна конференција на која целиот случај на спорот бил ставен на дневен ред. На конференцијата, одржана есента 1925 година, биле донесени две Резолуции: Резулуцијата по извештајот на Обласниот секретаријат и Резолуција за работата и обединувањето на македонското национално и револуционерно движење, која предизвика особен интерес. Во неа се присутни елементи на самокритика на македонските комунисти во врска со нивната активност околу основањето на новата организација на македонското ослободително движење, но и критика на однесувањето на ЦК на КПЈ, кој е посочен како главен виновник за спорот до кој што дошло со партиска организација во Македонија. ЦК на КПЈ бил обвинет дека по одржувањето на Третата конференција на партијата „не изработил конкретни упаства за спроведување на тактиката на единствениот фронт спрема македонските национални револуционерни организации“. Тој бил обвинет и за тоа што не ги конкретизирал упаствата на БКФ од есента 1924 година за „решително помагање на обновувањето на ВМРО и на нејзиното обединување со другите независни национални револуционерни организации врз база на Манифестот од 6 мај 1924 година“ и нивната примена во српскиот дел на Македонија, туку нив воопшто не им ги соопштил на месните организации и на Обласниот секретаријат на Македонија. Потоа, во врска со писмото од 16 март 1925 година, ЦК на КПЈ е обвинет за продлабочување на идеолошката криза во организацијата на партијата во Македонија поради учеството на комунистите во основањето на новата македонска национална и револуционерна организација. Исто така било отфрлено и обвинувањето дека со обновувањето на ВМРО во српскиот дел на Македонија, врз основа на Мајскиот манифест, се засилувале врховистите и Цанковиот режим во Бугарија.

Во оваа резолуција, преку критиката упатена на сметка на „македонските чорбации“ за тоа „што не се бореле за независноста на Македонија“, ниту за „најосновните културни и политички права на македонскиот народ“, како што се: правото на примена на македонскиот јазик во училиштата, во книги и весници, правото на свое име и правото за организирање на македонскиот народ во Југославија, всушност се

афирмирале националните погледи на македонските комунисти. Исто тие се искажани на посреден начин, невидени проблеми веќе биле во центарот на нивното внимание. Највероватно, само поради доктрини обѕири и дисциплина, македонските комунисти нив не ги експонирале доволно како свои програмски барања.

Во тој период најголем интерес македонските комунисти покажале за националното прашање. Тоа била и суштината на спорот со ЦК на КПЈ. Поради ваквата своја ориентација, тие се нашле под притисок и на ЦК на КПЈ и на БКФ. Без глед на сите лавирања во сопствените гледишта како и во барањата, и покрај притисокот на партиската дисциплина, оваа резолуција на македонските комунисти е еден од ретките документи во кој што тие се залагале за своите погледи вообличени врз основите на програмските цели на националната борба на македонскиот народ. Навистина, тие не биле дефинирани како програмска задача на партиската организација на КПЈ за Македонија. Меѓутоа, искажани во актот на високите партиски форуми – Обласната конференција, јасно и прецизно ги нагласувале позициите на сите субјекти што во тоа време учествувале или влијаеле врз развојот на македонското националноослободително движење.

Залагањата на македонските комунисти нашле место и во тезите на Централната агитпроп на ЦК на КПЈ од јули 1926 година. Во нив се барало да се истакнуваат конкретни факти на политиката на националното угнетување како што се: „забранување на македонскиот јазик и училиште, забранување на македонското име“.

Се разбира, настојувањата на Обласната конференција да даде свој прилог во надминувањето на спорот со ЦК на КПЈ не довеле до решавање на проблемот. Кризата во односите помеѓу македонската партиска организација и ЦК на КПЈ по Обласната конференција, есента 1925 година уште повеќе се заострила. Во пресрет на Третиот конгрес на партијата, ЦК се зафатила да ја стави под контрола ситуацијата во македонските партиски организации. Поради тоа ЦК наредил суспензија и исклучување на некои членови на Обласниот комитет. Во Скопје, во март 1926 година, допатувал еден член на Политбирото кој имал широки овластувања за да се дисциплинира македонската партиска организација. Меѓутоа, напорите на ЦК на КПЈ, направени два-три месеци пред Третиот конгрес, не ги дале очекуваните резултати. Прашањето останало да го решава конгресот. Но ни тој не исчекорил напред. Сета работа се завршила со идеолошката оцена дека „основната причина за слабата активност на Партијата, покрај општите причини, се состоела во посебна идеолошка криза што ја презивеала нашата Партија во Македонија, слабиот пролетерски состав на Партијата и недостигот од изградени функционери“[57].

Иако во цитираниот текст поблиску не се одредува предметот на „идеолошката криза“, познато е дека тоа биле разликите во подршката на дејноста на македонското национално движење и конкретно спрема потребата да се обнови националното и

---

[57]Исто, стр. 413.

револуционерно движење врз основа на Мајкиот манифест. Идодека македонските комунисти активно учествувале во обновата и консолидацијата на националното и револуционерно движење, ЦК на КПЈ бил апсолутно против тоа.

„Спорот со КПЈ по националното прашање ја дезорганизира сета наша работа", запишал Панко Брашнаров во својот „Доклад" до Коминтерната за работата на Првата обласна конференција на ВМРО (Обединета), одржана на 6 март 1926 година. „На комунистите", вели тој, „им се забранува да земаат активно учество во националното движење".

Проблемот не бил ранет ниту на Четвртиот конгрес, иако на последниот било решено да се помага ВМРО (Об.). Со тоа на маргинализација на партиската организација во вардарскиот дел на Македонија продолжил и практично довел до нејзино привремено исчезнување од политичкиот живот. Што е најбитно, сета таа криза се случувала во времето кога во Македонија се ширел бран на режимски терор по убиството на еден српски генерал во октомври 1927 година во Штип, на 13 јануари 1928 година убиството на Владимир Прелиќ, како и неуспешниот атентат врз банот на Вардарска бановина Жика Лазиќ на 13 јули 1928 година, што кулминацијата го достигнала својот врв од Владо Черноземски, исто така со атентат но успешен врз српскиот крал Александар Караѓорѓевиќ во Марсеј на 9 октомври 1934 година.

### 1.1. Антифашистичкото востание и борбата на македонскиот народ во Вардарскиот, Пиринскиот и Егејскиот дел на Македонија 1941–1945 година

На почетокот на воените дејствија од Втората светска војна, Вардарскиот дел на Македонија се наоѓала во рамките на Кралството Југославија. Споменатото кралство на 25 март 1941 година во Виена е на страната на Тројниот пакт, но од 6 април веќе тоа станало блиско минато со спротиставени страни[58]. Во априлските борбени операции 1941 година што од фашистичките држави биле преземени против југословенската војска била опфатена и територијата на Македонија. Навлегувањето на германската војска во Вардарскиот дел на Македонија било од територијата на Бугарија, додека вниманието на Италија и нејзините вооружени сили било насочено кон Западна Македонија во која тие навлегувале преку Албанија која веќе се наоѓала италијанска власт. За краток временски период од неколку десетици денови целата територија на Вардарскиот дел на Македонија бил окупиран од војските на Германија и Италија и по капитулацијата на кралска Југославија се очекувала и конечна верификација на нејзината поделба[59]. На средбата на министрите за надворешни работи на двете сојузнички фашистички држави кон крајот на април 1941 година била договорена поделба на овој дел од Македонија. Под германска

[58]Михајло Миновски, Македонија во меѓународните договори 1941 – 1991, ДАРМ, том II, Скопје, 2008, стр. 37. Протокол за пристапување на Кралството Југославија кон Тројниот пакт, Виена, 25 март 1941 година.
[59]Виолета Ачкоска и Никола Жежов, Репресија и репресираните во најновата македонска историја (прв дел), Макавеј, Скопје, 2005, стр: 13.

односно бугарска власт подпаднале источниот, централниот и југозападниот дел на Вардарскиот дел на Македонија, а Италија воспоставувала окупација во западните делови на Македонија со градовите Тетово, Гостивар, Дебар, Кичево и Струга.

Во делот од Вардарска Македонија што бил заземен од германските војски била воспоставена бугарската окупаторска власт, бидејќи присоединувањето на Македонија кон Бугарија бил еден од условите за приклучување на тогашна официјална Софија кон таборот на фашистичките држави. Во спроведувањето на својата власт во овој дел на Македонија, бугарската влада веднаш се зафатила со донесување на воен, полициски и административен апарат кој речиси исклучително потекнувал од нејзината државна територија. Во почетниот период на окупацијата биле формирани и т.н. централни бугарски акциони комитети во кои биле вклучувани Македонци од расформираната ВМРО на Ванчо Михајловкако и многу комунисти и граѓани од познати семејства, со што се сакало да се создаде впечаток кај македонскиот народ за наводно ослободување на Македонија и нејзиниот „бугарски“ етнички карактер. За што поуспешно асимилирање на македонскиот народ, бугарската власт во Македонија се служела и со образовниот систем преку кои биле наметнувани содржини што имале за цел да ги воспитуваат и најмладите македонски генерации во бугарски национален дух. Обиди за денационализацијата и асимилацијата на македонскиот народ се правеле и преку создавањето на разни здруженија и организции кои имале за задача да ја проширувaат фашистичката идеологија и да всадуваат бугарско национално чуство. Од страна на бугарската власт во Вардарскиот дел на Македонија често биле искористувани и најзначајните датуми од македонската историја за време на кои биле организирани големи манифестации со нагласен бугарски национален белег со што се сакало да се докажат „историските бугарски корени“ на Македонија. Во таа политика на бугарската власт се вклучил и самиот бугарски цар Борис, кој повеќепати посетувал градови во Македонија, а со цел да го докаже наводниот ослободителен карактер на владата во Софија. По тој почетен период на бугарската окупација на Македонија и обидите на владата во Софија тоа да го прикаже како ослободување, дури и кај извесен број на пробугарски определени Македонци настапило надминување на таквите илузии. Свесна за таквите нејзини разнишани позиции во Македонија и се позасилениот отпор на македонскиот народ кој во најголем дел имал веќе цврсто изградено македонско национално чуство, бугарската окупаторска власт се повеќе посегнувала кон воени и полициски мерки. Од Бугарија биле донесени засилени воени и полициски единици кои биле специјално обучувани за борба против припадниците на македонските партизански одреди, а од друга страна биле направени обиди за формирање и на контрачети составени од Македонци, со крајна цел предизвикување на братоубиствена војна во Вардарскиот дел на Македонија. Таквите обиди на бугарската власт во Вардарскиот дел на Македонија се покажале како неуспешни. Поради тоа се преминало кон употреба на репресивни војнички и полициски методи против македонскиот народ кој преку се поорганизираното народноослободително движење отворено го истакнал своето

антифашистичко расположение, со што застанал на страната на антихитлеровската коалиција во настаните од Втората светска војна.

Западниот дел од Вардарскиот дел на Македонија со градовите Тетово, Гостивар, Дебар, Кичево и Струга подпаднал под италијанска окупаторска власт. За овој дел на Македонија било карактеристично тоа што покрај италијанската воена и полициска власт биле застапени и форми на владеење на албанската квислиншка држава и тоа во административниот, даночниот, образовниот, црковниот и некои други области на живеењето. Ингеренциите што италијанската окупаторска власт и ги дозволувала на преставниците на квислиншка Албанија во западниот дел на Вардарска Македонија биле насочени во правец на остварување на идејата за т.н. Голема Албанија во чиишто граници влегувал и овој дел од македонската земја. И додека Италија воено и полициски го обезбедувала овој дел од Македонија, напоредно со нејзиниот вооружен апарат, дејствувал и тој на органите на фашистичка Албанија, преставен пред се во лицето на балистичката организација, која имала свој вооружени формации. Бали Комбтар (Национален фронт на Албанија) како фашистичка и шовинистичка организација преставувала еден од главните репресивни механизми врз кои се потпирала систематската асимилација, денационализација и етничко чистење на Западна Македонија. Покрај тоа во службата на таквата италијанско-албанска политика во периодот на Втората светска војна биле и давачките во тогашниот даночен систем кој како такви биле превземени од турскиот феудален општествен поредок и преставувале дополнителен товар и врз македонското, но и албанското население во овој дел на Македонија. Обидите за асимилација и денационализација на Македонците биле застапени и во образовниот систем каде од окупаторската власт задолжително се наметнувало изучувањето на албанскиот јазик и албанската историја и географија.

Во услови на војна, поделба и распарчување на кралска Југославија, македонскиот народ во Вардарскиот дел на Македонија се нашол во една тешка и безперспективна состојба. Состојбата дополнително се влошила и поради внатрешната поделба во овој дел од Македонија на две окупаторски зони. Различните окупаторски власти спроведувале посебни мерки за зацврстување на нивните позиции во Вардарска Македонија и тоа придонесувало за создавање на одредени специфичности во деловите под бугарска односно италијанско-албанска власт, а по капитулацијата на Италија во септември 1943 година, германско-албанската власт. И покрај ваквата специфична положба во Вардарска Македонија, уште во првите месеци на окупацијата растело незадоволството кај македонскиот народ кое се изразувало со стремеж за започнување на вооружен отпор. Единствената организирана политичка сила во таквата распарчена Југославија, согласно тоа и во Вардарскиот дел на Македонија, која веднаш се зафатила со подготовки за вооружена борба и ослободување на земјата била Комунистичката партија. Но и покрај таквиот став на КПЈ за востание во сите делови на поранешна Југославија, во Македонија работите добивале поинаков развој. Во текот на летото 1941 година, започнало

вооруженото востание против окупаторските власти во сите делови на поранешна Југославија, освен во Вардарскиот дел на Македонија каде спечифичните услови ги забивале таквите активности. За задоцнувањето на вооружената борба и востание во Македонија постоеле повеќе причини. Една од причините била двојниот окупаторски ситем што создавал отежнати околности за организирање и координирање активности што биле неопходни во извршувањето на подготвителните работи за почеток на востанието. Втората причина била фактот што КПЈ како водечка политичка сила во антифашистичката војна сеуште немала формирано ЦК на КП за Македонија, туку само ПК на КПЈ за Македонија што во такви сложени општествено-политички услови делувале дестимулирано кај македонските партиски кадри. Од таа гледна точка, не само во почетните месеци на окупацијата на Вардарскиот дел на Македонија, туку и во првите години од НОВ, една од главните причини за неомасовувањето на НОД во Вардарска Македонија била и нејасниот став на КПЈ по однос на македонското национално прашање и евентуалниот државно-правен статус на Македонија и тоа во нејзините етногеографски граници. Ако се имаат во предвид заложбите и идеите на македонското революционерно и националноослободителното движење со години наназад за создавање на обединета и независна македонска држава кои биле длабоко врежани кај македонскиот народ, тогаш може навистина да се свати зошто се гледаше со недоверба кон замагленените и нејасни ставови на КПЈ во однос државното решавање на македонското прашање. Покрај ова, една од најглавните причини за таквиот задоцнет развој на вооружената антифашистичка борба во Вардарскиот дел на Македонија била и состојбата во самиот ПК на КПЈ за Македонија во текон на речиси целата 1941 година. Имено, во ова највисоко тело на КП за Македонија се водеше остри судири помеѓу раководните личности околу различни суштински прашање како што биле различните ставови во однос на почетокот на вооруженото востание, гледиштата за решавање на македонското прашање и најглавното прашање околу кое најмногу се спорело, со која КП од балканските држави треба поблиску да се поврзе и соработува македонската партиска организација. До август 1941 година на чело на ПК на КПЈ за Македонија се наоѓал Методија Шаторов-Шарло кој што се залагал за создавање на Советска Македонија по примерот на Советските социјалистички републики[60], а исто така сметал дека во Македонија се уште не постојат поволни услови за започнување на масовно вооружено востание. Ваквите случувања јасно се прикажани во повикот што е упатен до работниот македонскиот народ по повод влошувањето на меѓународната ситуација и опасност од проширување на војната како резултат на експанзијата на фашизмот во Европа, каде Шарло дал јасна визија и идеја во кој правец треба да се движи Македонија: ...Нужно е Југославија да направи пакт за взаимна помош со едината навистина неутрална и најголема земја на свето, со чија помош народите на Југославија ќе се спасат од страоите на империјалистичката војна. Таа земја е Сојузо на Совјетските Социјалистички Републики, Советскиот Сојуз, силната работнички-селска

[60]Зоран Тодоровски, Бунтески Ристе – Бунте, Методија Шаторов – Шарло (документи и материјали), ДАРМ – Македонија литера, Скопје, 2012, 269.

држава, под раководството на Комунистичката партија, на чело со другаро Сталин, осигурава на своите народи, слога и мир, со поарен и поубав живот и слободно развивање на социјалистичката изградувачка. Едниот пат за да останат народите на Југославија надвор од денешната империјалистичка војна и да не ја загубат својата независимост, а во случај напаѓачка да ја одбранат, е во воспоставувањето на дипломатски обноски и склучувањето пакт за взаемна помош со Советскиот Сојуз. За ово да направат народите на Југославија треба да си сторат своја народна влада коа ке даи право и слобода на работнио народ и потиснатите народи...[61], понатака самиот Шарло, ја потенцира идејата за обединета независна Македонија по примерот на советските републики во писмото од Скопје, околу 15. V. 1941 година, упатено до ЦК на БРП за решавање на македонското прашање, ... Потребно е да се посочува примерот на правилното решение на националното прашање во СССР, потребно е нашата борба за вистински, мирен и братски договор меѓу балканските народи да се поврзува со нашата општа борба против војната и противнародните балкански влади – оружје на империјалистичките завојувани лагери, потребно е да им се укаже на масите дека и националното прашање, како и социјалното, бара заедничко дејствување (сојуз, пактови и др.) со СССР итн[62].

Шарло од своја страна поради објективни околности настојувал да ја интензивира соработката со БКП, бидејќи во тие сложени околности тешко било поврзувањето со ЦК на КПЈ чиешто раководство тогаш се наоѓало во Загреб, што пак од партискиот врв на чело со Јосип Броз Тито било протолкувано како обид за сепаратизам на македонската партиска организација[63]. Кон ваквите обвинувања насочени против Методија Шаторов бил даден и неговиот негативен став по прашањето на српските колонисти[64] во Македонија, што за партискиот врв на КПЈ на чело со Јосип Броз преставувало доволна причина за негово сменување[65]. По однос на ова прашање конечниот збор го имала Коминтерната, која застанала зад ваквата одлука на КПЈ, а исто така се изјаснила дека македонската партиска организација треба да остане во состав на југословенската комунистичка партија. Новото македонско партиско раководство на чело со Лазар Колишевски потпомогнато од инструкторите на КПЈ започнало забрзано да работи на подготовките за почеток на вооруженото востание и во Вардарскиот дел на Македонија. Како резултат на тоа биле формиани неколку партиски одреди Скопски, Кумановски и Прилепски со чиишто вооружени акции во октомври 1941 година и формално бил означен почетокот на востанието во Вардарскиот дел на Македонија. Меѓутоа по почетните акции, до крајот на 1941 година се воспоставиле дека на теренот не постојат поволни услови за

---

[61]Зоран Тодоровски, Бунтески Ристе – Бунте, Методија Шаторов – Шарло (документи и материјали), ДАРМ – Македонија литера, Скопје, 2012, док. 1, Скопје VI 1940 г., ПК на КПМ, 269/70

[62]Исто, стр. 105.

[63]Барбара Јелавич – Историја на Балканските народи 1914 – 1990, Лист, Скопје, 1999, стр. 317.

[64]Зоран Тодоровски, Бунтески Ристе – Бунте, Методија Шаторов – Шарло (документи и материјали), ДАРМ – Македонија литера, Скопје, 2012, 271.

[65]Боро Митровски, Томо Ристовски – Георги Димитров (за македонското национално прашање и југословенско-бугарските односи), Наша книга, Скопје, 1979, стр. 76

подолготрајно дејствување на партизански одреди, по што од страна на ПК на КПЈ за Македонија била донесена одлука за привремено расформирање на истите и нивно повторно активирање во моментот кога ќе се создадат подобри услови. За ваквиот развој на настаните огромно влијание имале се уште несредените состојби во ПК, внатрешни конфликти, но и расформирањето сега и на новиот состав, веднаш по апсењето на Колишевски од бугарската власт во ноември 1941 година. Состојбите дополнително се усложниле и со постојаното мешање на инструкторите на КПЈ и БКП во внатрешните работи на македонската партиска организација кое продолжило во континуитет до крајот на војната, а од причина што во ПК за Македонија се судирале интересите и на двете балкански комунистички партии.

Првата жртва од Кумановскиот партизански одред во судир со бугарската војска, што бил фатен и убиен е студентот, комунист и македонски деец од тие краишта – Тане Георгиевски-Суљо.Карадачкиот одред кој влегол во заседа, си дал и свои жртви, една од нив е и командантот Боро Менков, а на 14 октомври 1941 година кај кумановското село Белановци загинал македонскиот деец Перо Георгиев-Чичо и борците Магдалена Антова, Бајрам Шабани, Киро Бурназовски, Аритон Димковски-Тонко и Наце Ивановски-Буѓони. Преживеале осумина борци кои биле заробени и осудени на повеќегодишна робија.

Во текот на 1942 година биле формирани неколку партизански одреди кои влегувале во судир со бугарската војска во Западна и Југозападна Македонија и успеале врз себе да концентрираат поголеми воени и полициски вооружени формации. За омасовување на вооружениот отпор поголемо влијание извршила и промената на политиката на КПЈ кон состојбите во Вардарска Македонија, пред се под влијание на инструкторот Добривое Радосавлјевиќ, кој реално ја согледал состојбата на теренот и проценил дека југословенскиот партиски и воен врв треба да покаже поголемо разбирање кон македонското прашање и неговото решавање. Промената на ставот на КПЈ се согледува и во програмските документи од тој временски период во кои провејувал обидот за разбирање за континуитетот на македонските борби за создавање на независна македонска држава и многу вешто и свесно се избегнувала југословенската рамка за решавање на македонското прашање, од причина што тогаш и самото споменување на името Југославија, создавало револт и резигнација кај Македонците.

Следната 1942 година, истотака не помина без жртви, што е и нормално за воен период каде борбата секојдневно се барала во интерес за слободата. Во заседата кај Грделичката клисура, загинува Орце Николов. На 2 март 1942 година во заседа во близината на селото Плетвар биле убиени Борка Талески и Лазо Филиповски-Лавски, иако постојат контраверзии за нивното убиство[66]. Во месец мај 1942 година се случила една од најкрвавите борби помеѓу битолските партизански одреди и бугарската војска и полиција во која животите, меѓу другите ги изгубија Димитар Николовски и Елпида Караманди,

---

[66]Вера Талеска Николовска, Потрага по вистината, Прилеп, 1991, 76.

Мара Јосифовска-Ѓурѓа, Јоска Ордановски-Сандански, Ордан Михајловски и Димче Аџи Попоски. Но од страна на бугарската војска биле заробени Венда Темелкова, Андон Поп Андонов и Мица Пандорова. Следните убиства биле спроведени од истражните органи со укажувања дека треба да дадат признание за нивната политичка активност, што со физичко измачување биле ликвидирани, но еден од многуте бил и Цветан Димов кој бил фрлен од третиот спрат од полициското истражно оделение, а потоа соопштено дека сам си го одземал животот. Меѓу многубројните политички затвореници кои се наоѓале во македонските затвори бил и Васил Антевски-Дрен, што на 9 мај 1942 година бугарскиот судскиот совет ги изрекол пресудите и на 45 обвинети политички затвореници од кои за 19 казните биле смртни[67], додека некаде на 10 или 11 август во Софија бил однесен на бесилка. Во врска со атентатот над Мане Мачков, уапсените Александар Стефанов и Панче Пешев биле осудени на смрт, а како жртва во септември истата година настрадал Петар Наков. Убиствата врз видни членови на македонското народноослободително движење продолжиле со несмален интензитет и во наредните денови, во другите делови на Вардарскиот дел на Македонија. На 12 септември 1942 година загинале Мите Богоевски и Стеван Наумов-Стив.Само еден ден подоцна падна уште еден македонски револуционер во репресивните акции на бугарската власт во Македонија, Борка Велевски Левата-Горанов, а по измачувањето и тепањето од бугарскиот участок насрадал со убивање во бела гасена вар и Рампо Левков-Левката.Но сепак репресивните мерки продолжиле и во есента 1942 година, кога 16 селани од селото Мокрене, каде меѓу селото Теово и Богомила биле симнати од воз и стрелани, но за ваквите ѕверства да се случат биле потпомогнати и од контрачетниците, кој биле директно помагани од бугарската војска и полиција. На 12 декември во скопско во престрелка со бугарската полиција загинува Божо Божиновски-Прцан, а на 16 декември во близина на велешкото село Нежилово бил нападнат одредот „Димитар Влахов", од контрачетниците, што морал да се повлекува и да обезбедува остапница, и тука во храбра борба загинува 17-годишната Невена Георгиева-Дуња. Следните жртви, партизански борци во НОВ од Прилепско се Јован Силјаноски, Стојан Димески-Глигурче, Пројче Најдоски-Сокле, Боце Темелсков Секулоски и Панто Најдоски. На 19 декември 1942 година во обидите да се поврзе со битолскиот партизански одред „Јане Сандански", во манастирот Прилепец пристигнала четата од прилепскиот партизански одред „Ѓорче Петров". На истиот ден бугарската војска и полиција го опколила манастирот и започнала вооружена пресметка со партизанската група. За време на двочасовната борба загинале следните борци: Киро Нацев-Фетах, Борка Спасески-Влачарот, Стеван Базеркоски, Стеван Димески, Димче Мирчески, Гога Јанкуловски, Трајче Најдески-Сокле, Бошко Јосифовски и Менде Бошкоски. На крајот од 1942 година, зимата, дошол редот за пресметка помеѓу бугарската полиција и Плачковичкиот партизански одред, што од оваа борба загинуваат Васил Догаџински и Јоаким Стојков, додека Герас Цунев бил ранет, но во Радовиш бил фатен од полицијата.

---

[67]Стоилко Ивановски-Планински, Васил Антевски-Дрен, Архив на Скопје, Скопје, 1981, 211.

Значаен настан кој не треба да се заборави, но се случил ноќта помеѓу 10-11 март 1943 година, а се однесува на депортацијата на Евреите од Македонија, каде што над 7.000 Евреи од најмала до најстара возраст биле депортирани во логорот на смрт Треблинка, кој никогаш повеќе не се вратиле. Егзодусот не се случувал само на териотријата на вардарскиот дел на Македонија туку депортирани биле и Евреите од егејскиот дел на Македонија и Тракија. Холокаустот го спровеле по наредба на нацистичките власти, бугарските фашистички окупацини војски.

Годината 1943 преставувала пресвртница за развојот на НОД во Вардарска Македонија. Тогаш бил формиран ЦК на КПМ како водечка политичка сила во антифашистичката и ослободителна војна, а на воен план биле создадени покрупни борбени единици кои можеле да водат рамноправна борба со германските, бугарските и италијанско-балистичките војски во Македонија. По капитулацијата на Италија во септември 1943 година се создале услови за уште погоем подем на НОВ во Македонија што резултирало со создавање на слободна територија во нејзиниот западен дел. Од тој момент македонското народноослободително движење преминало во офанзива и ја превзело иницијативата во борбата против окупаторските војски. Таа 1943 година преставувала пресвртница и по однос на програмските политички документи издадени од македонското воено и партиско раководство по однос на државниот статус на Македонија. Полека, но сигурно се прифаќаше југословенската опција со парциално решавање на македонското прашање, само за Вардарскиот дел на Македонија. Овој факт предизвикал незадоволство кај една група македонски интелектуалци која остро се спротиставила на ваквиот став и барала интегрално решавање на македонското прашање повикувајќи се на долгогодишните традиции и борби на организираното македонско револуционерно движење. Токму поради прашањето за државно-правниот статус на идната македонска држава ќе настане една длабока внатрешна поделеност во македонското воено и политичко-партиско раководство што преставувало извор на судири и поделеност кои ги одбележале и годините и по завршувањето на Втората светска војна.

По долги физички измачувања од бугарските агенти на почетокот од 1943 година, подлегнува и Мирче Ацев, што подоцна е соопштено дека сам си го одземал животот, но тој бил фрлен од прозорецот на скопската полициска станица[68]. Следниот бил Страшо Пинџур, кој по претепувањето умира, што бугарската власт, за да не се појави револт кај македонскиот народ исценирала негово наводно бегство.На 7 јануари 1943 година, во престрлка со полицијата е ранет Трајко Бошковски-Тарцан, но да непадне во рацете на окупаторот подоцна сам си го одземал животот, но во Рлевци каде била ископана дупка заедно со него, бугарската војска жива ја закопале и заробената Маца Овчарова.Истиот месец на 21 јануари 1943 година продолжила егзикуцијата на македонските политички затвореници во затворот во Скопје. Најпрвин на бесилка бил изведен Јован Босаров и Благој Давков.На 20 февруари истата година, рано наутро, бугарската полиција спровела

[68]Љубен Георгиевски-Љупта, Студенти револуционери, I, Скопје, 1968, 40/41.

блокада во скопската населба Ново Маало, да се уапси највероватно и поткажан Раде Јовчевски-Корчагин, но по бркотницата тој се упатил во Маџир Маало, но кога немало веќе излез од тесната и слепа уличка тој бил убиен од агентот Антон.Една априлска ноќ 1943 година партизански борец незабележал дека стигнал кај селото Горанце во непосредна близина на Качаник, наеднаш се слушнале истрели што го погодил и усмртил Боро Петрушевски-Папучар. На 27 април истата година во Полошко, во безизлезна состојба од балистите се нашол и Илија Антевски-Смок, но на 16 мај италијанските карабинери во Тирана, каде се наоѓале и 6 други партизани биле ставени на бесилка во кој се нашол и самиот Илија Антески. На 21 мај 1943 година 2-от Плачковички партизански одред „Гоце Делчев", бил предаден и откриен што во вооружена престрелка, загинале командантот Ванчо Прке-Серман, политичкиот комесар Тошо Арсов и Александар Митрев.На 12 јуни 1943 година на планината Лопушник загинува Кочо Рацин[69], но под неразјаснети околности, заради тоа што тој бил погоден од македонските партизани или поточно од Мино Миноски, што подоцна за ова убиство не била превземена никаква истрага, ниту бил казнет.Во почетокот на летото бугарската војска и полиција превземала голема воена офанзива против единиците на НОВ во Тиквешијата, во којшто биле застелани 60 селани. На 15 јуни 1943 година една бугарска единица во селската крчма во Ваташа иследувала 12-мина младинци. При нивното испрашување се утврдило дека младинците на различни начини ги помагале партизаните во Тиквешијата, што следела наредба 12-мината млади да бидат срелани. Тие биле изведени на околу 2 км. Од селото со уште две девојчиња и таму биле застрелани, но за среќа девојчињата биле поштедени, и тие само преставувале сведоци на стрелањето на нивните другари. Во стрелањето, животите ги загубија: Диме Чекоров (18), Пано Џунов (18), Ристо Ѓондов (18), Блажо Ицев (18), Перо Видев (15), Пано Мешков (15), Ферчо Поп Ѓорѓиев (22), Васил Аџи Јорданов (26), Ванчо Гурев (18), Перо Ампов (18), Герасим Матаков (17) и Илчо Димов (18). На 17 август 1943 година во Штипско од нанесените рани по неколку дена починува и Славчо Стојменски. Балистичките репресалии со помош на италијанските војници врз македонскиот народ во Западна Македонија продолжиле, што во село Никифорово на 21 август по изгорените 62 куќи, тепањето следело и убивање во кој животите ги загубиле Јовче Спировски, Трпе Алексиевски, Фиче и Гафија Атанасовски и Фимка Аврамовска. Ваквите настани продолжиле и во селата Леуново, Тумчевиште, а на 1 октомври кај месноста Буковиќ во вооружен судир загинува политичкиот комесар Мирко Милески, заедно со сите борци од партизанскиот одред.На 6 октомври повторно во судир со

[69]Коста Солев Рацин (1908 – 1943), македонски револуционер, поет, интелектуалец, роден е во Велес и основно образование завршил во родниот град, во периодот меѓу двете светски војни активно се вклучил во македонското раволуционерно движење, првите негови стихови ги напишал во едно хрватско списание, во 1936 година во хрватското списание „Кнежевиќ" ја публикувал стихотворбата на македонски јазик „До еден работник", заради неговата комунистичка и националноослободителна дејност бил затворен во Сремска Митровица, во 1939 година во градот Самобор, Хрватска ја испечатил првата негова стихозбирка „Бели Мугри", за време на Втората светска војна се вклучил во редовите на НОД и поради тоа бил интерниран во село Корница, Неврокопско во 1943 година, во 1943 година заминал на планината Лопушник каде се наоѓала базата на ЦК на КПМ и ГШ на НОВ и ПОМ.

окупаторот животот го загубил Мито Трповски-Војводата и Јосиф Јосифовски-Свештарот. Следниот партизан кој е убиен, родум од Гевгелија е Васил Карајанов убиен во Стрмашево.

На почетокот на февруари 1944 година единиците на НОВ се наоѓале во голема офанзива против бугарската војска и полиција и српските четнички вооружени формации во Североисточна Македонија каде се простирала и поголема слободна територија. И во оваа година не се изоставуваа жртвите, дадени за слободата на Македонија, така на 7 февруари, загинува Христијан Тодоровски-Карпош[70], потоа на 25 февруари во однапред испланирана акција на бугарската полиција бил убиен Кузман Јосифовски-Питу[71], како и Злате Михајловски, но на 20 март загинува и Крум Митев, а на 22 март и Љупчо Сантов но и Раде Кратовче во селото Главовица. Во април во Кавадарци биле убиени Киро Атанасовски и Димче Мирчев. Борбата продолжила и во следните денови, една од многуте борби била и на планината Плачковица каде загинува Дамјан Крапчев-Стари. На 9 мај, во Прилеп биле убиени македонските револуционери Круме Волнаровски-Коља и Киро Гавриловски-Јане, но во близина на селото Тројаци биле застрелани Круме Јаскоски-Јаско и Димко Ацев. Во мај во мавровскиот регион, во борбите со германските војници загинуваат Лазе Поповски, Савка Маневска, Атанас Атанасовски, Методија Котевски, Кице Гавриловски и Благоја Георгиевски и други што биле ранети и подоцна им подлегнале на раните за на крај да заврши борбата со загинувањето на командантот Манчу Матак.На 22 мај по битката кај селото Лисец починува и Вера Јоциќ. На 11 и 12 јуни загинува Коце Стојановски-Металец, Елена од Егејска Македонија, Владо од Гевгелија, Кица Христова како и сопругата на Металец, Шина Стојановска. На 12 јули 1944 година од полицијата бил откриен и Благој Јанков-Мучето, што загинал во Стумица во престрелка со бугарската полиција. На 15 јули убиена од бугарската полиција во Штипско била и Вера Циривири-Трена. На 29 август истата година, помеѓу селата Студеничани и Моране загинува политичкиот затвореник Тома Димитровски-Томаќи со уште двајца македонски борци. Во 1944 година загинува уште една жена борец, Естреја Овадија-Мара, што кон крајот на август во Порече загинува и Илија Јовановски-Цветан. На 19 септември Тетовскиот партизански одред, во судир со балистичка чета биле убиени Тодор Циповски-Мерџан, Гоце Стојчевски-Амбарче, Пано Симовски, Благоја Таскоски, Александар Здравковски, Трпе Јовановски-Мишка, Борче Кочовски, Христо Антовски, Александар Јовановски, Љубомир Момировски, Боро Вулиќ, Љубомир Стефановиќ, Љубица

[70]Христијан Тодороввски-Карпош (1921 – 1944), македонски револуционери, комунист, роден е во Куманово, бил член на КПЈ од 1940 година, активен учесник во НОВ во Македонија како борец на Козјачкиот партизански одред и командант на кумановскиот баталјон Јордан Николов-Орце.Боро Чушкар – Христијан Тодоровски - Карпош, Околиски Одбор на сојузот на здруженијата на борци од НОБ за Кумановската околија, Куманово, 1965 година

[71]Кузман Јосифовски-Питу (1915 – 1944), македонски револуционер, комунист, роден во Прилеп, а се школувал во Прилеп, Битола и на Правниот факултет во Белград, бил член на студенското друштво „Вардар“ и член на КПЈ од 1938 година, извршувал високи функции во НОВ – секретар на МК на КП во Прилеп, член на ПК на КПЈ за Македонија, од 1943 година член на ЦК на КПМ како член на ГШ на НОВ и ПОМ.

Стефановиќ, Андреја Стојановиќ, Владимир Јаниќ, Саво Тасевски, Мурат Бафтијари, Младен Симовски-Трбош и Андреја Христовски.Потоа исто така во следна престрелка во Кичево ранета е Ибе Паликуќа, што на 22 септември починува во селото Шутово. Во октомври 1944 година по изречената пресудата, биле обесени партизаните Благој Николоски-Ивањушка и Благоја Ангелоски-Генто. На 13 ноември започнале завршните операции за ослободување на Скопје. Во борба со германските војници, на улицата илинденска загинува Панче Арсовски и неговиот соборец Лазо Јаневски-Тетовец, што по неколку часови било ослободено и Скопје[72].

Како и да е, во периодот на НОВ во Вардарска Македонија, без разлика на идеолошката и политичка определба или нивните ставови за решавање на македонското прашање, за слободата на Македонија животот го дадоа илјадници македонски синови и ќерки што преставуваше продолжение на идеалите на македонското револуционерно движење, од годините наназад, но и партизани кој биле во затворите ширум Македонија, што врз нив се воделе судски процеси за време на окупацијата на Бугарија 1941-1944 година[73].

Непосредно пред почетокот на Втората светска војна, Егејскиот дел на Македонија се наоѓал во состав на Грција. Овде воените случувања започнале уште во октомври 1940 година кога грчката држава влегла во војна со фашистичката Италија. И покрај денационализаторската политика на грчката влада кон Македонците во Егејска Македонија борбените редови на грчката армија во военіот судир со Италија, најмногу ги потполнувале Македонците. По почетниот успех, со вклучувањето на Германија во директните борбени дејствија во април 1941 година, грчката војска преминал во дефанзива и се повеќе се повлекувала пред силните налети на моќниот непријател. За кратко временски период грчката држава, а со тоа и Егејскиот дел на Македонија, бил завземен од војските на сојузничките фашистички држави Германија, Италија и Бугарја. По окупацијата на Грција, територијата на Егејскиот дел на Македонија не подпаднала под единствената територијално-административна власт, туку таа била поделена на три дела. Западниот дел на Егејскиот дел на Македонија со градот Костур и другите помали места што гравитирале кон него подпаднале под италијанска власт. Централниот дел се нашол под германска воена контрола заради неговата важна геостратегиска положба што му ја давале природно добрите сообраќајни врски и постоењето на рудници што биле значајни за германската воена индустрија[74]. Од друга страна, Германија дозволила административно овој дел на Македонија да влезе во рамките на грчката квислиншка влада на генералот Чолакоглу. Во Источниот дел на Егејска Македонија со градовите

---

[72]Крсто Здравковски: „Да не се заборави“, Архив на Скопје, 1982, стр. 139.

[73]Владо Ивановски, Политичките сидски процеси во Скопје за време на Бугарската окупација (1941-1944), ДАРМ, Скопје, 2009, стр. 295. Реферирање за активноста на откриена комунистичка илегална група во Скопје, мај 1944 година.

[74]Виолета Ачкоска и Никола Жежов, Репресија и репресираните во најновата македонска историја (прв дел), Макавеј, Скопје, 2005, стр: 67.

Драма, Кавала, Серез и други помали места била воспоставена бугарска окупаторска власт. Така територијата на Егејскиот дел на Македонија уште еднаш бил прераспределена и низ неа повторно биле исцртани нови граници на поделба.

Согласно ваквата поделба на Егејска Македонија, македонскиот народ од овие краишта се нашол во една незавидна положба. Насилните миграциони движења и асимилаторската политика на грчките влади кон македонското прашање уште од периодот на Балканските војни 1912/13 година во голем дел ја измениле етничката карта на Егејска Македонија. Македонскиот народ од најброен, во тие почетни воени години на Втората светска војна, станал малцинство на неговата сопствена земја пред агресивниот налет на грчкиот и маџирскиот колонистички елемент. Компактноста на македонскиот народ во Егејска Македонија каде македонскиот етникум се уште бил во мнозинство, единствено останала во централните и западни делови-Воденско, Мегленско, Леринско, Костурско и Кајларско. Во овие делови на Егејска Македонија продолжило да функционира организирано македонско револуционерно и националноослободително движење кое имало свои корени и традиции од периодот пред Илинденското востание во 1903 година. Македонците и во меѓувоениот период многупати сами се обидувале да создадат свои организации или движења преку кои ги истакнувале своите барања и стремежи за решавање на македонското прашање. Таквите македонски организации единствено делумно биле потпомогнати од Комунистичката партија на Грција (КПГ), која многу често и немала свои самостојни гледишта и платформи по македонското прашање, туку врз неа се пресликувале ставовите на Коминтерната. Токму оваа меѓународна организација која ја координирала и раководела работата на комунистичките партии, во предвечерието на Втората светска војна и наложила на КПГ како водечка антифашистичка политичка сила во Грција, да ги мобилизира и придобие Македонците со тезата за решавање на македонското прашање во рамките на грчката држава. Поголемиот број на Македонци не биле задоволни поради променливата политика на КПГ, но сепак се одзвале на повикот за вооружена антифашистичка борба, бидејќи во такви околности оваа политичка партија во Грција била единствен можен сојузник.

Во Егејскиот дел на Македонија до крајот на 1941 година бројката на убиени лица го достигнала бројот 486[75]. Во борбите што се случиле за време на Драмското Востание загинале следнитве партизани: Иван Вељанчев, Васил Шапков, Христо Европов, Ѓорѓи Шаперов, Прокоп Караиванов, Христо Болбуциевски, Димитар Росиловалев, Ѓорѓи Пејков, Дреновалиев[76].Во ова востани загинале од 2500 до 3000 недолжни луѓе, жени и деца[77]. На 23 мај 1942 година стрелан е македонскиот револуционер Ташко Караџа. Истата година на 26 декември италијанската војска ги убила: Ристо Андриовски, Нумо Журков,

[75]Лилјана Пановска, Теророт во Егејскиот дел на Македонија под германско-италијанска окупација (1941 – 1944), ИНИ, Скопје, 1995, 58.
[76]Христо Андоновски, Македонците под Грција во борба против фашизмот (1940 – 1944), ИНИ, Скопје, 1968, 48.
[77]Исто, 56.

Живко Кенков, Нумо Московʼ, Стасо Скивински и Кољо Шекров, како во претходната година така и во оваа 1942 година ги имаат загубено животите недолжни луѓе меѓу нив жени и деца.На 11 април 1943 година во близина на селото Имера, Кожанско во претходно поставена заседа на воените формации на грчките фашистички организации ИВЕ и ПАО бил убиен Лазо Трповски[78].На 6 јули 1943 година во поголем број на села имало 37 загинати борци, што на 25 јули стрелан е Вани Мандев[79], додека на 30 септември егзекутиран е Димитар Коларов[80]. Во октомври на Кајмакчалан убиен е Пандо Џиката со уште шесмина борци.

Годината 1944, не изоставува од борбата за слобода во Егејскиот дел на Македонија, продолжија битките, но и ѕверствата на германско-бугарската војска заедно со фашистичката грчка организација ПАО. На 1 мај 1944 година биле стрелани околу 200 комунисти, што меѓу нив бил и Трифун Хаџијанов. При крајот на оваа година, кога веќе било јасно дека нацистичка Германија ќе капитулира, во Егејскиот дел на Македонија а и во самата КПГ и ЕЛАС пресврт, кој ќе оди на штета на Македонците од овој дел на Македонија. Всушност започнала да се води непринципиелан политика кон Македонците, се започнала вистинска кампања против македонските воено политички раководители, а во самите редови на КПГ и ЕЛАС се повеќе влегувале профашистички војници и раководители. Македонците биле обвинувани за предаство и за соработка со странски разознавачки служби иако генезата на проблемот се наоѓал во грчкото комунистичко раководство кое било слепо и глуво дури и за минималните македонски национални барања.

И покрај сите овие настани, македонскиот народ во Егејска Македонија зеде активно учество во антифашистичката војна во периодот од 1941-1945 година и даде голем број на човечки животи за остварување на македонските национални идеали и за ослободување на своите родни огништа[81]. Како и многу пати високаа политика што се водела во грчките политички кулоари се покажала погубна за решавањето на македонското прашање, бидејќи Македонците повторно доживувале изневерување на нивните стремежи и очекувања околу решавањето на нивниот државно-правен статус во оваа балканска држава. Но македонската егејска голгота не завршила во 1945 година, туку премрежијата и страдањата[82] продолжиле уште четри години за да нивните последици се

---

[78]Лазо Трповски (1900 – 1943), македонски револуционер, деец, бил роден во селото Д’мбени, Костурско, меѓу двете светски војни емигрирал во Канада, а потоа во СССР, по враќањето во Грција се вклучил во редовите на КПГ, а подоцна станал член и на ВМРО (Об.), по окупацијата на Егејска Македонија во Втората светска војна бил еден од главните организатори на борбата на македонскиот народ за ослободување, бил член на Македонското биро на КПГ.

[79]Вангел Ајановски-Оче, Егејски бури, Скопје, 1975, 102.

[80]Исто, 103.

[81]Новица Велјановски, Дипломатските документи за Граѓанската војна во Грција 1945 - 1946, кни. 1, ДАРМ, Скопје, 2014, стр. 113/4, Месечен извештај од Генералниот конзулат ДФ Југославија во Солун до Министерството за надворешни работи во Белград од 3 септември 1945 година за политичката состојба во Грција.

[82]Александар Стојчев, Македонија во документите на ЦИА, Том I, ДАРМ, Скопје, 2018, стр. 79

чуствуваат и до ден денес и тоа пред очите на цивилизираниот свет и земјите на западната демократија кои заради нивните глобални геостратегиски планови и интереси, останаа глуви за македонската трагедија и мака[83].

Во периодот кој следел не поминал без жртви од страна на македонското население, вклучително и партизаните кој во тој период гледале тронка надеж во КПГ. Голем број на жртви имало во Воденско, Мегленско, Еницевардарско, во Источниот дел на Егејска Македонија, Костур, Лерин и на многу други места. Едни од првите кој настрадаа се: Одисеја Порданчев, Дељо Маркузанов. До крајот на Граѓанската војна во Грција од селото Бапчори В'мбел[84],имало голем број на загинати Македонци коишто се бореле во редовите на ДАГ или во нејзиниот резервен состав[85]. На 26 јули 1946 година седумина партизани биле осудени на смрт на чело со Мирка Гинова[86] со останатите Томе Михајлов, Петре Попдимитров-Дирекот, Димитар Лимбов, Ристо Стојанов, Георгиос Муцакис-Алеко и Ѓорѓи Пројов.Следното село кое дало голем број на партизански борци и жртви било мегленското село Долно Пожарско и околината на Пожарско иако теророт и заплашувањата и понатака продолжиле[87]. Следното село кое било мета на напади е селото

---

[83]Ричард Џ. Кремптон, Балконот по Втората светска војна, Виг Зеница, Скопје, 2012, стр. 154-156.

[84]За време на Граѓанската војна во Грција во антифашистичката војна како активни борци, загинале следните жители на селото: Сотир Пуровски, Трајко Пуровски, Доне Стефовски, Парашкева Марковска, Ставро Ставровски, Ињо Л. Кичевски, Васил Т. К ичевски, Ристо Д. Фушкин, Павле Д. Фушкин, Димитар Д. Фушкин, Доне Ламбро Фушкин, Тина Сомовска, Лина Безова, Ињо Попдимитровски, Стојан Султовски, Коста Таревски, Ристо Дулевски, Пандо Дулевски, Зисо Лафазановски, Ристо Хаџиевски, Крсто Шагаревски, Перика Шагаревски, Доне Мановичин, Ванчо Карамешовски, Доне Пановски, Кољо Камбуровски, Ѓорѓи Камбуровски, Панде Кесиков, Јане Лукровски, Дана Дигаловска, Ѓорѓи Дигаловски, Насо Кољајкин, Филип Рошов, Стефо Троковски и Марија Лазо Ставровска.

[85]Од селото Бапчор во периодот од 1945 до 1949 година загинале следниве борци: Белчев Ристо, Богданов Јован, Ѓорѓи Богданов, Богданов Сотир, Богданов Стратиго, Богданов Васил, Боршова Леца, Боршов Ристо, Вишина Христа, Гилевичин Танас, Гилевичин Коле, Димиров Јован, Делјанова Доста, Донева Лета, Донев Борис, Ендриов Коста, Ендриов Стасе, Ендриов Ѓорѓи, Јанков Васил, Ќандов Јоте, Гркин Васил, Канзов Ѓорѓи, Кичовски Васил, Кулувеов Васил, Кулувеов Коста, Кулувеов Кузо, Манов Јован, Манов Танас, Манов Мано, Манов К. Танас, Маргин Ѓорѓи, Миленцов Јован, Огненов Митре, Огненов Танас, Пачаковска Лиса, Пејков Нуне, Пејков Сотир, Пеова Костадина, Пеов Сотир, Пеов Стојан, Поласин Танас, Попвасилева Елена, Римпапов Стасе, Римпапова Славка, Рисин Нуме, Ставревски Јован, Стериов Ристо, Стериов Коле, Стојчев Јован, Трпин Михаил, Танин Васил, Цигулов Петре, Џајков Борис, Шарин Васил, Шарин Блаже, Шарин Митре, Шопов Ристо и Шопов В. Ристо.

[86]Ирина Гинова-Мирка (1916 – 1946), македонски револуционер од Егејска Македонија, била родена во селото Росилово, Воденско, во периодот меѓу двете светски војни завршила учителска школа, во Граѓанската војна во Грција се вклучила во редовите на НОФ и дејствувала илегално во Воденско и Мегленско, била избрана за секретар на АФЖ во Воденскиот округ.

[87]Според сеќавањата на Жежов Ристо Иван од селото Долно Пожарско во текот на Граѓанската војна во редовите на партизанските одреди загинале следните македонски борци: Јано Палов, Ѓорѓи Смреков, Крсте Јанов, Стојан Крстев, Ѓорѓи Гишин, Алексо Личнев, Ѓорѓи Стојков, Димо Јачов, Коле Причков, Петар Нушков, Васил Пасламушков, Апостол Плешков, Лазо Бегинков, Костадин Самандов, Ристе Волчев, Ристе Зерзев, Иван Митков, Иван Дулев и Ристе Јолев. Борци кои ги преживеале борбените дејствија биле: Митар Самандов, Петар Палов, Коло Чичев, Митар Чичев, Ристе Јанов, Доне Адраманов, Коло Бурназов, Ристе Исков, Доне Лисичков, Петре Попов, Костадин Пејов и неговата сопруга, Стојан Пејов, Димо Јолев, Доне Јолев, Крсте Мишов, Костадин Рисафов, Стојан Димков, Трпко Бурназов, Ристо Пејов, Лазо Чапов, Митар Ѓусмев и Ѓорѓи Жежов. (Можно е некои имиња и презимиња да се повторуваат повеќепати, но се работи за

Тушин што од 1946/47 година дало 250 борци во антифашистичката војска од кои 13 ги положиле своите животи: Јован Мечов, Јован Чолаков, Ѓорѓи Танков, Петре Танков, Стеван Пенков, Стеван Дренков, Никола Бобков, Стојан Запрев, Петре Мингов, Ташо Лидев, жената на Анести Капиданов, Никола Гокчев и Ѓорѓи Лијшев. Загинати Македонци кои се бореле во редовите на ДАГ имало од сите делови на Егејска Македонија[88], дури и во тие краишта каде македонскиот народ поради присилно иселување и големите етнички чистења[89] се наоѓал во малцинство во однос на грчкиот и маџирскиот, колонистички етнички елемент[90].При повлекувањето во Албанија, на еден дел од македонските борци,што потоа од Драч биле пренесени во Одеса со советскиот товарен брод „Мичурин": Паскал Митревски, Евдокија Баљова-Вера, Михали Маљов, Минчо Фотев, Павле Раковски, Уранија Јурукова, Ламбро Чолаков, Лазо Поплазаров, Ристо Коленцев-Кокинос и Ташко Хаџијанев.

По завршувањето на Балканските војни и Првата светска војна, Пиринскиот дел на Македонија со мали територијални промени околу Струмичката област која влегла во составот на Кралството СХС, останала под бугарска власт. Овој дел на Македонија иако

различни личности. Во неможност да ги пронајдеме средните, таткови имиња, ги пренесуваме нивните имиња во изборната верзија, б.м.).

[88]Новица Велјановски, Дипломатските документи за Граѓанската војна во Грција 1947 - 1949, кни. 2, ДАРМ, Скопје, 2016, стр. 183/4, Информација од Министерството за надворешни работи на ФНРЈ од 25 октомври 1947 до Генералштабот на ЈНА за испораката на воена помош на Грција. Испорака на воен материјал и намирници на Грција од страна на САД.

[89]Ристо Кирјазовски – Народно ослободителниот фронт и другите организации на Македонците од Егејска Македонија, (1945 – 1949), Култура, 1985, 227-230. Лилјана Пановска,Тодор Чепреганов – Велика Британија и Македонија 1948 – 1949 (том I), документи, ДАРМ, Скопје, 2003, стр.387/8 Југословенската влада дала јавна критика за Граѓанската војна во Грција кон владата на Грција, но и за симпатиите кон ДАГ кој никогаш не престанале – Телеграма од амбасадата на Велика Британија во Белград до Форин офис, 30 декември 1949 година PRO FO 371/88238 RY 1022/1.

[90]Според податоците и личната архива на претседателот на здружението „Македонски Егеј" од Штип, Стојан Димков, списокот на загинати борци во Граѓанската војна, кои се роднини или од потесното семејство на тие Македонци од Егејска Македонија што се населиле во Штип и Штипско, а во најголем дел се по потекло од Мегленско, Драмско и Кајларско, е следен: Иван Ашкилов, Апостол Влахов, Ѓорѓи Бојаџиев, Ѓорѓи Дрангов, Петар Бојаџиев, Ѓорѓи Жалев, Иван Кишишев, Ангелина Пичорова, Илија Паппазов, Костадин Сулев, Димитар Симеонов, Иван Тумбов, Ката Тумбова, Ангел Таргелов, Иван Хаџиев, Ангел Мајхошев, Ѓорѓи Уцетаров, Ѓорѓи Наиков, Митко Хаџипетров, Паскал Шаматов, Костадин Хаџиев, Страхил Моралиев, Александар Граменов, Апостол Влахов, Димитер Чавганев, Иван Савов, Васил Хаџиев, Злата Хаџиева, Иван Ројчинов, Велик Јанакиев, Ели Родичева, Александра Богоева, Стојан Ушев, Атанас Балгуров, Петар Таушанов, Симеон Богоев, Ѓорѓи Богоев, Петар Шаинов, Димитар Чаов, Димитар Бизоев, Марија Најкова, Ката Малинова, Ангел Паппазов, Петар Хаџи Стојанов, Ристе Јолев, Алексо Личнов, Митар Нушков, Крсте Јанов, Ѓорѓи Шпритов, Ѓорѓи Катаров, Трајко Крстев, Коло Јачов, Лазо Бегинов, Димо Јачов, Глигор Саракинов, Пирикли Лазаров, Петре Попов, Ристе Ташев, Костадин Ѓусмев, Костадин Рисафов, Ристе Јанов, Иван Јанов, Апостол Плешков, Пени Попов, Ване Белов, Костадин Исков, Ѓорѓи Смреков, Виша Б'нова, Ѓорѓи Попов, Јани Палов, Костадин Самандов, Коле Арсов, Ѓорѓи Миленков, Таше Бинов, Чано Леков, Петар Нушков, Лабро Андонов, Андон Андонов, Методи Б'нов, Мице Димов, Иван Доков, Никола Арсов, Димитал Лазаров, Мише Самаренчев, Никола Чавдаров, Иван Дулев, Коло Плешков, Вани Анастасов, Ристо Гогов, Димитар Жингаров, Томе Биновски, Киро Самаров, Костадин Сулев и Симо Богоев. (Таму каде што се повторуваат исти имиња и презимиња се работи за различни личности. Во неможност да го откриеме средното, татково име, бевме принудени да ги напишеме во верзијата што ја најдовме, б.м.).

бил најмал по површина по многу специфичности се разликувал од останатите делови. Во Пиринскиот дел на Македонија се случувале демографски процеси коишто не биле особеност за Вардарскиот и Егејскиот дел на Македонија. Како резултат на отпорно започнатите миграциски движења и меѓународни договори кои ја озакониле размената на населението помеѓу балаканските држави во Пиринскиот дел на Македонија се случувало населување на македонски емигранти од други делови на Македонија што во суштина значело зацврстување на македонскиот етнички елемент во овие простори. Токму поради хомогенизирањето на македонскиот народ во Пиринскиот дел на Македонија се создале најдобри услови за политичко дејствување на многу македонски легални и илегални организации кои на различен начин го актуелизирале и поставувале рашавањето на македонското прашање. Специфичноста на положбата во овој дел на Македонија се надополнувала и со дејствувањето на десничарската ВМРО која создала паралелен систем на власт во тој дел од државната територија на Бугарија, а поради терористичките методи со кои се служела во тој меѓувоен период делумно го парализирала функционирањето на другите македонски организации. Но и покрај тоа во организираното македонско национално ослободително движење во Пиринскиот дел на Македонија силно било влијанието и на левичарската ВМРО (об), како и приврзаниците на поранешните раководители на Серскиот револуционерен округ, Јане Сандански, т.н. санданисти кои уште од периодот на турското ропство имале голема подршка кај Македонците од овие краишта. Исто така треба да се истакне дека разните македонски организации со различна идеолошка ориентација имале голем број приврзаници и во градовите надвор од Пиринскиот дел на Македонија, Посебно Софија каде постоела огромна македонска емиграција која понекогаш имала пресудно влијание и врз политичките процеси и движења во Бугарија.

И додека во другите делови на Бугарија, БКП се уште се двоумела со какви методи на борбата да се спротистави на фашистичките сили, македонскиот партизан Иван Козаров од селото Добриниште во Пиринска Македонија во судирот со бугарската полиција на 27 јуни 1941 година ја означил првата организирана вооружена акција против фашизмот на Балканот.

Во текот на 1941 година вооружената борба на македонскиот народ во Пиринска Македонија ја организирале македонските револуционери Никола Парапунов[91], Никола Калапчиев, Гроздан Николов, Арсо Пандурски, Станке Лисичков, Стојне Лисијски и други кои имале голем авторитет кај македонскиот народ. Особено за своите

---

[91]Никола Парапунов (1909 – 1943), македонски револуционер и комунист од Пиринска Македонија, роден е во Разлог и средно образование завршил во Софија, во периодот меѓу двете светски војни се вклучил во редовите на работничкото и комунистичкото движење, во 1931 година бил избран за секретар на Окружниот комитет на БКП за Петричко, поради комунистичката дејност бил затворен од бугарската полиција во периодот од 1933 до 1941 година, од 1941 година застанал на чело со организираното македонско национално ослободително движење во Пиринска Македонија, во 1943 година бил избран за член на ЦК на БКП.

организаторски способности се наметнал Никола Парапунов кои подоцна и застанал на чело на Обласниот комитет на БКП за Пиринскиот дел на Македонија.

На 1 мај 1943 година бил формиран партизанскиот одред „Јане Сандански“ кој подоцна со зголемувањето на бројот на борците прераснал во бригада. Војничката бројност на партизанските одреди толку многу се зголемила што тие започнале да изведуваат и вооружени акции од поголем обем како што била успешната акција за ослободување на политичките затвореници од логорот кај селото Брежани. Зголемениот број на борци во македонските партизански одреди ги тангирал и интересите на БКП кој на крајот на 1943 година со писмо го известила обласниот раководител Парапунов дека тежиштето не треба да се става само на вооружената борба, но и на другите форми на антифашистички отпор. Таквото барање уште еднаш на површина ги извадило нејасните ставови на бугарските комунисти кон македонското прашање од неговата национална гледна точка, затоа што немало чисто гледиште од ЦК на БКП каков е статусот на Македонија во тој момент.

Во почетокот на 1944 година со убиството на Никола Парапунов, македонското револуционерно движење во Пиринскиот дел на Македонија се нашло во уште еден критичен момент кој бил успешно надминат поради внатрешното единство на македонските воени и политички раководители околу конечните цели на пиринската македонска борба. Партизански одреди се создавале во сите делови на Пиринска Македонија: Разлошко, Св. Врачко, Неврокопско, Горноџумајско, и Мелничко и при своето успешно дејствување тие се поврзувале и ги координирале своите акции со партизаните од Егејскиот дел на Македонија. Конституирањето на Вардарсскиот дел на Македонија како федерална единица во рамките на југословенската држава преставувало уште поголем поттик за засилување на вооружената борба во Пиринскиот дел на Македонија. Ваквите општествено-политички услови на Балканот кои ветувале погодна клима за интегрално решавање на македонското прашање им давале надеж на Македонците во Пиринскиот дел на Македонија дека овој дел ќе може да се присоедини кон новата македонска држава. Затоа непосредно пред доаѓањето на Отечествениот фронт на власт во Бугарија во септември 1944 година речиси целата територија од Пиринскиот дел на Македонија бил ослободен од македонските партизански единици што дејствувале на тој терен. По настанатиот државен преврат во Бугарија самостојните македонски партизански одреди влегле во поголемите градски центри во Пиринска Македонија и воспоставиле народна демократска власт. Со оглед на новонастанатата ситуација македонскиот народ искрено се надевал дека овој дел од Македонија конечно ќе ја добие својата слобода што ја заслужил со масовното учество во антифашистичката војна и со многубројните паднати борци во текот на децениските национално ослободителни борби. Набргу времето ќе покаже дека Македонците уште еднаш ќе останат со изневерени

очекувања. Во антифашистичката и ослободителна војна во Пиринска Македонија загинале уште стотици македонски борци[92].

Треба пред да се има предвид фактот дека антифашистичките движења на Македонците во Бугарија, во Грција и во Југославија не биле раководени од еден центар. Навистина, нив ги раководеле комунистички партии, но тие имале различни ставови за македонското национално прашање. Сепак, кај борците се појавиле идеи за соработка и за евентуално обединување на партизанското движење и на македонскиот народ по ослободувањето. Иницијативи пристигале од сите три страни, иако не со ист интензитет.Така, директни контакти меѓу Македонците од пиринскиот дел на Македонија и претставниците на ГШ на НОВ и ПОМ, ако се исклучат делегирањето на претставници од пиринскиот крај на Првото заседание на АСНОМ (2 август 1944) биле воспоставени на

[92]Во периодот од 1941 до 1944 година загинаа следните директни учесници во НОД од Пиринскиот дел на Македонија: Никола Парапунов – убиен на 9 декември 1943 година, Никола Јонков Вапцаров – стрелан на 23 јули 1942 година, Антон Попов – стрелан 23 јули 1942 година, Гроздан Николов – обесен на 20 август 1942 година, Никола Калапчиев – загинал на 6 мај 1942 година, Арсо Пандурски – убиен на 29 јануари 1944 година, Станке Лисичков – обесен на 20 август 1942 година, Владо Чимев – обесен на 20 август 1942 година, Георги Топалов – убиен на 16 мај 1944 година, Георги Караџов-Рилски – убиен на 12 јули 1942 година, Стефан Досев – стрелан на 2 јули 1942 година, Асен Веселинов – убиен на 3 март 1944 година, Ангел Стојменов – обесен на 31 август 1942 година, Станој Крекмански – загинал на 22 декември 1942 година, Стефан Крстев – убиен на 21 ноември 1941 година, Анешти Узунов – убиен на 10 мај 1943 година, Асен Лагадинов – убиен на 5 август 1944 година, Иван Попов – загинал на 10 јануари 1944 година, Јордан Златков – убиен на 31 октомври 1941 година, Веса Бараковска – загинала на 29 јануари 1944 година, Асен Чаушки – убиен на 29 јануари 1944 година, Атанас Бубјакаров – убиен на 13 август 1944 година, Алекси Сачков – обесен на 18 септември 1943 година, Ален Кушев – стрелан на 29 мај 1944 година, Анка Поповска – загинала на 29 јануари 1944 година, Асен Гергиев – загинал на 16 септември 1944 година, Атанас Клечов – убиен во октомври 1944 година, Димитар Прков – убиен на 29 мај 1944 година, Димитар Ризов – загинал на 10 ноември 1942 година, Димитар Цветков – убиен во мај 1944 година, Златко Дерманџиев – загинал на 16 септември 1944 година, Иван Алексив – убиен на 19 јуни 1944 година, Иван Апостолов – убиен на 16 мај 1944 година, Иван Бојаџиев – убиен на 16 септември 1944 година, Иван Гранбелов – убиен на 29 мај 1944 година, Иван Џоџов – загинал на 29 мај 1944 година, Иван Кацарски – застрелан на 29 мај 1944 година, Иван Лагадинов – ибиен на 29 мај 1944 година, Иван Попатанасов – застрелан на 29 мај 1944 година, Иван Рачев – изboден со ножеви на 8 август 1944 година, Иван Чаушки – застрелан на 3 март 1944 година, Илија Адамов – убиен на 29 мај 1944 година, Илија Павлов – убиен на 26 мај 1943 година, Кирил Костадинов – убиен на 16 септември 1944 година, Коста Веселинов – ѕверски убиен на 26 септември 1941 година, Коста Мингов – загинал на 31 август 1943 година, Костадин Бараков – починал од мачење на 13 март 1944 година, Костадин Катранџиев – мачен и умртвен на 10 јануари 1944 година, Костадин Кулин – застрелан на 29 мај 1944 година, Костадин Левенов – застрелан на 29 мај 1944 година, Костадин Рачев – загинал на 16 мај 1944 година, Лазар Попстефанов – загинал во 1941 година, Лазар Рјашев – загинал на 21 ноември 1944 година, Љупчо Павлов – загинал во 1942 година, Манол Чолев – убиен на 21 ноември 1944 година, Милтијади Андреев – застрелан од грчките фашисти во ноември 1944 година, Мустафа Коров – жив закопан на 26 јуни 1944 година, Мустафа Љутов – убиен во август 1944 година, Никола Банков – загинал на 16 мај 1944 година, Нокола Бојаџиев – убиен на 4 февруари 1944 година, Никола Џолев – загинал на 23 ноември 1943 година, Никола Мадолев – заклан на 2 јуни 1944 година, Петар Џеџеров – застрелан на 26 јули 1944 година, Петар Џоџов – убиен на 29 мај 1944 година, Петар Манушки – застрелан на 16 мај 1944 година, Петар Радулов – застрелан на 29 мај 1944 година, Сава Кокарешов – ѕверски убиен на 7 јули 1944 година, Сава Стенчин-Караџата – обесен на 18 мај 1944 година, Сергеј Чонков – убиен на 25 мај 1944 година, Софрони Мазнев – застрелан на 3 март 1944 година, Станко Тапанчев – убиен на 16 мај 1944 година, Стефка Филипова – убиена на 29 јануари 1944 година, Стојмен Календарски – убиен на 29 јануари 1944 година, Стојо Филипов – убиен на 29 јануари 1944 година, Тодор Џаков – застрелан на 30 ноември 1943 година, Тодор Јорџев – застрелан во 1942 година, Тодор Чакрски – убиен во 1941 година, Тодор Шопов – починал од тепање на 3 јуни 1943 година.

10 октомври 1944 година.Од страна на ГШ присуствувале Михајло Апостолски (командант) и Бане Андреев (политички комесар), а од Пиринскиот дел на Македонија Крсто Стојчеви Крум Радонов. Во следниот период контактите зачестиле, особено по 9 септември 1944 година, кога се остварувале и непосредно и на разни нивоа.На првата средба Крсто Стојчев ја искажал желбата за обединување на македонскиот народ. Таа желба јасно била искажана на Второто (прво вонредно) заседание на АСНОМ одржано во Скопје на 28–30 декември 1944 година од страна на претставникот на Бугарската влада и на ОФ Бугарија. Овие ставови на Владата на ОФ Бугарија повлијаеле македонскиот народ да поверува дека до таквото обединување, по завршувањето на Втората светска војна, сепак ќе дојде. Меѓутоа, не поминало многу време веќе се создале непремостливи пречки за остварувањето на тој идеал на македонскиот народ, иако со неговото масовно учество во војната тоа обединување народот го заслужи.

### 1.2. Платформата на Народноослободителната антифашистичка војна во Македонија (НОАВМ)

Атифашистичката Народноослободителната борба 1941 – 1944 година, преставува една од клучните етапи во националноослободителната борба на македонскиот народ и на неговите стремежи за формирање на сопствена македонска држава. Во рамките на оваа борба, македонската војска и нејзината поширока база, како сојузници на големата антихитлеровска коалиција во текот на Втората светска војна, беа исправени против неколку окупаторски војски и режими на сопствената етногеогравска територија.

Тешката политичка и национална обесправеност, неорганизираноста на единственото националноослободително движење кое мораше да дејствува во исклучително тешки услови во рамките на три држави (по поделбата на Македонија во 1913 година), постоењето на бројни граѓански партии кои сосема ја негираа посебноста на македонскиот народ итн., придонесоа за неговото приврзување на Македонците кон платформата на забранетата илегална Комунистичка партија на Југославија. Оваа партија, во предвечеријето на Втората светска војна, настојувала да ги собере сите незадоволни слоеви на општеството врз широка народно-фронтовската основа и била единствената политичка сила во монархистичката Југославија која во тоа време нудела национална рамноправност и социјална правда („леб, правда и слобода“).

Заради жестокоста на полицискиот режим, малубројноста или речиси непостоењето на издигнат пролетаријат и заради други причини, КПЈ во Македонија не можела да биде помасовна организација. Таа често живуркала со активноста на оделни членови и групи и тешко се обновувала по честите и тешки провали, главно во градовите, додека во селата и покрај пробивот на некои комунистички идеи, партиската работа не можела поактивно да заживее. Сепак во периодот од 1938 до 1940 година забележана е поинтезивна пропаганда на некои партиски организации, заради тоа КПЈ побрзала во

обновувањето и формирањето на месните комитети[93]. Во овој контекст, од инзвондредно значење било одржувањето на Покраинската конференција на КПЈ за Македонија што била одржана во Скопје на 8 септември 1940 година, на која особен печат и дал Методија Шаторов – Шарло[94], секретар на ПК на КП за Македонија. Анализирајки ја тешката положба на македонскиот народ – економски исцрпен, социјално обесправен и национално угнетен, учесниците на конференцијата го потенцираат фактот дека во блиска иднина предстојат „нови борби“. За успешно водење на таа борба, првостепено било отварањето на основната задача на комунистите во тој период – „создавање челичен сојуз на работниците, селаните, интелегенцијата и целиот македонски народ против српските иперијалисти и поробители“. Во Резолуцијата на оваа конференција, меѓу другото, е афирмирана т.н. Македонска платформа за решавање на македонското национално прашање, а тоа е дека само „слободна и независна Македонија може да гарантира слобода на сите потиснати и поробени во Макдонија“. Оваа македонска платформа која понатаму ќе биде изразена низ паролата „слободна Македонија во слободен Балкан“, низ илинденските прогласи и други документи особено ја промовирал Кузман Јосифовски – Питу, се до доаѓањето на делегатот на ЦК КПЈ во Македонија Светозар Вукмановиќ – Темпо. Тој во втората половина на 1943 година ќе ја зацврсти југословенската платформа изразена низ паролата „слободна Македонија во слободна Југославија“. Со учеството во антифашистичката борба, македонскиот народ треба да си го издвојува правото на самоопределување во духот на Атланската повелба[95].

---

[93]Во рамките на зацврстувањето на КПЈ во Македонија, веќе во средината на април 1940 година се формира Месниот комитет на Скопје, а потоа и привремениот Покраински комитет на КПЈ за Македонија во состав: Методија Шаторов – Шарло, Петар ивановски – Тиквар, Коце Стојановски – Металец, Добривое Видиќ и Орце Николов. Заради интензивната работа на овој ПК, ќе дојде до обновување на месните комитетит во Велес, Куманово, Прилеп, Битола, Гевгелија, и Штип, а во Кавадарци, Тетотво, Крушево, Охрид, Гостивар биле формирани нови комитети. На просторот на Вардарскиот дел на Македонија, пролета 1940 година дејствувале 16 партиски комитети. Во средината на 1940 година биле формирани и одбори за Народна помош и Покраински одбор за Народна помош. Виолета Ачкоска, Востанијата во Македонија, Филозофски факултет – Скопје, Скопје, 2015, стр. 278.

[94]Методија Шаторов Шарло (10. 01. 1897, Прилеп – 04. 09. 1944, Пазарџик, Бугарија) активист на ВМРО (Обединета), една од најсветлите фигури во македонското националноослободително движење, бил припадник на интернационалното комунистичко движење, во Коминтерната деклариран како Македонец, секретар на ПК КП за Македонија во 1940/1941 година. Го организирал отпорот протиф фашизмот и го формирал првиот партизански одред (Скопскиот, 22. 08. 1941). Поради својата автономна политика влегол во судир со раководството на КПЈ, а во 1941 година, наклеветен кај Јосип Броз, бил сменет од секретарската должност (август) и исклучен од редовите на КПЈ (септември). Иако барал да остане како обичен партизан во Македонија, бил принуден да замине во Бугарија каде се вклучил во бугарското движење на отпорот. Убиен е во септември 1944 година, неколку дена пред капитулацијата на Бугарија, под сомнителни околности.

[95]На 11 август 1941 година Британскиот премиер Винстон Черчил и претседателот на САД Франклин Рузвелт се сретнаа на еден брод во Атлантикот, каде што ја формулираа и на 14 август ја потпишаа прочуената “Атланска повелба”, чии начела ги прифатија и Обединетите нации во својата Декларација во 1945 година. Во повелбата меѓу другото се истакнува дека територијалната промена мора да биде во согласност со слободно изразената волја на народот, народите имаат право да си избираат за себе облик на владеење по волја и тоа право треба да им се врати на сите, и се предупредува дека народите во светот мораат да се откажат од употребата на сила.

Покраинското раководство на КП за Македонија на чело со Шарло, во градењето на национално-револуционерниот македонски фронт, тргнувало од фактот дека сојузот помеѓу селаните и работништвото преставува оска и е основен носител на национално-ослободителната борба на македонскиот народ. Притоа, секако масовното привлекување на македонското селаство имало далеку голема важност наспроти малиот број српски колонисти кои припаѓале на посиромашните социјални слоеви.

На Петата земска конференција, помеѓу другото бил формулиран комплетниот став на КПЈ по националното прашање, при што се поставува една од најважните задачи – борбата занационална рамноправност на сите угнетени народии сите национални малцинства во Југославија. Ваквата определба на комунистите во предвечерието на Втората светска војна станува еден од најважните мотивирачки фактори за учество на македонскиот и на другите народи во Југославија во антифашистичката народно-ослободителната војна 1941 – 1945 година.

Влегувајќи во НОБ, иако под покровителство на КПЈ, македонскиот народ не се борел за комунизам или социјализам, ниту пак до крајот ја познавал идејната платформа на КПЈ бидејќи таа била во длабока илегалност цели две децении, а нејзините симпатизери, приврзаници и малубројни членови (околу 200 комунисти на почетокот на војната), изложени на постојан терор од страна на властите. Затоа се апсурдни некои антимакедонски тези дека македонската нација е коминтерновска или комунистичка творба. Секако е јасно дека ваквите тврдења доаѓаат од страна на личности и политички опции кои имаат за цел да го негираат постоењето на македонскиот народ, заради неисполнети „национални“ апетити во балканската делба на Македонија.

Најбројниот дел на учесниците на антифашистичката НОВ на Македонија[96] се бореле за национална слобода и социјални права. Националната слобода значела ослободување од окупаторските режими, рамноправност и слобода за македонскиот народ, негово обединување и државотворно конституирање. Социјалното ослободување значело економска сигурност, земја за селанецот, работа за работникот. Тоа всушност биле и главните дострели и постулати на сваќањето на комунизмот за мнозинството од македонските борци во текот на Втората светска војна.

Заради таквото сваќање на националната слобода, во текот на НОВМ[97] мошне нагласено се негуваат илинденските традиции во нивниот најосновен политички израз: формирање на македонска држава со полна рамноправност на сите други, етнички и религиозно различни луѓе на нејзината територија. Верни во негувањето на илинденските революционерни традиции, повеќе македонски комунисти, меѓу кои речиси централно

---

[96]Виолета Ачкоска, Кузман Јосифовски – Питу во сеќавањата на Светозар Вукмановиќ – Темпо, во Зб. „Кузман Јосифовски – Питу, време, живот и дело“, ИНИ, Скопје, 1995, стр. 365-378.

[97]Вера Весковиќ – Вангели, Некои специфичности на народноослободителната и антифашистичка војна во Македонија 1941-1945, во Зб. „Македонците и Словенците во Југославија“, Скопје, 1999, стр. 31-45.

место му припаѓа на Кузман Јосифоввски – Питу, го потенцирале фактот дека македонскиот народ се наоѓа во „најсудбоносните дни на својата мачна историја“ и дека спасот „е во славната општа борба против фашизмот“.

Сепак пројугословенската комунистичка струја под влијание на Светозар Вукмановиќ – Тепо успеала да ја наметне паролата „слободна Македонија во слободна Југославија“ врз организацијата на антифашистичката младина. Имено, на 22 декември 1943 година во село Фуштани од егејскиот дел на Македонија од Првиот конгрес на антифашистичката младина на Македонија била упатена телеграма до иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ со заложба „за остварување слободна Македонија во Демократска Федеративна Југославија.

Следниот судир во однос на разликите околу решавањето на македонското прашање се случил околу предлогот за формирање на четвртиот воено-оперативен и политички центар во Пиринскиот дел на Македонија. Имено, кон крајот на јануари 1944 година во влашките колиби на планината Кожуф и во село Ноти на неколкуте последователни состаноци на Главниот штаб, Светозар Вукмановиќ – Темпо го спречил предлогот за формирање на четврти политички и воен оперативен центар во пиринскиот дел на Македонија.

### 1.3. Формирање на КПМ

Комунистичката партија на Македонија, како интегрален дел на Комунистичката партија на Југославија, е формирана во текот на Народноослободителната војна, на 19 март 1943 година во Тетово. Тој чин преставува значајна дата во историјата на националноослобдителната борба на македонскиот народ. Со тоа уште еднаш е потврден принципиелниот став на КПЈ по националното прашање и во тој контекст ставот самобтноста и националниот идентитет на македонскиот народ. Всушност овој акт значеше и целосна реализација на одлуката донесена на Четвртата земска конференција на КПЈ, одржана во Љубљана во декември 1934 година, за формирање на комунистички партии на Словенија, Хрватска и Македонија[98].

Од името на ЦК на КПЈ, во својство на делегат на ЦК на КПЈ и Врховниот штаб на НОВ и ПОЈ и ополномошник на другарот Тито, одлуката за формирање на Комунистичката партија на Македонија ја пренесе Светозар Вукмановиќ-Темпо, на Првата седница на ЦК на КПМ во Тетово на 19 март 1943 година[99]. Тој тоа го прави по договор и согласност со членовите на покраинското партиско раководство, партиските активисти и инструктори на ЦК на КПЈ Добривоје Радосављевиќ-Орце. По изнесувањето

[98]Основањето и развојот на Комунистичката партија на Македонија – КПМ, книга 1, Научен собир, Љупчо Арсов, Скопје, 1980, стр. 22.
[99]Основањето и развојот на Комунистичката партија на Македонија – КПМ, книга 2, Научен собир, Масар Кодра, Скопје, 1980 стр. 989.

на одлуката на ЦК на КПЈ за формирање на Комунистичката партија на Македонија, на состанокот на кој присуствувале Страхил Гигов, Кузман Јосифовски, Цветко Узуновски, Светозар Вукмановиќ, утврден е составот на првиот Централен комитет според договорот постигнат во колсултациите објавени во Скопје. Во првиот Централен комитет се: Лазар Колишевски – секретар[100], Мара Нацева – организационен секретар, и Страхил Гигов, Кузман Јосифовски, Цветко Узуновски и Бане Андреев – членови. Потоа е одржан и првиот состанок на Централниот комитет, на кој се расправа за политичката ситуација во Југославија и во Македонија, а потоа и за мерките што треба да се превземат во поглед на реорганизација на Партијата и военото раководство и за формирање на нови и зајакнување на постојните партизански одреди. На овој состанок се донесени следните одлуки: за реорганизација на партиската организација и формирање на 5 обласни комитети, за превземање поостри мерки против колебливи и опортунистички елементи во Партијата, за позасилена работа во создавањето на единстен народноослободителен фронт, за зајакнување на постојните и формирање нови партизански одреди и пренесување на главните сили на ослободителното движење на територијата под италијанска окупација, излегување на раководствата на Партијата и вооружените сили на терен, реорганизација на Главниот штаб на НОВ и ПОМ и создавање на 5 оперативни зони. На состанокот е подвлечена ориентацијата дека во тој момент основна задача на партиската организација и нејзиното раководство, како и на Главниот штаб е да се засилат напорите за развивање на оружената борба против окупаторите. На крајот, за извршување на поствените задачи на состанокот е потврден распоредот на раководните кадри во областите[101].

Со формирањето на КПМ и Првата седница на ЦК на КПМ и со донесените одлуки настанува нов период во развојот и дејствувањето на Комунистичката партија на Македонија. Притоа, заради подобро разбирање на овие историски настани потребно е да се укаже на некои значајни моменти: 1. Партиската организација во Македонија во текот на 1941 и 1942 година, се покажа на висината на својата историска задача со совладување на своите идејно-политички слабости и недостаоци, па и грешки по однос на вооружената борба, како и на пречките што и се правени од страна. 2. Во поглед на севкупната положба на антифашистичката војна, треба да се има во предвид дека на почетокот на 1943 година фашистичките агресори трпат сериозни неуспеси на сите главни фронтови. 3. Во рамките

[100]Избран е Централен комитет на чело со Лазар Колишевски кој во тој период бил во затвор во Бугарија.

[101]Со оглед дека не постојат изворни документи и податоци за текот на прата седница на ЦК на КПМ, приказот е изготвен врз основа на податоците што се наоѓале во документот – записник од вториот состанок на ЦК на КПМ, одржан во Лопушник, на 4 и 5 мај 1943 година, во кој скоро по овој редослед се прави анализа на поставените задачи пред партиското и военото раководство на Првата партиска област и Првата оперативна зона. За потврда на тоа се користени и мемоарската граѓа и изјавите на оделни партиски и воени раководители. За работата на поедини обласните комитети биле задолжени: за Првата област: членови на ЦК на КПМ – Страхил Гигов, Кузман Јосифовски и Цветко Узуновски, како и членот на главниот штаб Иван Дојчинов, за втората област: ленови на ЦК на КПМ Бане Андреев и Благој Талевски, тогашен секретар на МК во Прилеп, за Третата област: Борко Темелковски, за четвртата област: Вера Ацева Љупчо Арсов, за Петата област: Добривое Радосављевиќ. Таквата ориентација бргу дава резултати: во Дебарца, Тиквешко а потем и Кумановски се создаваат центри на вооруженото востание. Исто, стр. 23.

на концепцијата на Комунистичката партија на Југославија за обезбедување на единствена стратегија на НОБ и социјалистичката револуција на целото подрачје на земјата, раководството на КПЈ практикуваше да испраќа искусни кадри на оние места каде што во одредено време беше најпотребно да се зајакне партиската организација, да се потикнат и организираат партиските сили и масите за непосредни акции да се засили револуционерната борбата[102].

## 2. Сенародна ослободителна војна на македонскиот народ 1943 – 1944 година

Со разгоруањето на НОБ во Македонија летото 1943 година се наметна потребата за донесување и објавување на посебен политички документ со кој ќе биде обнородена целта на македонската национална борба. Тоа прашање го актуализира Кузман Јосифовски – Питу, член на ЦК на КПМ да одржи состанок за определување на стратегијата на дејствувањето, за потоа ЦК на КПМ да издаде проглас. Во втората половина на јуни, додека Светозар Вукмановиќ – Темпо не е во Македонија, Кузман Јосифовски – Питу бара самостојно одржување врски и уредување на односите со комунистичките партии на соседните земји: Грција, Бугарија и Албанија[103]. Всушност се прашува: „дали со осамостојувањето на нашата партија нашето ЦК раководство има право директно да влегува во контакт со соседните братски партии за соработка“[104].

Барањето на Кузман Јосифовски – Питу за издавање на политички документ е прифатено од останатите членови на ЦК на КПМ. Партиското раководство покажало единство, го издава Јунскиот проглас во кој се декларира самостојноста на оружената ослободителна борба на македонскиот народ, во рамките на општата антифашистичка војна и Македонија ја преставува како посебна балканска земја надвор од Југославија. По објавувањето на Јунскиот проглас Светозар Вукмановиќ – Темпо веднаш допатувал во Македонија за да го присили ЦК на КПМ за измена на обнородената македонска линија во Јунскиот проглас и да направи „исправување“ кон југословенската линија. Со неговите карактеристични писма и извештаи од 8 и 10 август 1943 година тој го критикува македонското скршнување од линијата на КПЈ[105]. Под тој притисок ЦК на КПМ отстапил. Но декларативно Светозар Вукмановиќ – Темпо одобрувал да се употребува паролата за

---

[102]На пример: ЦК на КПЈ испраќала свои делегати: во ЦК на КП на Хрватска – Владо Поповиќ, во ЦК на КПЈ во Босна и Херцеговина – Исо Јовановиќ за секретар, во Црна Гора делегира член на Политбирото на ЦК на КПЈ, во ПК на КПЈ за Македонија како делегат е испратен Драган Павловиќ, за инструктор Добривоје Радосављевиќ, а Светозар Вукмановиќ како делегат на ЦК на КПЈ и на Врховниот штаб на НОВ и ПОЈ и ополномошник на другарот Тито. Исто, стр. 25

[103]Светозар Вукмановиќ – Темпо се наоѓал во Грција на преговори со водачот на КПГ Андреас Цимас, за создавање балкански штаб, во кој требало да доминира КПЈ. Со ова Јосип Броз – Тито сакал да се наметне како прва личност на антифашистичките комунистички движења на Балканот. Преговорите не успеале и до балкански штаб не дошло. Оливер Стојаноски, Македонскиот автономизам и сепаратизам (1943 – 1946), Скопје, 2012, стр. 42

[104]ОливерСтанојоски, Македонскиот автономизам и сепаратизам (1943 – 1946), Скопје, 2012, стр. 41

[105]Виолета Ачкоска, Кузман Јосифовски – Питу во сеќавањата на Светозар Вукмановиќ – Темпо. Кзман Јосифовски – Питу време – живот – дело, Скопје 1995, стр. 373.

обединување на македонскиот народ и Македонија, но само во рамките на Југославија. Во август 1943 година, од егејскиот дел на Македонија, кога Цветко Узуновски – Абаз член на ЦК на КПМ се наоѓал таму, повторно се зголемиле барањата за обединување на македонското националноослободително движење и целото движење на премине под раководството на ЦК на КПМ и на Главниот штаб на НОВ и партизанските одреди на Македонија, и да се прекине вештачката поделба, одржувана од балканските комунистички партии.

## 2.1. Преспанско советување 1943 година

Од 2-4 август 1943 година се одржал состанк на ЦК на КПМ во непосредна близина на селото Отешево – Преспа, познат како Преспански состанок (советување), на кој се утврдила потребата од донесување на политички програмски документи потпишани со полни имиња и презимиња на носителите на НОБ[106]. Покрај тоа, меѓу поважните одлуки од Преспанскиот состанок се: да се формира нородноослободителна војска (поголеми воени формации) како дел од Нардоноосободителната војска на Југославија (НОВЈ) и да се свика државотворно собрание – АСНОМ[107]. На состанокот негативно биле оценети ставовите во Јунскиот Проглас.Учествувале членовите на ЦК на КПМКузман Јосифоски - Питу, Цветко Узуновски- Абас, Страхил Гигов - Андро, инструкторот на ЦК на КПЈво Македонија, Добривое Радосавлевиќ- Орце, подоцна се приклучил и Светозар Вукмановиќ - Темпо, делегатот на ЦК на КПЈ и на ВШ на НОВ и ПОЈ во Македонија.

Нешто подоцна негативно се оценети и ставовите на Кузман Јосифовски – Питу во неговиот проглас до бегалците од Македонија под окупација на Италија. Имено инструкторот Добривое Радосавлевиќ во писмото до Кузман Јосифовски – Питу од 26 септември 1943 година напишал дека ставовите во прогласот се спротивни на линијата на ЦК на КПЈ за решавање на македонското прашање. Притоа му забележува на Кузман дека веќе е детално разговарано за линијата на Преспанскиот состанок. Исто му се забележува дека „другарот Темпо“ не се согласува со тоа што Кузман Јосифовски го потпишал прогласот со „Поверенстви на ЦК“. Значи Кузман Јосифовски и покрај тоа што бил критикуван на Преспанскиот состанок за ставовите на Јунскиот проглас, останал на своите ставови. Во писмото на ЦК на КПМ од 13 октомври 1943 година Кузман пишува „Јас не сум се сoживеал со линијата (југословенска) до таа мера, што не да ја разберам само за себе, но и луѓето со кои работам, и да ја изнесам и објаснам во еден проглас до народот“. Всушност укажувал дека линијата покрај народните маси не ја прифаќале и партиските кадри.

Потребно е да се укаже и на тоа кој го преставува ЦК на КПМ во овој период и кој ги донесува одлуките во негово име. Имено, од шест члена на ЦК, на терен работат само тројца Страхил Гигов, Цветко Узуновски и Кузман Јосифовски. Од нив само Кузман

---

[106]ОливерСтанојоски, Македонскиот автономизам и сепаратизам (1943 – 1946), Скопје, 2012, стр. 44/5.
[107]Владо Иваноски, Преспанскиот состанок на ЦК на КПМ, Скопје, 1983, стр. 1-32.

Јосифовски е интелектуалец и по обемот на сочуваната документација тој е и најактивен. Во базата на ЦК на КПМ само Страхил Гигов е постојан член заедно со инструкторот Добривое Радосавлевиќ и токму тие ги донесувале одлуките во името на ЦК на КПМ, со постојано насочување од Светозар Вукмановиќ – Темпо. Кузман Јосифовски – Питу во октомври 1943 година го предупредува ЦК на КПМ дека може да дојде до опасност кои можат да ја загрозат масовноста на македонската НОБ и престојното државотворно АСНОМ со подготовките на бугарската окупациона власт за организирање на парламентарните избори во Македонија, или пак со можноста за капитулирање на Бугарија и создавање на квислиншка држава Македонија под протекторат на Германија. Сето тоа ја наметнало потребата од најитно објавување на политички документ со кој прецизно и јасно ќе биде опеделена целта на борбата, и тоа се правело но без свикување на државотворно собрание. Таков документ издал Главниот штаб на НОВ и ПОМ во октомври 1943 година. Тој документ настанува во договорот меѓу Светозар Вукмановиќ и командантот на Главниот штаб Михајло Апостолски и носи наслов Манифест на Главниот штаб на НОВ и ПОМ.

### 2.2. Манифестот на Главниот Штаб на НОВ и ПОМ

Настанаа денови на големите победи на нашето оражие. Секој ден ни носи нова, голема победа. Непобедливата Црвена армија, надеж на сите поробени народи, напредуе на запад, без да можат да ја задржат. Сојузничките англо-американски армији напредуваат во Италија. Нашата славна Народно-ослободителна војска на Југославија, под умната команда на најголемиот војник на нашата земња – другарот Тито, ги ослободуе градовите и селата по цела Југославија. Еве денес и нашата млада Народно-ослободителна војска на Македонија, што е составен дел на Народноослободителна војска на Југославија, израснала от малите партизански одреди за време от двегодишни нерамно борби против фашиските окупатори и нијните слуги, се здобо со големи победи. Ослободен е голем дел от нашата татковина. Нашата млада војска, под славното знаме на Крушовската Република, победоносно чекори и смело гази на кај исполнувањето на својата голема идеја – ослободувањето на Македонија[108].

Деновиве што настануваат са во исто време и денови на големи борби што ќе ја решат судбината на нашата напатена и окрвавена татковина.

[108]На документот нема датум и место, но е објавен во првите денови на м. Октомври 1943 на слободната територија во Дебарца (с. Црвена Вода), каде што во тоа време се наоѓаше Главниот штаб на НОВ и ПО на Македонија.Со доаѓањето на првите мисии при ГШ на НОВ и ПО во Македонија – на британската во септември 1943 – на слободната територија во Западна Македонија во Црвена Вода – Охридско, а потоа и на американската и советската во 1944 година, всушност беше означено и првото меѓународно признавање на НОВМ, уште за време на Втората светска војна. Преставниците на овие мисии, преку своите извештаи, исцрпно и објективно ги информираа претпоставените во своите земји за состојбите во Македонија и за антифашистичката борба на македонските партизани против повекекратните окупатори.

Германските фашиски окупатори претпеа смртоносни удари при Сталинград, Орел, Харков, Смоленск, и Африка, Сицилија и Италија. Они го изгубија својот најголем сојузник – Фашиската Италија. Но, уште не са унистожени. Напротив, уште ни стојат големи и тешки борби со тој главен непријател.

Големобугарските фашисти, на чело со принц Кирил, Филов, Михов[109] и други, што служат верно на Хитлеровите поробителни планови, се навоѓаат пред капитулација. Што повеќе се приближујат до границата на Болгарија братските словенски армии и што се појак е притисокот на народното-ослободителните востанички дружини на братскиот болгарски народ, се повеќе се разјадуеле болгарската клика и нејзините слуги сред редовите на македонскиот народ. Туку уште, тие долни слуги на Хитлеровиот фашизам, заедно со разбојнишките германски орди, газат со својата бербатна чизма по нашите градови и села, по нашата света земња. Еве уште тије разбојнички банди обирајат по нашите села. Еве и денес на сила ги одвлечујат нашите синови по далечните боишта, да се тепајат против големите сојузнички армии и против нашите југословенски браќа, а се тоа – зошто? – за германските банкери и барони. Со тије нечисти слуги на Хитлеровиот фашизам, со големоболгарските фашиски окупатори, ни стојата такуѓере уште многу тешки и остри борби.

Големосрпските хегемонисти, на чело со претдателскиот генерал Дража Михајловиќ, што служеа верно на германо-италијанските окупатори со цел да ги разбијат нашите народно-ослободителни борби, се навоѓајат денеска во ракапуеље. Нашата јуначка Народно-ослободителна војска на Југославија ги разби комај по сите земњи на Југославија. Туку, тије бедни ронки на големосрпската хегемонија, против кои денеска стануе целиот српски народ, заедно со сите народи во Југославија, се обидујат сетики да ги исполнат своите нечисти цели, со помоќта на окупаторите да ја разбијат нашата Народно-ослободителна војска. Во тоа они се соединенија со големоалбанските хегемонистички среди во областа на Гостивар – Тетово, додека во областа на Куманови, со напаѓањето на џамији, се обидуваат да ги скараат и фрлат во меѓусобна братоубиствена војна Македонците, Албанците и Турците. За да го осигуараат повраќањето на режимот и големосрпската хегемонија и тиранија во Македонија, се служат со се. И со тија гнасни слуги на Хитлеровиот фашизам, со големо-српските агенти на окупаторот во Македонија, ни стојат такуѓере уште многу големи и остри борби.

Големоалбанските фашисти и големоалбанските хегемонистички елементи од цела Албанија, се збираат по целата македонска територија под вчерашната италијанска окупација и со помоќ на германските окупатори от сите страни се обидујат да ја разбијат нашата Народно-ослободителна војкса. Оваја реакционерна големоалбанска клика, уште од сега со провокаторско поставуеље на прашањето за утрешните граници сака да го

[109]По смрта на царот Борис (28. 8. 1943) во Бугарија е формирано регенство во состав: принц Кирил, проф. Богдан Филов и ген. Никола Михов. Регенството ја продолжи дотогашната политика на соработка со силите на Оската.

разбие единството на македонскиот и албански народ, што е создавано низ тешка и нерамна борба против окупаторот. Она сака да ги фрли во братоубиствена верска војна за интересот на германските фашиски поробители. Она создава разбојнички качашки банди, со цел да го разбие нашиот тил. Исо тие нови слуги на Хитлеровиот фашизам, со големоалбанските агенти на окупаторот, ни стојат уште многу големи и остри борби.

Македонските фашисти, предатели на македонскиот народ, слугите на германските фашиски окупатори на чело со Ванчо Михајлов от една страна и Китинчев, Ѓузелов, Чкатров, Коста Ципушев и други, од друга страна, са денес во раскапуење. Се повеќе што се гледа дека германскиот фашизам се крши и се поголем што е напливот на борците во редовите на нашата Народно-ослободителна војска, се повеќе се создава, страх во редовите на сите предатели на македонскиот народ, који за сметка на Хитлера ја продадоја нашата татковина. Но овие подли предатели се обидујат да го расцепат македонскиот народ и на тој начин и понатакај да го поробујат. И против таја фашиска клика ќе требе уште долго, здружено и смело да се бориме.

Понатака во самиот Манифест[110] следи обраќање кон Македонсите, Албанците, Турците и Власите, што на крај завршува со обраќањето кон младината на Македонија, што го упатува Главниот штаб на народно-ослободителната војска и партизанските одреди на Македонија но учесници во подготовката и реализацијата биле: политички комесар Цветко Узуновски и командант Михајло М. Апостолски, како и останатите членови на Штабот: Методија Ченто, Хамди Дема, Страхил Гигов, Венко Марковски, Петар Пирузе – Мајски[111], Иван Танев, Никола Минчев, Јелисије Поповски и Кузман Јосифовски.

Иако Манифестот на Главниот штаб е иницирaн од Кузман Јосифовски – Питу, донесен е во тесен круг на луѓе (Темпо, Апостолски, Гигов), а не на државотворно собрание. Главниот штаб кој во потполност го преставува македонскиот народ, бидејќи има борци од сите краеви на Македонија и од сите слоеви на македонското население имал легитиметет за донесување воени одлуки, но не за донесување политички одлуки. Всушност, се става пред свршен чин македонското политичко преставништва, односно идното државотворно собрание – АСНОМ. Тоа се правело поради силно изразените стремежи во движењето и во широките народни маси за самостојност и за обединување во единствена самостојна национална држава, а македонскиот народ да се подготвел за оделно решение на македонското национално прашање, само на вардарскиот дел, во рамките на идната југословенската федерација.

Вешто сроченият Манифест го објавувало создавањето на македонската држава во вардарскиот дел од Македонија, во согласност со концептот на југословенското

[110] АСНОМ - ДОКУМЕНТИ, том 1, книга 1, Архив на Македонија, Скопје, 1984 година стр. 29-35
[111]Миле Михајлов – Петре Пирузе - Мајски (време, живот и дело 1907 – 1980), издаден зборник во Скопје, ИНИ, Скопје, 1997, стр. 80.

комунистичко раководство за идната југословенска држава, чие што создавање се уште не било објавено. Така југословенското комунистичко раководство со Манифестот си обезбедило покритие за статусот  на вардарскиот дел на Македонија на престојното одржување на Второто заседание на Антифаситичкото собрание (веќе) на народното ослободување на Југославија – АВНОЈ и прокламирањето на создавањето на авнојска Југославија.

Главниот штаб на НОВ и ПОМ во тоа време имаше вклучено поголем број авторитетни личности, некомунисти од редот на македонското граѓанство и граѓанската интелегенција, кое се застапува за национална програма, за интегрално решавање на македонското национално прашање. За нив, повеќе од извесно, еден таков документ бил неприфатлив.При издавањето на Манифестот несвојствена е улогата на комадантот на Главниот штаб, Михајло Апостолски – зошто се согласил на такво недемократско издавање на Манифестот, ако се знае дека тој и Светозар Вукмановиќ – Темпо не биле во идеални односи. Светозар Вукмановиќ Темпо дури сакал да го смени Михајло Апостолски од командант на Главниот штаб на НОВ и ПОМ[112].

Светозар Вукмановиќ – Темпо успеал да го заобиколи командантот на Главниот штаб и воените работи да ги решава со Перо Брајовиќ, командант на македонско-косовската бригада (потпоручник авијатичар). Методија Андонов – Ченто и Венко Марковски членови на Главниот штаб почнале да бараат повеќе информации за тоа кога ќе се напаѓа, а добивале одговор дека тие во главниот штаб се за јавноста, а не да се мешаат во воените работи.Манифестот бил едноставно пуштен да се дистрибуира без датум и место на издавање, со имињата на комплетниот состав на Главниот штаб но без нивните потписи, што спротивно на одлуката од Преспанскиот состанок, што значи пуштен е без согласност од мнозинството членови.

Документот е умножуван и ширен на територијата на цела Македонија, односно и во пиринскиот и во егејскиот дел на Македонија, заради говорто популаризирање, но не се однесувал на Македонците од тие делови на Македонија. Манифестот декларативно се повикува на илинденската традиција, и повикува на приклучување во борбата за ослободување на Македонија, не напоменувајќи дека тоа е само вардарскиот дел односно делот на Македонија под Југославија. Декларативно во него има дека престои обединувањето на македонскиот народ, но во братски сојуз со југословенските народи.

Македонското партиско раководство ја пласирало паролата за конечното решавање на македонското национално прашање со обединување на Македонија, но по завршувањето на Втората светска војна кога ќе победат комунистичките движења во сите балкански држави. Со тоа балканските држави би се демократизирале, а македонскиот народ би можел да го оствари правото на самоопределување со што би можело да се

[112]Страхил Гигов, Сеќавања, Скопје 1975, стр. 344-346; Киро Глигоров, Македонија е се што имаме, Скопје 2002, стр. 53.

очекува разрешувањето на македонското прашање. „Колку и да беше апсурдна (паролата) популаризирана како солуција за македонското национално прашање, со единствена цел колку-толку да се амортизира острицата на очекуваните остри реагирања, посебно од граѓанските средини кои биле надвор од непосредната контрола.

На ова остро реагирал Јосип Броз – Тито и на 9 ноември 1943 година со писмо го предупредува Светозар Вукмановиќ – Темпо дека во Манифестот на Главниот штаб е неправилно да се постапува прашањето за обединување на македонскиот народ и Македонија, туку само ослободување на македонскиот народ. Следниот месец во писмото од ЦК на КПЈ до Светозар Вукмановиќ – Темпо од 6 декември 1943 година се вели дека и премногу споменувањето на правото на самоопределување до отцепување може да биде штетно[113].Со директива на ЦК на КПМ, со потпис на Страхил Гигов во името на ЦК, партиските организации се задолжувале да обезбедат подршка од широките народни маси за Манифестот на Главниот штаб, со политички објаснувања на целите и карактерот на борбата, и да ја популаризираат линијата на партиското раководство и југословенската линија. Факт е дека тој што го пишувал Манифестот го користел рефератот на Кузман Јосифовски – Питу поднесен на Преспанскиот состанок во врска со континуитетот на македонската НОБ.

Првиот критички осврт за Манифестот го дава Кузман Јосифовски – Питу во неговото писмо до ЦК на КПМ пишувано во почетокот на ноември 1943 година како одговор на писмото од ЦК (од октомври 1943), со кое го добил Манифестот на Главниот штаб. Во целина дава позитивно мислење, а дава забелешки за недоволно негативно преставување на контрачетниците, недоволно нагласување на тешката економска положба, и објаснување за тоа какво подобрување на економската ситуација носи за народните маси народно-демократската власт.Во својот Манифест од октомври 1943 година, упатен до македонскиот народ Главниот штаб изнесе низа основни идеи програмски поставки врз кој треба да се темели идното државноправна положба на Македонија во нова Југославија. Тој пред македонскиот народ и пред демократската јавност во светот, отвори и покрена мошне значајни прашања во врска со решавањето на македонското национално прашање во условите народноослободителната борба на македонскиот народ.

Означувајќи го идниот државно-правен статус на Македонија Манифестот повикува на создавање нова слободна и народна Македонија која може исклучиво да се изгради во нова Југославија и во сојуз со народноослободителните движења на југословенските народи. Овие движења биле реална основа и од нив ќе се роди нова Југославија, која под раковотството на КПЈ ќе го реши националното прашање, односно ќе го оствари правото за национално определување на македонскиот народ.

---

[113]Виолета Ачкоска, Братството и единството 1944-1974 помеѓу хармонијата и дисхалмонијата, Скопје, ИНИ, стр. 31

Манифестот како политичко-програмски документ бил всушност платформата за поблиску согледување не само на новодржавно-правната положба на Македонија туку и за согледување на непосредната потреба за свикување на АСНОМ[114]. Основните принципи на државно-правната положба на Македонија внесени во Манифестот требало поблиску и понатаму да се разработуваат во законодавни акти на едно легитимно прествничко тело на македонскиот народ како што е АСНОМ.

Во поглед на уставно-правната изградба на новата македонска државност може да се каже дека Манифестот е предвесник на одлуките на АСНОМ за изградба на феделана Македонија во нова Федеративна Југославија. Тој наедно е и акт што ги навести одлуките на Второто заседание на АВНОЈ во кој Македонија доби статус посебна федерална единица.

Со цел да се обезбеди државно-правен континуитет и легитимитет на Југославија, југословенското комунистичко раководство донесе одлука да се организира Второто заседание на АВНОЈ на кое ќе се прогласи возобновувањето на Југославија и продолжување на нејзиниот државен континуитет. Заседанието е одржано на 29-30 ноември 1943 година во Јајце – Босна, каде што покрај другото, одлучено е југославија да се изгради како државна заедница на соединети народи, со федеративни единици: Србија, Хрватска, Македонија, Црна Гора, Словенија и Босна и Херцеговина. На заседанието е избран и национален комитет на ослободувањето на Југославија НКОЈ на чело со Јосип Броз – Тито како највисок извршен орган. Доста значајна одлука на Претседателството на АВНОЈ и Претседателството на НКОЈ е одлуката донесена во јануари 1944 година со која е признат македонскиот јазик, заедно со словенечкиот, хрватскиот и српскиот, како официјални јазици на целата територија на Југославија[115].

Македонскиот народ непосредно не учествувал во создавањето на АВНОЈ-ска Југославија, бидејќи на заседанието немаше македонски преставници. Светозар Вукмановиќ – Темпо преку радио врска на завршувањето на заседанието, соопшти имиња на неколку македонски личности за преставници на АВНОЈ. Тој ги предложил Димитар Влахов и Владимир Поп Томов во АВНОЈ, а Методија Андонов – Ченто и Страхил Гигов во НКОЈ.

### 2.3. Приговор на АНОК кон Манифестот на Главниот штаб на НОВ и ПОМ

Најпрвин како воведен дел на оваа дадена анализа, потребно е да се потсетиме за значењето на АНОК како тело за време на Народноослободителната борба (1941-1944). Во почетокот на октомври 1943 година, на слободната територија во западниот дел на Македонија кај селото Црвена вода било издаден Манифест на ГШ на НОБ и ПОМ,

[114]Владо Ивановски, Ослободителната војна во Западна Македонија 1941 – 1944, ИНИ, Скопје, 1973, стр. 141-145

[115]Виолета Ачкоска, Лекции од современата македонска држава (1944-1991), Скопје 2011, стр. 21.

програмски документ кој преставувал антиципација на авнојските решенија. Манифестот ги изнесува основните цели на оружената борба на македонскиот народ: национално, социјално, економско и културно ослободување, а идниот државоправен статус на Македонија се гледа во составот на Југославија. Ваквите програмски цели биле повод за Приговорот од страна на членовите на АНОК[116] кој бил испратен на 9 декември 1943 година кои сметале дека врзувањето за Југославија значи откажување од обединувањето на Македонија. Тие поставиле барања за поврзување на НОД од вардарскиот дел на Македонија со движењата во егејскиот и пиринскиот дел. АНОК бил формиран од видни преставници на македонскиот народ, интелектуалци и активисти на антифашистичкото движење во Македонија, во Скопје во есента 1943 година. Тој преставувал орган на македонското националноослободително движење и вршел функција на највисоко тело на Народноослободителниот фронт (НОФ). Неговите функции престанале со формирањето на Иницијативниот одбор. Бил распуштен во декември 1943 година. Така ИО ја презел улогата на АНОК кој ја координирал работата на НОО како први николци на новата власт и вршел подготовки за свикување на АСНОМ, и бил највисок орган на државата што се создавала.

Манифестот на Главниот штаб бил широко растурен низ цела Македонија, програмата изнесена во него била позитивно прифатена и имала голем одгалс во сите слоеви на народот. Група на членови, во најголем дел интелектуалци на АНОК на Македонија доставиле приговор кон Манифестот. Исто така се потенцира и дел од пораката на Тито упатена до јужнословенските народи во смисла дека народноослободителната борба би била една фраза, па дури и измама, кога таа не би имала општојугословенска смисла за секој народ т.е. таа не би значела ослободување на Југославија кога исто така не би значело ослободување на Хрватите, Србите, Македонците, Арнаутите, Муслиманите итн., а во тоа била и суштината на народноослободителната борба.

Исто така во Манифестот се упатила пораката дека никогаш до сега македонскиот народ немал толку убава положба и толку многу сојузници, за да тие си го исполната вековниот идеал Обединувањето на Македонија... а заради тоа требало да се создаде заеднички фронт со сите балкански народи во борбата против фашистичките окупатори (од Манифестот).

[116]Меѓу поистакнатите членови на АНОК се спомнуваат: Емануел Чучков, Кирил Петрушев, Киро Глигоров, Благоја Хаџипанзов, Лазар Соколов и други. АНОК делувало и работело од Скопје каде бил и Кузман Јосифовски – Питу кој ја одржувал врската помеѓу АНОК и ЦК на КПМ. Едноставно кажано ставовите на АНОК и ЦК на КПМ се согласувале во целта да се формира македонска национална држава, но едните АНОК се надвор од југословенската линија и се за независна и обединета Македонија во балканска федерација, а другите ЦК на КПМ, повеќе под притисок на КПЈ, се за скратена Македонија (само вардарскиот дел) во рамките на југословенската федерација.

На почетокот од приговорот на групата членови кој тие се обраќаат со Драги другари, Манифестот испратен од Вас до Македонскиот народ се дава објаснување дека тој ги исполнил со радост и гордост срцата на сите чесни Македонци, но поради следните два факта: 1. Создавањето на македонска народноослободителна војска и 2. Формирањето на раководството на таа војска со нејзин Главен штаб. Се дава појаснување која била целта на оваа борба и пред формирањето на Штабот за целта на македонскиот народ иако борбата била херојска но нерамноправна, а објаснувањето се образложува преку примери земени од историјата на овој народ, како Илинденското востание (Крушевската Република) кое се повторувало и денес со борбите на партизанските одреди, дека таа славна борба е дел на сите слободољубиви народи за уништување на фашистичкото зло и за утрешниот нов свет, слободата, политичката рамноправност и социјалната правда.

Овој акт кој имал големо значење се мисли на Манифестот кој предизвикал бројни коментари во сите краеви на Македонија па воедно следеле и забелешки кој со должност биле упатени до Штабот се со цел да се обрне внимание за објаснувањето и целта на народноослободителната борба а, со цел да допринеасат целосно мобилизирање но со оглед на конкретната воено-политичка состојба и идеалот на нашиот народ. По однос на горенаведеното се упатени следниве забелешки: како треба да биде издавањето на еден манифест т.е претпоставка за издавањето на тој манифест. Се посочува дека на ваков Манифест треба да му претходи некој основен акт (устав, платформа или правилник) а кој треба да се сведе на неколку точки со основните принципи на народната борба за да се даде широка гласност. Во овој случај Штабот се обратил на нородот со еден манифест само со еден основен акт колку да се излезе со некаков манифест пред народот.

Во врска со првото прашање се поставила и компетентноста на Штабот за издавање на манифестот, во кој се изнесуваат идеалите и принципите на народноослободителната борба, како и по кој пат да се тргне на така поставените принципи, а за тоа е компетентно Народното собрание, а по кое прашање треба да се произнесе Штабот, пред да се свика Собранието. Тука се упатува и критика до Штабот до 11-те души кој го раководеле дека тие не смееле да ги ограничува своите линии на борбата. Тука се бара и опишување на манифестот која била неговата функција и да се појасни дека тој имал времен карактер се до свикувањето на Народното собрание, кој единствено тоа ќе биде компетентно за основните принципи на борбата. Тука се објаснува сложеноста на оваа состојба и се укажува дека вака поставените работи дополнително ќе ја искомликуваат работата а со тоа и авторитетот на Штабот и целата народноослободителна борба, а и несериозноста па се додава дека јасно треба да се прецизира, разграничат должностите и правата на двете тела Штабот и Народното собрание, се со цел да има ефикасно и правилно раководење на народната борба во двата дела воениот и политичкиот и кој ќе го има последниот збор во евентуални разногласија помеѓу Штабот и Народното собрание. Во другите помалку битни формални забелешки, што така се упатува и критика дека манифестот значи позив до македонскиот народ како и многу други до сега упатени позиви и дека во манифестот

се расправало за непотребни работи кој и не им е местото во еден ваков манифест, а како пример наведено дека многу малку е наведено за минатото на македонската народно-ослободителна борба и без да се прикажан најсветлите моменти од таа борба а да се поврзат како революционерно наследство, за да се појасни дека борбата е само продолжение на таа борба од минатото[117]. Во приговорот се даваат примери како непотребно се оделува место за политички мртовци како Китинчев, Ѓузелов, Чкатров и други на кои им се прави само реклама и чес кога се обвинуваат, а особено кога се говори за Дража Михајловиќ кој во Србија никој и никого не преставува а да не збориме за Македонија, и дека ваквите работи во Манифестот не им е тука местото и заради тоа Манифестот изгледа како позив а не како Манифест[118].

Во следните забелешки се појаснува прашањето на македонската народно ослободителна борба, а како пример не случајно се зема статијата на Тито кој се поставуваат основните принципи на народноослободителната борба во Југославија. Неговото изјаснување е земено како мото за нашето писмо и не случајно се посочени трите принципа. Тука се појаснува дека во рамките на Југославија не може целосно да се разреши македонското национално прашање, а дека решението на македонското прашање е возможно само во една федерација на Балканските народи, а дека нашето прашање е општо балканско. Се дава појаснување на кратко за минатото и политиките во минатото дека влијанијата на туѓите пропаганди империјалистичките стратегии за владеењето на Вардарската долина  и Солун (т.е. Македонија) создавале ривалство меѓу балканските народи околу Македонија.

Исто така се отворала и дилемата што го натерало Тито да го вметне македонското прашање за разрешување на комплексот на националните прашања на другите народи во Југославија, а за ова можело да се најдат три причини и објаснувања. Во првото објаснување за националните тежненија на македонскиот народ, за неговата мината революционерна борба, за денешните идеали и вечниот копнеж за еднаш за секогаш со сите сили да го добие обединувањето на Македонија, но тоа е возможно решение од македонска гледна точка, а дека не е решението македонското прашање да се реша само на еден дел и за во иднина да биде дел од Југославија со кој не го сврзувало никакво политичко наследство. Во втората точка се појаснува по детално дека и порано па и сега допуштаме и опростуваме доколку југословенското народносолободително движење и Тито не ја познаваат денешната состојба за македонското прашање, но тоа дека не е допусливо и опростливо ако нашито Главен штаб не излегол на тие состаноци со барање за вистинско решавање на прашањето за Македонија а кое е должно пред македонскиот народ. Всушност требало да се објасни прашањето до крај, а и не само да се објасни и побара решение. Исто така треба да се појасни дека македонското прашање требало да се

[117]Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том II,Скопје 1981 година, стр. 409.
[118]Лазар Колишевски, Аспекти на македонското прашање. Култура, Скопје, 1980, стр. 112-120.

постави поинаку и со вистинска формула а кој ќе ги задоволи вистинските идеали, со што би се допринело максимум учество во оваа револуционерна борба. Тука се појаснува и дека во иднина прашањето би се решело и не би пречело на воен план и понатака да се соработува со југословенските народи додека таа борба е вистинска, па така да немало да има и никаква препрека да се соработува и со поранешните окупатори кој имаа денеска сериозна намера да се спротистават на сериозното зло фашизмот како „Отечествениот фронт“, а се појаснуа и дека врските се на ниско ниво, со грчкото народно-ослободително движење и на нив да им се појасни суштината на ова прашање. Ние да се преставиме пред нив а и они да се престават пред нивните народи во поглед на ова прашање. Па како пример се зема ВМРО Обединета дека и таа уште пред војната во Пиринска Македонија нејзината борба била за обединета Македонија, а и во писмото на Божин Проданов до Влатко Мачек во кој се застапувал за целосна Македонија. На крај во оваа точка се сведува и делумно одговорот за прашањето дека сами со борба треба да си ја обединиме Македонија и дека никој нема да ни го реши ова прашање ако не пукне пушка за обединувањето на Македонија. Во одреден дел се наведува и поставува прашање зошто нашите браќа од Бугарија и Грција не биле поканети за заедничка борба, какви биле врските со тие браќа т.е како да се намерно се прикривало во Манифестот. И за на крај се поставило прашањето зошто не одговораат на народот дека судбината на Македонија не може да се реши во рамките на Југославија. Значи се премолчува за повикот на другите браќа во другите делови на Македонија а сето се однесувало само за Вардарска Македонија[119]. Во третата точка се наведува како една од причините за македонското прашање дека во соседните држави Бугарија, Србија и Грција во истите тие е потешко објаснувањето за обединувањето на Македонија а пред се тоа не го прифаќало нивното движење и како да се објасни дека македонскиот народ е посебен од нив а пред се на реакционерните маси и дека тие не биле поготвени на такво нешто.

Кузман Јосифовски – Питу, иако настојувал да остане на линијата на ЦК и да ги спроведува неговите ставови, евидентно е дека имаше гледишта, блиски до тие на членовите на АНОК. Ипокрај тоа што е комунист, работи на „македонската платформа“ и на создавње широк македонски народноослободителен фронт од чесни и видни Македонци интелектуалци без разлика на нивната довчерашна определеност. Промакедонската демократска струја се залагала вооружената борба да се води до дефинитивно ослободување на целата национална територија и обединување на Македонија, создавање самостојна независна македонска национална држава со демократско уредување, при што не се исклучувала можноста за нејзино пристапување, како суверена држава, во една идна балканска или југословенска федерација. Истата била предводена од Методија Андонов – Ченто, Венко Марковски, Емануел Чучков, Кирил Петрушев, Лазар Соколов и Киро Глигоров. Оваа струја пред одржувањето на АСНОМ

[119]Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том II,Скопје 1981 година, стр. 415-425.

видно се зголемувала.Автори на текстот на Приговорот се Киро Глигоров и Благој Хаџи Панзов[120].

Како за на крај се поставува главното прашање и значењето на овој документ преку мислење и анализа зошто народноослободителната борба на македонскиот народ не напредувала а видните интелектуалци кој го поднеле овој приговор даваат објаснување во неколку точки. Основните причини за вака поставената народноослободителна борба се должи најнапред на недостаток за една јасна програма на народното движење во согласност со историските копнежи на нашиот народ, недостаток на иницијатива од страна на лицата на кој им е доверено да ја организираат оваа борба, крутоста и недоволната демократија во спроведувањето на народноослободителната програма се мисли на лицата кој се задолжени да раководат со организирањето на народноослободителните комитети. За на крај видните угледни интелектуалци кој упатуваат порака се мисли на горенаведените појаснувања дека единствената желба е македонската борба да најде вистинки пат и дека во вакви моменти сите носат историска одговорност, со што повторно се замолуваат да ги разгледаат така поставените проблеми и дека во кус можен рок ќе се добие соодветен одговор.

Приговорот од страна на члeновите на АНОК (декември 1943) кои сметаа дека врзувањето за Југославија значи откажување од обединувањето на Македонија. Тие поставиле барања за поврзување на НОД од вардарскиот дел на Македонија со движењата во егејскиот и пиринскиот дел.

Авнојските решенија и документи беа особено важни за македонскиот народ, зошто тој беше признат за рамноправен субјект и посебен народ кој има право на својата национална држава. За реализација на ваквата цел, во првата половина на ноември 1943 година, на слободната територија во Западна Македонија, беше формиран Иницијативен одбор (ИО) за свикување на Антифашистичко собрание на народното ослободување на Македонија (АСНОМ). ИО презеде дејност со кои прерасна во привремено политичко преставничко тело на НОБ и највисок орган на државата што се создаваше. Така ИО ја презел улогата на Акциониот народноослободителен комитет (АНОК) кој ја кординирал работата на НОО како први никулци на новата власт и вршела подготовки за свикување на АСНОМ. Воспитувани во коминтерновски дух, наспротив национализмот и националните интереси и идентификација, комунистите го пласирале интернационализмот и класната борба во која класното се наметна на националното. Врз таа основна идеолошка оска се случи и првиот судир помеѓу интересите (односно целите) на највисокото раководство на КПЈ од една и Македонците (комунисти и неокомунисти), од друга страна, кои се залагаат

[120]Киро Глигоров во своите мемоари: „Разгледувајќи го Манифестот, исто така ни падна в очи дека тој се фокусира само на вардарскиот дел на Македонија, на борбата во овој дел, додека ја немаше борбата на Македонците во егејскиот и пиринскиот дел на Македонија. Според нас борбата беше многу позрела, подалеку отидена. Ние сметавме дека не смее да се пропушти оваа историска можност за обединување на Македонија, бидејќи доаѓа време кога ќе се прекројуваат повеќе држави“. Киро Глигоров, цит. дело, стр 52.

за интегрално решавање на македонското национално прашање преку обединување на македонскиот народ и неговото државотворно констутуирање. Наспроти таквите барања, централните раководни кадри на КПЈ бараа од Македонците во деловите на Македонија приклучени кон Бугарија и Грција да водат револуционерна (класна) борба под раководството на комунистичките партии на Бугарија (БРП-комунисти) и Грција (КПГ). Така разрешувањето на македонското национално прашање се сведе на класно прашање, на прашање кое треба да се разреши со победата на социјализмот во секоја од тие држави, а македонскиот народ наместо обединување, да добие статус на признаена нација (јазик, култура). Со тоа всушност беше јасно дека КПЈ го прифаќа статусквото на Балканот во однос на македонското прашање, нудејќи му на делот од македонскиот народ рамноправност со другите народи во Југославија, кое беше инаугорирано и во одлуките на Второто заседание на АВНОЈ.За Политбирото на ЦК КПЈ судбината на Македонија е исклучиво поврзана за судбината на Југославија и таа политика ќе биде спроведувана се до распадот на Федерацијата. Македонските комунисти, по партиска должност, морале да ја прифатат единствената југословенска опција и покрај историскиот факт дека со учеството во антифашистичката борба во трите дела на Македонија (именувани условно во вардарски, егејски и пирински), со огромни жртви и теророт што го доживеаа, македонскиот народ очекувал да се здобие со правото на самоопределување и обединување.

Тргнувајќи од ваквите стремежи на македонскиот народ, Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ, водел дискусии и околу конечното решавање на македонското национално прашање. На 06. 05. 1944 година, беше одржан заедничкиот состанок на ИО и ГШ на НОВ и ПОМ, на кој е определена делегација во состав: Методија Андонов – Ченто, Емануел Чучков и Кирил Петрушев, со задача да оди на островот Вис кај Претседателот на НКОЈ, Јосип Броз Тито и директно да му ги пренесе ставовите во врска со македонското прашање[121]. Во изборот на личностите кои ја составуваат делегацијата се забележува дека сите се од промакедонската политичка струја, односно онаа линија која барала промени во југословенската политика во насока на обединување на Македонија и македонскиот народ[122]. Делегацијата добила детални упаства, изразени во 4 точки:

1. Да се испита и побара мислење од врховните тела на Федеративна Југославија во склад со меѓународната положба и прашањето за целосно обединување на Македонија,
2. Да се побара од Советскиот сојуз да испрати своја мисија во ГШ на НОВ и ПОМ,

[121]Владо Ивановски, Сојузниците и македонското прашање, Гласник ИНИ, Скопје, 2005, стр. 183-197.
[122]Непосредно пред доаѓањето на македонската делегација на Вис, југословенското раководство имало средба со делегација од КПГ. Делегацијата на КПГ на разговорите со Тито, го обвинува македонското политичко и воено раководство за загрозување на линијата на КПГ. Притоа, извесно е дека југословенското раководство прифатило продлабочување на соработката меѓу двете партии и задржување на версајските граници, но воедно добиле впечаток за погрешниот став на КПГ кон Македонците во Грција.

3. Да се засили пропагандата на македонски јазик преку вклучување по еден час програма на македонски јазик на радио Слободна Југославија, а пропагандниот материјал што го фрлаат сојузничките авиони да биде испишан на македонски јазик,
4. Се овластува делегацијата да испрати до македонската емиграција во целиот свет покана за помош на борбата на македонскиот народ.

Истиот ден кога на островот Вис пристигнала делегацијата, на 16. 06. 1944 година склучен е првиот договор меѓу НКОЈ на чело со Тито и кралската југословенска влада на Иван Шубачиќ[123]. Делегацијата на ИО и на ГШ на која и се приклучил Светозар Вукмановиќ – Темпо, на 24. 06. 1944 година заедно со НКОЈ одржала посебна седница. На седницата, претседателот Јосип Броз Тито декларативно ги подржал барањата за обединување на македонскиот народ, но тие биле нешто ублажени, при што произлегле следниве заклучоци:

1. Се уважува правото на македонскиот народ и неговото тежнение за обединување на сите негови делови како негово постојано барање,
2. Со оглед на постојната меѓународна положба преурането е ова прашање да се поставува сега зашто би се довела во неповолна положба Македонија и Југославија[124],
3. Развивање на борбата во сите три дела на Македонија со помагање на ослободителното движење на македонскиот народ против окупаторот, со изразување на желбата на останатите два дела, преку борба да дојдат до свое самоопределување,
4. Македонскиот народ во Југославија ќе ги помага овие ослободителни движења каде и да се појават тие.

Набрзо потоа, на 02. 08. 1944 година на ден Илинден во манастирот Св. Прохор Пчински, Кумановско[125] во присуство на над 60 од вкупно избраните 115 делегати[126] од трите дела на Македонија[127] (со различен национален, социјален и старосен состав), беше одржано Првото[128] заседание на АСНОМ[129]. Ова заседание[130] беше одржано во свечена

[123]ОливерСтанојоски, Македонскиот автономизам и сепаратизам (1943 – 1946), Скопје, 2012, стр. 67
[124]Ваквиот декларативен став на југословенското раководство за македонското прашање, не соодвествуваше со ставот за словенечкото прашање. На 19 јуни 1944 година, 5 дена пред состанокот со македонската делегација, југословенското раководство ги прецизирало териториите кои ќе се бараат од Италија и Австрија.
[125]Виолета Ачкоска, Братството и единството 1944-1974 помеѓу хармонијата и дисхармонијата, ИНИ, Скопје, 2003, стр. 37-51.
[126]Киро Глигоров, Македонија е се што имаме, Култура, Скопје, 2002, 48-77.
[127]Ѓорѓи Цаца, Уставотворниот карактер на Првото заседание на АСНОМ, во Зб. „АСНОМ педесет години македонска држава 1944-1994“, Скопје, стр. 149-162.
[128]70 години македонска држава – државотворните решенија на Првото заседание на АСНОМ, избрани документи од Првото заседание на АСНОМ, Скопје, 2014, стр. 7-29.

атмосфера и народна веселба, исто така и на преставници од југословенското воено политичко раководство, како и на преставници на големите сили[131], учесници во антифашистичката војна – САД и Велика Британија.

## Глава – II: Асномска Македонија (1944 – 1946)

### 1. Историско-политичките основи и подготовките за свикување на Првото заседание на АСНОМ

Зголемената политичка активност на Народноослободителното движење на Македонија во овој период посебно се изразува во упатувањето многубројни прогласи до македонскиот народ, во кој од една страна се изразува готовноста да се истрае во истерувањето на окупаторот и ослободувањето на земјата и, од друга, се изразува верноста на принципот за самоопределување на македонскиот народ[132] во братската зедница со другите народи на Југославија.

---

[129]Новица Велјановски, Степенот на реализацијата на решенијата на АСНОМ, во Зб. „АСНОМ педесет години македонска држава 1944-1994“, Скопје, 1995, 183-193.
[130]Вера Весковиќ – Вангели, Владо Ивановски, Президиумот на АСНОМ, записници, Скопје, 1994,
[131]Шефовите на воените мисии на Велика Британија и на САД – Сричка и Дикенсон – присуствуваа и ја следеа работата на Првото заседание на АСНОМ, станувајќи сведоци на раѓањето на Демократска Федерална Македонија – првата современа македонска држава.
[132] Правото на народите за самоопределување е кардинален принцип во современото меѓународно право (кое често се смета за правило на jus cogens). За време и по Првата светска војна принципот бил поттикнат од страна наВладимир Ленини американскиот претседател Вудро Вилсон. Откако ги објавил своите

Овие основни идеи, врз кој ќе се изградуваат основите на македонската државност најнепосредно се одразуваат во ситеياسي прогласи што во тој период се упатуваат до македонскиот народ. Првата основна идеја – самоопределувањето и втората – изградувањето на Народноослободителната војска – служеле како основа и потик за мобилизирање на македонскиот народ да истрае во борбата против окупаторот за своето национално ослободување. Принципот самоопределувањето, во условите на народно-ослободителната борба, веќе беше загарантиран со создавањето на Антифашистичкото веќе на народното ослободување на Југославија[133].

Подготовките за свикувањето на АСНОМ непосредно се поврзани со формирањето и развојот на органите на народната власт во текот на Револуцијата[134]. Документите, кои говорат за формирањето и развојот на овие органи до свикувањето на АСНОМ, преставуваат изворна архивска граѓа, кои ги осветлува идејно-политичките основи врз кој ќе се конституира АСНОМ. Одттука се наметнува потребата накратко да се осврнеме на развојните етапи на органите на народната власт, кои преставуваат основа за успешно организирање на АСНОМ.

Создавањето на органите народната власт во Македонија во текот на народно-ослободителната борба на македонскиот народ против окупаторот почнува уште со развитокот на вооруженото востание од 1941 година. Во првиот период на борбата, па се до средината на 1942 година, органите кои имаат различни називи: одбор за народна помош, национален фронт, народен комитет, воен комитет, народноослободителен комитет и слично, не се издвојуваат како посебни органи на новата народна власт. Тие се органи на борбата, но вршат низа функции на власта. Тие прво се образуваат во поголемите градови, а подоцна, особено во средината на 1942 година, нивната активност ќе се прошири и по селата.

Во август 1942 година, ПК на КПЈ за Македонија во својата дирекетивна статија „Илинден и денешната борба на македонскиот народ завршува“, покрај другото, ја истакнува потребата од создавање народни комитети, „составени од најчесни и навидни луѓе, за да се организира и води народна борба“. Сличен повик за создавањето на народните комитети се наоѓа и во една статија на весникот „Народен глас“ што излегуваше како орган Народноослободителниот фронт за Прилеп и прилепско. Во

---

Четиринаесет точки на 8 јануари 1918 година, на 11 февруари 1918 година, Вилсон изјавил: „Националните аспирации мора да се почитуваат, луѓето сега можат да бидат доминирани и управувани само со нивна согласност. „Самоопределувањето“ не е само ништожна фраза, туку императивен принцип на дејствување“.

[133] АВНОЈ или Антифашистичко собрание за народно ослободување на Југославија — политичка организација нанароднoослободителниот комитет кој бил формиран на 26 и 27 ноември 1942 година во Бихаќ, под водствона комунистичкото движење во Југославија.

[134] Терминот „социјалистичка револуција“ не треба да се употребува во современата историска наука. Тој е карактеристичен за социјалистичката историографија и се однесува на насилното одземање на власта од страна на комунистичките партии и воспоставувањето партиска диктатура, наречена „диктатура на пролетеријатот“. Преставува преврат, промена на власта, а не револуција. Оливер Станојоски, Македонскиот автономизам и сепаратизам (1943-1946), Скопје, 2012, стр.23

статијата под наслов: „Новите собитија и Македонија“, се истакнува потребата за образување на комитети како органи на новата власт.

Во изградувањето на народните комитети како органи на новата власт, ПК на КПЈ за Македонија наоѓа од директивното писмо на ЦК на КПЈ од 15 март 1942 година, упатено до покраинскиот комитет. Во писмото ЦК на КПЈ, покрај другото изнесува дека органите на Народноослободителниот фронт на Македонија треба да бидат народноослободителни одбори, кои треба да е формираат секаде: по градовите, селата, претпријатијата итн. и дека треба да станат не само раководители на народноослободителната борба на македонскиот народ, туки и идни носители на демократската революционерна власт.

Искуствата на другите народи на Југославија формирањето народноослободителните одбори во овој период, во Македонија ги пренесува другарот Добривое Радосавлевиќ[135], кој доаѓа како делегат на ЦК на КПЈ. Врз база на пренесените искуства за развитокот на власта во другите краишта на Југославија, Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија во своите прогласи се повеќе ја истакнуваат потребата за образување на народно ослободителни одбори, или како што ги нарекуваат ПК во тоа време во своите прогласи „македонски народни комитети“. Наедно со тоа, се повеќе и се појасно се определуваат задачите и содржината на работата на овие органи, а врз база на директивите на ЦК на КПЈ објавени во „Пролетер“. Уште тогаш се појавува и акционата парола по целата земја да се изгради мрежа од народни македонски комитети и Централен македонски комитет (всушност Главен народноослободителен одбор за Македонија), како раководен орган на општата народна борба и како иден орган на народната власт во слободна Македонија.

Во директивното писмо на Кузман Јосифовски – Питу, од 17.X 1943 година до Месниот комитет на КПМ – Прилеп, се дадени поблиските задачи на Народноослободителниот комитет за начинот на неговиот настанок и понатамошниот развиток, со јасна ориентација постепено да прерасне во орган на власт „усвојувајќи една позиција по друга“. Определувајќи ги поблиските задачи на овие органи, во спомнатото писмо се настојува да се воспостави единство на сите органи кој дејствуваат во определените реони. Исто така се истакнува дека би требало воените комитети да се преименуваат во народноослободитлни комитети, со што се сака да се нагласи дека во таа етапа на развојот

---

[135]Добривое Радосавлевиќ – Боби (Књажевац, 28 јануари 1915 – Белград, 4 април 1984) — српски комунист, учесник во НОБ. По ослободувањето е прогласен за народен херој.Член на КПЈ од 1933 година. Во1934годинае уапсен и осуден на три-годишна робија, која ја издржува во Сремска Митровица. На почетокот на вооруженото востание, во јули 1941 година, како инструктор на Покраинскиот комитет на КПЈ за Србија, работел на организирање на првите партизански одреди во Тимочката краина, а потоа ЦК КПЈ го испраќа за инструктор во Македонија. Во Македонија доаѓа на 25 август 1942 година и останува до крајот на војната.По војната е во врвот на српското партиско раководство, а во периодот септември 1966 – февруари1968годинае претседател на ЦК на Сојузот на комунистите на Србија.

на власта, народноослободителните комитети преставуваат демократска власт и тоа како на ослободената така и на окупираната територија.

Значењето на директивното писмо, покрај другото, се огледа и во тоа што тука за прв пат се спомнува дека НОК ќе има свој акционен комитет за цела Македонија, и дека на ослободената територија се формира Антифашистичко народноослободително собрание на Македонија, со свој Извршен комитет како единствен политички преставник на македонскиот народ[136]. Во писмото, меѓу другото се веле: „АСНОМ, заедно со Главниот штаб, ќе ја прогласи слободна Македонија“. Воедно се дава и деректива за тоа дека треба да се пристапи кон избор на преставници за НОК, т.е. на Акционен народноослободителен комитет[137].

Подготовките за свикување на АСНОМ што засилено се вршат кон крајот на 1943 година и во првата половина на 1944 година имаат посебен одраз врз натамошниот развиток на народноослободителните одбори, кои ќе се конституираат како единствен систем на органите на новата власт во АСНОМ.

Свикувањето на Второто заседание на АВНОЈ на 29. 11. 1943 година и одлуките што беа донесени на него, дадоа нов потиктт за забрзување на подготовките во врска со свикувањето на АСНОМ. Исто така значајна личност во овие војновременски услови бил Михајло Апостолски[138], кој на Второто заедание на АВНОЈ бил избран за член на Претседателството на АВНОЈ.

Во одлуките на АВНОЈ, во кој се доведува до законодавно оформување на почетните елементи на југословенскиот федерализам, што настанаа уште во самиот почеток на народноослободителната борба и социјалистичката револуција, уште посилно дојде до израз принципот на самоопределувањето народите и нивната рамноправност во новата државна заедница. Во Декларацијата на АВНОЈ, што по својот карактер преставува основен политички акт донесен од АВНОЈ како највисок политички орган на

[136] АСНОМ - ДОКУМЕНТИ, том 1, книга 1, Архив на Македонија, Скопје, 1984 година стр. 12.
[137] Исто, стр. 12.
[138] Михаило Апостолски (8. 11. 1906, Ново Село, Штипско – 7. 8. 1987, Дојран) бил македонски воен кадар, политичар и историчар. За време на Втората светска војна, во 1941 година е назначен за член на Покраинскиот воен штаб на Македонија, а од јуни 1942 година, командант на ГШ на НОВ и ПОМ. Во мај 1943 година бил назначен за генерал мајор. На второто заседание на АВНОЈ бил избран за член на Претседателството на АВНОЈ. Бил член на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ, учествува на Првото заседание на АСНОМ и е избран во неговиот Президиум. Во февруари 1945 година бил назначен за началник на Врховниот штаб на НОВ (односно на Генералшабот на Југословенската армија). Извршувал и други одговорни функции во ЈНА. Бил пензиониран во 1958 година со чин генерал – полковник. По ова, започнал интезивно да се занимава со историја. При формирањето на Македонската академија на науки и уметности (1967 година) бил избран за нејзин прв редовен член. Во 1968 година бил избран за дописен член на Српската академија на науки и уметности. Подоцна бил избран и за член на Хрватската, Словенечката, како и на Академијата за науки и уметности на Босна и Херцеговина. Од 1976 до 1983 година бил прецедател на МАНУ, а во периодот од 1978 до 1981 година бил прецедател на Советот на академиите на науки и уметности на СФРЈ. Бил и член на Советот на федерацијата. Во 1953 година бил одликуван со орденот Народен Херој.

Народноослободителниот фронт се утврдува: „Југославија да се изгради врз демократски федеративен принцип како државна заедница на рамноправи народи“.

Врз оваа основна и идејна поставка за идното државно правно уредување на Југослвија е донесена одлука „за изградувањето на Југославија врз федеративен принцип“, во која се разработуваат непосредните односи на југословенската федерација и преставува нејзиното озаконување. „За да се оствари принципот на суверенитет на народите на Југославија, таа да преставува вистинска татковина на сите свои народи и никогаш повеќе да не стане домен на која и да е чиновничка клика – се вели во оваа одлука – Југославија се изградува и ќе се изградува врз федеративен принцип, кој ќе им обезбеди полна рамноправност на Србите, Хрватите, Словенците, Македонците и Црногорците, односно на народите на Србија, Хрватска, Словенија, Македонија Црна Гора и Босна и Херцеговина“. Потоа во Одлуката се истакнува, во согласност со таквата федеративна изградба на Југославија, уште во текот на Народноослободителната војна, основните органи на народната власт кај одделните народи на Југославија да бидат народноослободителните одбори и земските антифашистички собранија на народното ослободување.

Политичкото образложение на принципиелните ставови за изградба на југословенската федерација посебно се истакнува во преамбулата на спомнатата одлука. Така, во неја се изразува правото на секој народ на самоопределување, вклучувајќи го и правото на отцепување или обединување со друг народ, второ, волјата на народот за заднички живот во Југославија изразена во заедничката ослободителна борба и трето, неразрушивото братство на народите на Југославија како темел на новата држава.

Од таа одлука произлегува дека државното единство на сите југословенски земји и правото на народите на тие земји на своја државност во склопот на југословенската федерација се основа во изградбата на државното уредување на нова Југославија. Наедно АВНОЈ со таа одлука укажува на историскиот пат – дека нова Југославија и дотогаш веќе се изградувала врз федеративен принцип, дека до основањето на новата сојузна држава дошло со согласност на преставниците на сите југословенски земји. Притоа се истакнува дека со тоа југословенската федерација не е изградена до крај и дека новата држава и натаму ќе се изградува врз федеративен принцип.

Врз идејните и политичките основи, содржани во спомнатите одлуки, се развива системот на народноослободителните одбори и народната власт во Македонија и се зацврстува националната рамноправност и слобода на македонскиот народ. Од тие причини народот на Македонија – како и другите народи на Југославија, - во тие одлуки ја гледа гаранцијата за својата национална слобода и братска рамноправност. Одттаму одлуките на Второто заседание на АВНОЈ, а особено одлуката за изградба на Југославија врз принципот на федерација, преставува и законодавни овластувања и „де јуре“ да се прифатат и да се пристапи кон подготовки за свикување на АСНОМ.

Наоѓајќи извор и основа за свикување на АСНОМ во овластувањата содржани во одлуките на АВНОЈ, Главниот штаб по Второто заседание направи уште еден чекор понатаму во реализирањето на одлуката на Централниот комитет на Комунистичката партија на Македонија од август 1943 година со донесувањето одлука за формирање на Иницијативен одбор за свикување на АСНОМ[139].

Со формирањето на Иницијативниот одбор, народноослободителното движење на македонскиот народ доби ново преставничко тело, кое што не се конституира во вистинска смисла на зборот како носител на определени функции на власта[140]. Меѓутоа, тоа доби посебно место во натамошниот развој на народноослободителната борба, бидејќи беше потенцијален носител на определени највисоки функции на власта на македонската државност, чии што контури веќе беа содржани во одлуките на АВНОЈ и озаконети во нив.

Од тие причини Главниот штаб сметаше дека може врз ова тело да ги пренесе некои свои прерогативи во областа на законодавната изградба на народната власт и решавањето на прашањата сврзани со натамошната државно-правна изградба на македонската државност врз база на одлуките на АВНОЈ. Одттаму Иницијативниот одбор со севкупната своја дејност се јавува во двојна функција: како политичко тело и како орган кој има задача а се грижи за натамошниот развој на народноослободителните одбори во Македонија, кои – со порастот на народноослободителното движење – се повеќе се проширувaа како на ослободената така и на полуослободената, односно неослободената територија.

Како највисок политички орган на Народноослободителниот фронт на Македонија, со посебно овласување да ги врши подготовките во врска со свикувањето на АСНОМ, Иницијативниот одбор подготви список на лица што требаше да бидат предложени за избор на народни преставници во првото Народно собрание на Македонија[141]. Списокот

---

[139] АСНОМ - ДОКУМЕНТИ, том 1, книга 1, Архив на Македонија, Скопје, 1984 година стр. 13.

[140]Иницијативен одбор за свикување на АСНОМ— тело на народноослободителното движење на Македонија во текот на Втората светска војна задолжено за подготвување и свикување на Првото заседание на АСНОМ. Основан е во ноември 1943 година во селото Црвена Вода (Дебрца) и е активен до одржувањето на Првото заседание на АСНОМ на 2 август 1944 година. Негов претседател е Методија Андонов - Ченто(претседател), Страхил Гигов (секретар), Цветко Узуновски, Венко Марковски и Михаило Апостолски. Во својата работа ИО тесно соработува со Главниот штаб на НОВ и ПОМ, кој постапно ги префрла политичките ингеренции на ИО.

[141]Делегати избрани за првото заседание на АСНОМ, со наведени населени места на делегирање:Александар Георгиев, градежен инжинер - Гостивар, Ацо Петровски, кројач, потпретседател на стопанската комора - Скопје, Асен Симитџиев, канд. адвокат - Скопје, Атанас Бојков, командант на Струмичкиот одред - с. Богданци, Атанас Великов Атанасов, работник - Петрич, Бане Андреев - Ронката, политички комесар на Главниот штаб - Велес, Благое Левко, адвокат - Велес, Благое Хаџи Панзов, адвокат - Велес, Благоја Минов, работник - Струмица, Благоја Фотев, земјоделец – с. Бистрица, Благоје Стефков, работник - Куманово, Борис Атков, чиновник - Скопје, Борис Поцков, типограф - Струмица, Борис Чушкаров, учител, пол. ком. на III-та бригада - Куманово, Борко Темелковски, работник - Прилеп, Боро Димитриев, воздухопловен поручник на кралската

Југословенска војска - с. Равно, Боро Милевски, поручник, командант на IV-та бригада - Штип, Боро Чаушев, работник - Неготино, Вангел Чукаловски, мајор, командант на I-та бригада - Битола, Ванчо Бурзевски, приватен чиновник - Свети Николе, Васил Атанасков Ивановски, работник - Костур, Васил Григоров Василев, работник - Петрич, Васил Кара Ангеловски, заменик командант на V-та бригада, земјоделец - Битола, Венко Марковски, поет - Скопје, Вера Ацева, домаќинка - Прилеп, Веселинка Малинска, приватен чиновник - Куманово, Видое Смилевски - Бато, банкарски чиновник - Гостивар, Владимир Полежиноски, д-р. правник - Кичево, Владо Малески, студент по право - Струга, Генади Илијев Лешков, земјоделец - с. Дреново, Бродско, Георги Ивановски, учител - Ресен, Диме Туриманџовски, мајор на НОВ и ПОМ - Кавадарци, Димитар Влахов, публицист - Кукуш, Димитар Зафировски, журналист - Гевгелија, Димитар Миовски, лекар во железничката болница - Скопје, Димитар Теменугов, пол. ком. на Струмичкиот одред, Димитри Манџовски, земјоделец - Костур, Димче Беловски, приватен чиновник - Штип, Димче Стојанов Миревски, професор - Прилеп, Душан Лукаров, работник - Скопје, Елисие Поповски, банкарски чиновник – с.Маврово, Емануил Чучков, директор на гимназија - Скопје, Штип, Епаминонда поп Андонов, професор - Струмица, Злате Билјановски, заменик пол. ком. на III-та бригада - с. Пуста Река, Злате Тренески, земјоделец - Кичево, Иван Раднански, земјоделец - с. Радна, Иван Танев, поручник - Гевгелија, Илија Божиновски, чиновник - Ресен, Илија Илијески, адвокат - Битола, Исак Сион, приватен чиновник - Штип, Јанко Шопов, техничар - Гевгелија, Јован Георгиев, свештеник - с. Дреново, Јонче Колев Трпевски, работник - Ресен, Јордан Блажевски, инж. агр. - Тетово, Камбер Асан, земјоделец – с.Долни Дисан, Кемал Аголи, студент по филозофија - Дебар, Кемал Сејфула, занаетчија - Скопје, Кирил Георгиевски, инж., архитект, Скопска општина - Прилеп, Кирил Глигоров, адвокат - Штип, Кирил Миљовски, д-р. ветеринарен лекар - Битола, Кирил Михајловски, учител - Виница, Кирил Петров Чаулев, студент - Охрид, Кирил Петрушев, типографски работник - Скопје, Кирил Стојанов, свештеник - Дебар, Коста Јашмаков, капетан, началник на штаб на III-та бригада - Битола, Лазар Гиновски, земјоделец – с.Белчишта, Лазар Мојсов, студент по право - Неготино, Лазар Соколов, инж. Економист - Куманово, Лазо Калајџиев, работник - Неготино, Лилјана Чаловска, студентка - Битола, Љупчо Арсов, инж. економист, банкарски чиновник - Штип, Мара Нацева, работничка - Куманово, Маца Карбева, домаќинка - Велес, Методи Панов Джунов, земјоделец – с.Ваташа, Методи Поповски, поручник командант на II-та бригада - Прилеп, Методи Андонов - Ченто, трговец - Прилеп, Милан Костов Стефанов, земјоделец - с. Десово, Милева Сабо, работничка - Скопје, Мино Богданов, чиновник - Велес, Мино Минов, работник – с.Маврово, Михаило Апостолски, генерал-мајор, командант на НОВ и ПОМ - Штип, Младен Георгиев, земјоделец – с.Челопек, Најдо Стаменин, работник - Неготино, Наум Наумовски, политички комесар на II-та бригада - Крушево, Наум Ташков Василевски, потпоручник, заменик командант на III-та бригада - Ресен, Нафи Сулејман, земјоделец - Битолско, Никола Иванов Вражалски, канд. Адвокат - Кочани, Никола Минчев, банкарски чиновник - Кавадарци, Никола Мицев, д-р. ветеринарен лекар бактериолог - Кратово, Никола Пеев, работник - с. Богданци, Панко Брашнаров, учител - Велес, Панче Неделковски, потполковник, заменик командант на Главниот штаб на НОВ и ПОМ - Скопје, Перо Ивановски - Тиквар, работник - Прилеп, Петар Богданов - Кочко, оперски пејач - Скопје, Петар Стојанов Манговски, адвокат - Битола, Петре Пирузе, адвокат - Охрид, Ристо Балајџалиев, приватен чиновник - Гевгелија, Славко Поп Антовски, инж., агроном - Скопје, Стоилко Костов Иванов, учител – с.Ораов Дол, Стојан Тодоровски, приватен чиновник - Куманово, Страхил Бајовски, учител - Берово, Страхил Гигов, началник, персонално одделение - Велес, Тихомир Милошевски, мајор, командант на III-та македонска бригада - с. Битуше, Галичко, Тодор Ношпал, трговец - Прилеп, Тодор Пецов Циповски, работник - Тетово, Тодор Стојанов Звездин, активен судски потполковник во Кралството Југославија - Скопје, Томо Кутурец, приватен чиновник - Крушево, Трајко Цветанов, студент - Крива Паланка, Трајче Трајчески, земјоделец – с.Црвена Вода, Цветко Узуновски - Абаз, работник - Ресен, Часлав Рангеловски, инж., шумар - Скопје, Чедомир Филиповски, работник, поручник на НОВ - Гостивар. Народни претставници кооптирани за членови на АСНОМ на седницата на Президиумот на АСНОМод 6 август 1944 година се: Абдула Алија, работник - Прешево, Васил Калајџиовски, судија – с.Вевчани, Струшко, Живко Брајковски, земјоделец – с.Галичник, Кирил Тошев Крстев, работник – с.Дебрца.Службен весник на федералната единица Македонија во Демократска и Федеративна Југославија, 1/1945, стр.47/8.

им беше доставен на партиските организации и на другите тела народноослободителното движење заради проверка дали предложените лица ја заслужуваат довербата на народот. Врз основа на таа таква иницијатива во редовите на борците и припадниците на народноослободителното движење се покрена дискусија за изборот на предложените кандидати, така што едни отпаѓаа, а други беа предлагани да бидат избрани наместо нив, зашто ја залужуваа довербата на народот и како такви требаше да бидат негови преставници во највисокиот законодавен орган на Македонија – во Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија.

Одделни одлуки и мерки што ги превземаше Иницијативниот одбор во периодот од своето формирање до конституирањето на АСНОМ содржат извесни елементи што укажуваат дека Иницијативниот одбор презел врз себе и некои функции на власта и преставувал привремено законодавно извршно тело. Иако Иницијативниот одбор немаше посебни овластувања да врши работа во доменот на изградбата на народната власт сепак неговите компетенции, разбрани во пошироката смисла на зборот, посредно носеа овластувања и за вршење на сите оние функции што беа неопходни за да се обезбеди конституирањето на АСНОМ како највисок законодавен и извршен орган на новата држава.

Во оваа смисла превземените мерки од Иницијативниот одбор за јакнење и натамошен разој на народноослободителните одбори ја преставуваат неговата суштинска дејност. Всушност АСНОМ требаше да произлезе како природна и законите последица од еден веќе во основата изграден систем и орган на народната власт од месни до општински, од околиски до окружни одбори и до нивното поврзување во Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија.

За консолидација пак на ослободените територии и за обезбедување на непречено живеење на населението во ослободените села и градови, Иницијативниот одбор беше присилен со самиот развој на настаните да обезбеди побрз развој на новите органи на народната власт, поставувајќи им определени задачи, попроширени и поразновидни.

Еден од позначајните документи на Иницијативниот одбор во овој правец преставува Прогласот за идниот развој на народноослободителните одбори во Македонија од март 1944 година, со кој се настојува, прво дотогашните органи на борбата дефинитивно на прерасната во органи на новата народна власт и второ, да се забрза работата за формирање на повисоки народноослободителни одбори – околиски и окружни[142]. Сето ова требаше во следната етапа да обезбеди непречено свикување и конституирање на АСНОМ.

Во превземањето мерки што се однесува за јакнењето на државно-правната положба на Македонија во нова Југославија, Иницијативниот одбор разгледа низа

[142] АСНОМ - ДОКУМЕНТИ, том 1, книга 1, Архив на Македонија, Скопје, 1984 година стр. 15.

прашања од непосредно политичко-правно значење за изградбата на македонската државност. Во оваа смисла се од значење неколку одлуки што ги донесе Иницијативниот одбор, како што се на пример: Одлуката да се воведе македонски јазик во сите информативни билтени и други материјали шо ги издава Врховниот штаб и радио „Слободна Југославија“, да се прифати Советската воена мисија при Главниот штаб, да се испитаат политичките услови за евентуалното обединување на Македонија и слично.

Проширувањето и зголемувањето на задачите што ги превземаше врз себе Иницијативниот одбор, посебно од април 1944 година до свикувањето на АСНОМ на 2 август 1944 година, го легетимираат како привремен орган на највисоката народна власт и му определуваат посебно место и значење во народноослободителното движење на македонскиот народ. Фактот што на една од своите седници Иницијативниот одбор ги прифати, односно ги одобри сите одлуки што до неговото формирање ги донесе Главниот штаб, а кој се однесуваат на политичката програма на државно-правната изградба на Македонија, говори во прилог на тоа дека и Иницијативниот одбор се повеќе се јавува во функција на највисок орган на народната власт, и ако тоа негово својство носеше само привремен карактер.

Напоредно со изградбата на народноослободителните одбори беа прокламирани и првите принципи на изборниот систем. Народноослободителното движење во Југославија со првите успеси во борбата против окупаторот го уриваше стариот поредок изградуваше нови преставнички тела и органи на народната власт. Во изградбата на овие органи му е придавана особена важност и на изборниот систем. Многубројни декрети и упаства, како и политички документи од овој период потврдуваат дека на изборниот систем му е посветувано посебно внимание во изградбата на новата држава.

Сите донесени прописи од периодот на народноослободителната борба што се однесуваат на изборниот систем, тргнуваат од потребата да се обезбеди што пошироко учество на масите во изборот на своите преставници во основните и повисоките органи на народната власт. На тој начин се сакаше од една страна да се манифестира политичката свест и сила на широките народни маси и од друга, изборите да бидат школа за нивното политичко воспитување.

Врз основа на веќе донесените прописи од Врховниот штаб на Народно-ослободителната војска и партизанските одреди на Југославија од февруари 1942 година, во кој се изразени принципите за изборниот систем, надлежните тела на народно-ослободителното движење на Македонија и самите донесоа такви прописи што се однесуваа на изборот на преставнички тела на народната власт. Така на пример, Иницијативниот одбор во веќе спомнатиот Проглас за идниот развој на народно-ослободителните одбори во Македонија од март 1944 година, донесе прописи и за

изборното право[143]. Основните карактеристики на изборниот систем содржани во Прогласот се состојат со тоа што општинските народни одбори си избираат врз основа на непосредното изборно право на самото население, се разбира доколку тоа го допуштаат самите услови, а повисоките органи (околиски и окружни) – врз основа на непосредното изборно право, односно со гласање на делегатите на општинските, односно околиските народноослободителни одбори. Посредниот начин беше предвиден и за избор на делегати за Првото заседание на АСНОМ.

Втор посебен значаен политички документ се однесуваше за изборот на делегатите на АСНОМ е Упатството[144] за избор на делегати за Првото заседание на АСНОМ. Упатството е донесено од Централниот комитет на Комунистичката партија на Македонија на 2. IV. 1944 година. Тоа им бише упатено на сите окружни комитети на Партијата, врз основа на содржаните принципи на изборниот систем во него да изврша избор на делегати за Првото заседание на АСНОМ.

И Упатството наоѓа од познатите веќе принципи на изборниот систем. Така, во Упатството се препорачува изборот на делегати да се врши на конференција. Само во крајни случаи, кога тоа не е можно се вели во Упатството, не треба да се спроведуваат избори. Што се однесува за личностите на предложените делегати, Упатството бара тие да бидат оние што се согласуваат со програмата изложена во Манифестот на Главниот штаб од октомври 1943 година. Од секој кандидат се бара согласност да биде избран за делегат и да изјави дека сака да оди на ослободената територија. Упатството ја предвидува можноста избраниот делегат, доколку биде спречен лично да присуствува, да може преку полномошно да овласти друг делегат наместо него да гласа и да ги одобрува одлуките што ќе се донесат на Првто заседание на АСНОМ.

Во својата активност непосредно поврзана со изборот на делегатите за Првото заседание на АСНОМ, партиските организации ја проверуваа расположбата на масите во поглед на предложените кандидати, односно во поглед на кандидатите утврдени на листата Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ. Во оваа смисла мошне карактеристични се забележувањата и мислењата на партиските раководства во однос на предложените кандидати, правејќи приговори за избор на одделни и давајќи предлози за нови кандидати.

Непосредно пред свикувањето на Првото заседание на АСНОМ, слободната територија во овој период се простираше преку патот Куманово – Крива Паланка и Куманово – Врање, вклучувајќи го целиот десен брег на Јужна Морава. Слободната теретиорија е определена како место каде што ќе се одржи Првото заседание на АСНОМ. Според Упатството издадено од Главниот штаб и Иницијативниот одбор, на споменатава

---

[143] АСНОМ - ДОКУМЕНТИ, том 1, книга 1, Архив на Македонија, Скопје, 1984 година стр. 3, 17.
[144] АСНОМ - ДОКУМЕНТИ, том 1, книга 1, …..... стр. 94/7.

територија се упатувани делегати – избрани преставници – за Првото заседание на АСНОМ.

До денот на одржувањето и свикувањето на Првото заседание на АСНОМ на слободната територија беа дојдени вкупно 60 делегати од вкупните избрани 115 делегати[145]. Меѓунив имаше луѓе од различен социјален и национален состав, а некои преку полномошно ги преставуваа и оние делегати што не можеле да присуствуаат на Првото заседание[146].

Подготовките во текот на речиси една година за свикување на Првото заседание на АСНОМ дадоа успех. На 2 август е свикано АСНОМ на своето Прво заседание и се конституира како највисоко законодавно и извршно тело на суверената власт на македонскиот народ. Донесените одлуки на неговото Прво заседание ги дадоа основите за државно правниот развој на слободната и ослободената нација, која за првпат во својата историја го прокламира создавањето на слободна Федерална Македонија во Демократска федеративна Југославија.

### 1.1. Првото заседание на АСНОМ - 2 август 1944 година

Првото заседание на АСНОМ, (2.8.1944) било одржано во свечена атмосфера и народна веселба, во присуство на делегати од трите делови на Македонија, на претавниците од југословенското воено-политичко раководство, како и преставници на големите сили, учесници во антифашистичката војна – САД и Велика Британија[147].

Заседанието го отворил Панко Брашнаров[148], македонски револуционер кој целиот живот го посветил на борбата за ослободување и обединување на Македонија. Во неговата личност биле олицетворени трите генерации македонски борци: од илинденскиот период, периодот меѓу двете светски војни[149] и периодот на НОБ за време на Втората светска

[145]Освен од Вардарскиот дел на Македонија, делегати кои учествувале на Првото заседание на АСНОМ, биле присутини и од Егејскиот (Кукуш, Костур) и Пиринскиот (Петрич) дел Македонија, како и од Прешево.
[146]Новица Велјановски, Македонија во архивот на Јосип Броз - Тито (1943 – 1953), ДАРМ, Скопје, 2012, стр. 92/3. Телеграма од Президиумот на АСНОМ до Јосип Броз – Тито и до Националниот комитет за ослободување на Југославија, Кумановско, 2 август 1944 година.
[147]Со доаѓањето на првите воени мисии при ГШ на НОВ и ПО во Македонија – на британската во септември 1943 година – на слободната територија во Западна Македонија во Црвена Вода – Охридско, а потоа и на американската и советската во 1944 година, всушност беше означено и првото меѓународно признавање на НОВМ, уште за време на Втората светска војна. Преставиците на овие мисии, преку своите извештаи, исцрпно и објективно ги информираа претпоставените во своите земји за состојбите во Македонија и за антифашистичката борба на македонските партизани против повеќекратните окупатори.
[148]Панко Брашнаров (9.8.1883, Велес – 13.7.1951, Голи Оток) бил деец на ВМРО – Гоцева , социјалист по убедување, член на ЦК и организатор на Вмро (обединета) во вардарскиот дел на Македонија. Поради својата политичка активност, во периодот меѓу двете светски војни бил осуден и поминал 7 години робија. Бил член на ИО за свикување на АСНОМ, делегат на првото заседание на АСНОМ, доследен на идеиите на Илинден. Како приврзаник на СССР бил репресиран и одведен во логорот Голи Оток каде набрзо починал.
[149]Во бугарската историографија периодот меѓу двете светски војни, се наведува како перод за време на српската окупација

војна. Во поздравниот говор Брашнаров направил успешна синтеза на претходните борби, надоврзувајќи ја кон нив иднината на Македонија. Тој ја употребил метафората за раздвиженоста на реките Пчиња, Места и Бистрица, така што на самиот почеток ја истакнал идејата за обединувањето на Македонија во нејзините етнички граници, како трајно присутна желба на сите генерации од сите делови на поделена Македонија.

На Првото заседание на АСНОМ, Иницијативниот одбор поднесе и експозе за борбата на македонскиот народ против окупаторот. Во него Иницијативниот одбор ги изнесува историските етапи од развојот на народноослободителната борба на македонскиот народ до создавање на АСНОМ и наедно укажува, на процесот на настанакот на новата држава. Имено во овој документ Иницијативниот одбор ги изнесува условите за создавање на новата народна власт во Македонија до формирањето на АСНОМ и процесот на формирањето на првата македонска држава.

Во експозето Иницијативниот одбор укажува дека новата држава настанала како резултат на борбата на македонскиот народ против гермаско – бугарскиот фашистички окупатор. Но, во експозето се истакнува дека таа настанала и како резултат на борбата на сите народи на Југославија против фашизмот. Сите народи на Југославија – се вели во експозето – борејќи се против фашизмот придонесоа да се создаде новата македонска федерална држава. На таков начин во текот, на Народноослободителната војна се коваше братството и единството на народите на Југославија и јакнеше сојузот на нациите.

Првото народно собрание, се вели во експозето, ќе прокламира создавање на нова држава прва по Самоиловата македонска држава. Тоа е пресвртниот момент во историјата на македонскиот народ од кој почнува новата епоха, на творење, национален живот, епоха на напредок.

Иницијативниот одбор наоѓа дека Македонија станува пиемонт, кој има историско право да се залага за национално обединување на македонскиот народ. Во таа смисла во експозето се навестува дека и другите делови на Македонија по примерот на Македонија во нова Југославија решително треба да тргнат во борба против фашистичките завојувачи и на тој начин да го добијат правото на самоопределување. Притоа се изјавува дека нема да се жалат никакви жртви заради давање помош на другите делови на нацијата за постигнување полна слобода и обединување.

Изнесувањето дека АСНОМ е единствениот носител на суверенитетот на првата македонска држава, Иницијативниот одбор заклучува дека тој е наедно и единствен компетентен да зборува од името на македонскиот народ, да го преставува и да биде толкувач на неговата вистинска волја, на неговите историски идеали на неговите сегашни и утрешни потреби. Од устата на Првото македонско заседание за прв пат, се вели во експозето, прозборува слободно, отворено и решително сиот македонски народ. Гласот на АСНОМ е гласот на македонскиот народ. Народот што не ги жалеше скапите жртви во

својата борба за издвојувањето на светлите идеали, завршува еспозето, ќе знае тешко издвојуваната придобивка и да ја зачува од убирот на секој нејзин противник.

Во одделно експозе Иницијативниот одбор го изнесува развитокот и организацијата на народноослободителните одбори и изградбата на народната власт во Македонија во периодот до Првото заседание на АСНОМ. Експозето содржи податоци што се однесуваат на развитокот на власта во Македонија и укажува на некој специфичности од создавањето и развојот на македонската државност.

Во експозето, се објаснува улогата на АСНОМ во натамошниот развој на народната демократска власт. Посебно се истакнува и објаснува начинот на избирањето делегатите за АСНОМ и се укажува на значењето и улогата што во времето на изборите ја одиграле народноослободителните одбори. Експозето понатаму прави краток осврт врз создавањето на народноослободителните одбори и нивното прераснување во органи на новата власт. Иницијативниот одбор наведува дека во моментот на свикувањето на Првото заседание на АСНОМ, на ослободената територија на Македонија постојат и работат петстотини народно ослободителни одбори.

Подвлекувајќи непосредните задачи пред кој се наоѓа новата народна демократска власт во Македонија, Иницијативниот одбор укажува на накој основни проблеми пред кој ќе се најдат АСНОМ и неговите органи во блиска иднина. Објаснувајќи дека по изгонувањето на окупаторот и ослободувањето на земјата ќе се појават многубројни проблеми во сите области на државниот живот, во експозето се пледира за изработката на една нацрт-програма, во која треба да се обработат најактуелните економски, финансиски, здраствени, социјални, просветни проблеми и проблемите од другите области на јавниот живот.

Своето експозе за развитокот на народно-демократска власт во Македонија, Иницијативниот одбор го завршува со апел секој граѓанин на Македонија да ги впрегне своите сили и способности во изградбата на новата среќна заедница, како пионер на утрешната слободна Македонија во новата Демократска Федеративна Југославија. Иницијативниот одбор поднел два реферати, и тоа:

- Првиот, „Борбата против окупаторот“ каде се проследува историскиот тек на национално-ослободителните одбори на македонскиот народ, со посебен нагласок на учеството на Македонците во рамките на големиот демократски анти-фашистички блок за нивно самоопределување и национална слобода
- Вториот реферат, „Народната демократска власт во Македонија, нејзината суштина и задачи“ ги содржи оценките дека до одржувањето на АСНОМ, во Македонија веќе бил изграден релативно развиен систем од органи на народната власт. Со оглед на фактот што највисоките државни органи дотогаш не биле формирани, ниту пак бил определен нивниот карактер и организациона структура, даден е

посебен осврт на карактерот и задачите на органите кои се предлагале, почнувајќи од АСНОМ, Президиумот на АСНОМ, Народното правителство (влада), помошните органи (комисии), судот за судење на воените злосторници, поверенствата при АСНОМ, а пред се НОО како органи на локалната власт.

### 2. Одлуки – решенија

На Првото заседание на АСНОМ се донесени вкупно девет законодавни акти, од кои четри имаат државно-конститутивен карактер. Со овие акти беа ставени темелите на новата современа македонска држава – ДЕМОКРАТСКА ФЕДЕРАЛНА МАКЕДОНИЈА која беше свечено прогласена. На Заседанието се донесени следниве акти:

- Решение за прогласување на АСНОМ за највисоко законодавно и извршно народно претавничко тело и највисок орган на државната власт во демократска Македонија[150]
- Решение за одобрување на решенијата, наредбите и задолженијата издадени од Главниот штаб на НОВ иПОМ и на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ[151]
- Решение за воведување на македонскиот јазик за службен јазик во македонската држава[152]
- Декларација за основните права на граѓаните на Демократска Македонија[153]
- Правилник за работа на АСНОМ[154]
- Решение за образување на државна комисија за утврдување на престапите на окупаторот и неговите помагачи[155]
- Решение за прогласување на Илинден – 2 август за народен државен празник на македонската држава[156]
- Решение за одавање признание и благодарност на Народно-ослободителната војска на Македонија[157], и
- Решението за формирање на Законодавната комисија при президиумот на АСНОМ[158]

Една од најзначајните одлуки на АСНОМ е Одлуката за неговото конституирање во врховно законодавно и извршно прествничко (народно) тело на македонскиот народ. Со Одлуката наедно се прогласува Македонија за федерална држава во Демократска

[150] АСНОМ - ДОКУМЕНТИ, том 1, книга 1, Архив на Македонија, Скопје, 1984 година стр. 154.
[151] АСНОМ - ДОКУМЕНТИ, том 1, книга 1, …. стр. 164.
[152] АСНОМ - ДОКУМЕНТИ, том 1, книга 1, …. стр. 159.
[153] АСНОМ - ДОКУМЕНТИ, том 1, книга 1, …. стр. 157.
[154] АСНОМ - ДОКУМЕНТИ, том 1, книга 1, …. стр. 159.
[155] АСНОМ - ДОКУМЕНТИ, том 1, книга 1, …. стр. 163.
[156] АСНОМ - ДОКУМЕНТИ, том 1, книга 1, …. стр. 166.
[157] АСНОМ - ДОКУМЕНТИ, том 1, книга 1, …. стр. 165.
[158] АСНОМ - ДОКУМЕНТИ, том 1, книга 1, …. стр. 162.

Федеративна Југославија. Од тие причини да се констатира дека оваа одлука содржи елементи од уставно – правно значење и заедно со другите одлуки донесени на Првото заседание преставува основен уставно-правен материјал во процесот на изградувањето на македонската државност во тој период.

Правните извори за донесување на оваа одлука се содржани во правото на македонскиот народ на самоопределување, што е нагласено одделно во одлуките на Второто заседание на АВНОЈ. Наедно одлуката на АСНОМ ја изразува суверената волја на македонскиот народ да живее како рамноправен член во новата државна заедница. Од тие причини во прокламирањето и формирањето на новата македонска федерална држава, АСНОМ се повикува и на одлуките од Второто заседание на АВНОЈ.

Одлуката за конституирање на АСНОМ како врховно законодавно и извршно преставничко тело преставува уставно правен документ врз основа на кој треба да се создаде и изградува македонската федерална држава[159]. Од тие причини таа содржи и некој основни норми што го определуваат натамошниот процес на изградбата на новата држава. Во тој поглед од особено значење се оние норми што се однесуваат на положбата на Президиумот[160] (Претседателството), кој што врши законодавна извршна власт меѓу две заседанија на АСНОМ, потоа на односите на органите на федерална Македонија спрема народноослободителните одбори. Како прв претседател на Президиумот на АСНОМ бил избран Методија Андонов – Ченто[161]. Овој однос е од посебно значење во

[159]Тодор Чепреганов – Британските воени мисии во Македонија (1942 – 1945), Скопје, 2000, стр. 211. Радиограма од CONSERVE, Британска воена мисија во Македонија, до FORCE 399, 4 август 1944година. „Масовен политички собир е одржан во /.../ во минатите два дена. Совет на привремената влада на Македонија се до општите избори. ЧЕНТО повторувам ЧЕНТО за претседател. Присутни сите мисии. PRO WO 202/370."

[160]Президиумот на АСНОМ бил во следниов состав: Методија Андонов Ченто – претседател, Панко Брашнаров и Емануел Чучков – потпреседедатели, Љубомир Арсов и Владимир Полежиновски – секретари, Венко Марковски, Цветко Узуновски, Богоја Фотев, Михајло Апостолски, Страхил Гигов, Петре Пирузе – Мајски, Кирил Петрушев, Јован Ѓоргов, Епаминонда Поп Андонов, Генадие Илиев Лешков, Ќемал Аголи, Лазар Соколов, Вера Ацева, Камбер Хасан, Ацо Петровски, Младен Ѓорѓиев Челопечки и Лилјана Чаловска – членови. На седницата на Президиумот од 6 август, во Президиумот биле коптирани и: Кирил Крстев, Васил Калајџиевски, Живко Брајковски и Абдула Алија. Меѓу другото, на седницата од 6 август, Президиумот на АСНОМ донесол Решение со кое се организирале повереинства и тоа за: информации, внатрешни работи, просвета, народно стопанство и економска обнова, финансии, сообраќај и градежнитство, социјална политика и народно здравје и судство.

[161]Методија Андонов – Ченто (17. 8. 1902, Прилеп – 24. 7. 1957) е еден од основоположниците на современата македонска држава, првиот Претседател на Президиумот на АСНОМ. Тој е преставник на Македонската национална граѓанска ориентација, учесник во национално ослободителните и во политичките борби меѓу двете светски војни, заради што е неколкукратно затворан. По нападот на Југославија и новата окупација на Македонија (1941), Ченто одбива да соработува со бугарските окупаторски власти заради што е два пати затваран и интерниран во логор. На 1. 10. 1943 година преминува на слободната територија во Дебарца каде што бил кооптиран за член на ГШ на НОВ и ПОМ. Во ноември 1943 станува претседател на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ и во тоа својство оди на о. Вис како член на македонската делегација која пред НКОЈ го поставила прашањето за обединување на македонскиот народ (24. 6. 1944). Во рамките на подготовките на Првото заседание на АСНОМ, Ченто се

изградувањето на новата власт и држава, бидејќи АСНОМ се конституира и како највисок народноослободителен одбор, односно како преставник на суверенитетот на македонскиот народ, тој е и највисок државан орган во Македонија.

Одлуката за конституирање на АСНОМ во врховно законодавно и извршно преставничко тело определува дека Претседателството на АСНОМ всушнот е негово потесно тело и дека меѓу две заседанија тоа ја врши законодавната и извршната функција што му припаѓа на АСНОМ како врховен законодавно и извршно тело. Оддтаму спомнатата Одлука изрично и пропишува Претседателството на АСНОМ своите акти да ги донесува со потпис на Претседателот и Секретарот на АСНОМ, кои наедно се претседател, односно секретар на Претседателството. Исто така, Одлуката пропишува Претседателството за својата работа да одговори пред АСНОМ.

---

спротисртавил на предлогот на Страхил Гигов, Видое Смилевски – Бато да влезе како член на Президиумот, со што го предизвикал гневот на Светозар Вукмановиќ – Темпо. На Првото заседание на АСНОМ, на 2. 8. 1944 година бил избран за Претседател на Президиумот. Набрзо заради самостојните настапи и барање на поголема самостојност на ДФМ во рамките на федерацијата, особено економска, но и заради заложбите за интегрално решавање на македонското прашање, бил етикетиран како автономист и сепаратист. Во јануари 1945 година пред Народното собраниие во Белград го инесол ставот дека најголемата експлоатација во монархистичка Југославија била вршена преку тутунот и дека тутунарите мислат дека „пак се експлоатирани и во Титова Југославија“. Се замерил со Лазар Колишевски заради ликвидациите на одделни граѓани без судски одлуки, а за истиот проблем интервенирал и кај Јосип Броз – Тито, барајќи да се престане со незаконските ликвидирања. На 30. 5. 1945 бил повикан во Белград и примен на разговор кај Броз, веројатно заради предупредување, пред да биде политички дисквалификуван. Во директен судир со Јосип Броз и со неговите најблиски соработници во Политбирото на ЦК КПЈ (Едвард Кардељ) дошол во рамките на дискусиите за првиот устав на ФНРЈ (јануари 1946) кога инсистирал на внесување на клаузулата самоопределување до отцепување. Набрзо бил изложен на директни напади од страна на македонските кадри по низа прашања. Така, на 2. 3. 1946 на седницата Извршниот одбор на НРМ Страхил Гигов директно го напаѓа Ченто, во врска со забелешките околу спроведувањето на аграрната реформа. Гигов вели: „... ќе го коментирам држењето на Ченто, кој со своите ставови како претседател на Президиумот ја компромитира власта со коментарот дека тој ги видел тие неправилности и дека не се слушале неговите забелешки“. Во текот на април бил отстранет од функциите. На 14. 7. 1946 година, во голема тајност, бил уапсен во Прилеп и префрлен во затворот во Скопје. При тоа, на 31. 7. 1946 министерот за внатрешни работи, Цветко Узуновки Абас, прв пат, јавно, објавува дека наводно, „на грчката граница“, е уапсен Методија Андонов при обид за бекство преку границата. На 19. 11. 1946 година во Скопје, започнува монтираниот судски процес против Методија Андонов - Ченто. Скопскиот окружен народен суд во состав: претседател Панта Марина и членови Лазар Мојсов и Коле Чашуле, заменик јавен обвинител Благоја Поповкси, донесе пресуда со која за кривично дело е осуден Методија Андонов – Ченто „на 11 години лишување од слобода со присилна работа и пет години на губење на граѓанските и политичките права и конфискација на најдените предмети кај него“. Казната ја издржува во Идризово, во неподносливи услови. Во септември 1955 е пуштен од затворот тешко обелен. Умира во Прилеп на 24. 7. 1957. Рехабилитиран во 1990 година, како жртва на монтиран судски процес.Маријан Димитријевски, Зоран Тодоровски, Ристо Бунтески – Бунте, Методија Андонов – Ченто (документи и материјали), ДАРМ, Скопје, стр. 493-514.

Одлуката ја пропишува и организационата структура на Претседателството. Според Одлуката, Претседателството се состои од претседател, двајца подпретседатели, двајца секретари и најмалку 16 членови.

Во тогашните услови на народноослободителната борба и изградувањето на народната власт, не било можно да се формира посебен орган – влада. Од тие причини во спомнатата Одлука на АСНОМ се констатира дека не би требало да се пристапува кон формирањето на народна влада, туку нејзината функција треба да му се довери на Претседателството на АСНОМ. Од тие причини организационата структура на Претседателството на АСНОМ е сообразена со неговите потреби, да врши функција на привремена влада. Поради тоа во решението се предвидува формирање на посебни одделенија (подоцна повереиства) за различните гранки на државната управа. Тие одделенија постојот при Претседателството на АСНОМ се до формирањето на народна влада на федералната македонска држава.

Одлуката на АСНОМ за неговото конституирање во врховно законодавно и извршно преставничко тело, прокламира дека на територијата на Македонија важат законите на федералната македонска држава и законите на Федеративна Демократска Југославија. Наедно Одлуката пропишува врховните државни органи на македонската федерална држава да донесуваат свои законодавни акти врз основа на актите на Претседателството на АВНОЈ и неговиот Национален комитет на ослободувањето на Југославија.

Спомнатата Одлука содржи, иако рудиментарно, елементи на односите меѓу федералните органи и државните органи на Федерацијата. Со таа цел во Одлуката се дадени и првите елементи на односите на законодавната контрола помеѓу државните органи на федералната Македонија и органите на народните одбори. Така, Одлуката пропишува дека Претседателството на АСНОМ има право да го отфрли секој акт на народноослободителниот одбор, ако тој не во согласност со законите на македонската држава.

Меѓу државно-конституитивните акти значајно место му припаѓа и на Решението за одобрување на решенијата, наредбите и задолженијата издадени од Главниот штаб и Иницијативниот одбор. Потребата од донесување на едно вакво решение била наметната од реално постоечката ситуација кога ГШ и ИО во текот на НОВ се јавувале како повремени воени и политичко-преставнички тела на македонскиот народ. Во таквото својство тие носеле документи од важност и за поставувањето на основите на државата. Заради тоа било нужно таквите акти да бидат верификувани од страна на АСНОМ и врз нивна основа да продолжи изградувањето на државата.

Со првите две Решенија се означуваат двете етапи во развојот на државноста и повисокиот степен во изградувањето на народната власт. Првата етапа започнала со

востанието и продолжила со создавањето на различни органи и тела, се до АСНОМ. Втората етапа ја означиле актите на Првото заседание на АСНОМ како континуитет во создавањето на државата.

Значаен акт донесен на Првото заседание на АСНОМ е Декларацијата за основните права на граѓаните. Во Декларацијата се утврдуваат основните права на граѓаните, што треба да послужат за уредување на односите на државните органи и судовите спрема граѓаните на федералната македонска држава. Наедно Декларацијата ги содржи и првите мерки на новата држава во поглед гаранцијата на граѓаните за просветно и културно издигање, обезбедувајќи бесплатна основна и виша настава и слично.Оваа Декларација во услови на војна, прокламира широк спектар на општоприфатени демократски права на граѓанинот, кои се предмет на сите устави на демократските држави и, особено на многу подоцна донесените акти на Организацијата на обединетите нации за слободите и правата на човекот и граѓанинот.

Појдовна основа на Декларацијата е член 1 според кој: „сите грѓани на федералната македонска држава се еднакви и рамноправни пред законите, не гледајќи на нивната народност, раса и вероисповед“. Оттука произлегувале сите останати политички, социјални, културни и економски права: слобода на вероисповед, совест, слобода на говор, печат, собирање, избирачко право за сите граѓани и граѓанки со наполнето 18 години освен оние кои се осудени за кривично дело или се против НОБ. Избирачкото право избирачите на Демократска Македонија го вршат со тајно гласање врз основа на општо, еднакво, непосредно и лично изборно право, со можност АСНОМ со свое решение, за време на траењето на НОВ, да дозволи отстапување од принципот на тајно и непосредно гласање, на секој граѓанин му се гарантира правото на жалба, како и правото на молба и поплака кај сите државни власти.

Воведувањето на македонскиот јазик како службен јазик на новата федерална македонска држава го санкционира една посебна одлука на АСНОМ. Одлуката го изразува принципот на самоопределувањето на македонскиот народ бидејќи сите борби за национална слобода се едновремено проследени и со барањето за признавање на македонскиот јазик и правото на македонскиот народ за неговата употреба. Сите влади на соседните балкански држави, во своите империјалистички напади врз независноста на Македонија, тргнуваа од негирањето на македонскиот јазик, стремејќи се кон асимилација на македонскиот народ преку забрана употребата на македонскиот јазик. Затоа АСНОМ на своето Прво заседание, меѓу другите одлуки, со кој се конституира македонската федерална држава, донесе и Одлука со која македонскиот јазик се издига на степен на службен јазик на македонската држава.

Со Одлуката за прогласување на 2 август за национален празник на новата федерална држава, АСНОМ и оддава признание на националноослободителната борба во периодот на првата деценија на XX век и, од друга страна ги поврзува традициите на

македонските востаници од 1903 година со народноослободителната борба на македонскиот народ против окупаторот.

Бидејќи со Одлуката за воведувањето на македонскиот јазик за службен јазик, АСНОМ наедно декларира уште една гаранција за признавање на македонската национална индивидуалност, со оваа одлука всушност симболично се означени генезата и развојниот пат на националноослободителната борба на македонскиот народ, нејзиниот континуитет.

Со посебна одлука АСНОМ на своето Прво заседание го утврди изборот на пратеници – преставници на македонскиот народ Антифашистичкото веќе на народното ослободување на Југославија.

Со посебна одлука АСНОМ ја образува и Законодавната комисија, како и Комисијата за утврдување на престапите на воените злосторници. Законодавната комисија всушност претставува посебно тело на Претседателството на АСНОМ и е составена од претседател и 6 членови. Членовите на Комисијата ги именува Претседателството на АСНОМ.

АСНОМ од Првото свое заседание му упати на македонскиот народ два прогласа. Еден свој проглас го издаде под насловот Манефест[162]. Тоа е акт со кој се прокламира националното ослободување на Македонија. Вториот проглас што е упатен до македонскиот народ гласи: Поставени се темелите на македонската федерална држава во новата демократска и федеративна Југославија. Во овој проглас се дава политичко – правно образложување на законодавните акти донесени на неговото Прво заседание[163].

Основната содржина на Манифестот е: прво, сумирање на општите резултати од борбата на македонскиот народ за извојување национална слобода и второ, основните принципи за државно-правната положба на Македонија во нова Југославија.Во првиот дел Манифестот дава ретроспективен преглад на борбите на македонскиот народ за извојување национална слобода. Тој наедно го објаснува и значењето на некои историски настани сврзани со револуционерната борба на македонскиот народ.

Во излагањето на тие принципи, Манифестот прво, се задржува на принципот создавање држава и обезбедување на македонскиот народ слободно да живее во својата држава. „Од тешките борби и пролеаната крв на најдобрите македонски синови – се вели во Манифестот – денеска се појавува Првото народно собрание, кое е симбол на твојата слобода и носител на твојот суверенитет“. Манифестот понатаму истакнува дека „Првото македонско народно собрание пред целиот свет го прокламира остварувањето на полна национална слобода на македонскиот народ во првата слободна македонска држава“. И

---

[162]АСНОМ - ДОКУМЕНТИ, том 1, книга 1, …. стр. 172.
[163]АСНОМ - ДОКУМЕНТИ, том 1, книга 1, …. стр. 184.

понатаму, Манифестот истакнува: „Вековните идеали на македонскиот народ се обестинија. За прв пат по Самуил, македонскиот народ ја создаде својата сопствена држава, за прв пат македонскиот народ ќе се почуствува во Македонија како во своја куќа, за прв пат тој станува слободен народ во слободна држава[164]. Тоа е најголемото остварување во историјата на нашиот народ, изборено во гигантскиот антифашистички фронт, со крвта на најдобрите синови на Македонија и со помошта на другите народи од Југославија – слободна држава, обезбедена во нова федеративна заедница на народите на Југославија“.

Како втор принцип Манифестот истакнува дека македонскиот народ влегува како слободен и рамноправен член во демократска и федеративна Југославија. „Првото македонско народно собрание, се вели во Манифестот, изјавува во твое име дека македонскиот народ влегува како национално слободен и рамноправен член во нова демократска и федеративна Југославија, врз принципите утврдени на Второто заседание на Антифашистичкото веќе на народнотоослободување на Југославија (АВНОЈ). Со ова македонскиот народ станува градител на нова Југославија, која е дел и израз на непоколебливо единство и братство на сите нејзини народи“. „Тоа е најголемата гаранција како за слободата на секој одделен народ – се вели понатаму во Манифестот – така и за слободата на сите народи на Југославија заедно. Како дел на нова демократска и федеративна Југославија, македонскиот народ станува сојузник на големите сили победници“.

Изнесувајќи ја државно-правната положба на Македонија во нова Југославија, Манифестот ја истакнува потребата за соединување на целиот македонски народ врз принципот на правото на самоопределување.Образложувајќи го овој принцип, Манифестот тргнува од вековните идеали на македонскиот народ за остварување слобода и искрена солидарност меѓу балканските народи. Наедно Манифестот тргнува и од принципот на правото на самоопределување на секој народ. Одттука во Манифестот се вели: „Првото македонско Народно собрание го прокламира пред целиот свет своето праведно и неповратно барање за соединување на сиот македонски народ врз принципот на правото на самоопределување. Со ова – се вели понатаму во Манифестот – ќе се стави крај на робувањето на македонскиот народ во сите негови делови и ќе се создадат услови за искрена солидарност и мир меѓу балканските народи“.

Непосредно по одржувањето на Првото заседание, АСНОМ издаде втор Проглас кон македонскиот народ, во кој се изнесуваат законодавно-правните акти врз чии основи се изградува македонската федерална држава во нова демократска и федеративна Југославија.Во Прогалсот прво се набројуваат сите законодавни-правни акти што се

[164]Македонската борба за слобода во континуитет, всушност таа била длабоко врежана во колективната меморија на македонскиот народ, и не случајно се спомнува Цар Самуил – Средновековната македонска држава, дури и од X век (во средновековната историја), па до XX век како постојана борба за слобода и рамноправност на македонскиот народ секако по примерот на балканските народи.

донесени на Првото заседавање на АСНОМ и се укажува на нивното значење во изградбата на македонската држава. Прогласот понатаму истакнува дека сите тие законодавни-правни акти се плод на тригодишната борба на македонскиот народ, како и дека се тоа плодови на братството и единството на македонскиот и другите народи на Југославија.

Претседателството на АСНОМ во вршењето на законодавната и извршната функција, како и функцијата на привремна влада, во периодот на првите пет месеци помеѓу Првото и Првото вондредно заседание на АСНОМ, разви значителна активност. Таа негова активност ги зафаќа сите подрачја на општествениот живот на земјата, со цел да се забрза процесот на изградувањето на новата федерална држава.

На својата Прва седница (6 август 1944 година) Претседателството донесе заклучок да се формираат осум повереништва (оделенија): за информации, за внатрешни работи, за просвета[165], за народно стопанство и економска обнова, за финансии, за сообраќај и градежништво, за социјална политика и народно здравје и Повереноство за судство. На чело на секое од повереништвата на Претседателството наименува по еден од своите членови.

Голема дискусија се отвори по вопросот да ли вероучението да влези во состав на основната настава или не[166]. После исказувањето на сите членови на Президиумот, се реши: вероучењето да биде факултативно, но да остане во склоп на основната настава[167].

[165]На 23 септември 1943 година е отворено првото училиште на македонски јазик кое се наоѓало во село Подвис – Кичевско. Додевски Сашо – 65 Години Министерство за образование и наука на Република Македонија 1944 – 2009, Влада на Република Македонија, Министерство за образование и наука, Скопје, 2009, стр. 15.

[166]Со создавањето поголеми слободни територии по капитулацијата на Италија, во Дебарца под управа на Главниот штаб на НОВ и ПОМ, започнало средувањето на верскиот и црковниот живот преку донесување одлука за формирање веско повереништво на 11 октомври 1943 година. Така командантот на главниот штаб на НОВ и ПОМ Михајло Апостолски на 15 октомври го назначил Вељо Манчевски, свештеник од с. Брошница – Дебарско, за верски референт пр главниот штаб на НОВ и ПОМ. Верското повереништво во втората половина на октомври 1943 година во с. Издиглавје организирало свештеничко собрание за средување на црковните работи на слободната територија. На собранието учествувале 11 свештеници и 25 преставници на селските НОО. Било избрано архиерејско намесништво за девет парохии. Силно е присутна идејата за создавање самостојна православна црква во Македонија повикувајќи се на традицијата на Охродската архиепископија укината 1767 година и нејзиното возобновување како Македонска православна црква. Религиозниот македонски народ, борејќи се за својата национална слобода, го отфрла туѓонационалното и туѓојазичното владеење и проповедање во својата македонска црква. Во октомври 1944 година, во селото Горно Врановци, Велешко, и во неговата поширока околина престојуваат и работат највисоките воени и политички тела и организации на Демократска Македонија, меѓу кои и Президиумот на АСНОМ и Главниот штаб на НОВ и ПОМ. Тогаш е формиран Иницијативен одбор за организирање на Православната црква во Македонија во состав: Вељо Манчевски, Методи Гогов, Панде Поповски, поп Шаќо и Спиро Дамевски. Сите овие околности водат во насока на формирање на национална црква како другите православни цркви. Оливер Станојоски, Македонскиот автономизам и сепаратизам (1943-1946), Скопје, 2012, стр. 125/6.

[167]АСНОМ – Документи од Првото и Второто заседание на АСНОМ, том I, книга 1, Скопје, АМ, 1984, стр. 230-231

Додека Народноослободителната војна во Македонија беше успешно завршена во некој делови на Југославија сеуште се водеше борба за конечното ослободување. Ослободувањето на целата земја, одбраната на ослободените делови и организирањето на новата народна власт беа наредните задачи што стоеа пред македонскиот народ и народностите во Македонија. За тоа набргу по ослободувањето на Македонија[168], додека во другите југословенски краишта се уште се водеа тешки борби за конечното ослободување, се наложи потребата за свикување на Второто заседание на АСНОМ (познато и како Прво вондредно), на кое беа разгледани и утврдени најзначајните прашања за натамошното дејствување на органите на народната власт.

### 2.1. Независна Држава Македонија – НДМ 1944 година

По долга одисеја низ Средоземното Море, на 23 септември 1938 година, бродот најпосле пристигнал во Гдањск со своите немили и несакани патници. И покрај тоа што Иван Михајлов – Ванчо се населува во една глува провинција на Полска, тој има можност, како и пред тоа во Турција, да одржува тесни контакти со своите приврзаници во Бугарија и во Северна Америка.По влегувањето на Вермахтот во Варшава во септември 1939 година, Михајлов и неговата жена[169], која говори добро германски, се поврзуваат со Гестапо. Потоа тие се населуваат во Рајхот – колку долго, останува неизвесно. Таму тие се населуваат во привремено живеалиште во Берлин, во населбата Нојклојн, каде што му се непосредни соседи на Анте Павелиќ и на неговото опкружување.Не е јасно какви контакти поддржувал Михајлов во германскиот главен град со национал – социјалистичката власт – во архивите на Третиот рајх досега не е најдена информација по тоа прашање. Веројатно, во пролетта 1940 година, Михајлов се преселлил во Будимпешта. Таму тој ја разгледува можноста со германски и со италијански претставници за формирање македонска држава, додека Третиот рајх, како и фашистичка Италија се занимаваат со новата територијална поделби на југоисточна Европа.

Влијанието на Михајлов врз преживеаните структури на ВМРО во Бугарија реално се намалува многу видно во април 1941 година – по повторната окупација на Вардарска Македонија од бугарските војски и востановување на бугарска административна структура. Поголемиот дел од приврзаниците на Михајлов го одобруваат де факто тоа присоединување како „повторно обединување“ на Македонија со „мајка Бугарија“ и прифаќаат функции во окупираната територија.Германците, односно Вермахтот и Гестапо во Втората светска војна имале одлични информации за теренот во Македонија, каде што Македонците неофицијално ги признавале како посебен народ.Доказ за тоа е плакатот кој бил растурен низ западна Македонија од страна на Германската команда за Тетово, Гостивар и Кичево, фотографиран во септември 1943 година (по падот на Италија) од

---

[168]На 13 ноември 1944 година ослободено е Скопје, додека на 19 ноември ослободен е градот Тетово

[169]Мелпомена Димитрова Крничева, позната и само како Менча — револуционерен деец на Внатрешната македонска револуционерна организација влаинка, родум од Крушево, сопруга на Иван Михајлов. На 8 мај 1925 година, Менча извршила атентат на Тодор Паница.

страна на познатиот македонски деец, револуционер и таен агент, тетовчанецот Виктор Аќимовиќ, во кој командата се обраќа директно до Македонците, да бидат слободен народ и да не ги подржуваат комунистите. После една година на 8 септември 1944 година, (по падот на Бугарија) Германија и официјално ја признава Независна Држава Македонија (НДМ).Михајлов, кој непоколебливо ја следи целта - „Слободна и Независна Македонија", прифаќа во мај 1941 година да се пресели во Загреб – на покана испратена од неговиот долгогодишен сојузник Павелиќ, којшто во меѓувреме стана водач („поглавник") на германско – италијанската марионетска држава Независна Држава Хрватска (НДХ). До 1944 година, Михајлов е најважниот надворешно – политички и воено – политички советник на хрватската управа на усташите, како десна рака на Павелиќ.

Од Загреб Ванчо Михајлов продолжува да оддржува тесни контакти со Рим и со Берлин. Пролетта 1943 година, тој се договара со началниците на италијанската армија за формирање на врмовски одреди кои би ги помогнале италијанските окупаторски сили во северна Грција. Во октомври 1943 година, непосредно по повлекуваењето на Италијанците од Балканот, по преговорите со рахјсфирерот на СС Хајнрих Химлер, Михајлов договара формирање на силна врмовска заштитна група („Обезбедување") составена од 12.000 мажи, која би била распоредена во Егејскиот дел на Македонија, окупиран од Германците.Меѓутоа, регрутирањето на нејзиниот состав се оддолжува и не ја достигнува договорената моќ. Исто така, останува нереализиран и предлогот на Михајлов даден на Павелиќ за формирање на силна платена армија на ВМРО, која би се борела против различните партизански одреди во босанскиот дел на НДХ.

Од Бугарија – цар Борис III, како и власта на воеnoто раководство во државата, гледаат со неспокојство на активностите на Ванчо Михајлов во Загреб, бидејќи се плашат дека неговиот план да формира „Слободна и Независна Македонија" може да успее. За да може да биде контролиран, се поништува неговата смртна пресуда и му се предлага да се врати во Бугарија и да заземе раководно место во Вардарска Македонија.На изненадување на Софија и на неговите најблиски соработници, Михајлов категорично го отфрла предлогот.Поповолна е неговата реакција кон предлогот на германскиот министер за надворершни работи, Јоахим фон Рибентроп да биде претседател на една македонска држава под покровителство на Третиот рајх. На 1 септември 1944 година, Хитлер издава „фирерска заповед" за брзо прогласување и формирање на слична таква држава. Така, поради Црвената армија која секавично навлегува на Балканот, треба да се гарантира повлекувањето на Вермахтот од Грција.

Михајлов го задржува правото да даде конечен одговор на германскиот предлог, откако ќе направи посета на Скопје. На 3 септември 1944 година тој пристигнува со германски воен авион од Загреб во Софија каде ја разгледува ситуацијата со останатите свои соработници. На 5 септември човекот за врска меѓу Михајлов и СС началникот на Шестата управа (надворешно – политичкото разузнавање) во Главната управа за империска сигурност, СС – бригадфирерот Валтер Шеленберг, му телеграфира на

Рибентроп:„Со неколку расправи - денес и утре, Михајлов треба да се обиде да го спаси она што треба. Меѓутоа, состојбата изгледа безнадежна. И Михајлов е на истото мислење, откако сам можеше да се увери за состојбата на нештата“.

Истовремено СССР и објавува војна на Бугарија. Непосредното навлегување на советските трупи во балканската држава што следеше потоа, како и нивното напредување до германската основната сврзувачка линија во Вардарската долина, доведуваат до драматично изострување на воената ситуација. Како резултат на тоа, Рибентроп го притиска германскиот амбасадор во Софија СС – обергрупфирерот Адолф Хајнц Бекерле:„Денес фирерот одново нареди да биде прогласена Независноста на Македонија - овојпат без повеќе одлагања“. Тајниот документ од 5 септември 1944 година со кој по наредба на Фирерот, Македонија мора да се признае без одложување. Иако фашистичка, Германија ја признала реалноста во Македонија, се разбира заради свои стратешки цели, но сметала на симпатиите на Македонците и нивна неутрализација, но било предоцна. Македонското револуционерно движење, подржано од народот, веќе прогласило своја држава на АСНОМ и покажало во кој правец ќе се движи правичната борба за слобода и сопствена држава.На Вермахтот не им пречела картата со границите на етничка Македонија.

На истиот 5 септември Ванчо Михајлов патува од Софија за Скопје, каде на 6 септември има повеќе средби со активисти на ВМРО и со месни првенци како и средби со комунистички партизани и со претставници на граѓанското антибугарско ослободително движење на Методија Андонов-Ченто. Вечерта тој го соопштува своето решение, кое веднаш е испратено од германскиот генерален конзулат во Скопје до амбасадата во Софија:„Комитетот (скопските вмровци) се откажува категорично да прогласи независност на Македонија, убеден од Ванчо Михајлов, и по опстојна анализа на стекнатите состојби.Аргументирајќи го своето решение, Михајлов се запира најмногу на:Прво, отсуство на приврзаници анти-комунисти, кои ќе се подготвени да застанат зад независноста и да ја наметнативторо, непрекинато и агресивно деморализирање на целото население. Впрочем тука треба да се потенцира дека идејата за Независна држава Македонија (НДМ), е проект на Гермаскиот рајх и во тој поглед требало да биде под покровителство на нацистичка Германија.

Додека Хитлер, Химлер и Рибентроп се нервираат поради откажувањето на Ванчо Михајлов, началниците на Вермахтот го преземаат управувањето на Македонија во свои раце во моментот кога таа е „оголена“ заради повлечените бугарски окупаторски сили. На 12 ноември 1944 година, последните германски единици го напуштаат Скопје и заминуваат во насока кон Приштина, а наредниот ден во Скопје навлегуваат партизаните. Михајлов и неговата жена, заедно со уште неколку верни другари, се евакуирани од СС припадниците од Скопје, прво во Виена, а пролетта во 1945 година тој бил преместен во гратчето Алтаузсее, во австриските Алпи. За разлика од многуте национал-социјалистички величини кои се наоѓале таму, Ванчо Михајлов не е вознемируван ниту од американските

единици, кои пристигнуваат во градот на 9 мај 1945 година, ниту од востановената по тоа британска воена администрација, како што не е вознемируван, кога Титова Југославија официјално бара негово екстрадирање од Англичаните. Не е познато каде Михајлов и неговата жена ги поминуваат првите години по војната. Веројатно привремено се запреле во Шпанија на Франко[170]. Потоа Михајлов престојува во Рим, се до неговата смрт во 1990 година.

### 2.1. Второто (Прво вондредно) заседание на АСНОМ

На 19.11.1944 година со протерувањето на последните окупаторски и колаборационистички сили од Гостивар и Тетово, дојде до конечно ослободување на Македонија во Втората светска војна. Натамошната дејност на македонските единици во составот на НОВ и ПОЈ се одвиваше во борбите за ослободување на Косово, а подоцна во завршните операции за конечно ослободување на Југославија, по пробивот на Сремскиот фронт и понатаму до Загреб и Марибор.

Овој специфичен период на премин од војновременски кон мирновременски живот бил исполнет со силна драматика и пресврти. Тоа е период на штотуку стекнатото ослободување од окупаторските војски и време во кое Македонците требало да се откажат од заложбите на повторно обединување во име на југословенското братство и еинство давајќи свој прилог во ослободувањето на неослободените делови на Југославија. Тоа е време на силно инкорпорирање на македонската војска во југословенската, но и потчинување на воената и државна организација над партиската.

На 6.12.1944 година Врховниот командант на НОВЈ, Јосип Броз – Тито организирал советување со командантите на армиските и главните штабови, при што Главниот штаб на НОВ и ПОМ добил задача да подготви еден корпус со две девизии (XV МНО ударен корпус) во состав на Првата армија на НОВЈ на Сремскиот фронт.

Второто заседание на АСНОМ (28 – 30 XII 1944), по отварањето од претседателот на презедиумот на АСНОМ, од името на Јосип Броз Тито[171] и Националниот комитет за

---

[170]Мари-Жан Чалиќ – Историја Југославје у 20 веку, Клио, Белград, 2013, стр. 214

[171]Јосип Броз Тито (7.5.1892 – Кумровец – 4.5.1980 – Љубљана), революционер, комунист, политички и воен раководител на НОВ и ПОЈ, маршал, југословенски државник. Како учесник во Првата светска војна (автроунгарски војник) бил упатен на Рускиот фронт каде бил заробен. Во 1920 година се враќа во Загреб и од тогаш започнува неговата кариера во рамките на КПЈ, така што официјално 1940 година станал генерален секретар на партијата. Во текот на Втората светска војна ја организирал и раководел со НОВ на Југославија. По војната ги обавува највисоките партиски и државни функции. Откако се разидинува со Сталин и Информбирото (1948 – 1956), започнува со видлив пробив и афирмација на меѓународен план. Станува еден од основачите на движењето на неврзаните и еден од најпочитуваните светски лидери. По неговата смрт заради натрупаните и нерешени економски и политички проблеми дојде до распад на федерацијата (СФРЈ) која тој ја создаде и ја раководеше од 1943 година се до неговата смрт на 4 мај 1980 година. Во документите постојат различни датуми за раѓањето на Тито. Додека беше на чело на Југославија, симболично 25 мај беше прославуван како негов роденден и Ден на младоста.

ослободување на Југославија, го поздрави Едвард Кардељ[172]. Потоа, тоа беше поздравено од преставниците на АСНОС[173] и АСНОЦГ[174], од преставниците на воените мисии СССР, САД и Велика Британија, како и од преставникот на Владата на ОФ Бугарија. Говореле и други преставници и гости од Југославија и од оние делови што останале надвор од границите на СР Македонија. Во поздравните говори се истакнува голема храброст и пожртвуваност на македонскиот народ, кој под раководство на КПЈ и Јосип Броз Тито ја издвојуваа слободата и ја создаде својата национална држава, рамноправна членка во југословенската федерација. На ова Заседание беа присутни и Димитар Влахов[175], Светозар Вукмановиќ – Темпо и претседателот на Отечествениот фронт на Бугарија Добри Трпешев.

Од делегатите на Второто заседание на АСНОМ се испратени телеграми до Јосип Броз Тито, до Президиумот на АВНОЈ, до претседателите на сојузничките држави учесници во Втората светска војна и други. Во телеграмата до Јосип Броз Тито е искажана неизмерна благодарност за она што го постигна македонскиот народ до тогаш и ветување дека верно ќе го следи неговиот пат а во телеграмата до Президиумот на АВНОЈ е искажано длабокото почитување кон одлуките на Второто заседание на АВНОЈ, кој послужија како основа за новата федеративно уредување на Југославија.

На заседанието беа поднесени два реферата. Првиот и е посветен на политичката ситуација, а вториот на организационите прашања. Во двата реферата се оценува борбениот пат во изминатата трииполгодишна борба и постигнатите успеси во неа, а се

[172] Роден е на 27 јануари 1910 година во Љубљана во работничко семејство. Татко му бил кројач и член на Социјалдемократската партија, а мајка му работничка во фабрика.По завршетокот на граѓанската школа, се запишал на учителска школа, која ја завршил во 1929 година. Член на СКОЈ станал 1926 година, а 1928 и член на КПЈ.Како учител никогаш не работел, бидејќи после матурата е апсен поради комунистичките делувања. Осуден е од Судот за државна заштита, 1930 година, на две години робија, која ја одлежал во Забели кај Пожаревац.Во работничкото движење се активирал рано. Работел илегално како противник на шестојануарската диктатура. Заради политичките активности и како публицист често е апсен и прогонуван.Во 1934 заминал илегално во странство. Се до Втората светска војна се бавел во публицистика. Меѓудругото ја објавил политичко-историската „Развитокот на словенечкото национално прашање“, која излегла 1939 година под псевдонимот „Сперанс“, но цензурата заради антифашистичките тенденции ја запленила.Во 1941 е еден од основачите на Ослободителниот фронт во Словенија и потпретседател на неговиот извршен одбор.На второто заседание на АВНОЈ во Јајце е избран во Претседателството на АВНОЈ и именуван за потпретседател на Националниот комитет за ослободување на Југославија.Тој е еден од творците на историските одлуки донесени на заседанието на АВНОЈ во Јајце.После војната го вршел најважните функции во државниот апарат.Во 1978 тешко се разболел. Починал во клиничкиот центар на 10 февруари 1979 во Љубљана. Погребан е во алејата на великаните во Љубљана.Бил еден од најважните личности во СФРЈ и поседувал чин генерал-потполковник во ЈНА.

[173]Антифашистичко собрание на народното ослободување на Србија

[174]Антифашистичко собрание на народното ослободување на Црна Гора

[175]Димитар Влахов (Кукуш, 8 ноември 1878 - Белград, 7 април 1953) — македонски револуционер, општественик и државник. Бил деец на Македонската револуционерна организација, Народната федеративна партија, Солунската социјалистичка федерација, ВМРО (Автономистичка), ВМРО (Обединета), Бугарската комунистичка партија, Комитерната и Комунистичката партија на Југославија.

посочуваат престојните задачи, какви што беа мобилизирањето на конечната победа над окупаторот и извршувањето на задачите во организирањето на новата народна власт. Посебно се подвлекува дека до одржувањето на заседанието е оформена мрежа од многубројни народноослободителни одбори со толкав број одборници што го гарантираат демократскиот растеж на народната власт во целина. Недвосмислено е искажана пораката за натамошно зацврстување на народната власт како креатор и реализатор на народните интереси.

Откако се ислушани извештаите на повереноството при Президиумот на АСНОМ и дискусијата по нив, Второто заседание на АСНОМ донесе неколку решенија. Овде посебно ќе го одбележиме Решението за одобрување на работата на Президиумот на АСНОМ меѓу Првото и Второто заседание, кое истовремено преставува и признание и остварува на континуитетот и дејствувањето на АСНОМ. Со другите решенија се предвидува основањето на суд за судење по престапите против националната чест, се врши коптирање на нови членови во АСНОМ и АВНОЈ.

Гледано од една поширока историска дистанца на борбата на македонскиот народ за свое национално ослободување и создавање своја држава, АСНОМ преставува еден историски чин и акт на ослободување на нацијата и на нејзиниот премин во една нова општествено-политичка состојба. АСНОМ ги преминува рамките на конституирање на национална држава на македонскиот народ, бидејќи таа се конституира и како нов облик на една поширока општествено политичка заедница и се оградува како дел од еден поширок федеративен систем. Во таа смисла, со АСНОМ се создадоа реални услови македонскиот народ да ги изрази своите, но, исто така, и пошироките државни и национални интереси, како и стремежите на југословенските народи и народности да се живее во една рамноправна заедница. Македонскиот народ во АСНОМ и со АСНОМ ја доби својата национална држава, но и повеќе од тоа. Имено, македонскиот народ со АСНОМ и преку АСНОМ стана рамноправен партнер во изградувањето на југословенската федерација и со тоа стана носител на заедничкиот уставен систем во земјата.

Идејно-политичките и програмските основи на народноослободителната борба и социјалистичката револуција изразени во одлуките на Второто заседание на АВНОЈ најдоја најсилна потврда во одлуките донесени на Првото заседание на АСНОМ. Нејзината водечка улога создаде неразрушливо братство и единство на југословенските народи и народности, ја зацврсти нивната поврзаност внатре во Федерацијата, обезбедувајќи рамноправност и самостоен национален развиток на секоја нација. Овие историски придобивки на Револуцијата, АСНОМ ги вгради во својот Манифест упатен од македонскиот народ и народностите во Македонија со следните зборови: „Од тешките борби и пролеаната крф на најдобрите македонски синови, денеска произлегува Првото народно собрание, тој симбол на твојата слобода и изразител на твојот суверенитет. Вековните идеали на македонскиот народ се постигнати“.

Оттука АСНОМ не е само парламент во неговата класично значење на зборот. АСНОМ е институција на Револуцијата и преставува нејзино своевидно остварување. Во него се врши синтеза на нацијата и нејзините интереси и се окончува едно историско поглавје од борбата на македонскиот народ за неговото самоопределување. Во остварувањето на ова право на македонскиот народ, во условите на народно-ослободителната борба и социјалистичката револуција, се одигруваат значајни општествено-политички процеси, чие познавање овозможува да се согледа и историското место на АСНОМ во уставната историја на македонскиот народ.

АСНОМ, со своите политичко-правни акти и декларации, внесе нови сознанија во теоретскиот концепт за правото на народите на самооределување и нови идејно политички премиси во решавањето на македонското национално прашање. АСНОМ ја потврди историската законитост дека националните прашања не се решаваат со насилство и со делба на туѓи национални територии. Југословенската револуција спречи, македонското национално прашање да се „решава“ со создавање свери на влијание и на доминација и со тоа на експанзија врз слободата на македонскиот народ[176].

Внесувајќи ги своите креативни сили во изградувањето на политичкиот систем на социјалистичкото самоуправување и во развивањето на самоуправниот југословенски федерализам, македонскиот народ и народностите во Македонија им даваат реална и историска вредност на одлуките на Првото заседание на АСНОМ.

На 10.1.1945 година Врховниот командант издава наредба за префрлање на XV МНО ударен корпус на Сремскиот фронт, под паролата: „На Берлин“. Во општата клима на расчистување со „контрареволуцијата“ во Југославија, во 1945 година и македонската владеачка партиска гарнитура, сакала да плати некаква „влезница“ за нова Југославија, особено што македонците биле критикувани за „задоцнето“ подигање на востанието. Така, ако Србите, ја ликвидирале својата „контрареволуција“ во лицето на Дража Михајловиќ и неговите приврзаници, ако тоа во Хрватска се случувало со усташите, во Словенија со домобраните, и во Македонија морало да се измислат внатрешни непријатели, по секоја цена да се оздадат „контрареволуција“ и „контрареволуционери“. Низ силниот агитпроп таквите беа јавно осудувани со цел да се каже, дека и тука ги уништиле

[176]На 21.11.1945 година Владата на ДФМ носи Уредба за определување на бројот на околиите и месните народни одбори со која што се прекројува северната државна територија на Републиката. Според оваа уредба, градовите: Качаник, Прешево, Бујановац и Трговиште кои во тоа време (август 1944 – ноември 1945) претставуваа македонски административни центри, управувани од поверенствата на Президиумот на АСНОМ и на Народното собрание беа отуѓени од ДФМ. Заедно со овие центри беа отуѓени и некои села и дел од Козјачкиот масив, со што манастирот Свети Отец Прохор Пчински, во кои беа ставени темелите на современата макеонска држава, влезе во составот на НР Србија. По раздружувањето на РМ од рамките на СФРЈ, српските црковни власти ја дислоцираа поставката на оваа спомен соба. Истовремено, тие го попречуваа одбележувањето на денот на Првото заседание на АСНОМ во просториите на манастирот Св. Прохор Пчински.

„контрареволуцијата“ и „ванчовистите“ кои наводно ја рушеле Југославија и кои работеле за отцепување на Македонија.

На внатрешен-политички план веќе се оформувал судирот помеѓу македонскиот автономизам и југословенскиот централизам олицетворен во делегатот на ЦК КПЈ – Светозар Вукмановиќ Темпо и неговите приврзаници во врвовите на КПМ предводени од Лазар Колишевски[177]. Покажаниот сомнеж кон македонските кадри и кон членовите на Президиумот на АСНОМ кои не биле подготвени безрезервно да се потчинуваат на централните директиви се изроди во партиски наметнато создавање на Работно тело на Президиумот на АСНОМ.

Идеите, платформите и концептите и не се така едноставни, всушност многу битен елемент и за православната црква во Македонија, каде во годините кои следат ќе има големи проблеми во однос на тоа прашање дали автокефалност или автономност. По повод божикните празници, на 3 јануари 1945 година, свештениците Методи Гогов, Никола Апостолски и Кирил Стојанов испратиле писмо до Светиот архијерејски синод на СПЦ во кое го информирале за новата состојба во Македонија на црковен план. Тие нагласиле дека се преставници на Православната црква во Македонија и додале дека останувaат верни на каноните на Православната црква. На писмото веднаш одговорил скопскиот митрополит Јосиф, при што ги повикал свештениците уште еднаш да размислат за своите ставови, „прашањето да го разгледаат од црковно-правен аспект, а не да се водат од моментно и минливо расположение“. Светиот архирејски синод на СПЦ на 22 јануари 1945 година побарал од „самонаречениот иницијативен одбор“, како што го нарекле, сите свои молби и преписки да ги испраќа исклучиво преку митрополитот скопски Јосиф, како свој надлежен митрополит[178].

За кусо време се избрани делегати и свикан е Првиот македонски црковен-народен собор. Тој се одржува во Скопје, на 4-5март 1945 година, во салата на Офецерскиот дом со присуство на 300 делегати (свештеници и мирјани). Соборот го отворил проторејот Кирил Стојанов, парохиски свештеник од црквата Св. Константин и Елена. На Соборот присуствувал и претседателот на Президиумот на АСНОМ – Методија Андонов во кој се обратил и истакнал дека НОБ не се водела со идејата за борба против православната црква и верата, и дека верниците имаат право на народна црква. Во својата дискусија Методија Андонов ја нагласува улогата на народното свештенство во ослободителните борби на

---

[177]Лазар Колишевски (12. 2. 1914, Свети Николе – 6. 7. 2000, Скопје) е една од водечките политички фигури во НРМ/СРМ по 1944 година (од 1943 до 1963 бил на чело на ЦК КПМ/СКМ), преставник на догматското пројугословенско партиско крило, креатор на толкувањето на историјата, особено најновата. Како истакнат комунист во Крагуевац, Србија, пролетта 1941 година доаѓа во Македонија, го елеминира Методија Шаторов – Шарло, од водечката функција во ПК КП за Македонија, но, набрзо е затворен од страна на бугарските окупаторски власти и одведен во Бугарија. Се враќа во веќе прогласената држава ДФМ, по Првото заседание на АСНОМ, во септември 1944 година, и набрзо со слична подршка од Белград започнува хајка против македонските национални дејци етикетирани како „автономисти и сепаратисти“.

[178]Борче Илиевски, Македонско-српските црковни односи 1944 – 1970, Скопје, 2011, стр. 41.

македонскиот народ, и заклучива дека македонскиот народ има целосно истакнато право на своја афтокефална црква, бидејќи тој е слободен и како таков може сам да ги решава своите проблеми. Со телеграма Иницијативниот одбор на 9 март 1945 година го запознава Светиот архијерејски синод на СПЦ за соборските решенија, што потоа остро реагирал на заклучоците на Црковно-народниот собор, нагласувајќи дека не може да се признае никаква самостојна автокефална црква од страна на некој црковно-народен собор и истото се смета како потполно самоволен и неканонски акт. Притоа, СПЦ енергично бара враќање на предвоените архијереи – Срби, на чело со скопскиот митрополит Јосиф.

Великосрпскиот хегемонизам во високиот клер на СПЦ од времето на стара Југославија, продолжува и во авнојска Југославија, иако „велика Србија" на двапати е поразена, еднаш во априлската војна 1941 година и уште еднаш со НОБ и создавањето на авнојска Југославија. Светиот архијерејски синод на СПЦ не можеше да се помири со губењето на позициите во Македонија (кои тие продолжија да ја нарекуваат Јужна Србија), ниту со создавањето на посебна федерална единица и со сите сили настојуваат да ги вратат своите позиции во македонските епархии[179].

Под притисок на македонската влада на чело со Лазар Колишевски веќе во 1945 година слабеело движењето за автокефалност, што за создавање автокефална македонска црква било уште една пројава на сепаратизам, додека водачите на Иницијативниот одбор назначени како приврзаници на Ванчо Михајлов. Барањето за автокефалност се повеќе се заменува со автономност во канонската врска со СПЦ. Македонското црковно прашање добило нов правец на решавање. Резолуцијата на Првиот црковно-народен собор за властите била неприфатлива, со што дел и од свештенството почнало да се изјаснува против одлуките донесени на соборот 1945 година[180]. Автономното решавање на македонското црковно прашање станало прифатливо решение, преку кое се смета да се постигне компромис со Српската патријаршија. Партискиот став бил поинаков, Македонската православна црква да биде автономна, а не автокефална. Идејата за создавање Југословенска православна црква, родена во политичките, а не во црковните кругови, ниту тогаш ниту подоцна немала реална основа, и преставувала политичка функција. Токму во СПЦ особено остро било реагирано против каква било Југословенска црква.

Всушност, и покрај остапките на македонското свештенство, Синодот на СПЦ на седницата на 10-23 ноември 1946 година останува тврдо на својот став дека никогаш нема да се откажат од она што го добиле во историјата, барајќи уште еднаш српските епископи и други раководни лица од пред војната да управуваат со епархиите во Македонија. Таа одлука на Синодот на СПЦ преставува грешка и кусогледост, со што се вкопува во ров од кој не е излезена до денес. Со југословенското решение на црковното прашање ќе имаше корист само СПЦ која ќе ги задржеше позициите од пред војната, а само ќе ги сменеше во

[179]ОливерСтанојоски, Македонскиот автономизам и сепаратизам (1943-1946), Скопје, 2012, стр. 131.
[180]Исто, стр. 133.

Југословенска правславна црква. Во Југословенската православна црква ќе била доминацијата на српското свештенство поради бројноста, поранешната водечка улога и традиција. Македонското политичко и црковно раководство веќе се откажало од автокефалноста на МПЦ, по примерот на откажувањето на политичката самостојност на Демократска Македонија за сметка на југословенството, комунизмот и братството и единството. Откажувањето кое всушност било под притисок, но и доброволно од страна на ЦК на КПМ.

## 2.2. Настаните на Скопското кале, Штип, Велес и Куманово

На 19 ноември 1944 година со протерувањето на последните окупаторски и колаборационистички сили од Гостивар и Тетово, дојде до конечно ослободување на Македоnја во Втората светска војна[181].Натамошната дејност на македонските единици во составот на НОВ и ПОЈ се одвиваше во борбите за ослободување на Косово, а подоцна во завршните операции за конечно ослободување на Југославија, по пробивот на Сремскиот Фронт и понатаму до Загреб и Марибот.

Тој специфичен период на премин од војно временски кон мирно временски живот беше исполнет со силна драматика и пресврти. Да тргнеме со ред:

1. Тоа е периодот на штотуку стекнатото ослободување од окупаторските војски и време во кое Македонците требаше да се откажат од заложбите за повторно обединување во име на југословенското братство и единство и учество во ослободувањето на неослободените делови на Југославија. Тоа е време на засилено инкорпорирање на македонската војска во југословенската[182], но, и потчинување на воената и државната организација на партиската.Во тие услови воено-политичкото раководство во Македонија ги прифати општо-југословенските цели, иако Врадарска Македонија била целосно ослободена – борбата против окупаторите и ликвидирањето на домашните помагачи на непријателот. Од друга страна, во самиот старт на големиот југословенски фронт на братството и единството се случија побуните на војниците на гарнизоните во Скопје и

[181]Еве како Никола Кљусев накусо ја опишува победата: „Со восхит ја дочекавме победата и слободата... Партизанските единици навлегуваа во селата и градовите. Народот се собираше по улиците. Ечеа звуците на борбените песни. Граѓаните радосни со цвеќиња ги дочекуваа борците и за првпат во својот живот и во својата историја, присуствуваа на дефиле на построени, победоносни бригади на свои синови и керќи борци...“ Но, радоста беше набрзо поматена... Со убиства без судски пресуди што ги вршеа „некои новодојдени борци“ (Никола Кљусев, Ленман, хроника на една младост, „НАМ“, Скопје 2003, 222-223).

[182]На 6 декември 1944 година Врховниот командант на НОВЈ Јосип Броз – Тито организирал советување со командантите на армиските и главните штабови, при што Главниот штаб на НОВ и ПОМ добил задача да подготви еден корпус со две девизии (XV МНО ударен корпус) во состав на Првата армија на НОВЈ на Сремскиот фронт. На 10 јануари 1945 година Врховниот командант издава наредба за префрлање на XV МНО ударен корпус на Сремскиот фронт, под паролата „На Берлин“. На 12 јануари и.г. Врховниот командант на НОВЈ издава наредба со која се бара стрелањето на осудените лица да се извршува само по одобрување на Вишиот Воен суд при Врховниот штаб. На 1 март 1945 година била објавена одлуката на Поверенството за народна одбрана на ДГЈ со која НОВЈ добива назив Југословенска армија, ВШ се преименува во Генералшаб на ЈА.

Штип (7 и 14 јануари 1945) со барање да се оди на ослободување на Солун, а не на Срем. Сето ова создавало наелектризирана атмосфера и нервоза, настанале затварања и вондредна состојба.

За атмосверата во тоа време, Ефтим Гашев ќе запише: „Со доаѓањето на слободата за некои почнуваше ново „домашно ропство", масовно затварање на виновни луѓе и луѓе без вина. „Некои затвореници го дочекаа судниот ден пред народниот суд, а некои и без суд беа прогласени за злосторници и стрелани без судска пресуда. Но не е најважно самото судење, зошто беше јасно дека некои луѓе мораа да се ликвидираат. Сепак народот разбра дека ... во јануари 1945 година во Велес, без пресуда, беа стрелани 53 познати граѓани[183], а во Куманово и Ресен бројот на ликвидираните без пресуда и ден денес не се знае (за Куманово се знае 48[184], а за Ресен приближно се смета на 17-19 стрелани, б.н). Велам, ликвидирани зашто постоеја монструозни начини на уништување на класните непријатели..."[185]

Ликвидираните пак, граѓани во повеќе македонски градови, без јавно судење и без доволно доказен материјал, биле сметани за полициски агенти што учествувале во повеќето провали и убиствана борци и заднински активисти, организатори на контрачети и контрачетници[186] кои извршиле масовни ѕверства и убиства по селата, и контрачетници и полицајци кои оделе во потера против партизаните, извршиле убиства и направиле ѕверства и ограбување по селата. Притоа, останува дилемата, дали егзикуциите без судења се чин на еден систем што започнал да се етаблира или екстремен, волунтаристички испад на поединци. Сепак, доколку во рамките на системот, бил дозволен таков волунтаризам, треба да се дадат и соодветни оценки за функционирањето на самиот систем.

Тука, во таа констелација, македонската партиска владеачка гарнитура во 1945 година на некој начин требаше да се договори со Белград, да се плати влезница за тоа „братство и единство". Ако Србите, ... ја ликвидираа својата контрареволуција во лицето на Дража Михајловиќ и неговите приврзаници, ако тоа во Хрватска се случи со усташите, во Словенија со домобраните, и во Македонија мораше да се измислат „народни" непријатели, да се „создаде" контрареволуција и „контрареволуционери, да се осудат и да се каже, дека и ние ги уништивме контра револуцијата и ванчовистите кои сакаа да ја турнат Југославија и да ја отцепат Македонија"[187].

---

[183]Никола Жежов,Виолета Ачкоска, Зоран Тодоровски,Мирјана Нинчовска – Жртви на комунистичкиот режим – Четврта книга (едиција македонски искушенија), АРСЛАМИНА, Скопје, 2012, стр. 44.
[184]„Нова Македонија", од 21.2.1945.
[185]Ефтим Гашев, Нашата кауза, Скопје 1995, 52-53.
[186]Контрачетниците биле параполициски формации на бугарската окупациска власт. Имале плата од 3 000 лева и главно во тие редови работеле селани-безземјаши.
[187]Ефтим Гашев, исто, 368

2. На внатрешнополитички план веќе се оформувал судирот помеѓу македонскиот автономизам и југословенскиот централизам олицетворен во делегатот на ЦК КПЈ – Светозар Вукмановиќ – Темпо и неговите приврзаници во врвовите на КПМ диригирани од Лазар Колишевски. Покажаниот сомнеж во македонските кадри и во членовите на Президиумот на АСНОМ кои не биле подготвени за слепо почитување на централните директиви се изроди во партиски наметнатото создавање на Работното тело на Президиумот на АСНОМ[188]. Работното тело, избрано на седницата на Президиумот од 22 јануари 1945 година, наводно се формирало заради „решавање на тековните-секојдневни работи". Тоа во суштина значеше тивко превземање на извршната власт од рацете на Президиумот, зошто на чело на работното тело беше поставен потпретседателот на Президиумот и секретар на ЦК КПМ, Лазар Колишевски. Така дојде до потчинување на државната структура на партиската при што целкупниот општествено-политички живот бил под контрола на партиската комунистичка власт која раководел во „име" на народот. Притоа категоријата или поимот „народ" се користел за одредување на социјалните носители на „класната коалиција" којашто ја сочинувале работници, селани и „поштена интелегенција", ситната буржоазија, т.е. оние слоеви кои се залагале за општествени промени – национална, социјална и друга еманципација.

Наспроти народот стоеле прогласените „народни непријатели", т.е. оние слоеви и личности кои се залагале за враќање на „старото" – кралот, монархијата, капитализмот или пак не можеле да ги прифатат пролетерските (комунистички) мерки и проекции на државната политика и на општествениот развој. Со нив Партијата започнала непомирлива и бескомпромисна борба.

3. На економски план се започна со обнова на земјата и на стопанскиот живот и со борба за обезбедување исхрана на населението и војската. Со цел да воспостави целосна контрола над производството и распределбата (а со тоа да го зацврсне и својот монопол на политичка власт), партијата презеде радикални промени на сопственичките односи кои се одвиваа низ некои фази. Притоа, специфичноста на промената на сопственичките односи во периодот 1944-1946 година се состоела во тоа што таа започнала да се остварува пред спроведувањето на формална национализација, преку мерките на конфискација на имотите на НОВ и врз база на секвестар над имотите кои окупаторските власти присилно ги отуѓиле. Така, властите започнале со одземањето на приватната сопственост, најпрво преку прогласување на непријатели на режимот т.н. класни непријатели (селска и градска буржоазија), воени профитери – „воени богаташи" итн. Низ бројни процеси, или без нив,

---

[188]Формирањето на Работното тело, д-р Новица Вељановски го смета за остапување од одлуките на АСНОМ, бидејќи такво тело не „беше предвидено во решенијата, ниту пак во другите документи од АСНОМ. Такво тело не беше основано ниту при НКОЈ се до неговото официјално укинување", пред формирањето на владата Тито-Шубашиќ. „Со неговото формирање се остапи од решението на АСНОМ, според кое Президиумот како целина требаше да ја врши извршната власт. Такво отстапување, за кое секако имаше и политички причини, создаде извесен преседан" (Новица Вељановски, Историското значење на Првото заседание на АСНОМ, „Историја", Скопје, 1994/XXX, бр. 1-2, 17)

покрај конфискации биле вршени и оделни ликвидирања на дел од споменатите категории на граѓани, и тоа, не според законски прекршок, туку според слободна проценка за општествена штетност што своеволно ја давал некој од кадрите на Партијата или на ОЗН.

Во тој голем историски чекор на промени, целта, толку возвишено издигната и неразбирлива за обичниот човек, ги определува средствата. Дасе уништи воениот, политичкиот и класниот непријател во името на една нејасна комунистичка општественост креатура била крајната цел, а оружјето кон кое се посегнало било насилство, репресија. Спроведувањето на психолошки притисок и физичко насилство создавало страв, а стравот воспоставувал покорност и слепо извршување на директивите од центарот. Репресијата станала составен дел на општественото живеење.

Побуната на некои единици од македонската војска (артилериските бригади) сместени на Скопското кале беше една од табу-темите на современата македонска историографија. Молкот понекогаш зборува повеќе отколку многуте искази. Зошто се молчеше за редица настани од највисоката македонска историја, или се дозволуваше само една вистина, официјално толкувана? Ако беше се така чисто и толку едноставно какви што се објавените официјални документи за случувањата на Калето[189], како одговор на сензацијата за „масакрот“ која одекна низ печатот како бомба од перото на д-р Ѓорѓи Малковски, сега навистина не би имале што да кажеме за бунтот на војниците на 7 јануари 1945 година кои настапиле со парплата „На Солун“ !

Така, во однос на наводниот „масакар“ на Скопското Кале, писателот Јован Павловски грижливо аргументира дека настанот е документиран „уште во 1950 година во книгата Ослободилачки рат у Македонија 1941-1944, па потоа Михајло Апостолски за настанот афтентично зборува во Ослободителната војна во Македонија, од 1964 година, па Владо Ивановски, таа година во Од Дебарца до Рогашка Слатина...“ итн., а ете и Главниот одбор на Сојузот на боречките организации на Македонија организира трибина[190] за она што навистина се случувало на Божиќ 1945 година“. Покрај другите, на советувањето учествувале и генералот во пензија Тодор Атанасовски, Вера Ацева, д-р Љубомир Проданов, учесник во настаните, академикот Александар Христов кој за време на настанот бил обвинител (воен) на Македонија, Борко Темелковски, Илија Ѓозев, началникот на известувачката служба на Петнаесетиот корпус, Ѓорѓи Партеноски, учесник во настаните, д-р Владо Ивановски, тогашен директор на Институтот за национална историја. „Нова Македонија“, исто така, прави анкета со дел од осудените: Киро Брдаров од Струмица (еден од осудените на смрт), Тодор Урдов од Дојран (осуден на седум

[189]Настаните на Скопското кале на 7 јануари 1945, Документи, издавачи: АМ, ИНИ, Матица Македонска, Скопје 1997 година.
[190] Види „Нова Македонија“ од 9.3.1991.

години затвор), Стојан Козаров (осуден на смрт), Мите Ефтимов (осуден на привремена казна), веќе споменатиот Илија Ѓозев итн.[191]

И се ќе беше добро, убаво срочена аргументацијата на некои исполитизирани претерувања, ако приказната запреше тука. Но, приказната продолжи. Стојан Поповски од Ново село, прашува кога е се така, без жртви, каде е таткому на Вангел Димитров Попов и уште неколкумина од Струмица и Струмичко, убиени токму по овие настани.Затоа, прашањето на кое многумина не сакаат да го знаат одговорот гласи: Не што се случило на Божиќ, туку што се случило по Божиќ? Приказните се различни и многустрани.

Потребата да пишуваме за „Калето", произлезе од неколку сознанија меѓу кои особено е трагичниот настан на безмилосното каменување на тројцата млади војници во Штипската касарна од ноември 1945 година. Извештајот на Вера Ацева која неколку дена по немилиот настан пристигнала во Штип дава извондредно автентичен опис на атмосверата на предизвикување хистерија за линч. Вината на каменуваните била само тоа што тие биле „За Солун". Ацева наведува дека на митингот на артилериската бригада во Штип биле убиени тројца војници, прогласени од страна на партијата за „реакционерни елементи", всушност млади луѓе кои барале обединување на Македонија. „На митингот присуствувале, известува Ацева, комесарите на дивизијата и на бригадата, Беловски и Началникот на Окружна ОЗНА и сите говореле сем началникот на ОЗНА. За тепањето било подготвено претходно од страна на партијата". Последен на митингот говорел политичкиот комесар на бригадата „некој Црногорец – намерно подолго говорел за непријателските елементи во војската", со што се создала атмосвера во која запалената маса барала да се казнат и ликвидираат непријателите. Откако политкомот ги посочил кои се тие лица, војската нагрнала и линчувала двајца на лице место, а едниот го ивлекла од касарната, при што тој „се онесвестил и незнаел дали е жив". Ваков јавен линч без судење оставил црна дамка во тукушто ослободената македонска држава. „По тој случај према кажувањето на ОК во војската и во народот завладеал голем страв и слабо се зборело...". „После митинго, вели Ацева, војската ги носела на раце све до штабот на дивизијата полкомите и др. Беловски... За таја работа со Беловски разговаравме дека је неправилно, да ние не смееме никого без суд да убијаме, но он викаше да је директива од партијата и да требе сегде така да се чистат..."

Да пишуваме за настаните на Скопското кале бевме потикнати и од средбите со Ангел Мирчевски од Велес, стар предвоен комунист кој ги издржал и српските и бугарските и комунистичките затвори[192]. Само во еден момент, во еден миг, кога спроти

[191]Јован Павловски, Против историската вистина, „Дневник", 13 мај 2000, 15.

[192]Ангел Дончо Мирчевски е роден во Велес на 3 септември 1913 година. Учесник во работничкото дижење. Станал член на КПЈ во 1932 година. Во мај 1937 година е уапсен како секретар на МК на КПЈ за Велес и осуден на едногодишна казна која ја издржувал во Нишкиот затвор. Во 1941 година учествува во подготовките на Велешката партиска организација за вооружено востание. Во 1943 година е интерниран во Бугарија. Во 1944 година е во редовите на НОАВМ. По ослободувањето работи во министерството за државни набавки и во НОО за Скопската област. Во октомви 1949 година е затворен од УДБ по линија на

него седна еден од бившите ју-офицери кој на 7-ми јануари стоел наоружен наспроти разоружаните војници и разговорот кој се поведе меѓу нив двајца околу тоа што се случувало на тој ден, не натера да се соочиме со фактот дека се уште не е кажана целата приказна.

Во прилог кон потребата да ја допреме оваа тема беше и разговорот со Ѓоко Мојсов од Струга, борец во единиците на македонската војска на Сремскиот фронт[193]. Тој, меѓу другото, ни раскажа за еден немил настан во врска со случувањата од 7 јануари. Имено кога македонските трупи, во јануари 1945 година, наместо „на Солун" биле насочени „кон Берлин", некаде пред Врање од строј било извадено едно момче од оние, жигосаните кои викале „на Солун". Тогаш командантот побарал доброволец кој ќе стрела во момчето. Никој не сакал да пука, дури ни наредбата за пукање. На крајот се нашол еден комесар, Крушевчанец, кој го извадил револверот и истрелал два куршуми во главата на момчето кое повторувало „Ништо не сум згрешил! Ништо не сум згрешил!" Набргу потоа, Крушевчанецот загинал на Сремскиот фронт. Откако го слушнавме ова потресно сеќавање, во нас се пробуди сомнежот, иако за настаните има пишувано официјална историографија, но, со интенција да не се „расчепкуваат" многуте работи, со еднострано толкување и без она неопходното „adiatur altera pars". Требаше д-р Ѓорѓи Малковски, да ја допре и другата страна, чепкајќи во Пандорината кутија на македонските историски табу теми, да прозбори „дека во Скопје се стрелани околу стотина македонски родољуби"[194], па да се рабрануваат духовите во одбрана на „чистотата" на борбата. Притоа, можеби повеќе дојде до израз желбата да се брани „чистотата" на Темпо, Апостолски и особено на „другарот" Лазар Колишевски, кои според наводите на д-р Ѓорѓи Малковски, откако ги убедиле војниците да се вратат во касарните, „без предупредување е пукано од тешки митралези, при што со сигурност можеле да се тврди дека заедно, во Скопје и Штип, се стрелани околу стотина македонски родољуби".

Многу подоцна по тие настани, кога го прашувавме академикот Михајло Апостолски „Зошто не отидовте на Солун", со многу гнев одговараше: „Зарем вие мислите дека ние помалку го сакавме обединувањето на Македонија од вас? Но, ако тргневме на Солун, тоа ќе значеше дека ќе го изгубевме и она што дотогаш го стекнавме"! Во разговор со бројни учесници и сведоци на НОВ, го потврдивме тврдењето дека

---

ИБ и држан во истражниот затвор до април 1950 година, кога со четвртата група затвореници од НРМ стасува на Голи Оток со казна „општествено превоспитување" во траење од 18 месеци. По издржувањето на втората казна и на уште 4 месеци бил ослободен. Од Голи Оток се вратил во 1953 година. Неговиот син Слободан, на чие раѓање не присуствувал, тогаш веќе имал 3 години. Чичко Ангел раскажуваше смирено за сите премрежија што ги доживеал. Не можевме да сватиме дека во него има толку благост и ширина и ни малку жолч.

[193]Ѓоко Мојсов е учесник во НОБ 1941-1944 година и познат општествено-политички работник во СФРЈ, поранешен шеф на кабинетот на д-р Александар Грличков. Од повеќето историски теми за кои разговаравме, посебно го оделивме моментот за едно случување во македонските единици кои оделе кон Срем. (Разговор воден на 4.8.2000 година во Архивот на Охрид).

[194]Види: „Нова Македонија" од 23.3.1991.

навистина нивниот идеал бил не само ослободување од окупациите туку обединување и државотворно конституирање на Македонија (за повеќето бараме до доаѓањето на Темпо во Македонија како инструктор на ЦК КПЈ).

За вториот дел од исказот на Апостолски не би можеле да се сложиме, бидејќи никој пред време не може да се откаже од делови на својата етничка територија кога војната се уште трае. Делегацијата на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ (Методија Андонов Ченто, Емануел Чучков и Кирил Петрушев) прашањето за обединување на македонскиот народ јасно го поставил во разговорите со НКОЈ и Јосип Броз Тито на Вис во јули 1944 година[195]. И зошто, Тито и југословенската дипломатија, не го поставија македонското прашање на Париската Мировна конференција (кое, впрочем и денес не е затворено)[196]. Или македонското прашање требаше да се жртвува за сметка на меѓународното зацврстување и територијално проширување на ФНРЈ на северозапад („националните територии", како што стои до Декларацијата на Владата на ДФЈ од 9 март 1945). Ченто кој подготвуваше материјали за конференцијата веќе беше деградиран и наместо во Париз, испратен во Идризово. Факт е и тоа дека со доаѓањето на Светозар Вукмановиќ Темпо во Македонија (1943 година), многу нешта се менуваат во македонската народно-ослободителна платформа[197]. Тогаш беа поставени основите на процесот на дисквалификации во кој секое барање за обединета Македонија почна да се

---

[195]Делегацијата добила детални упаства, изразени во 4 точки: 1. да се испита и побара мислењето од врховните тела на Федеративна Југославија во склад со меѓународната положба и прашањето за целосно обединување на Македонија, 2. да се побара од Советскиот сојуз да испрати своја мисија во ГШ на НОВ и ПОМ, 3. да се засили пропагандата на македонскиот јазик преку вклучување по еден час програма на македонски јазик на радио Слободна Југославија, а пропагандниот материјал што го фрлаат сојузничките авиони да биде испишан на македонски јазик, 4. се овластува делегацијата да испрати до македонската миграција во целиот свет покана за помош на борбата на македонскиот народ. (Записник од заедничкото заседание на ИО за свикување на АСНОМ и ГШ на НОВ и ПОМ, 6 мај 1944, АСНОМ, Документи, том I, книга I, АМ, Скопје 1984, 91). Делегацијата на ИО и на ГШ, на која и се приклучил Светозар Вукмановиќ – Темпо, и НКОЈ одржале посебна седница на 24 јуни 1944 година. На седницата, претседателот Јосип Броз Тито декларативно ги подржал барањата за обединување на македонскиот народ, но тие биле нешто ублажени, при што произлегле следниве заклучоци: 1. се уважува правото на македонскиот народ и неговото тежнение за обединување на сите негови делови како негово постојано барање, 2. со оглед на постојаната меѓународна положба преурането е ова прашање да се поставува сега зошто би се довела во неповолна положба Македонија и Југославија, 3. развивање на борбата во сите три дела на Македонија со помагање на ослободителното движење на македонскиот народ против окупаторот, со изразување на желбата на останатите два дела, преку борба да дојдат до свое самоопределување, и 4. македонскиот народ во Југославија ќе ги помага овие ослободителни движења каде и да се појават тие (Види: Слободан Нешовиќ, Стварање Нове Југославије 1941-1945, Београд 1981, 371-372).

[196]Овде мора да наведеме еден исказ на нашиот студент на последипломски студии Јорданчо Поповски за време на испитот Историја на Македонија, најнов век. Имено, зборувајќи за меѓународната положба на Југославија и Македонија, тој децидно изјави дека, Тито немал право да се откаже од репарациите кои Бугарија требало да ги плати на ФНРЈ според мировните договори од Париз. Со таа одлука на Тито биле оштетени оние делови кои биле под бугарска окупација. Во сеопшта сиромаштија и недостаток на акумулација на развој, тие пари и те како и биле потребни на НРМ. Во сите досегашни толкувања, историчарите го ставаа овој гест во арсеналот на Титовата „великодушност", но, младите историчари размислуваат поинаку.

[197]Види: Виолета Ачкоска, Кузман Јосифовски – Питу во сеќавањата на Светозар Вукмановиќ – Темпо, Зб. „Кузман Јосифовски – Питу, време – живот – дело", ДНУ-Прилеп, ИНИ, Скопје, 1995, 365-378.

карактеризира како автономистичко, а со тоа и антијугословенско, бугарашко, ванчо-михајловистичко, сепаратистичко итн.

Интересен е и одговорот на генерал-полковник Тодор Атанасовски на прашањето: „Солун или Срем?“ Меѓу другото тој вели: „... До август 1944 година ние водевме народно и националноослободителна борба. Од втори август наваму Македонија води војна, зашто тоа го прави како држава. Од АСНОМ наваму јас сум веќе припадник на воена формација која има држава зад себе. Знаете ако одиме до крај и сега имаме право да го препотпишеме мировниот договор. Тогаш во тоа време, господ да не му даде кој не сакал Македонија да биде цела... Но знаете што ќе се случеше ако тргневме на Солун? Тогаш ќе ја изгубевме Македонија! Војнички сосема ќе ја изгубевме Македонија. Знаете ли тогаш какви се договори не беа направени меѓу сојузниците? Ние не можевме да ја задржиме сојузничката војска на границата, а ќе ги упропастевме и тие придобивки што ќе ги имавме“[198].

Ваквите искази, особено на Апостолски и Атанасовски како еминентни воени експерти не ставаат пред дилемата: Дали оние кои барале да се оди на Солун, биле штетни за Македонија? Или пак биле под бугарско влијание и како такви треба да бидат ставени во арсеналот на непријатели на „југословенството“. Или одговорот е трет. Тоа биле вознесени идеалисти кои не сакале да се откажат од историската шанса за обединување на македонскиот народ, патриоти со доблест кои како такви треба да останат запишани во македонската историја, како поука дека и во најтешките моменти не треба да се откажеме од националниот идеал!

А со колку ли пламен, делегатите од егејскиот и пиринскиот дел на Македонија го поздравија создавањето на македонската држава на Првото и Второто заседание на АСНОМ, сметајќи ја Демократска федерална Македонија за пиемонт околу кој ќе дојде до обединување на целиот македонски народ (самостојно или во федерација)[199]. Знаејќи ги

---

[198]Тодор Атанасовски, Македонија-историски ограбена земја, „Нова Македонија“, 12.8.1994, 13.

[199]Полковникот Пецо Трајков, на свечениот дел од Второто заседание на АСНОМ (28-30.12.1944), меѓу другото, вели: „Се јавувам пред вас со голема возбуда, зошто преживувам еден вистински момент, сублиматен момент, дека за првпат во историјата имаме наша слободна држава. Јас, кој се борев долги години за таа идеја и за која срадав во Бугарија од агентите на цар Борис, од фашизмот, од бандите на Иван Михајлов, каде што бев праќан во логори и затвори, ја следев со растреперено срце вашата херојска борба... Јас сум од Лерин, преставник од Егејска Македонија, зарем херојството на Леринско, Костурско, каде што се разгоре таа величенствена епопеја во нашата историја – Илинден, Воден кои ги роди најубавите борци, Кукуш, градот на нашиот апостол Гоце Делчев на нашиот водач и првоборец Димитар Влахов, зарем Пиринска Македонија на учителот и другарот Јане Сандански, зарем тие македонски земји ќе ги заборавиме? Не. Треба да се присоединиме и ние кон вас, кон слободна и демократска Македонија во рамките на Титова Југославија и никој не може да ни го одземе тоа право. Тоа право е дадено од Московската и од Техеранската и од Атланската карта...“. На говорницата настапил и Христо Калајџиев од Пиринска Македонија, кој наведува дека, нивните задачи се: „1. Да ги прибереме се повече и повеќе емигранските маси кон нашето дело, 2. Да ги искорнеме се повеќе и повеќе остатоците од великобугарштината меѓу масите и да создадеме правилен однос кон македонскиот проблем. Нашиот долг е исто така да ви помогнеме при изградувањето на македонската држава...“ (Ставре Џиков, Македонија во комунистичкиот триаголник, „Ѓурѓа“, Скопје 1994, 72-73).

крајните цели на борбата на македонскиот народ, дури и преставникот на Србија на Второто заседание на АСНОМ, Михајло Швабиќ, по повикот македонците да ги продолжат воените дејства за ослободување на Југославија, вети подршка од српскиот народ и сите други народи на Југославија на македонскиот народ за обединување на Македонија[200].

Затоа и одговорот на прашањето зошто се случија настаните на 7 јануари и зошто дојде до побуна на дел од војниците во македонската војска е многу едноставен. Одговорот го кажуваше и Михајло Апостолски и потоа Тодор Атанасовски посочувајќи дека и тие заедно со нивните борци се бореле за „цела Македонија“. Но, за жал, во написите објавени во „Нова Македонија“ од 25 март 1991 година, Михајло Апостолски[201]ги негира националните побуди на борците кои барале обединување на Македонија. Во овој напис целата работа ја сведува на „неколку бугарски артилериски офицери“, при што се заборава фактот дека имало појави на отпор на 15 корпус во марширањето кон „Берлин“. Така на патот за Белград, биле растурени протесни летоци. Со телеграма од 19 февруари Белград бараше да се спроведе истрага за откривање на лицата што ги растураа[202].

Дека не се работи „за неколку бугарски артилериски официри“ туку дека тоа е израз на духот на времето и на расположението на македонскиот народ[203]и на неговите национални дејци, се надополнува и исказот на Ченто во писмото до Јордан Чкатров, напишано по одржувањето на Првото заседание на АСНОМ. Тука, меѓу другото, Ченто вели: „...сега, кога политичката ситуација се развива со таква голема брзина и голема промена, во наша полза, сметам дека е потребно и за должност сите сили, сите политички лица, кои мислат добро за македонскиот народ да се обединат. На тој начин полесно можиме да се бориме за обединувањето на цела Македонија. На тој начин помалку крв да се пролева во Македонија бидејќи до сега многу крв се пролеја за Македонија...“[204]. Еден ден пред првото судење на побунетите војници, на 28 јануари 1945 година и Димитар Влахов се јавува со изјава дека обединувањето е неприкосновено право на македонскиот народ, признато од сојузничките сили[205].

---

[200]Михајло Миноски, Авнојска Југославија и македонското национално прашање (1943-1946), „Менора“, Скопје 2000, 185.

[201]Овде мора да забележиме дека не се работи за автентична актуелна изјава на Апостолски во 1991 година, бидејќи тој починал на 7 август 1987 година во Дојран.

[202]Михајло Миноски, исто, 196-197.

[203]Негодување кон наредбата да се оди на Срем имало и во други градови среде македонските единици. За тоа се сеќава Никола Коларов, еден од судените во битолската група на ВМРО во 1947 година во Битола, кој вели: „И во Базерник, и во околината, се јави отпор кај мобилизираните младинци за војска да одат на Срем. Тамошните позадинци открија дека јас сум ја раширил таа идеја“. Тоа се случувало при крајот на 1944 година (Стојан Ристески, Судени за Македонија..., 175-158).

[204]Методија Андонов Ченто, Документи, ДАРМ, Скопје 2002, док. 42, Писмо до Јордан Чкатров од Ченто и Чучков за неговото излегување на слободна територија, 21 август 1944, 115.

[205]Димитар Влахов, Македонскиот народ има право на свое соединување, „Нова Мкедонија“, 20.1.1945, 2.

Така за разлика од воениот командант, дел од највисокото државно раководство на Демократска Федерална Македонија и обичниот борец сметале дека во тие услови е можно да дојде до обединување на македонскиот народ. Реално или само како желба, но, борбата се уште траела, а можностите можеби не биле исцрпени. Затоа наеднаш експлозија, побуна. На командата „Сите на Берлин“ македонските војници одговориле со спонтана побуна, истакнувајќи ја паролата „На Солун!“ Од една страна се судриле партиските директиви и стратешките проценки на ГШ на НОВМ, на чело со Колишевски и Апостолски, а од друга страна вербата за обединување, која се поткрепувала со фактот дека сите мирољубиви народи на Балканот водат борба против заедничкиот непријател-фашизмот и дека во рамките на таа борба македонскиот народ се здобил со правото на самоопределување. На сите им беше јасно дека обединувањето може да се изврши доколку се помогне борбата на македонските борци во егејскиот дел на Македонија, но, Апостолски и воено-политичко раководство на ДФЈ, проценија во тој момент дека треба да отстапат пред интересите на сојузниците.

Светозар Вукмановиќ Темпо, во своите мемоари (во кои за жал има многу невистини, субјективизам и омаловажување на македонските комунисти и борци)[206]запишал: „Ранковиќ еден ден ми соопшти дека во Скопје се побуниле некои воени единици: одбиле да одат на Сремскиот фронт, имало и мали демонстрации и пароли: „Не сакаме на Берлин, сакаме на Солун“. Веднаш тргнав за Скопје, но, додека стасав, состојбата беше веќе нормална... Ме интересираше која единица беше во прашање и од каде се мобилизирани нејзините луѓе. Не можев да поверувам дека така постапила единицата која веќе учествувала во борбите. Тие мои претпоставки се потврдија. Се разбира за делови од Бригадата формирана во Бугарија после септемврискиот пресврт. Бригадата беше составена од Македонци кои цела војна ја поминаа во Бугарија и не учествуваа во борбите. Наша грешка е што луѓето не ги распределивме по единиците кои имаа борбено искуство...“[207]При ова би додале што наведува полковникот Пецо Трајков[208]. Имено „при создавањето на бригадата беше вооружан и Лазо Колишевски и уште шеесет политзатвореници, излезени од фашистичките затвори, со револвери и шмајзери. Самиот Лазо Колишевски беше облечен во бугарски офицерски алишта, со чин поручник. Го проверим неговото мислење како секретар на КПМ, дали го одобрува формирањето на

[206]Длабоко навреден од оценките за развојот на КП и НОБ во Македонија, како и од тонот што провејува низ повеќе редови на овие мемоари, беа македонските комунисти и учесници во НОБ, како и пошироката јавност. Беа упатени многубројни забелешки и коментари на адреса на овие мемоари, а поцелосен одговор и анализа во трудот „Писмото до Темпо“ дава Вера Ацева, како еден од живите сведоци и актери на опишаните настани. (Вера Ацева, Писмо до Темпо, „Култура“, Скопје, 1991).

[207]Светозар Вукмановиќ Темпо, Револуција која тече, Мемоари, Београд 1971, кн. II, 5-6.

[208]Трајков Петар-Пецо (с. Врбени, Леринско, егејскиот дел на Македонија, 2.6.1886 – Софија, 13.1.1964), деец на македонското ослободително движење. По расцепот на ВМРО, се приклучил кон протугеровистите во борбата против Иван Михајлов. За време на Втората светска војна учествувал во антифашистичкото движење, поради што бил затворен од бугарските власти. Во 1944 година станал командант на бригадата „Гоце Делчев“, формирана од македонци во Софија, која учествувала во ослободувањето на Македонија. Бил избран за член на АСНОМ и присуствувал на Второто заседание, одржано во декември 1944 година во Скопје. (Македонски историски речник, ИНИ, Скопје 2000, 456-457).

бригадата од страна на ОФ власт. Тој, не само што го одобри тоа, но искажа и големо задоволство, особено од ЦК на БКП...“[209].

За атмосферата при формирањето на воените единици кои доаѓале во Македонија[210], Пецо Трајков запишал: „Во еден убав септемвриски ден на 1944 година во логорот на патот за Књажево, се случи потресно испраќање на македонските војници. На платото беа построени батаљоните, првиот од кои што веќе тргнуваше за Македонија за помош на македонските партизани“. Откако им одржал говор, Трајков му ги предал знамето на командирот на првиот батаљон Богомил Панов. „Десет илјади граѓани, претежно од македонската емиграција, македонски дејци и белобради Илинденци, со насолзени од радост очи, ја испратија бригадата за родната земја“[211].

Се покажа, мошне несигурно кога податоците во Мемоарите на Темпо се земаат за готово[212], зашто постојат искази дека побунетите војници биле разоружани со интервенцијата на партиското раководство (Колишевски)[213], командантот на ГШ на македонската војска, генералот Михајло Апостолски и Светозар Вукмановиќ Темпо, иако овој тврди дека за настаните „слушнал од Ранковиќ“ и дека кога дошле во Скопје состојбата била „нормална“. Киро Брдаров (диригентот), учесник во настаните, кажува дека со Апостолски, во смирувањето на ситуацијата бил и Темпо[214]. Притоа не сакаме да ја отфрлиме можноста дека навистина Темпо не бил тука во моментот кога војниците со

---

[209]Пецо Трајков, Национализмот на скопските раководители, Софија, 1949, 15.

[210]Инаку соработката помеѓу македонските и бугарските единици била договорена од врховното југословенско раководство уште пред 9-септемврискиот преврат. На 17 август 1944 година главните штабови на НОВ на Македонија и на Србија им наредиле на своите единици да воспостават врска со единиците на бугарската војска со цел заеднички да ги ликвидираат германските и квинслишките сили, врз основа на претходно воспоставената соработка помеѓу НОВЈ и бугарското движење на отпорот.

[211]Набрзо Пецо Трајков бил повикан од „Бане Андреев, политкомесарот на Главниот штаб на НОВМ“, кој „упорно го молел да замине кај нив во Главниот штаб“ бидејќи неговото „присуство таму било од голема важност“. Така со испраќањето на Вториот батаљон на бригадата „Гоце Делчев“, Пецо Трајков дошол извесно време во ГШ. Инаку, по капитулацијата на Бугарија, беше договорена соработка со Отечествениот фронт, такашто, во тие рамки се формираше и бригадата „Гоце Делчев“ од македонски војници во бугарската војска и Македонските доброволци од македонската емиграција во Бугарија, со вкупен број од околу 12.000 борци, со командант Пецо Трајков и политички комесар Мирче Анастасов (Пецо Трајков, Национализмот на скопските раководители, ..., 22-28).

[212]Боро Китановски, Судење на Македонија, „Коста Абраш“, Охрид, 1997, 25.

[213]За време на одржувањето на Конгресот на НОМС, вели Колишевски „вториот ден од работата, меѓу делегатите влегоа група војници во бугарски униформи. Со пушките готови за пукање извикуваа: „Кај се тие Срби што сакаат да не пратат на Берлин место на Солун?!“ „Пред зградата на Домот на армијата викаа група војници на артилериската бригада, скандирајќи: „на Солун!“ Делегатите и гостите излегоа надвор, опколувајќи ги војниците на артилериската бригада. Вооружените делегати ги насочија своите автомати и пушки во масата извикувајќи „Вие сте предавници на македонскиот народ!“ Бунтовниците се вратија во касарната. Ние, членовите на Централниот комитет и членовите на Штабот на НОВ на Македонија, веднаш стапивме во акција за да ја расчистиме состојбата. Веднаш отидовме во касарните. Се обратив пред разгневените војници. Меѓутоа некои групи не се смируваа, напаѓаа, па моравме остро да се спротиставивме... Ги уапсивме најгрлестите и водачите, не смеевме да се колебаме. Тоа беше и налог на ЦК КПЈ. (Драган Кљакиќ, Времето на Колишевски, „Матица Македонска“, Скопје 1994, 268-269.).

[214]Виктор Цветановски, Автентични сведоштва, „Нова Македонија“, 19.3.1995.

песни и знаме оделе на плоштадот[215] барајќи го Апостолски да застане пред нив, но, сигурно е дека брзо пристигнал. Тоа го потврдуваат исказите на полковникот Јефто Шашиќ, началникот на југословенскиот КОС. Имено Шашиќ наведува дека Ранковиќ, моментално, додека уште траеле немирите ги повикал него со група офицери од службата и Темпо и им наредил да ги смират војниците. Темпо и Шашиќ веднаш тргнале за Скопје. Вечерта преспале во Ниш, утредента, на 8 јануари, стигнале во Штабот на Апостолски. Така, може да се прифати дека сепак, учествувале во целосното смирување на ситуацијата. Лазар Колишевски, исто така, тврди дека на 7 јануари со Темпо ги смирувал војниците во гарнизонот во Штип. Колишевски настаните во Штип ги лоцирал на 7 јануари, а во Скопје, ден пред тоа, на 6-ти[216], но според документите од судењата, датумите се 7 и 14 јануари.

Без оглед на искажаните субјеќтивни оценки на Темпо, редакторите на објавените документи Настаните на Скопското кале, во предговорот се децидни дека немирите „се тесно поврзани со прашањето за целосно обединување на Македонија“, меѓутоа се согласуваат со оценките на Апостолски и Атанасовски дека тешко може да се спротистават на британскиот интерес во Грција, зацврстен со договорот од Москва меѓу Черчил и Сталин во октомври 1944 година.Ипокрај сите меѓународни игри на големите сојузнички сили и интересите на југословенското раководство, се покажало дека идеите за обединета Македонија се многу силни. Затоа, верувајќи дека тоа е последниот одлучувачки момент и обединување на татковината[217], на 7 јануари 1945 година, дел од силите на НОВ и ПОМ се спротиставија на директивата за заминување на Сремскиот фронт. Се работи за две артилериски бригади, иако имало повеќе превирања. Во историографијата, овој настан е означен како Настаните на Скопското кале.

На големиот митинг на плоштадот во Скопје, на 10 јануари, на одржувањето на Вториот конгрес на НОМС[218], командантот на ГШ Апостолски соопштува дека 15-от корпус на македонскта војска ќе се бори за уништување на фашистичките сили во Југославија, „во Берлин да го постават знамето на Југославија“. Од истата говорница, Крсте Црвенковски побунетите ги нарекува „клика од остатоци од фашистичките окупатори, вовлечени во нашата војска, провоцираат и расправаат дека народот не сака да оди на Берлин... Тие исти предавници сакаат да ни го разрушат братството и единството со останатите народи на Титова Југославија“. Така одбивањето на македонските војници да војуваат во Југославија и нивните барања да се продолжи борбата за ослободување на приморскиот дел и да се обедини Македонија е непријателство спрема македонскиот

[215]Настаните на Скопското Кале..., 52-53, 55.
[216]Драган Клакиќ, Времето на Колишевски..., 23, 25.
[217]Настаните на Скопското кале..., 23, 25.
[218]Инадески Митре, Хронологија на Скопје– Работничкото и народноослободително движење 1939 - 1945, Архив на Скопје, Скопје, 1974, стр. 199-200.

народ[219]. На 13 јануари доаѓа наредбата од Белград со кој се бара сите учесници на демонстрациите да бидат разоружани и испратени на присилна работа. Сите организатори да се уапсат и да се изведат пред воен суд[220].

Уште нестивнатите превирањата и гонењата на побунетите во Скопје, на 14 јануари дошло до побуна на еден батаљон на 20-та бригада од 50-та дивизија од гарнизонот во Штип[221], кога се дознало за наредбата за заминување на бригадата од Штип кон Куманово и натаму на фронтот во Србија. Под паролата „На Солун" побунетите војници барале продолжување на војната за ослободување и обединување на пиринскиот и приморскиот дел на од Македонија. Имено „во старата касарна во Штип се побунила бригадата..., војниците излегле надвор, во кругот на касарната" извикувајќи: „Не сакаме на Сремскиот фронт! Сакаме на Солун!" Притоа, вели Колишевски „ги мобилизиравме сите членови на партијата и на СКОЈ во градот, сите политички раководители, како и Командата на 50-та дивизија. Наредивме да се земе оружјето. Организиравме одреди од комунисти и им наредивме бунтот да го задушат". Истовремено била воспоставена врска со командата на военатa единица стационирана надвор од Штип. „Во општинскиот комитет на СК (КП, б.н.) тогаш секретар беше Ангел Чемерски. Таа ноќ за последен пат во кругот на касарната на побунетата бригада упативме луѓе активисти да се обидат да ги смират војниците: Киро Михајловски-Груица, Стојан Бочвалов и уште неколку другари на ОЗН, другарите Мито Мицајков и Васил Златев. Јас бев во кругот на касарната. Излеговме пред бунтовниците. Се обидовме да ги смириме, но една група војници не сакаше да слуша, вревеа и за тоа време во кругот на касарната правеа барикади. Ним им се спротистави друга група од побунетата единица што беше лојална на комунистите, па настана невиден метеж"[222]. За бунтот на војниците во Македонија веднаш бил известен ЦК КПЈ кој реагирал со барање „демонстрантите да се разорожуваат и да се пратат на присилна работа од еден месец. Сите организатори да се уапсат, да се спроведе истрага и да се изведат пред воен суд". Колишевски преземајќи ги директно работите во свои раце спровел разорожување на војниците кој учествувале во демонстрациите, ги уапсил и ги казнил по пет дена затвор.[223] Сите раководители и организатори на демонстрацијата биле ставени под истрага на ОЗН, а потоа предадени на воениот суд[224].

Побуните на македонските војници во Скопје и Штип, како што кажавме, уште веднаш по нивното избувнување беа оценети како непријателско дејствување, против братството и единството на југословенските народи и против југословенската заедница.

---

[219]Секој кој не сака да оди на Берлин е непријател на македонскиот народ, Нашиот пат е од Вардар до Берлин („Нова Македонија", 11.1.1945, 4-5).
[220]Драган Клакиќ, исто, 270.
[221]Колишевски наведува дека се работи за штипската батерија, првиот дивизион и од третиот дивизион 360 војници (Драган Кљакиќ, исто).
[222]Драган Кљакиќ, исто, 269.
[223]Многу подоцна Темпо изјавил дека „бунтовниците биле смирувани со убедување", на што Колишевски додава „Можеби Темпо заборавил кога беше во Штип на 7 јануари" (Драган Кљакиќ, исто, 270).
[224]Драган Кљакиќ, исто, 270.

Дури полошо нивното барање за ослободување на делот на Егејска Македонија, од страна на некои официални преставници на државно-партиската власт беше оценето како шовинизам[225]. Така Колишевски, кој веќе преку Работното тело на Президиумот на АСНОМ и како водечки партиски човек ја концентрираше највисоката власт во свои раце, вели: „шовинистите кај нас исфрлија парола зошто тргнале Македонците да се борат за ослободување на Срем, на Хрватска и Словенија, а не останале во Македонија. Но, нашите борци тргнаа на фронтот и не обрнаа внимание на таквите провокаторски пароли од непријателските елементи и странските агенти...“[226]. За Колишевски очигледно вековниот стремеш на Македонците за формирање своја држава во етногеографските граници е непријателска идеја наспроти големиот фронт на југословенското братство и единство. Така се востановува практиката на дискфалификации за пројавен македонски „шовинизам“ или „национализам“, да бидат ставени на тркалото на репресијата луѓето кој се застапувале за интегрално решавање на македонското прашање (иако голем дел барале тоа да се реши во рамките на авнојска Југославија). Притоа, во најголемиот број, овие луѓе никогаш не пројавиле шовинизам кон ниту еден друг народ, туку едноставно барале остварување на историското право на македонскиот народ за самоопределување и за национална држава, по образецот на европската историја на новиот век.

Побунетите единици набрзо биле разоружани, а „главните учесници“ задржани во истражниот затвор, до одржувањето на главниот претрес на 27, 28 и 29 април 1945 година[227], иако првиот претрес суште недоволно подготвен, бил одржав веднаш на 29 јануари[228]. Пред воениот суд на Скопската воена област биле изведени 39 лица поради организирање и учество „во отворен бунт... против установениот ред-поредок на Народно-ослободителната војска на Југославија“. За кривична одговорност беа земени „истакнуваните пароли“ (против одењето на Берлин, а за Солун) кфаликувани како „предаство на народните интереси и на самата борба“. Обвинетите „организатори и поттикнувачи“ и „непосредни учесници“, Воениот суд на тајното судење ги прогласи за виновни и осудени 34 лица: 12 на смрт со стрелање, 13 на долгогодишни затворски казни,

[225]При лепењето на етикети за шовинизам, веројатно повод дало спротивставувањето на македонските војници против „инструкторите Срби (биле доведени 140 Срби во единиците, б.н.), кои ништо не знаеле и расправале пак ќе се врати стара Југославија“. Притоа, во изјавата на Киро Брдаров пред судот стои: „...Ја кога ја игравме и пеевме во дворот викнав нејќеме српски началници кои ни зборат за стара Југославија и Јужна Македонија“. Слична изјава за српските инструктори кои зборувале дека ќе се врати стара Југославија дава и обвинетиот Панче Ефтимовски, потоа Иван Костов итн. (Настаните на Скопското кале..., 191-193).
[226]Колишевски Лазар, Тие што се против слободата и националните права на малцинствата се непријатели на нашиот народ, „Аспекти на македонското национално прашање“, „Култура“, Скопје, 1962, 33.
[227]Како илустрација, овде би ја цитирале изјавата во завршниот збор на обвинетиот Крсте Наумов Димов. Тој изјавил: „Доброволно сум се пријавил во македонската бригада и сум се борел како истински патриот во многу опасни борби за слободата на македонскиот народ. Признавам да сум погрешил, но треба да се има предвид мојата многу слаба политичка подготовка, непознавање на борбата и заблуда. Се кајам и молам за милост, како обеќавам да се ќе поправам и да ќе го оправдам името македонец што го носам. И како добар титов војник“ (Настаните на Скопското кале..., 198).
[228]Настаните на Скопското кале..., 112, Обвинителен акт.

а 5 лица биле ослободени од обвинението[229]. Воениот суд при Штипската воена зона изрече смртни пресуди на 6 лица[230]. Притоа, мошне индикативно е зошто судењето е одржано тајно, ако тие биле „непријатели“, бидејќи во тоа време секој „злочин“ се користеше за пропаганда на новата власт и се насочуваше енергијата на народот да расчистува со „предавниците“ и „непријателите“.

По вториот претрес, на 12 мај, судот донесе пресуда со којашто беа изречени смртните казни на 9 лица[231], огласени за виновни, 14 беа осудени на временски казни, а 9 условно осудени на две години, но со „тешка насилна работа“ од една до две години[232]. Набрзо смртните казни беа заменети со времени казни, а биле намалени и некои времени казни[233].Осудените на смрт, меѓу кои и Александар Минчев, беа посебно затворени. „И да не си во нивна кожа, се сеќава Тодор Петров Стојанов. Секое тропање на нивната врата – очекувања на смрта... Осудените на смрт беа сместени во XVI соба. Преку Александар Мирчев разбравме, а тој секако преку брата му (Никола Минчев, б.н.), дека од Белград ќе биде укината пресудата. Тие што се осудени на смрт ќе бидат казнети со 2-3 години, а сите други ќе бидат ослободени. И навистина. На Илинден 1945 година не пуштија. Останаа Панде Ефтимов, Ефтим Ефтимов (од с. Зрновце), од Струмица Киро Брдаров, Киро Думбата, дедо Петко и други.“[234]

Со овие повеќе спонтани, одколку посебно организирани истапи на војниците, сепак беше јасно искажан ставот дека една од целите на борбата на македонскиот народ е интегралното решавање на македонското прашање. За да се намали притисокот кон Солун, македонските единици беа пренасочени кон Срем, односно на Сремскиот фронт и во завршните операции на ослободувањето на Југославија. Македонскиот народ, во залог на новата Југославија требаше да даде жртви за нејзиното ослободување и на тој начин да го зајакнува братството и единството со југословенските народи. Веќе на 10 јануари, Врховниот командант издава наредба за префрлање на XV МНО ударен корпус на Сремскиот фронт, под паролата на „на Берлин“. На 12 април 1945 година бил пробиен Сремскиот фронт кој беше создаден уште во октомври 1944 година. Офанзивата на ЈНА траела до 9 мај 1945 година, до капитулација на Германија. Загубите на Петнаесетиот МНО корпус на Сремскиот фронт изнесуваат, приближно: 1674 загинати, 3.400 ранети и 378 исчезнати борци и старешини.Веднаш по воспоставувањето на новата државна власт,

---

[229]Настаните на Скопското кале..., 137-138.
[230]Настаните на Скопското кале..., 117.
[231]Во пресудата стои: „Крсте Наумов Димов, Панде Иванов Пандов, Стојан Михајлов Козаров, Георги Ефтимов Јанакиев, Кирил Митев Брдаров, Панче Илиев Ефтимовски, Љубен Коцев Пилатов, Ефтим Симеонов Димитров и Александар Бирисов Минчевски КРИВИ СА што са на 7.1.1945 година организирале и спровеле во дело бунт уперен против единството на народите на Југославија, со што са извршили престапление по член 15 од Уредбата за воените судови, поради което Судот ги осудува на смрт со застрелување, губиток на граѓански и војни права за секога и конфискација на имотите им“ (Настаните на Скопското кале..., 199).
[232]Настаните на Скопското кале..., 200-201.
[233]Исто, 284-286.
[234]Стојан Ристески, Судени за Македонија, ..., 295-296.

меѓу нејзините први мерки спаѓаше расчистувањето на оние личности кои во текот на војната соработувале или биле на страната на окупаторскиот режим и противниците на НОД[235]. Така, уште на 14 август 1944 година била формирана Комисијата за утврдување на злочините на непријателот[236]. Во насока на засилување на работата во однос на собирање на докази за злосторствата на окупаторот и неговите помагачи бил и Распитот кој го упатила федералната комисија до истражните комисии при окружните народноослободителни одбори. Со него се бара поголема соработка помеѓу истражните комисии и масовните организации, а особено соработката со месното ОЗН.

Разгледувајќи го прашањето за работа на Комисијата, Президиумот на АСНОМ на 10.1.1945 година (во отсуство на Ченто, кој тогаш се наогал кај семејството во Прилеп) утврдил дека оваа комисија не си ја извршила совесно работата. По ова прашање дискутирал потпретседателот на Президиумот Лазар Колошевски кој предложил листа за нова комисија[237].

Во тоа време, во широка употреба бил поимот „соработник на окупаторот“, при што овој термин е мошне флексибилно толкуван[238].Така, освен оние што навистина се

[235]Во печатот од овој период посебно внимание и простор им е посветено на судските процеси (најчесто јавни заради пропаганда) на кои од страна на Воените судови биле судени воените злосторници и помагачи на окупаторот. Притоа поименично се наведуваат сите осудени заради посилно подгревање на атмосверата и добивање подршка од народот. Посебно внимание и простор бил посветен на судскиот процес против Раев, Китинчев, Чкатров кој започнал на 29 мај 1945 година. Процесот бил јавен и се одржувал во зградата на официрскиот дом. На 3 јуни 1945 година Вишиот воен суд на ЈА – Совет при Главниот штаб за Македонија ги осудил на смрт со стрелање/бесење, губење на граѓанските права засекогаш и конфинскација на имотот. Во април 1945 година во Скопје е одржан процес и против група дражиќевци, а процеси во истиот период имало и во Битола, Штип, Охрид, Прилеп и други градови. Со впечатливи написи во „Нова Македонија“, сред народот се врши пропаганда за ликвидирање и откривање на злосторниците, како на пример: „Издајниците и народните непријатели ги стигнуе заслужена казна-првите пресуди на Војниот суд на Скопската област (среда, 27 декември 1944 година), „Во тетовско се осудија народни непријатели“ (четврток, 19 април 1945 година), „Илјаден народ се собра на плоштадот да го искаже еднодушно своето отвраштение од делата на Китинчевци, Чкатровци, Робевци, Коцаревци и други народни предатели на кои не им потперија крвавите раце при убивањето и мачењето на најдобрите народни синови“ (вторник, 13 февруари 1945 година), „Бившиот охридски кмет Илија Коцаре пред народниот суд“ (вторник, 10 април 1945 година), „Судење на народните издајници, контрачетници и помагачи на окупаторот во Штип“ (недела, 11 февруари 1945 година), „Големиот претрес во Битола“ (вторник, 27 февруари 1945 година), „Судењето на 14 воени злочинци во Скопје“ (сабота, 17 март 1945 година).

[236]АСНОМ, Документи, Том I, кн.1, док. 68, 223.

[237]АСНОМ, Документи, Том I, кн.3, док. 7, 18 и 20.

[238]Според анализата на некои историографи произлезени од сеќавањето на Методија Андонов Ченто (ќе ги наведеме понатаму) и од други искази македонското партиско-политчко раководство (игнорирајќи ги институциите на системот и државата иако по 2 август е конституирана ДФМ) биле потикнати од критиките на Кардељ дека во Македонија малку се крварело. Во однос на непријателите на извојуваните придобивки од НОБ во својот говор, одржан на 28 декември 1944 година, на Второто заседание на АСНОМ, меѓу другото, Кардељ вели: „...Не треба да се заборави дека има доста луѓе што нашиот демократизам го мерат на милиметри и кои не се задоволни со оделните наши мерки, само поради тоа што тие мерки не им дозволуваат на предавниците, на фашистичките елементи и на народните непријатели слободно да ја урриваат вистинската народна демократија... Македонскиот народ покрај Германците има многу непријатели, кои работат на неговото повторно поробување. Тие непријатели се големобугарски, големосрпски, големогрчки и големоалбански шовинисти кои работат на расцепување на Македонија и на нејзината

ставиле на извршната, полициско-управната окупаторска власт и биле учесници или соучесници на злодела против својот народ, на удар биле ставени и оние што имале поинакви политички погледи. За наведените карактеристични форми на соработка на окупаторот „нема многу што да се коментира, зашто секаде во светот, ваквата антинародна колаборација со завојувачот се санкционира“[239]. За среќа во Македонија не постоела таква организирана и бројна сила спротивна на антифашистичката НОБ (освен соработката на албанските балистички и други групи со италијанската фашистичка окупациона власт во западниот дел на Македонија), како во други делови на Југославија каде се водела крвава граѓанска војна.

Во рамките на сеопштата еуфорија на расчистување со „народните непријатели“, а во услови кога сеуште не било заживееало легалното судење, се случиле бројни ликвидации, но, со бројноста и трагичноста на чинот се оделува ликвидацијата во Велес и Велешко. За местото на масовната гробница на трагично убиените без завршена истражна и судска постапка се молчело речиси четри децении и се уште постојат нерасчистените околности[240]. Без судска пресуда и без утврдена кривица, овие лиѓе биле ликвидирани на најсверски начин. Убиството е извршено ноќта на 15 јануари, а е покриено со подоцнежни антидатирани и полициски монтирани пресуди наводно донесени од Воениот совет на Велешкото воено подрачје што носи датум 16 јануари 1945 година, а правосилната пресуда на Вишиот воен суд при Главниот штаб на НОВ и ПОЈ е од 18 јануари. Едно такво решение на „Народниот воен суд при команда на Велешкото подрачје“, веројатно испраќано како циркулар е датирано на 6 февруари 1945 година[241].

Директно од истражиот затвор на ОЗН во Велес, во ноќта помеѓу 15 и 16 јануари, затворениците биле одведени во близината на Велес за да бидат убиени. Луѓето биле превезени надвор од градот, од „пијаните стражари“ во камионот на Хаџи Тоневи. Најпрво се почнало со стрелање, но, бидејќи одекот бил многу силен, егзекуторите сватиле дека ќе бидат слушнати истрелите во околините две села Ветерски и Летевци, одалечени на неполни два километри, како и во селото Рудник, кое се наоѓало зад ридот, заради што огненото оружје било оставено[242]. Потоа, за оружје бил користен класичен токмак со кој поголемиот дел од затворениците се усмртени, со директен удар во главите. По извршениот чин на убиство, Хаџи Тоневи во камионот го пронашле големиот токмак со кој им биле кршени черепите, а кои се покажа и по ексхумацијата на остатоците од жртвите во масовната гробница. При убивањето помогнал и еден ашов за што сведочи

поделба“. (АСНОМ, Документи, том I, книга 7, избор, редакција и коментар Новица Велјановски, ДАРМ, Скопје 2004, док. 190, 653-654).

[239]Ефтим Гашев, Нашата кауза, Скопје 1995. 51.

[240]Местото на егзекуцијата е помеѓу селата Ветерско и Летевци, во една нива од атарот на с. Летевци, а веднаш зад ридот се наоѓа селото Рудник. На сопственикот на нивата му било забрането да ја обработува земјата. (Според истражувањата на Борис Поп Ѓорчев).

[241]Киро Китановски, Судење за Македонија..., 191-192.

[242]Виолета Ачкоска – Велес и Велешко (1944 – 1991), Макавеј, Скопје, 2013, стр. 209.

извештајот за ексхумацијата на жртвите извршени од Институтот за судска медицина во Скопје, во кој се спомнува скршеници од тапо-ударни и остро-ударни предмети. Во обдукцијата е утврдено дека голем дел од черепите или ги нема (што значи биле скршени), биле натерани да клекнат над отворената гробница, а по ѕверските удари во глава биле туркани во ископаната гробница, без оглед дали се усмртени, што е установено при ексхумацијата[243].

Во решението на Воениот суд Велешкото подрачје, донесено по извршената „пресуда“ се наведени поименично сите убиени[244]. Таму, меѓу другото стои дека судот „На своето прво заседание ги разгледа злочинските дела на народните предавници от гр. Велес и РЕШИ: 1. д-р Богдан А. Поп-Ѓорчев от гр. Велес стар 41 год. по занимање лекар член на Гестапо, сатрудник на фашистичкиот злодетел Ванчо Михајлов[245], 2. Благој Ѓорчев, родум от гр. Велес стар 32 г.т општински чиновник, директен показател на големиот македонски борец Страшо Пинџур, 3. Георги Црвенов „војводата“, роден од гр. Велес, стар 41 година обштински разузнавач полицејски сатрудник и народен убиец, 4. Лазар Гошев Крепиев, родум од гр. Велес, трговец, стар 60 год. Народен предател во служба на дворецот Гестапо, 5. Димитар Панчев Нацев бивши трговец от гр. Велес, стар 58 години, војни шпиун и народен издајник да биде казнет со смрт како главни потсрекачи и организатори на сите противнародни акции на фашизмот за Велес и Велешко ами и за цела Македонија...“

Понатаму во решението се редат останатите убиени (од 6 до 39), и тоа: Раде Радев, Левко Симеонов, Цветко Атанасов Мутавчиев, Михајло Всилев Димитров, Перо Торопанов, Ратко Перов Торопанов, Перо Дрндаров, Асен Валналиев, Ганчо Јорданов Вишин, Панчо Николов Караколев, Мирко Лазов Божинов, Тодор Порецов, Тасе Палов Костадинов, Дачо Христов Игев, Камче Натев Ацев, Георги Јорданов Унев, Тодор Николов Јорданов, Ангел Ставрев Здравков, Александар Павлов Константинов, Алија Реџепов Асанов, Јордан Миланов Несторов, Стефан Тодоров Филипов, Јован Николов Лашпетков, Гано Георгиев Гинов, Тодор Мирчев, Владо Јорданов Темелков, Сејфедин Нусред Фајазитов, Димко Петров Крепиев, Герасим Иванов, Ристо Мајсторов, Пано Николов Панев, Диме Сребров, Георги Павлов Петров, Лазо Илиев Арсов, главно, со квалификациите „политички агент“, „народен убиец и предавник“, „таен полициски

---

[243]Од истражувањата на новинарот Борис Поп Ѓорчев, син на убиениот Богдан Поп Ѓорчев. (Разговор воден на 26.4.2004).

[244]„Нова Македонија“ од 15.1.1995, Боро Китановски, исто, Прилог 5, 191-192.

[245]Богдан Поп Ѓорчев не бил член на ВМРО, според тоа и не можел да биде соработник на Ванчо Михајлов. Во некои преписи од пресудата стои дека е член на Македонската младинска терористичка организација, кое исто така не е точно, бидејќи зборот тајна од кратенката ММТРО (Македонска младешка тајна револуционерна организација) е земенет со терористичка. (Види за дејноста на ММТРО кај: Иван Катарџиев, Историја на македонскиот народ, том четврти, ИНИ, Скопје, 2000, 435-436). Помеѓу другото, академик Иван Катарџиев наведува дека заради „репресивните мерки од страна на ВМРО“ на Ванчо Михајлов било спречено одржувањето на конгресот на ММТРО, чија дејност престанува по смрта на Иван Бојаџиев во пролета 1930 година. Во рамките на приврзаниците на Бојаџиев, стои и името на Богдан Поп Ѓорчев.

соработник“, „агент и предател“, а некои како „предател на партизаните“, „контраш и народен убиец“.

Осудените наредни во списокот од бројот 40 до 53, и тоа: Диме Манасиев, Петре Иванов Тончов, Петре Стојанов Косаев, Дачо Петров Трајчев, Јован Натов Теов, Владо Стоилков Андреев, Атанас Јованов, Ангел Лазаров Бандиков, Јордан Андреев Бошков, Славе Јорданов Ивановски, Илија Иванов Николов, Милан Зафиров Костов, Илија Темелков Апостолски и Стојан Темлков Ангелов, се убиени како „организатори контра и како контраши по селата кои извршиле масовни ѕверства и убиства во нашите села“.

На крајот од решението се вели: „Сите овде наброени 53 души со својата предателска и убилачка работа проливаја народна крв и сееја смрт, за това Народниот воен суд ги осудуа на смрт (посхумно). По чл. 17 сета покретна и непокретна имот на осудените на смрт, се конфискуе во полза на државата.

ПРЕСУДАТА Е ИЗВРШЕНА[246].

Одобрава како правилна и на закон донесена смртна пресуда ово решение е правоснажно от виш суд от НОВ и ПОЈ совет при главниот штаб за Македонија“. Решението е потпишано од: „Претседател, судски полковник: Тодор Стојанов Звездин, Членови: 1. Полковник Панче Неделковски, 2. Полковник Вангел А. Чукалевски, Записничар: Спиро М. Бабовски“.[247]

Според наведената посхумна пресуда, осудените на смрт лица биле поделени во три категории: 1. Активни полициски агенти што учествувале во повеќето провали и убиства на борци и заднински активисти, 2. Организатори на контрачета и контрачетници кои извршиле масовни ѕверства и убиства по селата, и 3. Контрачетници и полицајци кои оделе во потера против партизаните, извршиле убиства и направиле ѕверства и пљачкосувале по селата.

Помеѓу стреланите лица е и д-р Богдан А. Поп Ѓорчев, лекар од Велес, пред војната еден од основоположниците и припадник на ММТРО, за кого српската и бугарската полиција запишала дека е „опасен автономист и комунист“[248]. Изразувајќи го својот бол и

---

[246]Ова решение јавно говори за нерегуларноста на егзекуцијата бидејќи стрелањето е извршено три дена пред решението на повисокиот суд.
[247]Боро Китановски, исто, Прилог 5, 191-192.
[248]Богдан Поп Ѓорчев е роден на 25 мај 1904 година во напредно трговски семејство во кое било силно изразено чиството за слобдна и независна Македонија. Основно и средно образование завршува во родниот град, а медицински факултет во Виена, Австрија (1924-1930). Во 1923 година дава заклетва и е еден од основоположниците на Македонската младинска тајна револуционерна организација (ММТРО), чие седиште било во Виена. По завршувањето на студиите се враќа во Велес, а по формалното распаѓање на ММТРО формира „автономистичка група“ составена од членови од поранешната ММТРО и од нови приврзаници. Власта во Кралството Југославија, информирана за неговата дејност, цели три години не му дава дозвола за отварање на приватна лекарска ординација. Поради тоа, д-р Богдан Поп Ѓорчев заради одлично познавање на францускиот и германскиот јазик се вработува како лекар на пругата Велес-Прилеп

незадоволство за тој чин, Надежда вдовицата на убиениот д-р Богдан Поп Ѓорчев забележува: „Сите со незавршена истрага, без обвинение, без пресуда, најголем дел од нив без никаква вина, без право на одбрана и жалба... Клопчето за злосторството во Велес почна да се одмотува уште утредента кога за егзекуцијата е информирано Политбирото на КПМ. За тоа што се случило на седницата, ме информира мојот другар од дерството, Бане Андреев Ронката... Во еден момент на Лазо Колишевски му ја доставил телеграмата од Велес со која ОЗНА го известила највисокото партиско раководство за тоа што се случило ноќта. Колишевски ја прочитал и му ја дал на Цветко Узуновски-Абаз, ... кој седел до него. Абаз се возбудил, ја фрлил демонстративно телеграмата на масата, станал и рекол: „срамота! Каков министер за внатрешни работи сум јас кога не знам што се случило во Македонија...[249]Почнал дискусија за стрелањето во Велес и веднаш била формирана „анкетна комисија“ која ќе го испита случајот...[250] Задолжените констатирале дека е дело на група генералштабни официри, на чело со началникот на КОС, инспирирани од бесот на политичкиот комесар Светозар Вукмановиќ Темпо“, веројатно заради Настаните на Скопското кале на 7 јануари 1945 година.[251] За главен виновник на масакрот се наведува името на Јефто Шашиќ, главниот на КОС кој во Македонија дошол на Божиќ 1945 година.

Дел од осудените навистина носеле кривица за измачување, предаство или за убиство на партизани,[252] но, се ќе изгледаше поинаки, ако имало легално судење, ако вината била однапред докажана и секој од нив си ја заслужил казната според делото. Самиот молк, криење на местото на масовната гробница до денес и низ детаљи околу

---

која била француска концесија. Од 1933 година до 1944 година работи како лекар во Велес. (Пишуван исказ на Борис Поп Ѓорчев).

[249]Узуновски тогаш бил началник на ОЗН за Македонија, одделение кое беше под директна сојузна контрола. Инаку станува втор по ред министер за внатрешни работи во владата на НРМ со именувањето од 12 февруари 1946 година и ќе му биде „при рака“ на Колишевски, се до крајот на декември 1953 година. (Ставре Џиков, Македонија во комунистичкиот триаголник, „Ѓурѓа“, Скопје 1994, 80).

[250]За испитување на случајот во Велес, Колишевски ја испратил својата сопруга Лилјана Чаловска, веројатно со намера да го прекине случајот. За целата фарса на анкетната комисија зборува во своето сеќавање Ефтим Гашев. Тој меѓу другото напишал: „Кога во август 1945 година од скопската ОЗН-а бевме префрлени во Централниот затвор, имавме ретка можност да се запознаеме со осудените Ратко Пановски од Свети Николе и со Ниче Гогов од Велес. Двајцата беа познати во масовното стрелање на 53 велешки граѓани без судски пресуди. Именуваните формално беа осудени на по една година затвор, а казната ја издржуваа во Централниот затвор како „слободници“. Првите месеци дење работеа во Управата на затворот, а ноќе спиеја во затворските соби. Подоцна сосема се префрлија да работат и живеат во Управата. Зошто беа осудени не беше познато, но најверојатно за да го залажат народот оти тие се виновниците за велешката чистка и со тоа да се „задоволи“ правдата. Тоа беше најобична фарса во која никој не веруваше. Нисто не го менува фактот дека жртвите се стрелани без пресуда... Актерите Пановски и Гогов „примени затвореници“, набргу беа помилувани и ослободени со тоа што Ратко Пановски професионално, уште десетина години остана да работи како секретар на затворот, а Ниче Гогов се реактивира во милицијата каде дотурка до највисоко звање – командант на македонската милиција. За време на своето фиктивно секретарување, Ратко Пановски беше суров и циничен и го „толкуваше“ куќниот ред, а неговата политичко-полициска доверливост се манифестираше секогаш кога се извршуваа смртните казни. Тој лично ги изведуваше на смрт осудениците од карцерите, а каде ги водеа и како ги извршуваа смртните казни, освен егзекуторите, знаеше и Ратко Пановски. (Ефтим Гашев, Нашата кауза..., 105-106).

[251]Боро Китановски, Судење..., 22-23.

[252]Боро Китановски, исто, 32-34.

настанот завиени во таинствениот, сами за себе побудуваат интерес да се чепка и да се бара нешто. Притоа, за толку „масовни“ ѕверства кои овие лица ги направиле, досега би требало да пишуваат и да го изнесат на виделина борците и политичарите кои испишаа бројни страници за НОВ.[253] Имено, во периодот од повеќедецениско владеење на истата власт, би можеле таквите колежи да бидат изнесени јавно (како на пр. Дабница или Ваташа), да се знае дека прекиот суд постапил правилно, зашто војната (иако ДФМ е официјално ослободена), има свои норми на владеење и на тој начин предметот да се затвори. Нехуманоста на еден чин оди до крај доколку пред семејствата се крие каде е гробот на нивниот најблизок, без оглед на неговото дело или злодело. Зошто и по толку години, се вознемируваат некои духови?

Расправајќи околу расчистувањето со „класниот непријател“, ЦК КПМ смета дека „правилно се постапило во Велес и Куманово со пресудите, само требало политички да се исползува...“[254], како што впрочем се правело со сите судења на „народните предатели“, со револуционерна иконографија, со ангажирани викачи да ја распалуваат пobликата, со добро изнудени признанија во истражната постапка, со „подобни“ и „инструирани“ сведоци итн. Политички тоа не е искористено ни тогаш ни подоцна.

Како историски извор околу овој настан се корисни, главно, сочуваните изјави на ликвидираните лица при нивното сослушување, кое само по себе не е доволно за историската реконструкција на настанот (стои и фактот дека признанијата се изнудени под силна тортура). Во најгоем број на изјавите, односно во околу 40, сослушуваните лица зборуваат за своите активности, без конкретно да се спомене (односно да признаат) дека биле ликвидатори на припадниците на единиците на НОВ, на членови на КПМ или СКОЈ или пак на некој друг начин се огрешиле како злосторници заради што би требало да бидат ликвидирани. Во останатите изјави, сослушуваните лица веќе директно и со аргументи ја признаваат својата кривица, претежно како контрачетници или тајни соработници на бугарската полиција. За дел од нив постоеле и документи во картотеката

[253]Според оценките на Стефан Требст за македонската историографија, во Македонија, „приматот на политиката пред науката не постои само на идеолошко ниво, туку дека и фактичкото влијание на политичарите кои пишуваат историја и филозофија е поголемо отколку она на младата Клио која политизира (С. Требст, Бугарско-југословенската контраверза за Македонија 1967-1982, ИНИ, Скопје 1997, 66-67). Инаку периодот на НОВ 1941-1945 година е речиси историогравски најобработен период. За него е објавена најбројната документација и најголем број на монографски трудови. Според некои податоци изнесени на седницата на Комисијата на ЦК СКМ за идејно-теоретска работа и идејно-политички прашања од областа на информирањето посветена на „политичките прашања во развојот на историографијата“, одржана на 30 јануари 1987 година, просечно секој месец се пobликувани по 215 страници текст само за историјата на НОБ, при што тука не се сметале фељтоните и страниците од дневниот печат.

[254]Во однос на Јордан Чкатров, ЦК смета дека „може за миналите работи да му се суди на смрт“. Притоа се бара тој побрзо да биде изнесен пред суд („да се присоберат неговите материјали“), „оценет како идеолог на ВМРО“. Инаку, според една изјава на Тито од август 1944 година требало да се повикаат оние лица, кои се во служба на окупаторот да преједат на страната на НОБ. Прашањето било дискутирано уште во Прохор Пчински, а бил консултиран и ЦК на КПМ, така што било одлучено Ченто да се обрати со писмо да Јордан Чкатров, а Емануел Чучков до Трајко Чундев. (Илија Ченто, Мојот татко Методија Андонов Ченто, издавач-авторот, Скопје, 1999, 283-284).

на бугарската окупаторска власт. Иако некои автори се обидуваат и поименично да ја дадат листата на злодела, при што за Богдан Поп Ѓорчев, на пример како „агент на Гестапо“, не кажуваат што конкретно направил, освен средбите со „злогласените“ ванчомихајловисти и неговите „симпатии“ кон Бугарија. Впрочем, член на Гестапо можел да биде само граѓанин на третиот Рајх и Ариевец. Семејството Поп Ѓорчеви располага со официјален документ побаран и добиен од германската држава, преку германската амбасада во Скопје, во кое стои дека такво име и презиме не постои во списоците на членовите, соработниците и помагачите на Гестапо.[255]Поп Ѓорчев (како и останатите) бил изложен на неверојатна тортура, при што, на пример, му била скршена раката со железна шипка кога во истрагата одбил да потпише еден од подменатите записници од сослушувањето.[256]

Потребата за преиспитување на секој случај е неопходност заради историјата. И предавниците и злосторниците и жртвите да бидат точно маркирани. И злосторниците за холокаустот од Втората светска војна имаат регуларен судски процес – Нирнбешкиот. Пред целото човештво да се осуди злосторот и да не се повтори. Инаку во Велешкиот случај кога и многу од жртвите како и од нивните егзекутори молчеле со децении, кога пресудата се носела откако биле егзекутирани, навистина се отвара поле за различни манипулации и сомнежи. Ова наше залагање, можеби е потикнато и од сомнежот во точноста на посочениот „директен“ предавник Мирче Ацев и Страшо Пинџур.[257]Имено во судската пресуда стои дека Благој Ѓорчев од Велес е предавникот на овие двајца македонски борци, кои заземаат посебно и значајно место во историјата на НОБ на Македонија. Меѓутоа, според одредени искази кои ги дала Вера Протуѓер, партиска другарка на Мирче Ацев наведениот не е предавникот туку сосема друго лице.[258]

Мораме да нагласиме дека настанот (односно сценариото на злосторот) беше скстремен, волунтаристички испад на поединци. Но, иако директно не е акт на државата, сепак спаѓа во контекстот на создавањето на сеопштата клима на страв од репресија.[259]

---

[255]На пример, по осамостојувањето на Република Словенија, во рамките на расчистувањето со масовните убиства, а во тие рамки и за убиените белогардејци, од германските архиви, за секој од нив, по име и презиме е добиен документ каде се води како службеник на Третиор рајх со точно назначени примања, односно пари кои ги добил за таа својата работа во служба на Рајхот. Така беше отфрлено обвинението за нивната „надлежност“, а друго прашање за процедурата и постапката. Во Република Словенија беше изработен проект за сите жртви во Втората светска војна, поименично со биографии и архивски документирано.

[256]Од истражувањата на новинарот Борис Поп Ѓорчев, син на убиениот Богдан Поп Ѓорчев. (Разговор воден на 26.4.2004). Ваквиот сомнеж ја обврзува историографијата на натамошни истражувања.

[257]Боро Китановски, исто, 32.

[258]Истражувања на Борис Поп Ѓорчев.

[259]Притоа, интересни толкувања дава полковникот Пецо Трајков, во својата книшка од 1949 година, напишана во рамките на судирот на КПЈ со ИБ, односно со БКП. Тој смета дека сите оние кои „му пречеле на Колишевски и неговата компанија“, „како и на таквите слични“, кои „држат за братството“ меѓу двата народа, бугарскиот и македонскиот, биле изложени на монтирани процеси. Тоа расчистување датира уште од 1944 година. „Два типични случаи се убиството на 52 (53, б.н.) души од Велес и 42 (48, б.н) души од Куманово“. „Тие убиства, вели Пецо Трајков, се случија по заповед на Цветко Узуновски , без тие луѓе да

Методија Андонов Ченто како претседател на Президиумот на АСНОМ, разбрал за стрелањата од роднините на жртвите кои дошле да се жалат кај него другиот ден.Исто така, за стрелањата во Велес, Куманово и Ресен разбрал од други извори, без да биде консултиран или информиран, и повереникот за внатрешни работи Кирил Петрушев.[260] Затворениците биле во надлежност на Оделението за заштита на народот (ОЗН), а тоа било под директна контрола на сојузната ОЗН при Националниот комитет на ДФЈ. Притоа, републичкото ОЗН работата ја координирало со партиската, а не со државната власт. Луѓето, според сознанијата на Петрушев, „навистина после полноќ, се одведени надвор од градовите и некаде стрелани. Исто така разбрал дека тоа е сторено со знаење на Це-ка...“ Откако Ченто побарал објаснување од Колишевски, овој му се извинил зошто порано не го информирал, но „тоа е, како да речам, се правдал Колишевски, по налог на Кардељ“ (по Второто заседание на АСНОМ). Кардељ бил наводно изненаден колку малку жртви паднале во Македонија во споредба другите краишта на Југославија, па „за да се потврди сликата која е создадена кај сојузниците треба од ОЗН-а нечујно, сите затвореници да бидат стрелани“. Колишевски бил изненаден од негодувањето на Ченто, бидејќи „партијата се сложува сите народни непријатели да се ликвидираат“. Тие луѓе, сметал Ченто, „затворениците, ако беа виновни ќе ги осудеше народен суд и ќе беа ликвидирани. Но и Лазо Колишевски знаеше дека сите тие не беа толку виновни за да бидат стрелани. Сигурно тоа го знаел и Едвард Кардељ. Меѓу затворениците имаше и такви кои ја помагаа нашата борба, но беа затворени затоа што некогаш со некој од партијата се замериле за некои работи...“[261].

За следните вечери биле планирани ликвидирања и во другите градови. Ченто бил многу вознемирен од ставот на Колишевски, објаснувајќи му дека „едно е да се судат, друго е да се осудат, а трето е да се стрелаат ако нивните жалби не бидат усвоени од

---

бидат исправени пред народниот суд и без да има обвиненија за нив за некаква фашистичка дејност. Тие масовни убиства беа извршени од Михаило и Чушкара од УДБ на Цветко Узуновски, под раководство на Славе Максимовиќ, кој што бил началник на УДБ во Скопје и за награда беше назначен за министер за внатрешни работи на Црна Гора. Наредби за тоа, се разбира, тој и Цветко Узуновски добиваат од бугаромрсците Ранковиќ, Ѓилас и Темпо. Не може да не се поцрта дека големиот револуционер и поет Коста Рацин исто е убиен од луѓето на Темпо“ (Пецо Трајков, Национализмот на скопските раководители, София, 1949, 44-45).

[260]За време на срелањаа во Велес и Куманово, Ченто се наоѓал во Прилеп. За тоа тој вели: „Следниот ден по враќањето во Скопје кај мене побараа прием две групи граѓани од Велес и Куманово. Веднаш штом ги примив почнаа да протестираат затоа што нивните блиски – сопрузи, татковци, браќа, синови, кои биле затворени под обвинение дека соработувале со окупаторот, или дека биле шпекуланти и воени богаташи, ноќта биле стрелани без да бидат судени. Тоа мене ме изненади, бидејќи за такво нешто никој ништо не ми кажа. Побарав веднаш да дојди повереникот за внатрешни работи Киро Петрушев. ... Тие ми префрлаа дека јас и таа што ја нарекуваме народна власт сме дволични, потсетувајќи ме дека, само пред две-три недели на заседанието на АСНОМ, сум ветувал дека сите што се обвинети и затворени како соработници на окупаторите, или како воени богаташи и шпекуланти, кои на народот му нанеле зло, ќе бидат судени објективно и јавно од народни судови, кои ќе ги формира народната власт... Се уште верував дека тоа (стрелањата, б.н.) е пропаганда на реакцијата за да ја омаловажи новата власт, но за жал бев разочаран кога Киро Петрушев ми потврди дека е тоа вистина и дека според некои сознанија истото се случило и со затворите во Ресен“ (Илија Андонов-Ченто, Мојот татко – Методија Андонов-Ченто, Скопје, 1999, 279-280).

[261]Илија Андонов-Ченто, Мојот татко – Методија Андонов-Ченто, издавач-авторот, Скопје, 1999, 281.

највисок орган. Но, да се стрела без прсуда, само за да има повеќе жртви, исто така е злосторство“. Но, Колишевски го успокоил: „што се однесува за пресуди, пресудите ќе бидат напишани“[262]. И навистина, ветувањето било исполнето. Пресудите биле напишани посхумно.

Во процесот против Ченто, еден од сведоците, помеѓу другите клевети вели дека Ченто ги штител и одржувал врските со „непријателите“, а му се препишува за зло интервенцијата против некои смртни казни, за кое тој директно во јануари 1945 година отишол кај Јосип Броз, барајќи да се прекине со стрелањата без судења и за кое зборувал пред Собранието на 15 април 1945 година. За време на патувањето кон Белград, запишал Ченто „не можев да се отргнам од мислата дека тој чин е голема брука за власта, која ја викавме народна. Брука поголема од онаа што би можела да ни ја направи било која реакција“[263].Според кажувањето на Перо Ивановски-Тиквар, кое го потврдува исказот на Колишевски за ликвидирањата во други македонски градови, тогаш имало организирана екипа на ОЗН за ликвидација на затворениците во други градови низ Македонија, но стигнала телеграмата на Александар Ранковиќ (веројатно после интервенцијата на Ченто кај Јосип Броз), која гласела приближно вака: „Да се спречат незаконските убиства на затворениците во Македонија“.[264]

Досегашните историогравски толкувања и оценки за егзекуциите во Велес, Куманово[265] и Ресен, често, беа оптоварени со идеологизација или политизацијата на сето она што се случило. Можеби еден од факторите беше токму долгодецениския молк, затворена, уништена или непостоечка документација, како и влијанието на политиката врз историографијата. Така, многу работи со децении остана под плаштот на молкот и стравот од натамошните одмазди на егзекуторите врз сведоците или семејствата на егзекутираните.

Во тој период се востановила практиката за интернации, која со години била применувана како специјален вид на репресија над недолжните деца и семејства на осудените лица (по разни „линии“). Стотици, стотици семејства ја доживеаја таа траума. Семејството на Венко Марковски, на Џабирски, на Сандо Пеловски, на Јован Ќосевски... итн. итн. Жени, деца, родители на осуденици за различни дела и по секакви „линии“ и „противнародни деланија“. Мотивите на досегашните осудени секако биле создавање на независна македонска држава, со право таа да одлучува во иднина дали ќе стапи во некаква југословенска или балканска федерација.

Еве ја накусо историјата на репресијата над семејството Поп Ѓорчеви. По апсењето на Богдан Поп Ѓорчев на 10 ноември 1944 година, луѓето почнале да го избегнуваат

[262]Исто, 280-281.
[263]Илија Андонов-Ченто, исто, 281.
[264]Ристе Бунтески - Бунте, Методија Андонов - Ченто, македонски народен трибун, ИНИ, Скопје, 2002, 300.
[265]За стрелањата во Куманово види „Нова Македонија“ од 21.2.1945 година.

неговото семејство. Во училиште другарите и соучениците не сакале да седат со синовите на Богдан – Љубомир (р. 1930) и Борис (р. 1933). Две недели по стрелањето, во последниот ден на јануари 1945 година, во утринските часови во семејната куќа на Поп Ѓорчеви, упаднале вооружени официри на ОЗН. На се уште нерасонетите деца и на сопругата Надежда, без никаква најава им наредиле да се иселат од куќата за половина час. Куќата и сето во неа било конфискувано од „народната власт", а во неа била сместена ОЗН. Решението за конфискација било издадено дури на 14 ноември 1945 година, а во списокот на конфискуваните предмети што семејството Поп Ѓорчеви го пронаоѓа во Државниот архив, по многу децении, ги нема најголемиот дел од одземените материјални добра.Со еден куфер алишта биле буквално исфрлени, на сред зима на улица. Немајќи каде, се прибираат кај таткото на Надежда, Андреј Карпузов, но, не за долго. Кон средината на март Надежда добила телеграма за „мобилизација" со наредба неодложно да се пресели во Кавадарци и да ја превземе тамошната апотека, бидејќи таму нема аптекар. Така двете деца Љубомир и Борис останале и без татко и без мајка кај своите преостанати баба и дедо, кои исто така ги почуствувале последиците од своето „буржоаско" потекло.[266]

Во наредните години интернираната Надежда, дипломиран студент од Виена, е изложена на сурова репресија како сопруга на „непријател" и заради нејзиното „буржоаско потекло". Од Кавадарци била „службено" преселена во Радовиш, па во Штип и во 1950 година во една скопска аптека.[267]Семејството Поп Ѓорчеви се уште бара правна разврска на случајот Богдан Поп Ѓорчев.[268]

### 3. Третото заседаие на АСНОМ – Првата влада на ДФМ

Иако процесот на поцврсто врзување на ДФМ кон централните органи на федерацијата започна порано, сепак, условно, изборот на првата Народна влада на Македонија на 16.4.1945 година на чело со Лазар Колишевски означува пресвртен момент во кој раководните струи во Републиката беа преземени од кадри со силна комунистичка пројугословенска ориентација. Овие кадри, ги сметаа за „непријателски" изјавите и барањата за поголема самостојност на Македонија во однос на сојузните интеграции, или, пак, некакви други, различни опции за решавање на македонското национално прашање

---

[266]На Андреја Карпузов, првиот македонски актер (дипломирал во Цариград во 1900 година), во 1945 година властите му наредиле „да ја подари" својата новоизградена куќа на државата. Стариот Карпузов им објаснувал дека куќата е се што тој спечалил, прашувајќи ги: „Зарем не ви беше доволно што го убивте зетот, што му ја конфискувавте куќата и што му го растуривте семејството!" „Немој многу да зборуваш, друг избор немаш или сакаш да одиш кај зет ти?" гласел немилосрдниот одговор, по што соговорникот извадил од фиока пиштол и го ставил на масата. „Ќе се убиеш сам или ние да те ликвидираме...?" Карпузов кој тогаш имал 73 години ја сватил пораката. Истиот ден разгласната станица на АГИТПРОП соопштила дека „уважениот граѓанин Андреј Карпузов ја подарил својата куќа на младата македонска држава" („Вечер", 6 август 2002).

[267]Пишувани сеќавања и истражувања на Борис Поп Ѓорчев.

[268]Постариот син, на Надежда и Богдан, Љубомир, со помош на стипендијата издејствувана до Бане Андреев Ронката завршил средно техничко училиште во Скопје, рударски отсек, а Борис израснал во познат и солиден македонски новинар, добитник на бројни високи награди и признанија од областа на новинарството.

од она веќе оствареното со одлуките на АВНОЈ[269]. Првата народна влада на Македонија е избрана во рамките на одржувањето на Третото заседание на АСНОМ (14-16.4.1945). Ова заседание на АСНОМ низ литературата и документите се именува и како Второ вондредно заседание. Во рамките на истото бил поднесен извештај за дотогашната осуммесечна работа на Презедиумот. За ова заседание битни се неколку работи; поделба на законодавната и извршната власт, избор на првата Народна влада на Македонија, прераснување на АСНОМ во Народно собрание на Федерална Македонија и донесување на повеќе законодавни решенија. Владата била избрана врз основа на Законот за изменување и дополнување на Решението на АСНОМ од 15 април[270] и Законот за Народната влада[271], донесен од Народното собрание на 16.4.1945 година. Во нејзиниот состав влегле: Лазар Колишевски – претседател, Љупчо Арсов и Абдураим Мехмед потпретседатели, минстри: Киро Петрушев, Никола Минчев, Павел Шатев, Страхил Гигов, Тоде Ношпал, Богоја Фотев, д-р Вукадин Попадиќ, д-р Неџат Аголи, инг. Георги Василев[272].

Првата народна влада, меѓу другото донесе Декларација во која се потенцира братството и единството на југословенските народи „исковано во заедничка борба против окупаторот“[273]. Истовремено се покажува длабока љубов и приврзателност кон братската Црвена армија и Советскиот сојуз за нивните жртви во борбата против фашизмот. Народната влада ја изнесува својата определба дека ќе се бори за „остварувањето внатрешно единство меѓу сите народи; Шкиптари, Турци, Власи, Евреи и други...“ и дека ќе биде противник на сите појави на шовинизам и сепаратизам, против сите оние „што не ја признаваат националната самобитност на македонскиот народ“. Наместо ваквите заложби, од избраните десет министри на првата Народна Влада, половината настрадаа во идеолошките чистки и под други дисквалификации. Од оваа прва Влада беа деградирани: Павел Шатев, Георги Василев, Киро Петрушев, Богоја Фотев и Неџат Аголи.

Во рамките на конкретните барања и потреби што во тие услови ги наметнувал самиот живот, т.е. состојбата на теренот – опустошеност од војната и недостаток на основни прехрамбени артикли и други животни потреби, како прва и најосновна задача, Владата ја поставила обновата на стопанството од кое во голема мера зависело подигањето на животниот стандард на населението[274]. Покрај залагањето дека за обновата треба да придонесат сите луѓе во државата „според можностите“, присутен е и еден „класен“ пристап дека обновата „нарочито требе да ја поднесат тие што не учествувале во борбата и се богателе за сметка на намечениот народ“. Тука всушност се гледа

[269]Виолета Ачкоска, Лекции од историјата на современата македонска држава, Скопје, 2015, стр. 61.
[270]Документи, Прва влада на Македонија, Архив на Македонија, Том II, книга 1, Скопје, 1995, стр. 3.
[271]Документи, Прва влада на ...... стр. 5.
[272]Стојан Аврамовски, Томе Делчев, Петар Зајковски, Љупчо Зоров, Соња Поповска, Мери Сиљановска, Гоце Стојанов, Македонските влади 65 години, ДАРМ, Скопје, 2005, стр. 22/3
[273]Документи, Прва влада на ...... стр. 10.
[274]Документи, Прва влада на ...... стр. 24.

селективниот однос на Владата кон различните категории население, при што помал терет од обновата би требало да поднесат борците и учесниците во НОБ, кое ќе биде санкционирано и низ други акти од стопански и социјален карактер. Имајќи чувство за реалност, во дадените услови, во кои селанството како масовен учесник во НОБ бараше итно решавање на аграрното прашање, Владата го потенцира разрешувањето на колонистичкиот проблем, односно правилната прераспределба на земјата одземена од македонските селани во периодот 1919 – 1944 година од страна на поранешниот режим.

Покрај стопанската обнова, во духот на сојузната Декларација на Владата на ДФЈ од 9.3.1945 година, подобрувањето на животниот стандард и материјалната положба на народот се поврзува со „борбата против воените богаташи, шпекуланти, црноберзијанци, саботери, укривачи на стоки" итн. Ваквите насоки, веќе создавале клима за диференцијација што ја спроведувале партиските кадри на теренот, односно за расчистување „со остатоците од буржоазијата". Во споменатата Декларација на владата на ДФЈ биле изнесени основите на внатрешната и надворешната политика: продолжување на НОБ до дефинитивниот крај на војната, работата за приклучување кон Југославија на „националните" територии на северозапад и север кои по Првата светска војна припаднале на Италија, рамноправност на народите, гарантирање на граѓанските слободи и политички права, стопанска обнова на земјата и спроведување на грарната реформа и колонизација, зацврстување на понатамошната соработка со сојузниците и со соседните балкански држави.

Врз основа на мерките и расчистувањето со „народните непријатели", идеолошки неистомисленици и со „класните" непријатели, првата деценија на „народната" држава е исполнета со силна репресија, неосновани казни, бруталност врз обвинетите во истражната постапка и во затворите и со создавање на цел еден систем на доушници. Сето ова се користело во рамките на политиката на пренасочувањето на националната идентификација на Македонија кон Југославија преку комунистичката идентификација. Посебна улога во таквото пренасочување одиграла „пројугословенската" тврда догматска струја во КПМ на чело со Колишевски и неговите доверливи луѓе: Видое Смилевски, Страхил Гигов, Љупчо Арсов, Цветко Узуновски и други од пониските ешалони. За Колишевски Југославија и комунизмот во сталинистичкото руво биле единствени опции. Затоа, сите оние кои што не ја прифаќале таквата општојугословенска матрица биле прогласувани за експонети на бугарштината, ванчомихајловизмот, теророзмот, вмроството, за непријатели на авнојска Југославија и биле елеминирани на најразлични начини, најчесто без правна основа[275].

[275]Виолета Ачкоска, Лекции од историјата......, Скопје, 2015, стр. 64.

Меѓу владините комисии од овој период посебно место и значење имале Планската и Контролна комисија[276].Контролната комисија имала навистина оргомна моќ. „Вршела надзор над се што се правело во земјата“. Контрола на луѓето и нивните постапки. „Се работело многу солидно и пред да се тргне во контрола, бил собиран и анализиран целокупниот материјал“. Резултатите биле поднесувани на Стопанскиот совет, на чие чело бил словенечкиот политичар Борис Кидрич, кој сето тоа понатаму го расчистувал.Самиот политички систем бил така концепиран што Партијата во пракса добила можност за целосна контрола над државно-управниот и судскиот апарат. На тој начин таа лесно можела да расчисти со сите неистомисленици и со сите идеолошки „скривувања“ или идеолошки противници, давајќи им на процесите политичка димензија. Востановената иститутција Јавенн обвинител, уште во февруари 1945 година, се користела и за елиминирање на политичките противници на КПЈ, со покренување на обвиненија против истите. Во август 1945 година бил донесен Законот за уредување на народните судови, но, и покрај него, народните судови, главно работеле по итна постапка на кривичните дела именувани како шпекулација, стопанска саботажа и конфискација. Нивните пресуди, во најгоем број случаи, не биле заосновани врз материјални правни прописи и докази, и тоа заради силното влијание на Партијата врз нивната работа. Во практика судовите пресудувале по партиска директива.

Расчистувањето со „останатите од стариот режим“ било безмилосно. Во Словенија биле стрелани многукратно повеќе лиѓе отколку во Македонија, на кој и се префрлало дека „дала малку крв“. Покрај ликвидирањата по кратка постапка, во текот на 1945 година во Југославија биле отворени 26 казнени заводи во кои до месец октомври се нашле 8.436 затвореници, а постоеле и логори со германски затвореници во кои, според партиски извори, имало 119.897 логораши. Партијата имала целосна контрола и над милицијата, а партиската известителна служба, Оделението за заштита на народот (ОЗНА) имало посебно значајна функција во пресметките на КПЈ-КПМ со политичките противници или неистомисленици.

Оделението за заштита на народот (ОЗН или популарно ОЗНА) било формирано уште во 1943 година при ВШ на НОВ и ПОЈ. На 13.5.1944 година е формирана ОЗНА при повеернството за народна одбрана на НКОЈ како единствен орган на целокупната разузнавачка и контраразознавачка организација[277]. За началник на ОЗНА тоагаш е поставен Александар Ранковиќ. Преку началникот на ОЗНА, Јосип Броз Тито, како повереник за народна одбрана раководел и со Корпусот на народната одбрана на

---

[276]Документацијата на Контролната комисија била недостапна за истражувачите до 1991 година и нешто потоа. Тука надлежните извршиле најтемелно селектирање, уништување и фризирање на документацијата. Денес Фондот на Контролната комисија во државниот архив на РМ е крајно сиромашен.
[277]ОЗНА во почетокот се состоела од 4 одели (отсеци), а во март и парил 1945 година биле фрмирани петиот и шестиот одел.

Југославија (КНОЈ)[278]. На крајот на војната, ОЗНА располагала со картотеки за над 17.750 лица. Под водството на Александар Ранковиќ, кој диреkно му одговарал за својата работа на Јосип Броз – Тито.

Во Македонија оваа служба е формирана во текот на јули 1944 година, под инструкции на врховното југословенско раководство, кое директно од Вис, го испратил Мијат Вулетиќ да го пренесе во Македонија Упатството за формирање на ОЗНА. ЦК на Македонија за началник на ОЗНА го назначила Цветко Узуновски – Абас, за шеф на отсекот Кирил Миљовски, како и Елисие Поповски, Злате Билјановски и Блага Поповска. Особена улога во работата на Оделението имал и Киро Георгиевски – Дејан. За целиот период ОЗНА-УДБА активно спроведувала политика на прогон на промакедонската струја во КПМ, на приврзаниците на идејата на ВМРО и на граѓаните прогласени за приврзаници на ИБ.

Инаку треба да се напомене и за Првиот Устав[279] на Народна Република Македонија, кој е донесен на 31.12.1946 година од Презедиумот на Уставотворното собрание во Скопје, што понатака често се менувал, но забележително менување на овој устав продолжи да станува практика во самостојна Македонија, со потпишување на договори кој драстично е изменета вистинскара слика и реалноста од Првиот устав на НРМ[280].

## Глава – III: Македонија од ДФМ до Информбирото (1946-1949), групи, организации (државен социјализам)

По донесувањето на Уставот на ФНРЈ од 31.1.1946 година биле реорганизирани безбедносно-разознавачките служби. Во март 1946 година од првиот и вториот отсек на ОЗНА е формирана при Министерството за внатрешни работи на ФНРЈ посебна Управа за државна безбеднст (УДБ или популарно ИДБ-а), додека од третиот отсек на ОЗНА при министерството за народна одбрана на ФНРЈ била формирана Контраразузнавачката служба на Југословенската армија (КОС). Кратенката УДБ-а станала синоним за стравични истражни постапки што се воделе против „народите“ и „класните непријатели“ и во „подготовките“ за монтираните судски процеси во НРМ и ФНРЈ.

---

[278]КНОЈ е формиран на 15.8.1944 година со одлука на Националниот комитет на ослободувањето на Југославија (НКОЈ). Прв командант на корпусот бил Јован Вукотиќ (црногорски генерал и воен историчар), а политички секретар Владо Јањиќ. Корпусот имал седум девизии и една самостојна бригада. Во тие рамки делувала Осмата македонска дивизија на народната одбрана, формирана на 6.12.1944 година. Со одлука на Јосип Броз, КНОЈ бил расформиран во јануари 1953 година.

[279]Новица Велјановски – Македонија (1945 – 1991) Државност и независност, ИНИ, Скопје, 2002, стр. 50

[280]Прва влада на Македонија, Архив на Македонија, Том II, книга 1, (документи) Скопје, 1995, стр. 29.

Поинакви погледи, од официјално промовираните околу рашавањето на македонското национално прашање, пројавиле и голем број посмели младинци од кругот на средношколската младина во повеќе македонски градови. Истовремено дошло и до формирање на посебни групи и илегални организации чија платформа („на линија“ на ВМРО), во најопшти црти била насочена кон барање обединување на македонскиот народ и демократизација на општеството, пред се, на планот на човековите права и слободи, заштита на приватната сопственост итн[281].

Спротиставувајќи се на пројавениот индивидуализам и поинакви ставови на оделни македонски дејци и кадри, уште со првиот настап како претседатл на Владата на НРМ, Колишевски зазема негаторски став кон нивните барања во однос на целосното (или некое поинакво) решавање на македонското национално прашање. Наместо бројни асномски дејци, докажани револуционери, стари комунисти и антифашисти, речиси на сите раководни места во институциите на државната власт и управа, како и во судството, биле поставени само доверливи луге на Колишевски, кадри кои не можеле со ништо да го загрозат неговиот политички примат. Притоа, на удар на репресијата најпрво биле подложени интелектуалците од партиските редови (етикетирани за т.н. интелектуалштина), заради нивните самостојни ставови кои се разликуваат од генералната партиска линија.

Една од мерките на југословенското партиско раководство за расчистување со автономистичките стремежи на македонските кадри била тиа да се тргнат од локалниот терен, а подоцна низ разни конструкции и децинформации политички да се дисквалификуваат. Така, уште пред судирот со Информбирото (1948), на еден мирен безболен начин, речиси целокупната тогашна интелегенција била испраќана на доживотна или привремена работа во сојузните органи (што не значи дека овој метод не се користел за време на целокупното постоење на социјалистичката федерација). Во Белград биле испратеи Димитар и Густав Влахов[282], Петре Пирузе – Мајски, Киро Глигоров, Лазар Соколов, Благој Хаџи Панзов, Мире Анастасов, Јордан Блажевски, Димче Аџи Митревски и ред други[283]. Многу од интелектуалците со богати борбени биографии биле остранети од локалниот терен, така што било лесно историјата да се почне од тој момент. Издигнувањето на нови личности, покорни, често со дамка во биографиите, догматски настроени, наспроти познатите и блиски до народот борци и авторитети, врвел низ процесот на нивно жигосување како буржоаско-демократски елементи, т.е. непријатели на комунизмот според коминтерновските критриуми, како интелектуалци кои се занимаваат со „матни науки“ и кои носат во главите сомнеж кон „чистата комунистичка визија“, но

[281]Во истиот период, делувале и бројни остатоци на балистите и албанските иредентистички сили, а се појавиле и организации на албанското малцинство во НРМ со барања за отцепување на територии од државата и формирање на „Голема Албанија“, проект на албанските политички сили од крајот на XIX век.

[282]Јован Лазарев – Димитар Влахов (1878 – 1953), научна трибина, Социјалистичка партија на Македонија, Скопје, 2018, стр. 33

[283]Виолета Ачкоска, Лекции од историјата......, Скопје, 2015, стр. 70.

честопати и како дејци на ВМРО, т.е. „сепаратисти“. Во прв момент било прогласувањето на антипартиските лементи „автономисти“ и „сепаратисти“.

## 1. Репресии

Иако процесот на поцврсто врзување на ДФМ кон централните органи на федерацијата започнал порано, сепак условно, со изборот на првата Народна влада на Македонија на чело со Лазар Колишевски („доверлив човек на Белград“)[284] започна периодот во кој раководните структури на Републиката беа превземени од кадри со силна комунистичка прогугословенска ориентација. Овие кадри, ги сметаа за непријателски изјавите и барањата за поголема самостојност на Македонија во однос на сојузните интеграции, или, пак, некакви други, различни опции за решавање на македонското национално прашање од она веќе оствареното со одлуките на АВНОЈ.

Бројни Македонски кадри со богати биографии на национални борци од двата Илиндена, учесници во антифашистичкото движење или предвоени комунисти, луѓе кои уживале авторитет сред народот, со својот дигнитет и доблест да не бидат само догматски умови на партиската машинерија, повеќето членови на Президиумот на АСНОМ[285]: Методија Андонов Ченто, Панко Брашнаров, Павел Шатев, Владимир Полежина (Полежински), Богоја Фотев, Венко Марковски, Петре Пирузе Мајски, Кирил Петрушев, Генадие Илиев Лешко, Лазар Соколов, Кирил Ќамилов..., прифаќајки го АВНОЈ и нова федеративна Југославија и сите придобивки на македонскиот народ, сепак, сметаа дека авнојското решение не е дефинитивно решение на македонското национално прашање.

Спротиставувајќи се на пројавениот индивидуализам и поинакви ставови на овие македонски борци, уште од првиот настап како претседател на Владата на НРМ, Колишевски зазема негаторски став кон нивните барања во однос на целосното (или некое поинакво) решавање на македонското национално прашање. Помеѓу другото, оценувајќи го македонскиот „сепаратизам“ како една од големите опасности на авнојска Југославија, Колишевски се залагал за „јасна“ политика кон Србите во Македонија, барајќи „да им се дадат училиштата на мајчин јазик, исто така како што му се дадоа на турското и албанското малцинство...“[286]

Со изборот на Лазар Колишевски на чело на Владата, дошло до удвојување на највисоките функции (партиска и извршна) во рацете на еден човек со што многустрано се зголемувала неговата политичка моќ. Наместо бројните асномски дејци, докажани

---

[284]На седницата на Политбирото на ЦК КПЈ од 21 март 1945 година, околу „изградбата на социјализмот“ во Македонија, на која реферирал Миха Маринко за состојбите на ДФМ, Александар Ранковиќ го оценил Лазо Колишевски како најсигурен во Македонија и дека тука „постојано“ треба да има сигурен „другар“. Драган Кљакиќ, Времето на Колишевски..., 298).

[285]Составот на првиот избран Президиум: АСНОМ, документи том I, книга 1, АМ, Скопје 1984, док. Бр. 50, 169-170, док. Бр. 58, 209, док. Бр. 65, 218-219.

[286]Лазар Колишевски, Основната опасност за братството и единството на нашите народи е сепаратизмот, „Аспекти на македонското национално прашање, Култура, Скопје, 1962, 21-26.

револуционери, стари комунисти и антифашисти, речиси на сите раководни места во институциите на државната власт и управа, како и во судството, биле поставени само доверливи луѓе на Колишевски, кадри кој не можеле со ништо да го загрозат неговиот политички примат. Притоа, први на удар на партиската репресија, во новите услови, станаа интелектуалците од партиските редови, заради нивните самостојни ставови. По стара шема оваа смена на кадрите во Македонија, на седницата на Политбирото на ЦК КПЈ од 21 март 1945 година беше окарактеризирана како судир помеѓу „младите комунисти и старите ликвидатори", термин својствен за претходниот, предвоен коминтерновски вокабулар на КПЈ, но, сосема несоодветен за новите услови.

Уште за време на НОБ, во текот на судирот помеѓу Кузман Јосифовски – Питу и Светозар Вукмановиќ – Темпо, се јави етикетирањето за наводна „интелектуалштина", „автономистичките тенденции" кај македонските кадри, за што Темпо барај најодлучно расчистување. Вака востановената етикета во иднина ќе биде додавана на различни личности заради нивна политичка дискусија. Покрај отварањето на безпоштедна борба против автономистите, многу индикативна и тешка е оценката за интелектуалците што ја дал Темпо во дискусијата на советувањето на воените единици од 21-ви декември 1943 година. Во оваа дискусија, меѓу другото, Темпо вели: Најважното во организационото прашање – тоа се кадрите предани на Партијата. Речиси немаме кадар кој ќе ја спроведе линијата. Ако во Партијата постојат паметни интелектуалци, ситнобуржоаски елементи, линијата ќе остане мртва... Нашата главна задача е: да се исчисти Партијата од тие елементи, да се стави партијата во здрави работнички раце, макар што тие работници и да не знаат многу да зборуваат". Ваквиот Темпов настап против интелектуалците во одреден степен можеби беше предизвикан од приговорите на Манифестот на ГШ и од постојното сомнение дека Кузман Јосифовски[287] во преговорите со групата интелектуалци во Скопје межеби не бил доволно убедителен. На Темпо посебно му смета самоиницијативноста и визионерството на Кузман Јосифовски и неговото упорно настојување македонскиот народ да биде субјект на историската сцена и сам да одлучува за својата судбина. Сите такви настојувања од страна на Темпо и на повисоките органи на КПЈ биле оценети како автономистички. За Темпо судбината на Македонија исклучиво е врзана за судбината на Југославија.

Таа хајка против интелектуалците, за жал е придружна мрачна сенка и во првите години на слободата, кога „интелектуалштината" покрај „автономизмот" преставува уште

[287]Кузман бил еден од упорните застапници и борци за формирање на широк национален македонски фронт, без разлика на идеолошката и друга припадност, кое и покрај народно-фронтобската ориентација на КПЈ, кај Темпо предизвикал отпор поради неговата „чиста комунистичка ориентација" на професионален револуционер. Темповиот крут, наредбодавен начин на работата и непочитувањето на демократски начин на однесување и размислување, бил во директна спротивност со дејноста и практиката на Кузман Јосифовски – Питу. Темповото инсистирање на „здрави" работнички кадри, наспроти интелектуалците во Партијата, преставува всушност директен напад против Кузман Јосифовски како еден од ретките интелектуалци кој размислувал и самостојно донесувал одлуки.

една етикета за политички диквалификации[288]. Наместо интелектуалците од партиските редови, местата во партиските комитети ги завземале новопечени комунисти од работничко-селанско потекло. Така, уште пред судирот со ИБ, на еден мирен, безболен начин, речиси целокупната тогашна интелегенција беше испраќана на доживотна или привремена работа во сојузните органи што не значи дека овој метод не се користеше за време на целокупното постоење на социјалистичка федерација. Покрај Мајски, во Белград беа испратени Димитар и Густав Влахов, Киро Глигоров, Лазар Соколов, Благој Хаџи Панзов, Мире Анастасов, Јордан Блажевски, Димче Аџи Митревски и ред други[289]. А кога многу од интелектуалците со богати борбени биографии беа остранети од локалниот терен, беше лесно да се почне историјата од тој момент. Издигнувањето на пидестал на нови личности, покорени, покорни, често со дамка во биографиите, догматски настроени, наспроти познатите и блиски до народот борци и авторитети, врвеше низ процесот на нивно жигосување како буржоаско-демократски борци, т.е. непријатели на комунизмот според коминтерновските критериуми, како интелектуалци кои се занимаваат со матни науки и кои носат во главите зрнце на сомнение кон чистата комунистичка верзија, но и како дејци на ВМРО, т.е. сепаратисти. Низ овие основи, еден по еден беа испратени на нови должности повеќе членови на Презедиумот на АСНОМ за да бидат заменети со нови сили помалку познати и блиски до народот. Овие нови републички функционери, преку силниот агит-проп беа издигнати до култ на нови национални лидери и бескомпромисни борци за „комунистичкото дело“ (за линијата на КПЈ).

Следејќи го внимателно расположението на народот и однесувањето на повеќе македонски дејци во првите повоени години, низ повеќе извештаи на централните партиски кадри по нивните обиколки низ Македонја, се нагласува дека мнозинството од македонскиот народ ја прифаќа новата власт и покрај присутните поинакви опции по прашањето за остварување на државноста на македонскиот народ. Притоа се бележи судар на две струи – „пројугословенската“ и „промакедонска“ кои биле со различни нијанси на приближување и одалечување во однос на државотворниот статус на Македонија.

Во рамките на прогласената „промакедонска“ линија, покрај помалите групи во некои македонски градови, за кои Партијата оценила дека се базирани, главно, врз „лично незадоволство и критизерство“, таа сериозно го преставувала постоењето и на една „антипартиска“ група „која со својата линија оди против партиската линија, група која има разработено своја линија“. Потеклото на таа внатрепартиска група, чие јадро го сочинувале: Михајло Апостолски, Димитар Влахов, Методија Андонов – Ченто, Лазар Соколов, Венко Марковски, Петре Пирузе – Мајски, Емануел Чучков, Павел Шатев, Крсте Гермов (Шакир војвода), Киро Глигоров, се поврзувало со преговорите на Манифестот на Главниот штаб (1943), но и со спротиставувањето на Ченто и повеќето членови на

[288]Сеќавања на Ковачева Протуѓер Ратка, Документирано одделение на ИНИ, инв. Бр. 2180/90
[289]Густав Влахов, На Македонја не и беше потребна интелегенција, „Млад Борец“, 1668, 29.12.1989

Иницијативниот одбор (ИО) за свикување на АСНОМ околу наметнувањето на некои кадри во составот на првиот Президиум на АСНОМ.

Имено, уште, при договорите на ИО на АСНОМ, околу составот на Презедиумот, Страхил Гигов предложил во неговиот состав да влезе и Видое Смилевски, како „голем“ и „докажан“ комунист. Ченто веднаш се спротиставил на ова кадровско решение, сметајќи дека човек кој не е роден во Македонија не може да биде во највисокото раководство на македонската држава. Притоа, Ченто отворено му забележал на Гигов дека ако Смилевски е толку голем комунист нека го примат во Централниот Комитет на КПМ, зашто тука никој не го познавал. Речеси сите членови на ИО гласале против предлогот на Гигов (Соколов, Апостолски, Полежина, Глигоров). Во создадениот спор се замешал директно и Светозар Вукмановиќ – Темпо, со арогантен став кон Ченто, „како еден Бато не го примаат во Презедиумот“. Со својствената достоинственост и смелост, Ченто децидно му кажал на Темпо дека тој не член на ИО и дека нема право да им се наложува. По ваквиот „тврд“ став на Ченто, уште истата вечер била формирана партиска комисија за испитување на националистички испади на членовите на ИО за свикување на АСНОМ. Другиот ден сослушувањето го вршел Видое Смилевски – Бато, кој се уште не го говорел македонскиот јазик. Ченто бил казнет со укор пред исклучување од Партијата[290].

Овој спор околу Видое Смилевски, мошне јасно кажува за настојувањето на ЦК КПЈ и особено на српските кадри да имаат контрола над националното раководство во Македоња и дека нема да дозволот било какви други ставови и политика освен онаа на Политбирото на ЦК КПЈ.

Со формирањето на Работното тело во рамките на Президиумот на АСНОМ, беше направен преседан со кој се започна со радикалниот пресврт на целосното интегрирање на Македонија во Авнојска Југославија. Тоа покажа дека сојузните власти немале доверба во македонските кадри и дека Македонија ќе се најде меѓу првите на удар на централистичко-унитаристичката политика на Јосип Броз. Затоа, мошне педантно се следеле делувањето, работата и ставовите на ова т.нар. „автономистичка“ група на македонските национални кадри.

Во Македонија бил испратен Миха Маринко, кој на седницата на Политбирото на ЦК КПЈ од 21 март 1945 година[291], околу „изградбата на социјализмот“ во Македонија доставил доверлив извештај за неповолните состојби во Македонија. Тој известил дека во Македонија постои „затегнатост помеѓу младите комунисти и старите ликвидатори“, дека „Ченто нема големо влијание. ЦК е доста слаб. Лазо е политички најсилен, партиски добар, но тврдоглав“. Оценката на Лазар Колишевски во македонското издание на книгата

[290]Сеќавања на Киро Глигоров, снимени на видео лента, 20.04.1999 година

[291]На седницата, покрај референтот Миха Маринко, присуствувале: Јосип Броз –Тито, Едвард Кардељ, Александар Ранковиќ, Милован Ѓилас, Светозар Вукмановиќ-Темпо, Сретен Жујовиќ-Црни, Моша Пијаде, Андрија Хебранг, Владимир Бакариќ, Крсто Попивода и Алеш Беблер.

на Драган Кљакиќ стои вака: „Лазо е најдобар, ама е слаб, тешко ќе може да ја води земјата. Кај Лазо има амбиции по кои веќе сега треба да се удира...“[292]. Оваа констатација е многу индикативна бидејќи од неа можат да се извлекуваат понатамошните заклучоци за карактерот на Колишевски: сервилност кон Белград и автократски однос во рамките на раководењето на НРМ.

Понатаму следат оценките: „Страхил Гигов не работи, на седниците на ЦК молчи. За низа работи покажува дека има своја линија. На собирот во Бугарија зборувал дека македонската емиграција треба да се врати во Македонија. Многу е добро расположението за Југославија“. Во дискусијата која се развила потоа, Ѓилас предложил Влахов да се повлече од ЦК, а за Ченто сметал дека треба партиски да се казни и дури да се исклучи. Е. Кардељ навел дека во Македонија „буржоазијата“ не е компромитирана и таа „се обидува да се каче на чело во што ја има подршката на Бугарите... Влахов е поопасен од Ченто, кој е туѓ елемент и на крајот ќе испадне од Партијата, но сеуште е рано“. За Ченто и „некои членови на Презедиумот“ се тврдело дека ќе ги застапувале интересите на „малата македонска буржоазија“. Истите биле обвинети дека во Презедиумот работеле „на своја рака“ (односно без консултации со врвот на Партијата, кое било најстрашното), при што Темпо нагласил дека Ченто има „секташки став“ спрема луѓето на ЦК на Македонија, но дека не преставува опасен елемент и би можел „да се превоспита“. На крајот од целата дискусија, поточно судење на дел од „неподобните“ македонски кадри, Јосип Броз го заклучил состанокот констатирајќи дека во Македонија не е изживеан михајловизмот, кој наводно живеел во буржоазијата па и во селанството, а Партијата ги популаризирала. Барајќи да се превземат мерки за нивно „раскинување“, Тито сметал дека расчистувањето треба да се направи со „сопствени сили“ во Македонија. „Треба да се риба Ченто во Партијата, нагласил Тито. Влахов треба да се повика овде. Прашањето на тие луѓе треба внимателно да се реши... Македонија се уште ништо не дала за оваа војна и ние ќе мора да пријдеме повеќе да дава за војната и обновата на земјата...“[293]. Затоа Влахов, навистина набрзо бил повикан во Белград каде кон него се однесувале крајно некоректно[294].

Од наведените содржини за текот на состанокот на Политбирото на ЦК КПЈ, можат да се извлечат повеќе заклучоци: 1. игнорирање на македонските кадри и нивно омаловажување, 2. омаловажување на целокупната НОБ на македонскиот народ и неговите крајни усилби во обновата на земјата, 3. дека федерацијата ќе биде изградена со

---

[292]Драган Кљакиќ, Времето на Колишевски.., 299.
[293]Драган Кљакиќ, исто 116.
[294]Зборувајќи за чистките на македонските комунисти, Пецо Трајков запишал: „На патот на тоа чистење дојде редот и на Димитар Влахов. Го тргнаа од политбирото на ЦК на КПМ, му ја оставија титулата – претседател на Народниот фронт на Македонија и го испратија во Белград како потпретседател на Президиумот на народното собрание на ФНРЈ, се подбива со него дака зборува бугарски, го нарекува „излапен старец“ и друго. Не допуштија распространување на издадената во Софија брошура со неговиот говор пред македонската емиграција за време на неговиот престој на есловенскиот собир во Софија во март 1945 година. Сите негови блиски, негови другари, членови на ВМРО (обединета) беа ставени под знак „неблагонадежни“ (Пецо Трајков, исто, 36-37).

еден крут централизам со директивен центар, 4. дека тој директивен центар ќе биде Политбирото на ЦК КПЈ, 5. дека југословенска револуција влегла во сталинистичко руво, во кое со идеолошки и политички диквалификации ќе се елиминираат оние кои мислат поинако, 6. дека барањата на македонските кадри за обединета Македонија и демократија ќе бидат оценети како „михајловизам“ и „буржоаско“ влијание, што значи дека тито никогаш сериозно не се позанимавал со македонското прашање, и 7. барање ослон на „сигурни“ други во ликот на Колишевски и неговите подобни избраници.

Лазар Колишевски, известен за состанокот на Политбирото на ЦК КПЈ од 21 март 1945 година, на кој немало ниту еден преставник од македонските комунисти и на кој, биле изречени низа напади и дисквалификации на адреса на македонските кадри, по инструкциите на Ранковиќ, веднаш започнал со напад на некои членови на Презедиумот на АСНОМ. Во својот инаугуративен говор под наслов: „Основна опасност за братството и единството е сепаратизмот“, како претседател на влада меѓу другото ќе нагласи, дека покрај евидентните успеси „...Презедиумот на АСНОМ имаше и сериозни слабости и тоа во прв ред од политички карактер. Мислам дека не грешам ако речам дека во првиот Презедиум на АСНОМ имаше и поединци кои пројавија извесни сепаратистички тенденции (подвлекле авторите) и така, свесно или несвесно, ги ставија своите тесно национални чуства над и на штета на братството и единството меѓу народите на Југославија. Тие луѓе беа склони да ги решаваат сите работи божем од македонска перспектива, заборавајќи притоа дека ние сме дел од демократска федеративна Југославија. По оделни прашања тие се обидоа дури да внесат извесна доза на недоверба спрема Националниот комитет на АВНОЈ божем тој да сака по ова или она прашање нас Македонците да не измами. Ние сме составен дел од демократска федеративна Југославија и сите работи што стојат меѓу нас и некоја друга држава меже единствено да се решат преку единствената влада на Маршал Тито“[295].

Со ваквиот јавен напад врз некои членови на Президиумот кој беше највисокиот орган, веќе стана јасно дека: 1. Власта во Македонија се концентрира во рацете на еден човек, односно секретарот на ЦК КПМ, 2. Дека тој без поговор, по принципот на воспоставениот монолитизам во функционирањето ка КП ќе ги спроведува директивите од централните органи, односно Политбирото на ЦК КПЈ, 3. Дека политички ќе ги дисквалификува сите оние кои делуваат или мислат самостојно, а не ја извршуваат без поговор линијата на партијата (Политбирото на ЦК КПЈ), 4. Дека партиската власт се наложува над државната, а со тоа се отвара поле за злоупотреби „во името на Партијата“. Погодна формула за првите дисквалификации на штотуку поставените сруктури на новата власт, во првиот момент, беше прогласување на антипартиски елементи „автономисти“ и „сепаратисти“.

[295]Лазар Колишевски, Основната опасност за братството и единството на нашите народи и сепаратизмот, „Аспекти на македонското национално прашање“, Култура, Скопје 1962, 25.

Плашејќи се од помасовното прифаќање на ставовите на овие македонски кадри и следејќи го расположението на народот се наведува дека „иако Македонците не гледаат друга власт освен нашата (се мисли југословенската, б.н), сепак често наседнуваат на таа пропаганда...“. Тоа значи дека таквите опции биле присутни и раширени сред масите, повеќе отколку што се признавало, а властите настојувале да ги минимизираат сметајќи дека тоа е „наседнување, заведување“ и слично.

Немајки целосна доверба кон македонските кадри, сојузните раководители го критикуваат македонското раководство како недоволно искусно да се снајде во дадената ситуација. Југословенските кадри, наспроти промакедонски ориентираните македонски кадри, воопшто не можеле да ја разберат често изрекуваната парола: „... ние сакаме Титовка, но се плашиме таа да не се претвори во шајкача“. Затоа било и нормално што македонскиот народ бил особено јасно определен против монархијата и кралот како носител на големосрпскиот шовинизам во Македонија.

Во летото 1945 година била покрената лавина со која требало да се сруши „автономизмот“, „антипартизмот“ и „сепаратизмот“ во внатрепартиските редови и да се расчисти со „ликвидаторите“ и „фракционерите“. Прашањето за „скршнувањето на нашата партија и фракционерството“ било најпрво разгледано на Пленум на ЦК КПМ, во присуство на Лазар Колишевски, Цветко Узуновски, инструкторите Лилјана Чаловска, Вера Ацева, Владо Стругар, Благоја Талевски, Крсте Црвенковски и членовите на кадровското оделение. Според Абас „појавата на групашење“ била резултат од неможноста „комиттите да ги откријата незадоволните елементи“, такашто во тие групи „биле заведени и позитивните елементи“. Од Пленумот, прашањето слегло на разгледување во пониските партиски форми. Така организациите на КПМ на терен, почнале позачестено да го претресуваат прашањето на „сепаратизмот и автономизмот“, потикнати и од состанокот со секретарите на Окружните комитети одржан на 18.8.1945 година, на кој зборувал Абас.

За појавите на сепаратизмот, ЦК КПМ го известува ЦК КПЈ, при што ги посочува: Апостолски, Влахов, Ченто, Соколов, Венко Марковски, Пирузе, Чучков, Глигоров. Притоа „некои повторно, а некои закамуфлирани ја напаѓаат линијата на ЦК на партијата на Македонија. Тие сметаат дека во Македонија не постои опасност од сепаратизам и шовинизам, дека има премногу апсења и смртни пресуди во Македонија, иако оние кои се судени биле токму тие кои ја сакаат сепаратистичка Македонија, одвоена од Југославија... Понатаму удираат на партијата заради неправилната кадровска политика. Имено тие се речиси сите преместени во Белград, а сметаат дека не би смеело да бидат одвоени од Македонија...“. Ваквата дискусија на Абас јасно зборува за превирањата во Македонија наспроти настојувањето за поцврста централизација од страна на Политбирото на ЦК КПЈ.

Во текот на месец ноември 1945 година, пред изборите, се чуствувала особена политичка живост, а секое јавно истапување било следено од партиските кадри и лицата

на државната безбедност (УДБ). Така, тие бележат дека „во градовите има реакционери од сите бои (великобугари, великосби, разни шпекуланти и шовинисти) кои се обидуваат и сакаат да го убедат наросот дека оваа власт е краткотрајна, дека нема да им го даде она што го ветува итн.“, дека таа „не е ниту демократска ниту народна“, а „Македонија може да биде посебна држава или да се приклучи кон Бугарија“. Истовремено, на преставниците на оваа струја им се префрла залагањето Македонија да има „свој монопол, сообраќај, војска итн.“. Барајќи демократија, истите имале храброст да ја критикуваат диктатурата на Партијата во која, главно, одлучувале неколку лица, а останатите „биле фигури“.

Во анализите на делувањето на т.н. автономистичка група, на неа и се препишува, помеѓу другото, тврдењето дека во рамките на Југославија – „компромитирана кај нашиот народ, не можело да се ослободи и соедини цела Македонија“, и дека тоа е возможно единствено „ако се бориме за посебна Македонска држава, односно за Балканска федерација“. Ваквото тврдење било осудено како антипартиско делување бидејќи партиската линија опстојувала опстојувала на ставот дека секој народ мора класно да се ослободи, а таквото ослободување македонскиот народ, со правилно решавање на националното прашање, го добил само во борбата предводена од КПЈ во авнојска Југославија. Затоа, барањата за обединување на македонскиот народ биле оценувани од страна на официјалните партиски форуми (проjугословенската линија) како „обид за одведување на нашиот народ по странпутица и оневозможување на неговата мобилизација во народноослободителната борба на југословенските народ под раководство на Маршал Тито, на КПЈ“. Платформата со парола за „Балканска федерација“ се сметала за обид со кој се оневозможува суштествувањето на ДФЈ како таква, „како столб на напредокот на Балканот“. Апсурдот на сето ова е, тоа што авнојска („Титова“) Југославија беше создадена врз основите на полна рамноправност на „братските народи и народности“, на нивното неприкосновено национално самоискажување кое го подразбираше правото на самоопределување до отцепување, се покажа дека тоа било само декларативна и пропагандната страна на стратегијата на КПЈ. Во практика, „рамноправните народи и народности“ беа принудени да се откажат од правото на отцепување во името на „вишите“, „класните“ цели, односно своето право на самоопределување да го реализираат низ една единствена нужна опција – во рамките на тогашната Југословенска федерација. Сето тоа, со децении, се објаснуваше низ познатото толкување на „дијалектиката на класното и националното“.

Притиснати од силната партиска пропаганда и од стравот од реперкусии, политички попрагматични, некои од таа група кои, наводно, ја увиделе „својата грешка отпаднаа“. Мaѓутоа и покрај притисокот, „таа група и се рашири... Денеска таа група си има своја линија,... спротивна на партиската линија по сите прашања“. Повеќе од овие личности уште во годините пред војната се бореа за обединување на Македонија и нејзино федерирање во балканската, југословенската, јужнословенската или друга федерација

сметајќи, во глобала, дека Македонија има иднина во некоја таква федерација, но врз база на суверенст на секоја од државите[296].

Прогласувајќи ја наведената група за „антипартиска“, највисоките партиски кадри веќе и препишуваат нејзина поврзаност со странство, зошто на тој начин, полесно ќе ја прогласат за „државен непријател“ и полесно ќе го прегрмат нејзиното ликвидирање или симнување од политичката сцена во погоден момент, наспроти расположението на народот. Всушност со постепено етикетирање, преку специјална војна со различни идеолошки конструкции, преку еднострана попаганда веќе се создаваше база за луѓето да поверуваат спротивно на она што им се сервираше во 1944 година за истите личности[297].

Сметаме дека „централна“ од Белград успешно ги употребила личностите популарни сред народот, кои ја носеле идејата за македонската држава, во популаризирањето на авнојска Југославија како единствена реална опција за македонскиот народ, т.е Македонија да остане исклучиво во рамките на Југославија.

Наспроти пројавените „сепаратистички“, „автономистички“ и слични тенденции, односно определби за поинакво поставување на македонската државност, на другата страна, во реалноста, веќе формираната „партиска држава“ ги поставуваше основите за единствена југословенска држава со силна централизирана власт. Стожерот или „кичмата“ на ваквата опција беше Партијата предводена од цврстата рака на Политбирото на ЦК КПЈ и од неспорниот авторитет на Јосип Броз – Тито.

Логиката на сталинизмот која водеше кон „засилување на класната борба во социјализмот“, бараше разрешување и раскрстување со сите оние кај кои постоеше и најмал сомнеж во провереноста на Титовиот пат. Затоа почнувајќи и јавно позасилена кампања против нив, уште на Третото заседание АСНОМ, Лазар Колишевски, фигурата најпогодна за спроведување на ју-партиската опција во тој момент, помеѓу бројните други акции „на сите линии“ бара и од кружните партиски секретари“ ... да приберат колку можат во своите организации материјал за поматените членови од групата“, иако за групата „се знаело од порано“.

Амбициозните и ревносни спроведувачи на директивите ја започнуваат својата валкана и нечесна работа во името на партиската „чистота“, барајќи најневозможни и најчудни податоци за една плејада свесни национално издигнати македонски патриоти. Притоа, во првиот момент, заради наведената популарност на овие личности среде

[296]Тодор Чепреганов, Сепаратизмот и антипартизмот на Петре Пирузе Мајски, „Петре Пирузе- Мајски, време, живот, дело (1907-1980)“, ИНИ, Скопје, 1997, 168.

[297]Во својот извештај за ЦК СКОЈ, Зага Умиќевиќ, помеѓу другото, се вели дека „истите приговараат за неправилна кадровска политика, зошто сите се преместени во Белград кога се потребни во Македонија. Многу од нив се популарни сред народот (Апостолски, Влахов)...“ .. „Нашата партиска организација и самата придонесе за нивната популаризација, а и денес меѓу масите не се истакнува доволно претседателот на владата. Во партиската организација тие немаат влијание но партијата мора да се подготви за борба со нивните разбирања, мора да се очисти од семејниот небудност, и често од некритичноста.

народот, Партијата постапува мошне внимателно. ЦК смета дека спрема групата не треба да се зазема фронтален став, „да не се именуваат во организацијата“ и бара „удирање принципиелно по таква група, по ставовите“. Да не се презема јавно разобличување на овие личности, туку, „пединечно ќе се превземаат мерки спрема нив...“. Се започна со дисквалификација на Венко, се монтира грозоморниот процес на Ченто, на Пирузе му се одзема партизанската споменица, Соколов, Хаџи Панзов и многу други се ставаат „под сенка“, „стариот“ Влахов е тргнат, а потоа доаѓа судирот со Информбирото. Се создава крајно поволна клима за расчистување со сите авторитети и идеолошки или политички неистомисленици: Брашнаров, Пирузе, Шатев, Фотев итн.

Кога зборуваме за „идејата на ВМРО“, мислиме на концептот и стремежот за самостојна македонска држава во етногеографските граници на Македонците. Заради сплетот на историските околности, идејата на ВМРО и исконската желба на Македонецот за својата држава и слобода биле злоупотребувани од различни туѓодржавни влијанија и идеи. Во тие рамки, оделни Македонци се ставиле во служба за реализација и на туѓи цели, под плаштот на идејата за автономна Македонија, како на пример Ванчо Михајлов, кој и по прогласувањето на македонската држава, останал до крајот на животот деклариран Бугарин. Мал број од Македонците, идеализирајќи ја борбата за автономија како идеја на гоцеделчевската ВМРО, не знаејќи ја до крај мисијата на Ванчо Михајлов, наивно верувајќи дека со него на чело ќе се борат за самостојна и обединета Македонија. Но најголемиот број од приврзаниците на идејата за ВМРО ги негувале илинденските традиции[298] и биле луѓе кои сосема свесно се определиле за самостојна и обединета Македонија надвор од било какви туѓи игри и политички калкулации. За жал, сите биле ставени во исти кош, како „ванчомихајловисти“, „непријатели на Македонија“.

Делувањето на групи и организации на ВМРО во комунистичка Македонија беше уште една табу-тема на македонската историографија, подложена на силниот притисок на политиката. Но, објективно, и сега ги немаме сите релеватни историски научни показатели за целосната историска реконструкција на секоја организација, група и личност кои биле здоени со идејата на ВМРО и делувале во тој правец. Најголемиот дел од документите се или уништени, или некаде складирани во некое од поранешните југословенска складишта

[298]Карактеристичен е случајот на Ташко Врезоски од с. Врбјани, Охридско (но, такви случаи имало многу, особено на Малешевијата) кој заради прогонот на властите пребегал во планина. Против него биле превземени силни потери и во неможноста да биде фатен, одмаздата паднала на неговата фамилија која била интернирана. За љубов и фамилијата тој бил приморан да се предаде. Еве што кажува неговиот син Цветко: „Таткото ми беше за самостојна и обединета Македонија. Таа идеја му е од татко му, од дедами Јордана, кој бил учесник во Илинденското востание. Со таа идеја се борел во балканските војни и во Првата светска војна... Во есента 1943 година при одбрана на слободната територија Дебарца, татко ми беше командир на реонската чета... Ијас сум учествувал во НОБ во VI македонска ударна бригада... Го минав нејзиниот борбен пат, но таткоми не беше задоволен со статусот на Македонија по Втората светска војна, бидејќи и натака поголемиот дел остана под други држави“. Незадоволен и од статусот на НРМ во ФНРЈ „веднаш почна да зборува за самостојна Македонија. За тоа имаше истомисленици и од околните села... Всушност тие имаа цела мрежа на организацијата ВМРО...“ (Стојан Ристески, Судени за Македонија 1945-1985, „Време“ 1993, 443-444).

и за жал недостапни за научната јавност. Полициските досијеа се исто така несигурен извор бидејќи се преполни со субјективни проценки, изнудени или готови изјави потпишани до крајни граници од поважните документи. Од сето се стекнува впечатокот дека поважно било кодошењето, односно исполнувањето на должноста и редовност во поднесувањето информации, отколку важноста и валидноста на податоците и информациите. Многу значајни одлуки со кои се влечеле различни концеквенции биле пренесувани преку телефон или со усни наредби во четри очи такашто не останал пишуван траг, некаде трагите и сведоците се уништени. Дел од оние кои на душа носеа многу гревови, но, многу и од оние кои беа сурово репресирани, (уплашени до смрт) ги понесоа со себе тајните во вечниот дом. Некои силници и денес мислат дека биле во право и со агресивно непријателство ги прикриваат своите заблуди, а незнатен број ги признаваат своите гревови. Некои и „по Лазо“ си останаа „за Лазо“ (Колишевски).

Во текот на истражувањето сепак дојдовме до сознание дека немаме право да ги застрамуваме семејствата за однесувањето, дволичноста или суровоста на нивните татковци, дедовци итн. Се уште раните се свежи. Тука претстои широко поле за истражување, но, потребна е и нова историска дистанца од која помладите генерации историчари ќе ги истражуваат овие настани. Мемоарската литература и сеќавањата на репресираните без кои никако не можеше да се напише овој прилог кон насловната темма на книгата, се само дел од приказната, но, остануваат повеќе непознаници. Репресираните и затворените честопати се сомневале во тоа кој ги зел на душа, но, во многу случаи грешеле и до крај не можеле да ги осознаат сите околности и виновници. Понатамошното истражување и копање на оваа тема, можеби некого ќе го доведе до болни сознанија за улогата на некои интелектуалци, за нивното вистинско лице, но сето тоа треба да биде аргументирано и со докази.

Тајните политички групи и организации за идејата на ВМРО се појавиле веднаш по Втората светска војна, по конституирањето на Демократска федерална Македонија како федерална единица во рамките на втора (авнојска) Југославија. Нивното организирање и дејствување беше израз на длабоката разочараност и на незадоволството кај македонскиот народ од делумно решеното македонско национално прашање, од неможноста за територијално обединување на македонскиот народ, како и поради неприфаќањето кај извесен број Македонци на статусот на Македонија во рамките на Југославија. Но, покрај овие причини, зборувајќи за појавата на нелегална опозиција во македонската држава, академик Иван Катарџиев ќе ги наведе и „безогледната скспропријација и национализација на ситната сопственост,ниви, куќи, мали преработувачки капацитети, брутално кршење на елементарните човекови права и слободи, неосновано малтретирање, затварање, понижување и јавно обезличување на луѓето од кои голем дел материјално ја помагаа борбата против фашизмот и веруваа во подобра иднина, волунтаризмот и самоволијата на партиската бирократија, безогледна колективизација што доведе до упропастување на селското стопанство, особено на сточарството, брзо осиромашување на

селското население итн. Сето тоа, плус нереализирањето на идеалите за единствена и обединета Македонија и доминација на централните органи на федерацијата, потчинувањето на специфичните македонски национални интереси на интересите на федералната политика создадоа атмосвера на незадоволство и отпор...“[299].

Според официјалните податоци на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија од 1993 година, во периодот од 1945 до 1985 година, вкупно во државата биле откриени 105 илегални групи и организации, со преку 1.200 членови, чие дејствување било насочено кон „отцепување на Р.Македонија од заедницата на југословенските народи и создавање на самостојна и обединета Македонија“. Од нив биле уапсени 1.054 членови на илегални групи и организации, од кои 242 биле осудени на смрт или на временска казна од 15 години. Според други извори се смета дека во првите години од ослободувањето на Македонија поминале околу 4.700 лица, од кои само во затворот во Идризово биле затворени околу 2.500 политички затвореници. Тајните опозициони групи во НР/СР Македонија дејствувале континуирани 40 години, и тоа речиси низ целата територија на државата (РМ).

Веднаш со појавата на првите организирани тајни организации и групи речиси во сите градови во Македонија, во текот на 1945 година, започнала силна полициска репресија над нивните членови, со апсења, затварања, судења, па и стрелања без судски пресуди. Репресијата се засилила во текот на 1946 година.

Во пролета 1946 година, кога веќе беше намонтиран процесот против Ченто, започнала масовната хајка и расчистување на „народната власт“ со „народните непријатели“. Доушниците собираа најбесмислени информации, низ луѓето завладеа страв. Особено на удар беа оние посмелите, кои паѓаа во очи, кои носеа искара на непокорност. Се копаше во биографиите на нивните претци и најчесто, онаму каде беше силно изразено македонското чуство или каде имале некој предок кој бил поврзан со некогашните организации на ВМРО, автоматски се групираа во арсеналот на непријателите: автономисти, сепаратисти, ванчомихајловисти[300].

Во текот на мај 1946 година, по налог на ЦК КПЈ, Владо Стругар прави обиколка на Штипскиот округ каде забележал дека најповеќе „политичко вриење“ се чуствува во градот Струмица „и тоа особено воквартот Маџир мало кој брои околу 3.000 до 3.500 жители каде се чуствува ВМРО-вската дејност“. Меѓу другите истапувања, Стругар посебно забележал дека тука луѓето сметале оти „Гузелов е неправилно осуден и дека е искрен поборник на македонскиот народ...“. Основната парола која тука се пренесувала гласи: „Ќуркот на Гоце Делчев го носите, но делата не му ги следите“. Инаку според

[299]Иван Катарциев, Оживувањето на идејата, името и дејноста на ВМРО во Република Македонја, кај: Глигор Крстевски, Отпори и прогони, „Матица македонска“, Скопје 1994, 100.
[300]На 13 мај 1946 ЦК КПМ одржал проширен состанок околу засилената активност на ВМРО-вските груп во НРМ.

мислењето на тогашниот Месен Комитет околу 70% од луѓето во тој кварт биле под влијание на ВМРО. Ваквите појави биле забележани и во повеќе села во истата околија[301].

Така, од 1946 година започнало интензивно полнење на затворите со политички затвореници. Истражните постапки биле ужасни, а изјавите дадени со присила се земале како „доказ“ за вината на осудениот. Условите во затворите биле уште потешки, позастрашувачки. Во нив не се барале начини за да се скршат казнениците: и физички и психички. Многумина од репресираните можат да се најдат во следниов исказ: „Сум лежел во турски, во бугарски, во српски затвори, се поради Македонија, ама не верував дека за Македонија ќе бидам затворен и од Македонци. И...во ниеден затвор мачењата не беа толку и такви како во македонскиот затвор. Толку ѕверства не видов во ниеден туѓ затвор[302].

Целиот живопис на затворскиот живот во детали го опишува Ефтим Гашев осуден во 1945 година на 12 години затвор (потоа казната му е намалена на 7 години кои ги одлежал во повеќе затвори), со обвинение: „...Се борел да се собори државното уредување на ФНРЈ и се борел за отцепување на НРМ од Југославија, за Македонија да биде самостојна на чело со Ванчо Михајлов“[303]. Во затворот Гашев влегол на 20 години, во најбујната младост, а излегол на 27, од 1945 до 1952 година. Таму созреал и се прекалил преживувајќи ги сите средби со разните „непријатели“: по идеја на ВМРО, за ванчомихајловизам, за отпор против експропријации, национализации, задругарство, по линија на Инфромбирото. Тоа биле најсуровите времиња на една силна полицископартиска репресија. По 1952 година таквиот притисок почнал да се намалува, Југославија се свртува кон запад, бара кредити, воведува самоуправување. Но „бележаните“ не биле оставени мирно да го продолжат својот растурен живот. Знаејќи дека ќе биде следен, Гашев сам се осудил на изолација, да не им наштети на најблиските. По повеќе години во кои ги залечувал „идризовските рани“, Ефтим Гашев јавно ќе проговори: „Најголемиот срам на нашата борба е импутацијата на името на Ванчо Михајлов (макар што тој јасно кажува дека В. Михајлов имал приврзаници во затворот, б.н.). Независно што пишува во пресудата, познати се во светот сите судски процеси во тоталитарните режими...“[304].

Македонската младина, воспевајќи ја новата слобода, во стартот не можеше да ги свати вистинските цели на дел од авторитетите кои го превземаа кормилото на власта. Во

---

[301]Извештај од терен на Владо Стругар (Штипски округ) до ЦК КПМ, 31.5.1946.

[302]Истражувања на Ристо Петрески-Шукрија од селото Слатински Чифлик (Стојан Ристески, Судени за..., 435-436).

[303]Ефтим Гашев, заедно со Трајко Попов и Борисав Градишки, некаде во 1938 година прогласиле „една мини организација„ нарелена Македонско национално движење „Бунт“. Тоа во суштина било „еден национален, пропаганден актив којшто ја ширел идејата за македонштината, за македонската националност, ширејќи ја идејата на првобитната и единствената ВМРО, за самостојна, обединета и демократска Македонија“ Ефтим Гашев, исто, 364). Притоа нивниот лидер Трајко Попов бил стрелан, а врз Гашев, како најмлад во групата бил вршен притисок да стане денунцијатор. (Исто, 376).

[304]Ефтим Гашев, исто, 368

свеста на бројни малди македонски патриоти живееја илинденските традиции кои го хранеа духот на народот во текот на големата антифашистичка национално-ослободителна војна 1941-1944. Всушност, тие заедно со групата на внатрепартиската опозиција „сепаратисти и автономисти“ имаа, помалку или повеќе слични погледи за решавањето на македонското национално прашање. Влата многу лесно им најде формула за елиминација на оние кои беа за обединета и независна Македонија. Едноставно ги прогласи за „ванчомихајловисти“, а тоа значело да ги добијат епитетите; терористи, фашисти, империјалистички агенти, народни непријатели, антидржавни елементи итн.

Будните органи на ОЗН забележале дека о повеќе македонски градови поголем број посмели младинци од кругот на средношколската младина се нашле „на линија на ВМРО“. Според документите од овој период, групи „непријателски настроени ученици“ тогашните власти евидентирале во Велес[305], Скопската машка гимназија, Струмица, Охрид, Прилеп, Ресен, Штип итн.[306], за кои забележале дека се „самоникнати“ и дека иницијатори се самите ученици.

Покрај средношколската младина, биле забележани поголем број ВМРО-ски групи во Богданци, Кочани, Битола[307] и во други градови[308]. Особено активни биле битолските групи на ВМРО кои, уште во текот на месец март, започнале меѓусебно поврзување и кои имале силна подршка во градот. Органите на прогонот воделе неколку месечна истрага за

[305]Во еден извештај од Тиквешката околија се нагласува дека таму „ванчомихајловистичката дејност постои уште од порано, поранешна Југославија и окупацијата. После ослободувањето тие се афирмираа во 1945 година нарочито на Гевгелиски терен и тоа кај еден добар дел ученици“

[306]Во првата група младинци од Струмица и Гевгелија, осудени во 1946 година, во Идризово пристигнале: Кочо Аџи Мишев, Љубен Топчев, Мирко Пецев, Ѓорѓи Јар'мов, Методи Калкашлиев и Боро Белев во август 1946 година, втората група судена летото 1947 година: Јосиф Јосифов од Гевгелија, Андон Брзилов од Гевгелија, Стојан Терзиев, Панче Шаламанов, Томе Шаламанов, Живко костуранов, Никола Михајлов, Кирил Басев и Мануш Илиев. Штипските гимназити кои стасале во Идризово се: Наум Којзеклиев, Васил Ефтимов, Борис Давков, Панче Смилев, Митко Илиев, Љупчо Ефремов. Во „синџирот“ се надоврзуваат велешките гимназијалци: Саздо Трајков, Круме Чушков, Тихомир Лукарев, Милчо Ефремов, па скопските гимназијалци: Глигор Чулев, Ацо Бачев, Тодор Велков, Јовче Трајчев, Столе Столев, Благоја Велковски. Охридската гимназија даде свој „придонес“ со струшките и охридските ученици: Ташко Крстевски од Ресен, Климе Евров од Струга, Киро Мојсов од Струга, Крум Миладинов од Струга, Саво Коцарев, Перо Мостров и Никола Метулев од Охрид. Од битолската гимназија беа: Пецо Петков, Никола Коларов, Константин Христодулов, Крсте Петров, Бруно Котев, Димче-Таки Попакоч, Крсте Гугувчев, Ѓорѓи Христов, Петар Динев. (Ефтим Гашев, Нашата кауза..., 198-199). Глигор Чулев, учесник од Кавадарци наводно извршил „самоубиство“ во затворот. Всушност тој бил „фрлен од четвртиот кат“ на затворот (Исто, 374). Благоја Велковски, учесник од Скопје, „умира“ во затвор итн. (Исто, 326).

[307]Во битолската вмровска група, судени во 1946 година се: Методија Коларов, осуден на смрт и стрелан. Славе Петровски, Благоја Начевски-Шамбе, поп-Јонче Кузмановски, Вангел Георгиевски, Лазар Божиновски, Димитрија Пендаровски, Александар Лозановски, Новица Милановски, Никола Коларов, син на првообвинетиот Методија, Петар Динев, Димитрија Папакоч и Атанас Макешевски, (Ефтим Гашев, исто, 199).

[308]Така, на пример, уште од почетокот на 1945 година била забележана организирана група ВМРО во Богданци која имала силно влијание дури и на месниот народноослободителен одбор. Оваа група се декларирала против интеграцијата на Македонија во Југославија, истакнувајќи ја паролата за автономна Македонија. Додека оваа група своите барања ги поставувала речиси јавно, во Кочани и околијата ВМРО-ската група дејствувала „поконспиративно“

разоткривање на мрежата на организираните групи и за нивно ликвидирање, но нивната дејност не била уништена, а паролата за самостојна Македонија била многу силна.

Врз основа на присобраните информации на УДБ од теренот за појавата на групи и поединци против востановениот ред на нештата и за други идеи, повеќекратно расправа Политбирото на ЦК КПМ[309]. Според информациите на УДБ, во текот на 1947 година, ЦК на КПМ констатира „засилена дејност на ВМРО", која наводно се појавува како „центар на собирање на реакцијата во Македонија". Притоа водечките македонски комунисти оцениле дека „недоволно разобличување на ВМРО и на нејзините водечки личности во минатото и сега помага околу нив да се собере мнозинството од оние кои се погодени со стопанските и политичките мерки на нашата власт. Тоа особено се објаснува со бројот на вовлечените младинци".

Сметаме дека ова последното не држи бидејќи младината секогаш била најпрогресивниот дел, оној кој влечел напред, па не може да зборуваме за нејзина определба на „страната на реакцијата", посебно ако се има предвид дека младината најмалку била погодена со стопанските и политичките мерки на новата власт. Создавајќи арсенал од „непријатели" и барајќи нивна меѓусебна врска, власта директно ја поврзувала дејноста на ВМРО со остатоците на буржоазијата која, реално, во Македонија беше малубројна и недооформена под туѓунските власти. Затоа таквите квалификации на историските национални стремежи на македонскиот народ, па дури и во неговата држава не можат да се стават под именителот „буржоаски". Тоа донекаде би можело да се објасни како рецидив на старите идеолошки квалификации во комунистичкото движење кога повеќето национални движења ги прогласуваа за буржоаски.

Појавата на летоци низ повеќе македонски градови и села[310] била честа и тоа ја зголемувало вознемиреноста кај власта и кај органите на прогонот. Покрај летоците со

---

[309]На 28 мај 1946 година, ЦК КПМ одржал состанок на кој присуствувале „д-те Лазо, Абас, Мара и Љупчо" и меѓу другото на дневен ред била точката: „Утврдување став по прашањето на ВМРО-ските групи и банди и балистичките такви во врска проширениот састанак на пленумот на ЦК, одржан на 13 мај 1946 година". Во врска со оваа точка, по излагањето на Абас „по прашањето со појавата на непријателските групи и банди" ЦК смета дека треба да се превземе: а) засилување на политичката работа воопшто, а особено во „осетливите" краеви", б) зајакнување на партиските раководства во Штипскиот округ, во Кичево и Гостивар, в) истото да се направи и со повереништвата на ОЗНА во тие места, г) во местата каде се појавуваат „непријателски банди да се земат поостри административни мерки..." ѓ) да се подобри составот на народните одбори, судовите и јавните обвенителства во тие места". Покрај овие мерки се бара испраќање на директивно писмо заради закажување, во текот на јуни, окружни советувања. Притоа, „горните решенија ќе ги спроведат Лазо да го напише окружното писмо директивно, Цветко да ги спроведе работите организациони и кадрови, а Љупчо за подобруење составот на народните одбори, Андро да одржава врска со јавниот обвинител за Македонија и непосредно прати неговата работа".

[310]Владо Велјановски, член на ВМРО од 14.4.1947 година, а на 9.1.1948 затворен во Битола, осуден на 31.5.1948 година на пет години затвор кои ги одлежал во Идризово и во Централниот затвор, се сеќава: „Во јуни месец, во селото Кукуречани, по полноќ, пред милиционерската станица, фрлив околу 250 летоци со таква содржина со која го повикавме населението на востание, да го урне тогаш диктаторски систем, баравме помош од западните земји, а исто така, во летоците пишуваше оти ја бараме самостојна и независна Македонија..." (Ставре Циков, Македонија..., 101-102).

политичка содржина за обединување на Македонија, се појавиле и летоци во кои се критикувала стопанската политика на државата, а особено нереалноста и предимензионираноста на првиот Педгодишен план. Овие летоци партиската влас ги преписувала на „класниот непријател“[311].

Всушност реалност во тие услови биле крајно нереалните задачи што ги поставувал Педгодишниот план за развој на народното стопанство, заснован врз советската помош и врз извлекување на екстра профит од селото и аграрот, за реализирање во рок од пет години. Преамбициозен и гломазен, без доволно акумулација, тој навистина немал шанса да биде ни напола реализиран. Притоа, низ повеќе извори од овој период секое пројавено сомнение или реално согледување на мегаломанските цели на планот било оценувано како „непријателска дејност“. Во овој случај, бидејќи се работи за дисквалификација на идеите на ВМРО за поинакви решенија освен комунистичките, нормално е препишувањето на уште ден грев на ВМРО базиран врз „класни основи“ односно критериуми.

Иако органите на власта не располагале со податоци за „некоја општа ВМРО организација за цела Македонија“ постоел стравот дека таа би можела да се создаде, доколу на време не се превземат потребни мерки. „Нема причини да се плашиме или да ги надувуваме последните појави на ВМРО. Во таа или поинаква форма остатоците на буржоазијата ќе се спротиставуваат на нашиот натамошен развој. Од нашите мерки презимени на теренот зависи колку ќе ја сузбиеме и ограничуваме нивната дејност“.

Вршејќи анализа на бројните „ВМРО-вски појави“, ЦК смета дека е потребно да се превземат остри судски мерки и тие веднаш конкретно да се разјаснуваат на теренот. Понатаму се предлагаат „поединечни мерки за сузбивање на ВМРО групите со интернација и конфискација на имотот на оние што ќе пребегаат преку граница, при што извесен минимум да се остави на членовите на нивните семејства[312]. Самите учесници во групите да не се апсат со ред, туку само од порано познатите ВМРО-вци, потикнувачите и организаторите на нивните групи кои строго би се осудиле. А другитеучесници на групите да се повикуваат и да им се укажува дека нам ни е позната нивната непријателска дејност и доколку не се откажат од неа, дека ќе бидат земени на одговорност. Некои од нив да се користат сами да ја раскринкаат својата дејност. Сето ова да се спроведува по линија на УДБ“. Барајќи воспоставување на „поцврста врска помеѓу партиските комитети и полномоштвата на УДБ на теренот“, ЦК бара позасилена активност на комитетите „во разобличување на ВМРО и други непријателски појави“.

Покрај активностите по линија на КПМ и по линија на УДБ, ЦК се залага за „потемелно проучување на историјата на нашиот народ“ сваќајки дека националната

[311]Содржината на новопојавените летоци „покажува дека и овој пат буржоазијата побрзо се ориентирала, чуствувајќи ги посилно своите класни интереси. Таа пред нас излезе со паролите за стопанскиот план, обидувајќи се да предизвика сомнение во неговата реалност“

[312]„Службен весник“, бр: 18, 1 март 1946 година.

историја може мошне успешно да се користи за воспитни цели на младите генерации. Така, при ЦК КПМ бил создаден специјален актив кој имал задача да приготвува за публикување неиздадени историски документирани материјали заедно со потребни предговори, коментари, објаснувања, повторно да преиздаде со критички коментар некои дотогаш побликувани материјали и книги и „да обезбеди сигурна контрола над сите материјали предадени на издавачките заводи или редакции на листови за побликување, а кои третираат прашања кои влегуваат во делокругот на работата на комисијата“. Потребната матрица за оценки, квалификации и дисквалификации на одредени историски личности и настани во најновата историја на Македонија ќе ја воспостави Лазар Колишевски со неговиот Политички реферат на Првиот конгрес на КПМ при крајот на 1948 година.

Прогонот на Македонците во сопствената држава продолжил со несмален интензитет и во 1947 година. Помеѓу другите судења, Окружниот суд во Битола осудил 13 лица од кои едно на смрт[313], а другите со долговременски казни строг затвор, за „противнародна“ дејност, организирање заради „стварањето на некаква Обединета Македонија, значи насилствено рушење на народната власт и на федеративното устројство на ФНРЈ, како и тоа до клавањето на една таква Македонија под протекторат на Америка не значи ништо друго ами повторно поробување на македонскиот народ и давање возможност на американскиот имеријализам да продре на Балканот...“[314]. Судењето било одржано во соколаната каде биле поставени звучници за насобрана маса од околу десетина иљади граѓани да го следи процесот. Еден од судените се сеќава: „На нашето судење не се судеа нашите дела, зашто дела немавме, туку нашата идеја, на обвинителната клупа се најде ВМРО... нашата група беше за самостојна, автономна и обединета

---

[313]Се работи за Методи Коларов кој припаѓал на организацијата „Демикратски фронт на Македонија – Илинден 1903“. Во 1942 година со една група Македонци Коларов отишол кај Ванчо Михајлов во Загреб, со цел да се посоветуваат што да превземат во тие моменти за автономна и обединета Македонија под покровителство на Германија. Од таму се вратија крајно разочарани од Вначо Михајлов, од тоа што верувале во него, од неговата неспособност. („Чекајте! Не се знае уште победата на Германија!“ им рекол Ванчо Михајлов). Од група која контактирала со Михајлов, како соработници на окупаторот биле осудени на смрт со стрелање: д-р Константин Робев, д-р Асен Татарчев, д-р Владимир Туџаровски, Александар Костов-Кандилото, д-р Борис Светиев, Христо Ризов и Стеван Светиев. Казните подоцна им биле преименувани, а бил ликвидиран само Стеван Светиев кој официјално „се самообесил“ (Стојан Ристески, Судени..., 159-161).

[314]Со ваквото образложение на пресудата се осудени: 1. Методија Коларов, осуден со стрелање на смрт, конфискација на целиот имот и трајно губење на сите политички и оделни граѓански права, 2. Славе Петровски осуден на 12 години лишување од слобода и присилна работа, 3. Вангел Георгиевски, осуден на 6 години лишување од слобода, 6. Лазар Божиновски осуден на 8 години лишување од слобода, 7. Димитрија Пандаровски, да издржи 8 години лишување од слобода и со конфискација на целиот имот, 8. Александар Лозаноски, осуден на 11 години лишување од слобода, со присилна работа, 9. Новица Милановски, осуден на 7 години лишување од слобода со присилна работа, 10. Никола Коларов (син на прво обвинетиот Методија Коларов), осуден на 15 години лишување од слобода со присилна работа и губење на сите политички и поедини граѓански права во траење од 4 години, 11. Петар Динев, осуден на 11 години лишување од слобда со присилна работа, 12. Димитрије Папакоч, осуден на 11 години лишување од слобода со присилна работа, 13. Атанас Макешки, осуден на 10 години лишување од слобода со присилна работа. (Ставре Џиков, Македонија во комунистичките..., 99-100).

Македонија под поротекторат на Америка и Англија како гаранти за нашата самостојност и слобода. Ние немавме никаква помисла за Ванчо Михајлов, никаква помисла за приклучување кон некаква Бугарија...“[315].

Меѓу повеќето жртви за кои немало оформен кривичен предмет и кој дури во 1992 година беше официјално прогласен за мртов, без да се „расчепкуваат“ работите е свештеникот Ристо Гавровски, првиот претседател на Народноослободителниот одбор на Струмица и еден од 9-мината членови на иницијативниот одбор за обновување на македонската православна црква. Неговата смрт преставува уште една од оние со наводно „инсценирано“ бегство преку граница кое ќе се повтори и во случајот со стрелањето на петмината струмички студенти. Ристо Гавровски бил ликвидиран откако бил изнесен од Истражниот затвор во Штип. Тој бил одведен на ликвидирање со образложение дека го водат да се изврши реконструкција на местото на апсењето. Според официјалната верзија побегнал во Грција. Но датумите на бегството и на сведоците кои по тој датум го виделе сите негови маки во затворот зборуваат за прикривање на уште еден злостор. Со денови тепан, изнемоштен, по тридневен престој во ќелија малку поголема од половина квадратен метар и чуван од добро вооружена придружба, тој реално немал никаква сила, ниту шанси, да претча 10 километри и да избега кај селото Еднокуќево. Така најверојатно бил убиен, а потоа фрлен во една од печките за вар на Беласица[316]. Набрзо целиот негов имот бил ставен под секвестер.

Во текот на 1947/48 година била разоткриена „поголема ванчовистичка активност, нарочито на теренот на Кичевијата и Тиквешко“ каде бое зафатени поголем дел на села и луѓе и каде се разоткрија околу „80 формирани комитети“ во кои „биле опфатени 3-4 лица“. Поради ваквата „ванчовистичка дејност“ од ослободувањето па до средината на педесетите години, само во Титовелешката околија биле „затварани и судени околу 500 души“. Меѓутоа, според мислењето на Околискиот комитет на СКМ – Тито Велес, во тој „број на луѓе има доста кои се били заведени и случајно западнати на ванчовистичка линија“[317].

И покрај постојаното претресување на состојбите на теренот во врска со ВМРО од страна на највиското државно-партиско раководство на НРМ, а особено на политбирото на ЦК КПМ, на чело со Лазар Колишевски, и покрај ангажирањето на органите за безбедност (чии челници, заради недоверба кон „домородците“, во НРМбиле доведени од другите републики, пред се Црногорци и Срби) и ужасните репресалии на кои биле изложени повеќе граѓани, идејата на ВМРО за обединета Македонија не можела така лесно да биде убиена. Притоа, црвениот терор не ги достигнал само припадниците на ново

---

[315]Сеќавања на Никола Коларов (Стојан Ристески, Судени..., 160).

[316]Повеќе детали за овој случај се изнесени од новинарот П. Гичаровски во „Дело“ од 13 и 20 февруари 1997 година.

[317]Особена активност на „ванчовистите“ била забележана во Титовелешко, Чичевијата, Тиквешијата, Гевгелија, Богданци, на Валандовскиот терен – Пирава, Брајковци и други места.

формираните групи и организации, туку зафатил многу луѓе кои исплашени морале да пребегнат преку граница за да спасат глава, а нивните семејства биле оставени на милост и немилост на народните власти: со ниќни испрашувања, истоштување со намештија, интернации, затварања итн. Кога, сама за себе би се зела само Малешевијата во период 1946-1953 година, може да се види навистина една потресна слика на претерана репресија и психоза на страв. Сите биле ставени под будното око на УДБ: оние што „се држеле пасивно", они што викале „На Солун", противници на конфискации, национализации, колективизација итн., идеолошки неистомисленици, политички грешници.., пријатели на „народните непријатели" итн. итн. Многу од „бележаните" и нивните семејства биле збунети и не знаеле зошто ги товарат „која матна ќе ги фати"...

Во тие масовни апсења најмногу страдала македонската младина, особено средношколската младина. Според некои индикации, се смета дека во тие години биле уапсени повеќе илјади средношколци[318]. Тие голобради момчиња, манифестирајќи го својот патриотизам, па макар и со една испишана парола ма училишната табла или на селскиот ѕид беа прогонувани, репресирани, осудувани и подложени на тешка присилна работа, па дури и подмолно убивани. Така училишните клупи беа заменети со темни и тесни карцери[319]. Таму младите луѓе чија грешка била нивното залагање за обединета и независна Македонија биле изложени на невидени тортури.

Во тој систем на затворска репресија и самоволие на суровите и примитивните „превоспитувачи" повеќемина некогашни затвореници од Идризово го оделуваат случајот на Глигор Чулев од Кавадарци, учесник на Скопската гимназија. Овој млад човек, „со буен македонски национален темперамент и ...почитичка колтура", во сеопштиот инквизиторски третман на затворениците од идризово, посебно на оние помладите и непоколебливи за својата идеја[320] бил изложен на невидени измачувања, а потоа фрлен од

---

[318]Илија Максимовски наведува дека биле уапсени 7.330 средношколци (Илија Максимовски, Политички затвореник за Македонија, Скопје 1991, 15).

[319]„Карцерирањето беше изолација во специјални простории, а такви имаше шест, сместени во една поголема просторија... Од надвор имаше железна врата низ која се влегуваше во тесен ходник.., а од двете страни беа поредени карцерите (самиците), по три од секоја страна, со површина од метро до две. Секој карцер имаше железна врата, а задните четри карцери немаа никаков директен допир со надворешноста, такашто во нив воздух доаѓаше преку надворешната врата и низ праговите на другите врати. Карцерирањето беше најчеста казна што редовно се применуваше, главно, до 14 дена, но се мултиплицираше и неколкупати. Тука ги изолираа смртниците еден ден пред срелање, а исто така, во нив со месеци беа изолирани најзакоравените затвореници, оние што немаа желба да се „повратат". Во задните карцери немаше никаква светлина и казнетите живееја во вечна темнина. (Ефтим Гашев, Нашата..., 198-89).

[320]Во напната политичка клима, во пролета и летото 1951 година, врз „дваесетмина од четвртата соба на III оделение се истури сета лавина од жестокост, омраза и одмазда". Дополнително обвинувани за субверзивна дејност во затворот беа: Јосиф Јосифовски, Наум Којзеклиев, Киро Мојсов, Борис Чаракчиев, Никола Коларов, Крсте Велјанов, Пеце Петков, Бруно Котев, Димче Попакоч, Константин Христодулов, Глигор Чулев, Благоја Начев-Шамбевски, Тодор Мицев, Борислав Градишки, Ратко Градишки, Ефтим Гашев, Панче Шаламанов и други. „Иследувањето ексклузивно го вршеа офицерите на УДБ ...иследувањето траеше до 25 август 1951 година за кое време перманентно бевме распитувани, физички и психички измачувани до смрт. За секого од нас иследниците имаа личен третман и нивните барања се однесуваа главно на нашата субверзија во затворот, на организираното огромно мнозинство од осудениците, за формирање на комитет

четвртиот кат на зградата. „Чулев херојски се држеше пред профисионалните ликвидатори. Не само што секојдневно му ги кршеа коските, туку му ја бараа и главата. За гнасното убиство на Чулев, што се случи околу 20 јуни, во сатворот кружеа две верзии: едната, дека Чулев е фрлен од четвртиот кат на новиот затвор, од надзирателот Русе Јакимовски кога го водел на сослушување..., втората верзија е дека Чулев самиот се фрлил од височината[321]. Според исказ на еден од затворските службеници, пред смрта Чулев на сидот од ќелијата испишал со сопствена крв „Македонија за тебе умирам", а потоа откако го повеле на иследување, по патот се фрлил во амбисот[322]. Некои подоцнежни искази кои ги слушнал Левко Џамбазовски, еден од осудените за дејност по линија на ВМРО (1906)[323], младиот кавадарчанец Чулев, „последните три дена од животот ги помина во кома во арестанското оделение на Хирушката клинка во Скопје... трите дена постојано изговарал: Македонија, Македонија, Македонија, ниту татко спомнал ниту Мајка..."[324].

Помеѓу новите чии животни патишта засекогаш завршија во Идризово, ќе го споменеме и Ѓорѓи Карев[325], братот на Никола Карев. Владо Велјановски, еден од непоправливите за идејата на ВМРО, кој заедно Ѓорѓи Карев во текот на 1948 и 1949 година ја одлежувал во Идризово, се сеќава, дека Карев бил сместен во соба број „6", т.н. „старечка", бидејќи имал речиси седумдесет години. Сите старци биле под клуч во собата. Ги пуштале само за земање на јадењето, а потоа веднаш ги затворале во собата. Георги Карев, иако стар ги прошол сите градилишта во Македонија, заедно со младите затвореници, и лете и зиме. „Мислеа оти на таа тешка работа ќе подлегне и ќе умре..., но тој некако издржуваше, многупати го праќаа по градилиштата и по извесно време го враќаа. Така во 1949 година го вратија во таа старечка соба... Му останаа уште два месеци до целото издржување на казната и неговото излегување од затвор. Но тој мене ми велеше: „...мене овие кучиња ќе ме јадат, а ќе бидеш сведок оти нема да ме пуштат. Ќе ме убијат"[326]. Карев зборуваше дека бил обвинет од србомани и оти немал никакво кривично

---

или влада, па се до наводното организирано масовно бегство од затворот... Репресиите беа толку сурови што некои од обвинетите го признаа и она што никогаш не го ни сочинувале. Во овој невиден и нечуен линч најтешко помина младиот вмроовец, бестрашниот борец за македонската кауза Глигор Чулев..." (Ефтим Гашев, исто, 302)

[321]Ефтим Гашев, исто.

[322]Ефтим Гашев, исто, 303.

[323]Под истрага и осуда за иста идеја ќе се најдат и тројцата учители, по потекло од Егејскиот дел на Македонија: Александар Јанакиевски, Митко Анастасов и Ѓорѓи Чичков. Тие на главниот претрес пред окружниот суд во Скопје одржан на 15, 16 и 17 декември 1960 година беа осудени Александар со казна строг затвор во траење од 6 гдини, Митко на казна строг затвор во траење од 2 години и 6 месеци и Ѓорѓи на казна строг затвор во траење од 4 години. Осудените биле тovarениза непријателско расположение кон државното и општественото уредување, дека создале група заради отцепување на НРМ од ФНРЈ и за создавање „независна и самостојна Македонија". (Ставре Џиков, исто, 139).

[324]Ставре Џиков, исто 138.

[325]Георги Јанакиев Карев – Ѓорѓи Карев (Крушево, 1879 – Скопје, 1949). Починал во Идризово под неразјаснети околности (Кочо Топузоски, Никола Карев, живот и потоа, „Матица Македонска", Скопје 2005, 17)

[326]Карев бил исплашен од Злателта Билјановски, тогаш министер за внатрешни работи: „Тој се ќе стори да ме убијат" (Ставре Џиков, исто, 102).

дело. Тоа се гледаше и од пресудата која прво му беше за стрелање но потоа му ја намалиле на пет години затвор со присилна работа. Во тоа време ОЗНА можеше да ти подготви процес и да те осудат колку што тие сакаат. Судовите тогај беа формални. Однапред бевме осудени[327].

Последната работа на Ѓорѓи Карев било градилиштето Отешево, патот на Галичица. Откако и таму издржа „се уплашија оти ќе си појди дома и затоа решија да го вратат и да го убијат. Вечерта кога се построивме Ѓорѓи Карев го немаше да дојде во редот за земање вечера... Дента разбравме оти во Идризово дошол Министерот за внатрешни работи на НРМ Злате Билјановски, а секогаш кога ќе дојдеше Злате во Идризово, мораше нешто да се случи со некој затвореник... Другиот ден изутрината, додека не пребројува од еден од канцерите се слушаше офкање. Беше тажно да се слуша... Колку што времето одминуваше толку и офкањето се намалуваше. Беше јасно оти се случува нешто лошо... Тоа беше гласот на Георги Карев... Кога престана офкањето дојдоа двајца со носила и, покрај нас, го однесоа во амбулантата... не даваше знаци на живот. После 15-20 минути го вратија назад... во истиот канцер. Набргу ...во канцерот згасна животот на еден слободољубив син на Македонија...“ Во затворот во Идризово умре и ученикот Вецко Стаматоски од Цер, ученик во осми клас во битолската гимназија“[328].

Особено црна дамка во градењето на македонската слобода, оставило убиството на 5 струмички студенти, иако имало и други затварања и стрелања без судски одлуки. Затоа, само накусо ќе ја пренесеме трагичната судбина на младите струмичани некои од веќе споменатите ученици судени летото 1946 година: Кочо Аџи Мишев (Коста Хаџимишев), Љубен Топчев, Мирко Пецев, Ѓорѓи Јармов, Методи Калкашлиев и Боро Белев[329].

Окружниот суд на Штип, на 21 август 1946 година, ги осуди учениците од VI калс Методи Калкашлиев и Коста Хаџимишев на по три години лишување од слобода со присилна работа и по две години губење на сите граѓански права по издржување на казната[330], другите се осудени со помали казни, додека Борис Белев бил осуден од истражниот затвор бидејќи не било докажано дека бил член на ВМРО. Но, освен летоците во кои учениците се искажале за „автономна Македонија“, немало друг ниту еден конкретен зафат[331]. „Карактерот, целта и намерата на судскиот процес се доловуваат од вистината: судија-поротник бил секретарот на Градскиот комитет на КПМ за Струмица

---

[327]Таков исцениран процес бил на Благоја Велјановски и на уште двајца со кои служел војска во Штип, божем сакале да бегаат во Грција. Тие за тоа немале ни поим. Самиот Благоја раскажувал дека иследникот на КОС му велел: „И доколку не признаеш ќе бидеш осуден на 6 години“. И така тој ниту под истрага ниту на судењето признал нешто, но пак бил осуден на 6 години. (Ставре Џиков, исто, 102-103).
[328]Ставре Џиков, исто, 104-105.
[329]Струмичката група суден 1946, „Глас“, бр: 7, 24-25.
[330]Окружниот суд во состав на судскиот совет: судија Мане Хаџипецев и поротници Мара Минанева и Бојо Јовев, ги осуди првите двајца младинци по чл. 3, т. 8 од Законот за кривични дела против народот и државата. Другите беа осудени по чл. 9, т. 1 од истиот закон.
[331]Ставре Џиков, Македонија..., 97-99.

Мара Минанова“ која ја проценила тежината на летоците на кои, меѓу другото пишувало: „Да живее ВМРО! Доле колачите! Да живејат потопците на Гоце Делчев! Доле Тито (Колишевски, Апостолски)!“[332].

По издржувањето на затворските казни, М. Калкашлиев, К. Хаџимишев и Љ. Топчев во 1951 година пребегнале во Грција, а од таму во Бразил. Нивните другари Ѓ. Јармов, М. Пецев и Б. Белев по издржувањето на казната со огромни напори ја завршиле гимназијата, а потоа заминале на студии. Поцев на Правниот факултет во Скопје, Белев на групата Биологија на Филозофскиот факултет во Загреб Јармов на Техничкиот факултет во Белград.

За затворскиот живот на овие млади луѓе, еве го исказот на братот на Ѓорѓи Јармов, Кирил Јармов: „По 22 месеци издржана казна во Централниот затвор во Скопје и во Идризово, најчесто во канцер, со вода до колена, во просторија од метар, метар и половина, кога се врати во Струмица поднесе барање вондредно да ги полага испитите, бидејќи процесот почна 15 дена пред завршувањето на VII клас. Му одговорија дека не само што нема да му дозволат приватно да го полага класот, туку воопшто нема да го запишат во гимназија. Единствен услов што му го поставија беше да оди на работна акција и таму да се истакне, за да му ги простат гревовите“[333].

Но и покрај сите напори, животот на Јармов трагично заврши во ноќта на 13 август 1951 година. Ѓорѓи Јармов (22), заедно со своите другари Мирко Пецев (23) и Борис Белев (22), со кои беше суден на 21 август 1946 година, и со уште двајца струмички студенти Ѓорѓи Костуранов (19), студент по медицина на Медицинскиот факултет во Загреб и Стефан Топчев (19), студент на Правниот факултет во Загреб, петмина млади интелектуалци, на прагот на своето животно и професионално растење, биле собрани од струмичкото корзо, одведени на границата и стрелани во синорот на селото Дарломбос, на планината Беласица во месноста „Мала Беласица“. Без притвор, без обвинителен акт, без судска пресуда, во „комитетска судница“[334], само затоа што имале идеја за суверена и независна Македонија[335]. Притоа како во многу полициски монтажи, било исценирано бегство преку граница за во Грција, заради кое наводно се застрелани. Стрелањето било извршено поединечно од револвер со по еден куршум в чело меѓу очите и друг во

---

[332]Стојан Ристески, Судени за..., 144.
[333]Стојан Ристески, исто, 145.
[334]Новинарите А. Милински и С. Марковски, истражувајќи го ова злосторство дошле до сознание дека тогашниот извршен секретар на струмичкиот комитет на КПМ, ја потпишал пресудата за стрелањето, бидејќи секретарот на Градскиот комитет на КПМ Мара Минанова му се заканила со револвер. Така Минанова до крај ја завршила својата незавршена работа од август 1946 година во однос на овие млади луѓе. (Види за целиот случај во серијата написи на новинарите Малински и Марковски во „Нова Македонија“ од 22 јануари до 9 февруари 1991 година).
[335]На 13 август 1999 година во Струмица беше откриен споменик на петмината стрелани струмичи студенти, поставен во малиот градски парк во центарот на Струмица. (Откриен споменик на стреланите студенти, „Дневник“, 14.8.1999).

градниот кош во висина на срцето[336]. Убиените биле донесени во Струмица и веднаш одведени на гробишта. Борис Белев бил погребан на протестанските гробишта додека другите четворица на православните, во заедничка гробница. Но, репресијата продолжила: и врз семејствата осудени на молк со децении и врз споменот на починатите. Во домовите на убиените биле вршени постојани претреси, нивните најблиски заплашувани, навредувани, отпуштани од работа, притискани „доброволно" да се иселат од Струмица итн.

Мермерниот споменик што родителите го подигнале на своите трагично изгубени деца, морале во 1946 година да го срушат, зашто такви споменици не доликувале на „предавниците". Инаку им се заканувале дека ако не го урнат сами споменикот, тоа ќе го направат затвореници, па не ќе се знаат каде им се коските на погребаните, дека повторно ќе ги прогонуваат, ќе ги остават без работа итн.[337]

Забележлив проблем на идеите за обединета Македонија, повторно се чуствувал сред средношколската малдина и во педесетите години. По бројност, повеќе биле опфатени луѓето на село, меѓутоа „влијанието и како центри си остануваат пак градовите". Со оглед на решеноста на идеите за обединувањето на Македонија сред младината, секогаш будното око на Партијата се сомневало во позаднината на тие идеи – дали доаѓале од родителите, од некоја странска пропаганда или од некаква „непријателска" внатрешна организација.

„Држењето" на средношколската младина и нејзините истапи на линијата на „автономна и обединета Македонија" биле будно следени и педантно бележени од властите преку целата мрежа на доушници (на УДБ и на Партијата) врз кои почивал системот. Така и прашањата кои новите генерации македонска младина ги поставувале пред своите професори биле бележани како непријателска дејност. На пример средношколците во гимназијата и во хемислкото училиште во Титов Велес, прашувале: 1. Зошто Македонците во ФНРЈ не го поставуваат прашањето за присоединување на Пиринска и Егејска Македонија кон НРМ, додека за прашањето на Трст „бевме на се подготвени", 2. Зошто Македонците задолжително мораат да го учат српскиот јазик, додека Србите не учат на Македонски, 3. Зошто во Македонија се дистрибуираат од Белград весниците, 4. Зошто е затворен и осудуван Венко Марковски кога е тој „најсилниот македонски поет" итн..

Службениците на УДБ и членовите на органите на СКМ, ваквите прашања и разговори ги оценувале како „ванчовистички", а особено „на линијата на ова таканаречена Македонска политичка организација (се мисли на МПО во САД, б.н) во странство кој се служи не само со пропаганда преку радио туку испраќа и разни летоци и се обидува да

---

[336]Ова е констатација на очевидецот Ѓорѓи Костов Мангов, кој со камионче ги носел мртвите тела и на таткото на Борис Белев, лекар по струка.
[337]Исказ на Миро Топчев, брат на убиениот Стево Топчев.

опфати и организира луѓе во вид на своја организација“ и која посебно вршела обиди „да продре кај средношколците, студенти и др. школи“. Како потврда дека се работело за влијание на МПО, се посочувале разговорите кои учесниците ги воделе за животниот стандард во ФНРЈ – „зошто во Југославија животниот стандард е најнизок во Европа... дури понизок од Италија и од Грција, а да не зборуваме во споредба со Америка...“[338].

Заради распространетоста на идејата за обединување, дури и кај некои преставници на Партијата се јавила дилема дека „проблемот на присоединувањето на Македонија не е јасен, дали е сега време и зошто ние не го поставуваме и кога би го поставиле“, „како ќе се реши обединувањето на Македонија“ итн. Затоа и покрај обидите дал од истапите на младината да се окарактеризираат на „линијата на ванчомихајловизмот“ и на „линијата на МПО“, и самите партиски раководства на теренот дошле до заклучок дека „проблемот на обединувањето на останатите делови на Македонија не е од некои шовинистички или други непријателски побуди, туку тоа главно иде како резултат на патриотски побуди, а особено знаејќи каква е положбата и како е поставено македонското население во останатите краеви – Егејска и Пиринска Македонија“. Проблемот бил во тоа што лиѓето секогаш не биле „во состојба да ги согледаат објективните услови за поставување и решавање на ова прашање“. Од друга страна пак и југословенската јавност молчела за овој проблем кој бил поврзуван со ВМРО-дејноста, а целото ВМРО (и поединци и групи и организации) по војната е ставено во арсеналот на непријателите на Авнојска Југославија.

Покрај повеќето групи кои делувале на линијата на ВМРО, биле формирани и тајните конспиративни организации, како еден вид нелегална политичка опција против новоформираната комунистичка власт во Македонија во рамките на југословенската федерација. Незадоволни од исходот на борбата во која не дојде до повторно обединување на македонскиот народ, нивното основно барање било самостојна и обединета Македонија. Тие најчесто го носат името на старата револуционерна организација ВМРО и ги негуваат илинденските традиции и идеали, како на пример: Илинден 1903, ВМРО – СДРМА (Самостојна Демократска Република Македонија под протекторат на Америка), ВМРО – ПРАВДА, СИМО (Самостојна илегална македонска организација), ВМРО – БУРА и други.[339]

### 1.1.„Демократски фронт на Македонија – Илинден 1903“

[338]Загрижени за ваквите струења помеѓу македонската младина, Околискиот комитет на СКМ – Тито Велес, на 12.3.1958 година свикал состанок со активот на комунистите наставниви и членови на СК од двете организации – гимназијата и хемиското училиште. На состанокот биле претресени таквите „појави“ и биле барани можности тие да се надминат. Општ бил заклучокот дека комунистите од овие средини не му обврнале внимание и дека „работата е сведена само на некое информирање на органите на УДБ и со тоа е завршено“. Меѓутоа дека загриженоста на Партијата за таквите „појави“ била сериозна зборува и тоа што повторно, истата година (8.7.1958), на проширен состанок на Околискиот комитет на СКМ – Титов Велес, во рамките на анализата на политичките појави во околијата, основно прашање е „движењето на средношколската младина“.

[339]Зоран Тодоровски, Политичките организации во Македонија по Втората светска Војна „Историја“, XXXVI/1-2, Скопје 2000, 43.

Според повеќето досегашни историографски истражувања, за прва тајна политичка организација во македонската држава по Втората светска војна, се смета „Демократски фронт на Македонија – Илинден 1903“, основана во 1945 година. Историските оценки и квалификации за оваа организација се различни во однос на нејзината идејна организација – ВМРО гоцеделчевска или ВМРО ванчомихајловистичка?

На чело на Организацијата стоеле петмина Македонци од различни краеви на Македонија: д-р Илија Чулев (лекар од Кавадарци), д-р Димитар Златарев од Охрид (докторирал правни науки на универзитетот во Рим), Коста Хрисимов – Смилец (родум од Старчишта, Драма – Егејска Македонија), Стефан Кузманов (економист од Битола) и Коста Динев (економист од Сарачиново, Воден – Егејска Македонија). Демократскиот фронт создал свои организации во Скопје, Битола, Велес, Штип, Охрид и Кавадарци.

Илија Ѓозев наведува дека изразувајќи ја приврзаноста кон ВМРО-Гоцеделчевска, Организација се декларира дека ги изразува националните интереси и стремежи на целиот македонски народ (од трите дела на Македонија) за национално обединување и самостојна џавност. Овие заложби биле внесени во меморандумот за независна Македонија, што Демократскиот фронт на Македонија уште во текот на 1945 година го испраќа до Организацијата на Обединетите нации.[340] Меморандумот содржел апел кон владите на големите сили да се заложат за правото на Македонците за самоопределување под меѓународна контрола односно сами да решаваат за својата судбина, зошто „Без слободна Македонија, не може да има мир на Балканот“[341].

Додека Илија Ѓозев, го нагласува гоцеделчевското определување, дотогаш Димитар Гоцев, син на Георги Гоцев еден од осудените во групата на ВМРО на Тренчев Терзиев, запишал: „Во духот на програмите на националноослободителните борби во Македонија до 1941 година организацијата си поставила за цел да ги брани со сите сретства бугарското име, јазик и историја, одрекувани и преправани од новите македонско-србомански власти. И второ, со низ тајни прогласи да го информираат светското јавно мнение за новото варварство над Бугарите во Вардарска и Егејска Македонија, се вели во уставот на организацијата“[342].

---

[340]Михајло Миноски, Тајната политичка организација ВМРО во Н(С)РМ, Зборник: „Сто години ВМРО (Златна Книга)“, Скопје 1993, 243, Илија Ѓозев, Бунт против србизација, Меморандум на демократскиот фронт на Македонија од 1945 година испратено до ООН, „Македонско дело“, Скопје, 31.3.2000, 24-25. Димитар Гоцев, наведува дека Демократскиот фронт „Илинден 1903“ испраќа опширно образложение до владите на СССР, САД, Англија и Франција“ каде кажуваат дека „по Втората светска војна, која однесла толку многу жртви, но донесла слобода на редица народи, за Македонија не е најдено долгоочекуваното и справедливо решение. Бугарите во Македонија, ако за време на турскиот режим, а подоцна под српско и грчко владение, одново се изложени на прогонување, асимилација и уништување“. (Димитар Г. Гоцев, Новата националноослободителна борба на Вардарска Македонија 1944-1991, „Македонски научен институт“, Софија 1998, 12).

[341]Димитар Г. Гоцев, Новата националноослободителна борба во Вардарска Македонија 1944-1991,..., 12.

[342]Димитар Г. Гоцев, Новата..., 11.

Без оглед на различните оценки, помеѓу другото, во Меморандумот стои: „...Белград измисли нова формула за запазување на своето владеење во Македонија... Под булото на србокомунизмот се смени само формулата, а целата суштина си остана иста: бавно, но сигурно, целосно и неповратно србизирање на македонскиот народ. Затворите се преполни со македонски патриоти и родољуби. Нема населено место во кое не е извршено убиство. Измачувањата и инквизициите со сите нејзини методи над Македонците се како во средни векови...“. Со овие зборови, во Мемеорандумот во кој се бара обединета и независна македонска држава, неговите потписници[343] си ја анципирале и сопствената судбина.

Доколку се анализира пишувањето на Димитар Гоцев, кое всушност ги одразува и неговите погледи кон националната припадност Македонците, може да се види дека водачите барале самоопределување на „македонските Бугари“. Ефтим Гашев, исто така, дека принципите на Меморандумот на Демократскиот фронт на Македонија, чии организатори во 1945 година беа д-р Чулев, д-р Златарев и Хрисимов-Смилец „коинцидира со врховистичката кауза за самостојна Македонија“. Но „независно од концептот на меморандумот, некои членови се чуствуваат како Македонци“[344].

На 20 октомври 1945 година власите ја откриле организацијата и ги затвориле раководните лица. Затворени се: Константин Хрисомов – Смилец, Стефан Кузманов, д-р Димитар Златарев, д-р Илија Чулев, Константин Динев, Петар Ташуров Петров, Кирил Пецаков, Лука Секулов, Серафим Лазаров, Анастас Анев и Методи Светиев. Кај некои од нив биле пронајдени списоци на членови на организацијата, такашто апсењата се прошииле. Со цел да дознаат повеќе за припадниците на организацијата, нејзината мрежа и делување, властите ги изложиле уапсените на невидено насилство, но тие ги издржале сите измачувања и властите не успеале да дознаат понатаму речиси ништо.

Процесот против овие приврзаници на идеите на ВМРО започнал на 8 февруари 1946 година. Чулев, Хрисомов, Златарев, Кузманов и Динев биле обвинети за одржување состаноци со цел да создадат „една илегална, противнародна, терористичка организација на територијата на Македонија“ под име „Демократски фронт на Македонија“, потоа „да изработат печат на Организацијата“ - „Демократски фронт на Македонија – Илинден 1903“, „да подготват меморандум кој ќе биде предаден на Советот на Министри за надворешни работи на големите сили“ итн.[345]. Истото го соопштува и белградскиот весник „Политика“ од 30 март 1946 година.[346]

---

[343]Меморандумот бил потпишан до Коста Хрисимов, Илија Чулев, Димитар Златаров, Стефан Кузманов и Коста Динев.

[344]Ефтим Гашев, исто, 196-197.

[345]Вчера врховниот суд започна со разгледување на делото на група народни непријатели, „Нова Македонија“, год. III, 317, 9 февруари 1946, 2.

[346]„Политика“ објавува дека 11 раководители на организацијата Демократски фронт на Македонија „Илинден 1903 година“ биле судени од врховниот суд во Скопје. Тие биле обвинети според законот на дело

Судот е безмилосен. Изречени им се казни од 5 до 20 години строг затвор. Константин Хрисомов е осуден на дваесет години строг затвор, Стефан Кузманов на петнаесет години, д-р Димитар Златарев на четринаесет години, д-р Илија Чулев на десет години, Константин Динев на шест години, Петар Петров на четри години итн.

Целата жестокост на еден отчовечен систем на насилство се слушила врз Илија Чулев и врз Хрисомов. Д-р Илија Чулев бил подложен на најсурови измачувања. Бил деноноќно претепуван и ставен во безвоздушен канцер. Во 1948 година им подлегнал на страотните измачувања. Од канцерот го извлекле мртов. Останува сомневањето и за ампутацијата на едната нога на првообвинетиот Константин Хрисимов – Смилец во затворот.[347]

### 1.2.ВМРО на Тренчев-Терзиев

Посебна судбина доживеала групата на Тренчев – Терзиев, која е именувана и како организација ВМРО, но, која според некои оценки „е енигматична и контраверзна“[348]. Имено, во октомври 1945 година по иницијатива на д-р Васил Иванов од Струмица, д-р Коста Тренчев од Царево Село (роден во Владимирово) и д-р Коста Терзиев од Кукуш, по претходните подготовки, е формирана организација ВМРО. Набргу, тие формираат и централен комитет на ВМРО од 13 члена со д-р К. Терзиев. Во Централниот комитет, покрај тројцата доктори влегле: Кирил Е. Сивевски (учител од Робово)[349], Методи Попов – Меде (учител од Будунарци)[350], Благој Гештеов од Владимирово и Никола Попов – свештеник од Русиново, Асен Темов од Штип, Георги Гоцев од с. Панчеварево, Тома Давков од Горни Балван, Штипско, Димитар Пеев и Борис Чаракчиев од Радовиш и Милан Трајков од Скопје[351].

---

против македонската национална чест, и по нелегален пат испратиле до големите сили документ со кој ги оцрнувале југословенските власти. Најпосле, обвинителот Никола Вражалски ги обвинил дека се стремеле да создадат терористички организации во Вардарска Македонија.

[347]Илија Ѓозев, Бунт против србизација, Меморандум на демократскиот фронт на Македонија од 1945 година испратен до ООН, „Македонско дело“, Скопје, 31.3.2000, 25.

[348]Ефтим Гашев, исто 197.

[349]Во карактеристиката на Кирил Ефтимов Сивевски стои дека е роден 1915 година, во с. Робово, Беровско, завршил учителска школа и педагошки институт за прогимназија, бивши потпоручник во бившата југословенска војска, лишен од чинот од тогашните власти како Македонец, „како учител специјалист познава добро работа“. Но кон Народноослободителната борба не projавил активност, дружи се со реакционерни елементи, не зема дејне участвие во масовите организации, и се пројавува опортунистички према денешната народна власт, беше минал илегално во Бугарија макар да бее означен да работи како учител, непријателски е расположен кон организацијата“.

[350]Слично како и за Сивевски во каректеристиката на учителот Методи Георгиев Попов, роден во с. Будинарци, на 20 јуни 1896 година, стои: „Како стручњак специјалист одлично познава работата. Не задоволен је со положајот сака нешто повеќе. Према масовите организации се јавува како непријател, нарочито младината. Не укажува помош на народната власт“, беше минал илегално во Бугарија макар да бее означен да работи како учител, непријателски е расположен кон организацијата“.

[351]Димитар Г. Гоцев, исто, 15.

Д-р Васил Иванов подготвил привремен устав на организацијата според кој Вардарска Македонија била поделена на три организациони области: Битолски, Скопски и Штипски. Во уставот на организацијата биле поставени повеќе програмски цели. При тоа, сметале дека враќањето на Вардарска Македонија во Југославија е незаконско и без демократско изјаснување на народот заради што ВМРО има за цел со сите возможни стрества, главно легални да бара самоопределување на Вардарска Македонија кое е предвидено при создавањето на ДФЈ. ВМРО, исто така, „ќе настојува пред владите на големите сили да ја подржат нивната желба за праведно решавање на македонското прашање на Париската мировна конференција, за создавање на „Слободна и независна Македонија“ под покровителство на големите сили или на ООН...“. Членови на ВМРО можеле да бидат „сите чесни македонски патриоти, независно од политичките убедувања, кои што  и во минатото и сега се бореле и се борат против српското ропство за слободна Македонија“. Уставот и целите на новата борба, како и организационата поставеност по идејата и замисла биле „земени од дотогашните документи на ВМРО и ММТРО, сообразени со новите услови во Вардарска Македонија“, посебно што д-р. В. Иванов и д-р. К. Тренчев биле активни членови на македонскиот студенски сојуз (МСС) во Виена, Лајпциг и Париз меѓу двете светски војни[352].

Централниот комитет на новоформираната ВМРО покрај другите активности, изготвува Манифест до Мировната Конференција во Париз, во почетокот на 1946 година, со кој се бара Македонија да не влезе во југословенската федерација, туку да добие статус на автономна држава. Потписници на манифестот се 7 души членови на ЦК на ВМРО[353]. Во него биле изнесени борбите на македонскиот народ за своја држава и слобода и насилствата кои повторно биле спроведувани над граѓаните од „новите големосрпски власти, по нивното враќање во ноември 1944 година“[354].

Манифестот (меморандумот, според пишувањето на Димитар Гоцев, д-р Иванов, преку својот брат Пандо Иванов го испратил и на Методија Андонов – Ченто. „Тој го прочитал и не само што не го отфрлил кажаното, туку сметал дека изнесеното во меморандумот е сосема вистинито и тие ужасни нешта што ги прават Л. Колошевски, Светозар Вукмановиќ-Темпо и Александар Ранковиќ против волјата на власта во Македонија, треба да станат достапни до целото светско јавно мнение“. Дури, тврди Гоцев, кога во почетокот на мај 1946 година Ченто[355] „разбрал дека дејноста на ВМРО е откриена“ ги предупредил нејзините раководители да уништат се она кое може да ги компромитира при апсењето. Тој ги „советувал да се бранат како легална и толерантна опозиција, која ги заштитува своите национални идеи и политички погледи со мирни

[352]Димитар Г. Гоцев, исто, 14-15.
[353]Александар Радевски, Робово, село малешевско, Радин, Скопје 2003, 144-146.
[354]Димитар Г. Гоцев, исто, 16.
[355]Во времето кога се случило сето ова, веќе на 1 март 1946 година Ченто поднесол оставка на должноста претседател на Президиумот, а на Четвртото заседание на Народното собрание на НРМ, (15-18 април) беше прифатена оставката на Ченто и избран нов Презедиум.

средства“. Ченто, меѓу другото, се подготвувал да оди на Мировната конференција во Париз, да се заложи за „самоопределување на Македонија“, но и „да бара од големите сили да испратат анкетна комисија“[356] која на лице место би се уверила во репресалиите што се вршат врз Македонците. При подготовките за заминување, на 14 јули 1946 година Ченто е затворен, а потоа осуден во монтиран процес.

Набргу по активностите околу мировната конференција и по проширувањето на организацијата со нови членови, властите ја откриваат организацијата и превземаат чекори за нејзино брзо ликвидирање. Првите апсења започнале во 1946 година и станувале се помасовни. Подолгото иследување, спроведено со физички и духовни инквизиции повеќе од тие луѓе не ги издржале жестоките измачувања и умреле во затворот, а некои уште за време на испитувањето.[357]

За раководителите бил подготвен посебен процес кој имал големо агитационо пропагандно значење бидејќи требало тие јавно да бидат жигосани како народни и државни непријатели. А целта секако била да се заплаќат луѓето и кај нив да се отколне од корен помислата да се спротиставaт на „линијата на Колишевски“. Така, по речиси шест месечен истражен затвор во кој биле изложени на невидени свирепости, во март 1947 година (од 24 до 29 март 1947) сите члена на ЦК на ВМРО се судени во Скопје. Јавен обвинител на судењето е Благој Поповски, судии Панта Марина (претседател), Пане Фидановски и Коле Чашуле, а адвокати Благој Поп Панков, Јордан Панов, Ристо Јанакиевиќ и Анести Поп Тодоров[358]. Обвинителниот акт бил поднесен врз основа на чл. 49 од Законот на уредување на народните судови и чл. 13 од Законот за кривични дела против народот и државата.

Печатот од тоа време, чија прва и основна цел била индоктринација на народот во духот на едноумието и југословенството, го користи процесот за остварување на таквата своја задача. Притоа, заслужува посебно да се анализира стилот и јазикот со кој се соопштуваат селектираните факти за личностите и процесот, дека се работи за „непријатели“, „терористи“, „шпиуни“, „злочинци“ итн. На оваа група и се припишува „соработка со ГЕСТАПО“[359], „обид за поврзување со Милан Грол“[360], за поврзување со

---

[356]Димитар Г. Гоцев, исто, 16-17.

[357]Исто, 18.

[358]Предавничката улога на михајловистичката ВМРО во служба на странските империјалисти, „Нова Македонија“, год. IV, бр: 688, 26.3.1947, 2-3.

[359]Така, „Нова Македонија“ пишува дека „Обвинетиот Терзиев призна дека е ВМРО шпиунска организација, којашто во окупацијата служела на Гестапо“ (Процес против злочинската ВМРО-група, „Нова Македонија“, год. IV, бр: 689, 27 март 1947, 3-4).

[360]Милан Грол (1876-1952), пред Втората светска војна бил директор на народниот театар во Белград, а за време на војната министар на југословенската влада во избеглиштво во Лондон. Во Белград се вратил во 1945 година, по спогодбата Тито-Шубашиќ, со надеж дека нема да биде воспоставен еднопартиски режим. Во рамките на процесот на стабилизирање на меѓународната положба на авнојска Југославија, дури бил поставен за потпретседател на привремената влада на ДФЈ. Милан Грол, изразувал сомневање во националната посебност на македонскиот народ и не го прифаќал новиот федерален статус на Македонија

империјалистичкиот непријател итн. Припадниците на оваа група (организација ВМРО) биле обвинети за: против народна дејност, за собирање и поврзување на приврзаниците на В. Михајлов за терор против НРМ, за поврзување со непријателите на НРМ во странство, за работа врз оцепувањето на НРМ од ФНРЈ, за намера да ја ликвидираат народната власт под парола за создавање на т.н. „Самостојна Македонија", „која божем ќе ги опфати Егејска и Пиринска Македонија и која божем ќе го прифатела покровителството на англо-американците" со што наводно сакале „НРМ да ја претворат во поприште на странска интервенција и како база за задушување на народната демократија во Нова Југославија". Во обвинението се творат и за тоа дека формирале „терористички центар на ВМРО во Скопје на чело со Терзиев и по можност во некои места во Источна Македонија", за поврзување во Бугарија со „предавниците Петков и Лучев" и „пристапиле кон поврзување со монархистите во Грција", создавале план за атентати врз некои врвни личности и за диверзии итн.[361]

Прогласувајќи ги за „ванчомохајловисти" јавниот обвинител Благоја Попоски, во својот завршен говор, изјавил дека „во историјата на нашиот народ има поголемо издајство од предавството што го врши Михајловистичката ВМРО". Затоа, Народниот суд им изрече најстроги казни. Константин Христо Терзиев, д-р Васил Иванов, Коста Николов Тренчев, Методи Попов, Никола Попов, Асен Темов се осудени на смрт со стрелање и трајно губење на политичките и оделни граѓански права конфискација на целиот имот. Димитар Пеев добил казна лишување од слобода со присилна работа во траење од десет години и губење на политичките и одредени граѓански права, освен родителските во траење од 3 години, кое што ќе му се смета по издржувањето на казната. Борис Чаракчиев и Кирил Сивевски на казна лишување од слобода со присилна работа во траење од петнаесет години, губење на граѓанските права, освен родителските во траење од 4 години, кое што ќе му се смета по издржувањето на казната. Милан Трајков на казна лишување од слобода со присилна работа во траење од осум години, губење на политичките и граѓанските права, освен родителските во траење од 2 години. Георги Гоцев на казна лишување од слобода со присилна работа во траење од дванаесет години, губење на политичките и одделни граѓански права, во траење од 3 години, кое што ќе му се смета по издржувањето на главната казна. Тома Давков, добил казна лишување од слобода со присилна работа во траење од дваесет години и губење на политичките и одредени граѓански права, освен родителските во траење од 5 години, кое што ќе му се смета по издржувањето на главната казна.

---

(Види: „Политика", 10.3.1945). Понатаму, во дискусиите околу донесувањето на Закнот за аграрна реформа и колонизација, Грол зборувал за неделивоста на линијата Морава-Вардар и дека федералната положба на Македонија, може да се прифати само со животниот интерес на стопански и други текови за Србија.

[361]Вчера отпочна судењето за злочинците од ВМРО-ската група околу Константин Терзиев, „Нова Македонија", год. IV. Бр: 688, 26 март 1947, 2-3)

Откако биле изречени наведените пресуди, „Нова Македонија“ известува дека „многубројната публика бурно ја поздрави изречената пресуда со долготраен аплауз и извици: Да живее народниот суд“[362].

Судбината на осудените е различна. Секоја сама по себе може да биде сценарио за некој латиноамерикански филм од периодите на диктатуруте. Врховниот суд во Белград, под притисок на ООН и големите сили, ги преиначил смртните пресуди на раководителите на ВМРО. Останала само пресудата на д-р Константин Терзиев[363]. Тој е стрелан покрај затворот Идризово на 15 април 1947 година. Исто, така, времетраењето на казните постепено е намалувано и повеќето од раководителите на ВМРО одлежале од 10 до 12 години строг затвор во Идризово и во други затвори на тогашната Југославија. Во 1957-58 година останатите живи затвореници се ослободени. Димитар Пеев од Струмица, Кирил Сивевски од с. Робово, Беровски и Тома Давков од с. Горни Балван, Штипско умреле во затворот во Идризово.

Така, учителот Кирил Сивевски кој добива казна од 15 години строг затвор[364], казната ја издржува само две години. Исцрпен од затворсскиот режим, тој тешко се разболува и на 13 септември 1948 година умира како затвореник во Скопје во затворските простории на Државната болница. Според своите заложби, доблест и идеали Кирил Е. Сивевски (1915-1948) спаѓа во група заслужни борци за самостојна македонска држава. Бидејќи бил единствено машко дете на Миропа и Ефтим Сивевски, по неговата рана смрт лозата се прекинува.

Формирањето на суверена македонска држава во 1991 година го доживеале: Борис Чаракчиев кој живеел во Скопје, Благој Гаштеов во Струмица и Георги Гацев кој со семејството се иселил и живее во Бугарија.

---

[362]Окружниот народен суд ја изрече пресудата над членовите на Михајловистичката ВМРО, „Нова Македонија“, год. IV, бр: 692, 30 март 1947, 3.

[363]Според Ефтим Гашев „...личноста на Терзиев останува и понатаму енигма. Интересни се некои елементи од неговата биографија. Имено роден е во Кукуш, бил личен секретар на Јане Сандански, значи федералист, дипломирал на Сорбона филозофија и право, на што и докторирал. Пред Втората светска војна бил началник на оделение во Министерството за надворешни работи во кралската влада на Југославија. По Втората светска војна, доаѓа во Скопје каде му понудиле да ја уредува „Нова Македонија“, но тој не прифаќа. Но, станал началник на Управното одделение на тогашното Министерство за внатрешни работи, раководено од Цветко Узуновски-Абас. Во пресудат му се импутираат контакти со Ванчо Михајлов, во 1942 година во Земун?“ Милан Трајков, осуден во истата група, во писмото од 9 октомври 1990 година (објавено во „Нова Македонија“), наведува некои податоци кои зборуваат за „енигмата“: „...Во почетокот на 1947 година, во солун престојуваше Анкетна комисија на ООН, која го испитуваше мешањето на Американците во внатрешните работи на Југославија, со уфрлување на диверзанти, со цел да се разедини Југославија и да се создаде некаква „самостојна“ Македонија под протекторат на запад. Истражните органи го искористија тоа и го подготвија д-р Терзиев и д-р Тренчев, двајцата веќе осудени на смрт, да го изјават пред Анкетната комисија она што го бараа иследните органи од нив, највероватно ветувајќи им помилување и замена на смртната пресуда. Терзиев и Тренчев беа одведени во Солун, постапија како што од нив се бараше од истражните органи...“ Актуелната власт, највероватно, сакаше многу од енигмите Терзиев да ги однесе во гроб. (Ефтим Гашев, исто, 197-198).

[364]Види: „Нова Македонија“ од 24 до 30 март 1947.

## 1.3.ВМРО-СДРМА (ПРАВДА)

Во март 1946 година била формирана нова организација ВМРО-СДРМА (ВМРО – Самостојна Демократска Република Македонија под протекторат на Америка), кој во текот на 1949 година се трансформира и преминува во ВМРО-ПРАВДА. Оваа организација си постави за цел борба за обединета Македонија во рамките на било која федерација (југословенска, балканска итн.), но истовремено се борела за демократизација на општеството и посебно против насилничките методи на колективизацијата на македонското село[365].

ВМРО-СДРМА преставува самоникната варијанта на ВМРО, врз традициите од пред и илинденскиот период и врз поизразито националната струја во текот на НОВ. Никната заради незадоволство „од денешниве закони, загубена вера во демократичноста и правичноста на законите“, затоа што во „ФНРЈ нема слободна критика и нема никаква слобода“, за крајна цел оваа Организација си ги поставила осамостојувањето и обединувањето на Македонија во нејзините географски и етнички граници, со демократско општествено уредување од западен тип: „слобода на личноста, слобода на зборот, умерена приватна сопственост, социјална правда“ итн.[366]. Во почетокот била составена од десетина членови, главно ученици на петшеснаесетгодишна возрас иповеќемина семејни и возрасни поединци, подржувачи и симпатизери. Крајната политичка цел на оваа Организација било создавањето на самостоја македонска држава во нејзините природни и етнички граници, со демократско општествено уредување од западен тип, со меѓународна заштита на Соединетите Американски Држави. Иницијатор, главен организатор и водач на оваа организација е Глигор Крстевски. Негов непосреден соработник во организационото и идејно-политичкото обликување на оваа револуционерна македонска организација бил Костадин Смичкоски. Со нивната упорност и работа, мрежата на организацијата брзо се ширела помеѓу учениците, вонучилишната младина и граѓаните во Прилеп, Прилепско и надвор од Прилеп. Кусото, но мошне важно, од аспектот на континуитетот на борбата на македонскиот народ за обединување и државотворно конституирање, постоење на оваа Организација, за жал беше прекинато со провалата од јуни 1947 година која се случила заради досега недоразјаснетото предство на „некојси“ пријател на Благоја Мрмевски. При претресот, кај Крстески биле пронајдени некои доказни материјали. Сето тоа завршило на 8.9.1947 година со јавниот сидски процес против: Глигор Крстески[367], Костадин Смичковски, Благоја Стојкоски и Александар

---

[365]Глигор Крстевски, Отпори и прогони 1946-1950, „Матица Македонска“, Скопје 1994, 75.

[366]Иван Катарџиев, Оживување на идејата..., 102.

[367]Како што стои во пресудата „На претресот обв. Крстески призна да е дошол на идеја да основа младинска терористичка група „СДРМА“, која се бори за „самостајателна Македонија“, на чело со Ванчо Михајлов и под покровителство на Америка, затоашто неговиот татко бил засегнат од денешните закони. Исто така како една од причините наведе, дека е таа... да во ФНРЈ немало слободна критика и немало никаква слобода...“. Обвинетиот Крстески призна да е уште во 1946 година пишувал летоци со противнародно содржание и да ги разхварлал по улиците...“. Главно обвинение се држело по два тогаш опробани линии: по линија на осуда за терористичка ванчомихајловистичка дејност и второ по линија на „класен непријател“, односно

Георгиевски[368]. Сите нив, лажно ги обвиниле како припадници на ВМРО на Ванчо Михајлов[369]. На тој начин, прогласувајќи ги за „туѓи експонати", властите можеле полесно да им судат на овие млади луѓе (од петшеснаесет до седумнаесетгодишна возраст) и врз нив да применуваат притисок и тортура[370]. За тоа Глигор Крстески ќе запише: „Во истражниот затвор, по затворите во Прилеп, Битола, Скопје, Ниш, Белград, Славонски Брод, Загреб и во таканаречениот Казнено-поправен завод за малолетници во Глина, Хрватска, насекаде (со мали исклучоци во некои ситуации и односи), еднакво бевме третирани и ја споделуваме темничарската судбина како и сите други затвореници. И потешко, зошто токму тогаш бевме во пол младешки психофизички и биолошки развој"[371].

По разоткривањето и апсењето на поголем број членови, во текот на 1948-49 година, во прилепското јадро на оваа Организација, се случиле некои промени во правец на редефинирање на одредени начини за постигнување на поставената цел. Така, во текот на 1949 година ВМРО-СДМРА се трансформира и преминува во ВМРО-ПРАВДА[372].

---

незадоволство од одземањето на приватната сопственост, за што се прогласувале шпекуланти, воени добитници итн.., Во повеќе разговори со Глигор Крстески и според што го објави тој е дециден во тврдењето дека органите на прогонот му ја импутирале приврзеноста кон Ванчо Михајлов. Глигор Крстески иако малолетен, бил изложен на истата репресија која се применувала и врз полнолетните.

[368]Со пресудата од 8.9.1947 година, обвинетиот Глигор Крстески бил упатен во воспитно поправителен дом во траење од 3 години, а Костадин Смичкоски на две години. Обвинетиот Благој Стојкоски е осуден на една година и шест месеци лишување од слобода со присилна работа условно за две години, а Александар Ѓорѓиевски на една година лишување од слобода со присилна работа условно за две години. Благоја Мрмевски бил осуден на 10 години лишување од слобода со присилна работа и губење на сите политички права за пет години по издржаната, застарела или опростена казна. За време на издржувањето на казната Благој Мрмев „се експонира како приврзаник на големобугарската ванчомихајловосточка кауза" (Ефтим Гашев, исто, 288).

[369]Глигор Крстески, Отпори..., 6-7.

[370]За своето затворско премрежие, Глигор Крстески ќе запише: „По тримесечна исцрпувачка истрага, вели Крстески, меѓу ѕидиштата на куќата на Шајкара и изведувањето на суд во градското кино „Работнички" во Прилеп, па во прилепскиот (десетина дена) и битолскиот затвор кај Црн Мост (два месеца), еден ден, во спровод со по двајца милиционери и севезден со лисици на рацете, на пропатување задржувани од 2-3 до 5-6 дена во ќумезите на разни милициски станици и затвори во Скопје, Ниш, Белград, Славонски Брод и Загреб, се најдовме во нашиот десетмесечен краен стационар: Казнено-поправителниот завод за малолетници крај гратчето Глина. Овој малолетнички затвор многу малку или воопшто не се разликуваше од кој било друг затвор на ФНРЈ. Бевме испомешани со еднаков број (околу 200) затвореници префрлени од Лепоглава, колку што бевме и малолетници од 15-16 до 18-годишна возраст... Заводот имаше на располагање пространа економија, каде што се работеше навистина својски". (Не сум „измислен" борец, разговор со Глигор Крстески, „Дело", 2.2.1996, 20). Истите спомени и уште потресни сцени тој ни презентираше низ повеќе разговори што ги водевме и на оваа тема.

[371]Глигор Крстески, Отпори..., 57.

[372]Илија Христовски, од Царев Двор, Ресенско, еден од осудените во 1950 година наведува некои почетоци на ВМРО-ПРАВДА во 1948 година. Имено, тој вели: „Како ученик во средното медицинско училиште во Скопје редовно ги следев предавањата на Димитар Влахов што се одржува во училиштето „Гоце Делчев" секоја работа. Тоа беше поттик да дојде до формирање на ВМРО-ПРАВДА. Со Љубен Чакревски (Костоски-Чакра, б.н) од Прилеп, Дане Поповски и јас се состанавме во септември 1948 година во паркот во Битола. Тогаш кон името ВМРО го додадовме „ПРАВДА". Се договоривме секој да ја шири организацијата во своето подрачје. (Стојан Ристески, Судени..., 451). Но, за тоа Љубен Костовски-Чакра наведува дека во средното економско училиште во Битола се зближил со „Дане Поповски како политички истомисленици" и

Новата организација си постави за цел борба за Обединета Демократска Република Македониа во рамките на било која федерација (југословенска, балканска итн.), но истовремено се борела за демократизација на општеството.

Тоа беше време по 1948 година се спроведуваше втората национализација, се одземаа и големите сточни стада, се спроведуваше насилна колективизација со која се упропастуваше селското стопанство. Затоа, „меѓу централните прашања кои ја преокупираа и на кои реагираше ВМРО-Правда, беше и селанското прашање. Осиромашувњето, испустувањето на селото... го забрзуваше започнатиот процес на мигрирање село-град...“ Затоа категоричниот „став против насилничкото одземање имоти и колективизирање привлече доста приврзаници и симпатизери во Движењето“[373].

Седиштето на ВМРО-ПРАВДА беше во Прилеп, а нејзиното движечко и раководно јадро го сочинуваа: Глигор Крстески, Дане Поповски, Костадин Смичковски, и Љубен Костовски – Чакра. Во текот на 1949 и почетокот на 1950 година веќе била воспоставена мрежа од комитети низ цела Македонија: Битола, Охрид, Ресен, Скопје, Свети Николе, Штип, Кочани, Берово, Струмица, Радовиш и Гевгелија[374], такашто се јавила вистинската „опасност“ за режимот од се посилното влијание на оваа организација во периодот на 1949-1951 година, а особено тежок бил ударот кога во 1950 година биле уапсени 47 членови на штипската група на ВМРО-Правда. Во тие масовни апсења најмногу страдала македонската младина, особено средношколската младина. Според некои индикации, се смета дека во тие години биле уапсени 7.330 средношколци[375].

Притворените водачи и членови на ВМРО-Правда, во летото 1950 година биле изложени на невидена тортура во истражниот затвор. Притоа не бил одржан закажаниот претрес на делото за кое се товареле, туку на 16.8.1950 година Окружниот суд на град Скопје донесол пресуда со која биле осудени: Чакревски Љубен и Поповски Дане „со 5 години лишење од слобода со присилна работа, во која казна да му се урачуна и истражниот затвор... и на губиток на граѓанските права: избирачко право, право на стекнување и вршење функции во општествените организации и здруженија, право на стекнување и вршење функции во општествените организации и здруженија, право на јавно истапување и право на државна и друга јавна служба во траење од 2 години“, Христовски Илија (Ил‌ьчо) со три години и шест месеци затвор со присилна работа и една година губење на граѓанските права, Стаменов Душко на две години затвор со присилна работа и една година губење на граѓанските права, Казанков Никола и Диневски Александар со една година и шест месеци затвор со присилна работа и Таневски Атанас

---

во септември 1948 година го поврзал со Глигор Крстески (Гиге), такашто Дане бил примен во организацијата. Во пресудата стои дека Чакра „бил идеен иницијатор и организатор на ВМРО-ПРАВДА, меѓутоа, идеологот на организацијата беше Глигор Крстески“. Организацијата името го доби на конститутивниот состанок на Централниот одбор. (Стојан Ристески, исто 464-465).

[373]Глигор Крстески, Отпори..., 75-76.

[374]Стојан Ристески, исто, 74, 451.

[375]Илија Максимовски, Политичкиот затвореник за Македонија, Скопје 1991, 15.

со една година „лишење од слобода со присилна работа“. Од осудените девет лица, тројцата последни биле малолетни (имале под 18 години), такашто тоа судот го земал како „олеснителна околност“. Овие лица биле обвинети за „непријателска дејност“ (по чл. 3 т. 8 од Законот за кривични дела против законот и државата) под кое се подразбирало создавањето на ВМРО-Правда, со цел отцепување на НРМ од ФНРЈ и создавање на обединета Македонија[376].

Глигор Крстески, пак, како организатор и член на ВМРО-Правда бил одведен без судење во логорот под планината Кајмакчалан. Овој логор бил подигнат во летото и есента 1950 година, заради пробивање на карпестото корито на Црна, и преместен, зимата 1950/51 кај струмичкото Моноспитово блато, заради прокопување на некакви мелиоративни канали. Тој раскажува дека поголем дел од затворениците во овој логор биле земјоделци доведени без судење, заради отпорот што го пружиле при формирањето на СРЗ во нивното село, „со неопределен рок на траење на казната“. Повеќе месеци (7-8 месеци) нивните семејства воопшто не знаеле каде се и дали се живи. Покрај селаните, бунтации судени заради колективите, тука престојувале „20-тина припадници на ВМРО-Правда, 20-тина уапсени поради разни вербални деликти или полесни другариски напакувања“.

Логорот „ги имаше речиси сите одлики на еден нацистички концентрационен логор од сталинистички тип: недостигаше само убивање на самото место и групно или поединечно стрелање“. Бил заграден со бодликава жица и со четри кули-митролески осматрачници на четри агли. Логорашите биле чувани од затвореници кои се покажале посурови од официјално вработените во логорот. Луѓето биле изложени на исцрпувачка физичка работа низ камењарот и перманентно гладни. Добивале 350 грама леб дневно и тенок оброк од неколку резанки нељупени компири како течно јадење. Се работело под силна принуда 12-14 часови дневно, во три четири работни бригади, на чело со командантот-затвореник одговорен за редот и неколку привилигирани бригадири-затвореници, коишто ги извршуваа сите ѕверства по прописите и налозите на болшевичката милиција и Управата на логорот. Се работеше и вондредно и во кругот на логорите при неиздржлива горештина и жега, небаре среде пустиња, зошто наоколу немаше ни дрвце...“[377]. Облечени во традиционалните опинци, газејќи по камењата затворениците ги набавиле табаните и нејчеста последица било добивање на гангрена и ампутација.

Во зимата 1950/51 година, логорот бил преместен на реката Црна, каде наместо камењар, насекаде било блато и нечиста вода за пиење заради што најголемиот дел од затворениците добиле тешки бубрежни заболувања. Поради исцрпеност од психо-физички напори без здив, вели Крстески, пиење и употреба во јадењето на песоклива или тињава

[376]Стојан Ристески, исто, 453-463, Глигор Крстески, Отпори..., 88-97.
[377]Не сум „измислен“ борец, разговор со Глигор Крстески, „Дело“, 2.2.1996, 31.

вода и од систематско изгладнување и глад, многумина останаа засекогаш сакати и болни, е некои не доживеаја ни да се вратат дома. Овој логор, како и повеќето од ваков вид бил укинат во март 1951 година[378].

Поголем број групи на ВМРО-ПРАВДА, властите апселе и во наредните години, такашто, овој факт јасно укажува на жилавоста на Организацијата и на нејзините членови и покренувачи во барањето на сопствената идеја. И покрај силните прогони, судења, затварања, Организацијата живее до средината на осумдесетите години, до годините во кои се насетуваше се посилната пукнатина во системот и во јужнословенското заедништво. Таквата непомирливост со идејата за обединета Македонија, и начините на кои властите сакале да ја убијат вербата кај нејзините поборници, мошне драматично може да се согледа низ судбината на Ѓорѓи Ордев Доцев од Свети Николе, еден од членовите на ВМРО-Правда, уапсен заедно со повеќе соученици од гимназијата во Штип во мај 1950 година, но и неколкупати потоа.

Уште самата прва вечер, Ѓорѓи и неговите другари Васил Василев, со кого заедно ги уапсиле, неколку дена по нивните сопартијци, биле изложени на силно тепање, „без никакво претходно прашување, силен ќотек, намногу по бубрезите... Не не тепаа тогаш со пендраци туку со едни, четвртести гуми. Најнмногу не тепаа по бубрезите, по грбот, а имаше обичај тој Лазо да не удира по рамениците... Легни ми рече Лазо Шалев... легнав. Влегоа во ќелијата уште двајца, ме натераа рацеве да ги спружам, а Лазо Шалев ми застана на грбот, и како што ми беа нозеве спружени... удри... тоа беше најстрашното и најболното тепање по табаните. Тоа го доживеав и тогаш, и во 1972 и во 1981 година, тоа е класично најтешко тепање. По тие удари по табаните 13-14 дена не можев да застанам на нозе бидејќи набубруваат нозете...“[379]. Од затворот во Свети Николе, Ѓорѓи е одведен во затворот во Штип, кој бил „еден од најлошите“, а биле применувани и посебни методи на изживување со затворениците[380].

Помеѓу разноразните изживувања во штипскиот затвор спаѓало и измачувањето наречено „Склек“. Во ќелијата имало, на ѕидот две големи алки. Ќе го натера затвореникот да клекне на колена, ќе му ги протнеа рацете во алките, со грбот кон ѕидот и ќе му речеа „Размисли ти малку, ние ќе дојдеме“. Ако затвореникот се обиде да ги олабави рацете го

---

[378]Глигор Крстески ни раскажа повеќе потресни сцени од неговото доживување на репресијата, бидејќи уште како физички недоразвиено момче бил носен по различни затвори. Сега тој мошне смирено зборува за сето она што го доживеал, без жолч, но трагите на претрпените тортури, видливо се одразени на неговото здравје.

[379]Илија Максимовски, Политичкиот затвореник за Македонија, „Македонската радио телевизија-Македонско радио“, Скопје 1991, 18-19.

[380]„Во ќелиите не измачуваа со глад, се сеќава Ѓорѓи Доцев, не ни даваа храна...“, а неупатените затвореници, кога ја пружале раката за да им турат во порцијата храна, неочекувано им ја затвориле вратата, такашто на многумина им биле кршени главите со тешката железна врата. „Ченто, ноќе во ќелиите влегуваа маскирани луѓе и постапуваа прашања во врска со обвинението... Ти треба да кажеш за Добре затоа што тој призна се... И за Васил Василев, и тој призна се, и за Михаил Сивевски... Ние знаеме се... кажувај или веднаш ќе те одведеме кај нив, а само да знаеш каде се!!! (Илија Максимовски, исто, 23-24)

оптоваруваа рбетот, ако го ослободи малку рбетот алките се затегнуваат и влегуваат во месото и зглобот. „Тешко е тоа, вели Доцев, мачно, а ние останувавме по еден, два, три часа на алките. Кога ќе се вратеа чуварите во ќелијата каде што испитуваа, одеа со фенери за да не се знае во која ќелија се спроведува мачењето... Во затворот не знаевме дали некој, барем, семејството знаат за нас, што се случува со нас“[381].

А потоа „не доведоа нас седуммина од Штип во Скопје. Од испитувањето во Штип до судењето поминаа седум месеци и некој ден. Во УДБ за Македонија имало и пософистицирани методи („со памук душата да ти за извади“). Постојани испитувања, голем притисок, жестоки изживувања, бетонирана ќелија со стаклен покрив по кој постојано тропаат цокулите на стражарот. „Тоа тупкање, тупкање“ било пострашно од „физичките болки“[382]. Во УДБ на Македонија, вели Ѓорѓи Доцев, најтешко беше тоа што „ќелиите бие тесни, без воздух, а најмногу од се не оптоваруваше психички одењето по армираното стакло, оној тропот на железните клинци од цокули на стражарот“. Тука не држеа со намера психички да не истоштат, а подоцна дознав дека и во Централниот затвор во Скопје немало празни келии, бил преполн...“[383]. Во меѓувреме започнале судењата на Кочанската, Велешката, Струмичката група на ВМРО-ПРАВДА. Судењата се одвивале по кратка постапка, без некое поголемо запазување на правните норми.

Ново искуство за Доцев станува Централниот затвор во Скопје кој се наошал на Скопското кале, спроти денешните Музеи на Македонија, обезбеден со високи ѕидови и висока порта. „Влеговме во дворот, ни ги извадија оковите. Не спуштија долу. Не симнаа по некакви дрвени скали, во визбата, лево во првата ќелија. А под самите скали беа смртничките Ќелии, за осудените од смрт... Смртните казни се извршуваа во самиот затвор, често и го гледавме тоа“. По 40-45 дена поминати во Централниот затвор, се одржува судењето: Стојан Опата, осудени на 14 години строг затвор, Ѓорѓи Доцев на 11, Васил Василев на 9, Душко Чаповски на 13 години. По судењето, казната ја одлежуваат во затворот Идризово, кој во тоа време бил преполнет со затвореници. Ѓорѓи Доцев имаше само 18 години[384].

Во тоа време 1949-1951 година заради масовните апсења и затварања, затворите не биле во можност да ги примат сите осудени. Биле отворени бројни логори како во Пуста Река, Добрево, Сарај, на патот Битола-Охрид, Отешево, Кајмакчалан итн., каде биле упатувани на „работното“ ангажирање осудени (и неосудени) лица, обвинети по разни основи.

---

[381]Илија Максимовски, исто, 24.

[382]Ѓорѓи се сеќава на повеќето испитувања кои започнале со зборовите „Младо дете си ти, момче си. Потребен си ти на оваа наша земја. Зошто не си признаеш, да кажеш се, дека сте се организирале, дека сте за идеите на Ченто, дека сте сакале да организирате групи, воени единици за да се борите за обединета Македонија, да ги спроведете идеите на Ченто за борба за Солун....“ (Илија Максимовски, исто, 26).

[383]Илија Максимовски, исто, 28.

[384]Исто, 30-31.

Кревајќи го гласот против насилните експропријации, национализации, колективизации на селото, кршењето на човековите права и слободи итн., ВМРО-ПРАВДА се откажува и од насилните методи на собирање на властите, пребегнувајќи кон методи без насилство, по пат на убедување, со јавни протести, петиции итн. Таа се претвори во изразито опозиционо, политичко, социјално и национално македонско демократско движење.Во условите и времето во кое се појави со нејзина програма и цел, оваа организација преставува оргинална историска појава која спаѓа во забележителните настани на македонското немирење со несреќната судбина на делби што ја доживеа македонскиот народ низ војните во XX век. Појавата и делувањето на ВМРО-ПРАВДА е дотолку поважно што тоа се софпаѓа со најмрачниот и на свирепиот сталинистички период Титова Југославија – насилната колетивизација на селото (1945-1953) и „прогонот" на „приврзаниците" на револуцијата на Информбирото (1948-1956). Всушност и припадниците на Организацијата, по процесот од 1950 година, ја споделувале тешката судбина на осудените „по колективите" и „по линијата на ИБ", во бројните логори за општествено превоспитување или т.н. работни логори.

И во текот на педесетите години е забележана „активна работа на ванчовистичките елементи". Ваквата активност, според партиските оценки била резултат на тоа што повеќе осудени за „ванчовистичка дејност" со амнестија од 29 ноември 1955 година се вратиле на теренот и продолжиле со истата работа. Силите за внатрешната безбедност и другите државни фактори на теренот, будно го следеле однесувањето, комуницирањето и движењето на овие повратници (како и оние под групата „информбировци"), при што забележале дека луѓето што се вратиле од затвор и кои заедно ги поминале затворските денови (или кои се познавале од порано), меѓусебно се поврзувале од село до село, дури и меѓу околии.

Тоа поврзување на луѓето кои го одлежале долгот на својата идеја, било доста „камуфлирано" и „конспиративно", зошто властите будно го следеле секој нивни чекор, а УДБ ги полнела и натаму досиејата на овие луѓе. Меѓутоа, она што посебно ги загрижувало властите била меѓусебната солидарност и заеднички став дека „не жалат што биле во затвор затоа што се борат за идеја и ќе дојде време кога тие ќе се освестат". Во својата дејност тие ја пропагирале идејата за автономна Македонија со образложение дека Македонија (НРМ) се уште не е слободна, дека „Македонија е посрбена и со неа управуваат Србите и слично".

Во арсеналот на „ванчовистите", по педесетите години, властите издиференцирале две групи: првата во која влегувале постари луѓе и која се застапувала за „автономна Македонија", но, во рамките на Бугарија, и втората што ја сочинувале луѓе од помладите генерации, која се застапувала за „независна обединета Македонија" – „Швајцарија на Балканот". Најголемиот број на лицата приврзаници на оваа политичка опција биле на возраст од 25-35 години.

Всушност било очигледно дека по претходниот период на насилство, на бројни логори за ИБ, за колективизацјата, за ВМРО-дејност итн., властите го либерализирале (барање за идејно-политичко делување)[385], до извесна мерка, режимот но јавноста останала неинформирана за проблемот на обединувањето кој бил најгорливиот проблем за Македонците кои биле незадоволни од федералната дипломатија (или пак недоволно информирани) за поставувањето на националните права на Македонците во деловите од соседните држави[386].

И покрај присутното политичко делување на „ванчовистичките елементи“ како и нивната координираност и меѓусебна соработка и информираност, не била забележана посебно формирана организација на гореспоменатите политички определби. Тие главно се информирале преку печатот од странство и други разни материјали на македонската емиграција која припаѓала, во помала или поголема мерка на некои (или целосно) од идеите на Ванчо Михајлов. Голем дел од осудените за „ванчовизам“, по враќањето од затвор биле непомирливи со работата („како да се враќаат од некоја школа“), тие биле жестоки противници на комунизмот[387], „за автономна Македонија“, со изразито непријателсто против Авнојска Југославија, но уште повеќе против „братството со Србите“, покажувајќи „шовинизам изразен према Србите“. На антисрпската линија „ванчовистите“ наоѓале „подршка од еден број луѓе кои не се одредени на ванчовистичката линија, но кај нив има пробугарски сваќања...“. Ако, според постојната документација „ванчовистите“, често, ан блок се ставале во арсеналот на „пробугарски настроени елементи“, се прашувале кои се овие другите „пробугарски луѓе“, ако се има предвид дека „ванчовистите“ по војната не формирале посебна заедничка организација во НРМ.

Меѓутоа, она што било објективно присутно на теренот и кое секако влече корени од минатото и посебно од „српското“ кога за комунистичка дејност се одело на робија, а за ВМРО летала и главата, е фактот што населението било сосема малку информирано и малку знаело за историјата на ВМРО, за онаа на Ванчо Михајлов и за онаа на Гоце Делчев. Овие две различни организации, биле често мешани и од народот и од неуката власт, па често под ванчовизам се ставало се што припаѓало на ВМРО.

Седумдесетите години започнаа со внатрепартиска разврска со либералите. Воскреснаа старите бранители на „Револуцијата“: Колишевски, Гигов, Чемерски,

---

385Затоа, на проширениот состанок на ОК – Титов Велес , било побарано „да се направат програми со помош на Општинскиот комитет за идеолошко-политичка работа на средношколската младина“ бидејќи „младинската организација одржувала повремени предавања политички сред учениците, но активот на СКЈ не се бавел со идеолошко-политички проблеми како и со културно-забавниот живот и воспоставување на учениците.

386Види поопширно за тоа: В. Ортаковски, Положбата на малцинствата на Балканот, Скопје 1998, Н. Велјановски, Македонското прашање во југословенско-бугарските односи, ИНИ, Скопје 1998.

387Според некои информации „некои комунисти дури се заплашиле од ванчовистите и несмеат против нив да говорат, нешто што се прави тоа е што постојано обавестуваат органите на УДБ“

Дуганова[388]. Повторно се засили полнењето на досиејата, прогонот на македонската интелегенција, ловење на непријатели, барање најбесрамни податоци за елеминирање на самосвесната творечка македонска интелегенција: Христо Андонов Полјански, Гане Тодоловски, Димитар Димитров[389], Анте Поповски, Симон Дракул, Живко Чинго[390], Ристо Шишков, владиката Методи Гогов, владиката Кирил... Откако го затвориле, на списокот кој му бил предочен, се сеќава Панде Ефтимов, заедно со споменатите „беа запишани 28 личности кои требаше од моја страна да бидат потврдени како создавачи на обединета и независна Македонија... по секоја цена со физичко малтретирање и тепање овие лица да ги акцентирам како подвижници на едно општомакедонско движење за ослободување на Македонија...“[391].

Нови ветрови натежнале над истата стара гарда Колишевски-Гигов на браникот на ортодоксниот сталинизам. Состанокот на „Водно“, на 4-5 декември 1972 година држи старата македонска комунистичка елита. Дневен ред: Како да се справат со „Големата вода“[392], со нејзиниот блесок, со слободата на творештвото. А нивното лице, без маска на

---

[388]Во почетокот на седумдесетите години, Васка Дуганова обрна внимание на појавата на национализам во Македонија... кој е штетен и опасен бидејќи се јавува во префинета форма, потхрануван од некои раководители во републиката. ...Македонските националисти ја шират приказната и дека борците на револуцијата, на чело со Лазар Колишевски, се предавници на македонскиот народ бидејќи во 1944 година не го извојуваа обединувањето на Македонија. И за Боге Кузмановски кулуарските разговори станаа неподносливи при што го спомена памфлетот на Димитар Димитров во кој силите се класифицирани на конзервативни и прогресивни, на чело на прогресивните е божем Крсте Црвенковски...“ (Драган Кљакиќ, Времето на Колишевски, „Матица македонска“, Скопје 1994, 429-430).

[389]Димитар Димитров во рамките на Републичкиот центар за идеолошко-политичко образование и студии изработил материјал за негувањето на рволуционерните традиции во април 1971 година. Заради својот критички однос кон апологетското служење на „револуцијата“ од страна на македонските писатели и творци паднал во немилост. Притоа, во интерниот материјал Димитров запишал дека непосредно служење на литературата на „револуцијата“ се покажало како спротивно на литературата, (Димитар Димитров, Револуција и литература, интерен материјал, Републички центар за идеолошко-политичко образование и студии, Скопје 1971). Димитров доживеал невидени напади и дисквалификации за „граѓанското свртување“ и „напад врз Револуцијата“. Притоа бил критикуван и повикуван на одговорност и Стојан Андов како директор на републичкиот центар. (Стојан Андов, На мој начин..., 129).

[390]Живко Чинго, беше прекорен зошто во канцеларијата во МНТ имал поголема слика на Гоце Делчев отколку на Тито. Потоа беше повикан ноќе од дома на „разговор“ во Белград за извештајот што го поднесол по враќањето од Австралија дека македонските иселеници ја бараат цела, обединета Македонија. Во 1970 година Чинго беше отпуштен од работа заради тешка кавга со Славко Јаневски, инаку близок пријател на Колишевски, со што беше лишен од средства за живот неопходни за издршка на семејството. За да не биде примен во МАНУ, го прогласуваат за бугарски шпиун, за кое Чинго дознава случајно од ЉубомирВарошлија, тогашен прв човек на македонската милиција. И самиот Варошлија кога случајно го видел досието на Чинго бил изненаден од она што неговите службеници го работеле, посебно знаејќи ја определбата и чесноста со јасно искристализирана македонска самосвест.

[391]Ставре Џиков, исто, 159.

[392]Така, Коле Мангов, во своето дело Во одбрана на македонскиот национален идентитет (НИП „Глобус“, Скопје 1998, с. 185-188), сеќавајки се на 1971-та година пишува за огорченоста на Живко Чинго, зошто „во тогаш силно влијателните средини се кренал шум против неговата книга „Големата вода“ како за „нешто“ против тогашниот востановен ред на нештата...“. Подоцна, ова дело на Чинго беше еден од најубавите мисионери на современата македонска проза во Европа, а за него, неподелено, ласкави оценки дадоа бројни европски критичари, како дело против ограничениот дух, против слепата непослушност, против крутиот бирократски третман на луѓето, а за вечниот и неуништив копнеж на човекот за слобода.

светли револуционери, го виде Панде Ефтимов, пак, пусти еден заталкан Македонец, во истражниот затвор: „Истрагата траеше долги месеци. Иако секој ден беше исти полициски, но различен по малтретирањата и проширувањето на обвинението. Не можам да го заборавам ниту еден ден. Но сепак ќе го споменам првиот ден на испитувањето во полицијата. Во станицата пролет, по иживувањето од страна на иследниците бев премногу уморен и веројатно по наредба на началникот... ми овозможија да легнам. Бев пренесен во соба 4 во подрумските простории на полицијата... Креветот беше покриен со душек целиот крвјосан и со реа. Подот крвјосан и по него по некое парче крвјосана облека. Ѕидот испрскан со крв и скоро на секое место отпечатоци од крвјосани прсти. Беше невозможно да легнам на одарот на живите лешови на кои пред тоа лежеа претходните затвореници...“[393].

### 2.1.Прашањето за обединување на Македонија 1945 – 1946 година

На почетокот на 1945 година, во јануари продолжиле преговорите за создавање на југословенско-бигарска федерација, што е од особено важно за обединувањето на Пиринскиот дел на Македонија со Демократска Македонија. Преговорите не течеле лесно, двете страни сакале да дојде до обединување, но имаат сосема спротивен став за начинот на кој би се извело истото. Имено, југословенската страна сметала дека Бугарија треба да влезе во југословенската федерација како седма членка на федерацијата. Бугарија сметала дека треба да се создаде дуалистичка (двојна) држава, односно да се постигне федерација помеѓу Југославија и Бугарија врз рамноправни начела[394]. Југословенската опција за федерација никако не и одговарала на Бугарија, кој на тој начин би ја жртвувала својата меѓународно призната независност. Бугарската опција за федерација никако не и одговарала на Југославија бидејќи во дуалистичката држава не само што ќе ја дели власта со една силна Бугарија туку може да дојде до зголемени аспирации на југословенските народи за самостојност и независност. И двете страни декларативно го признавале правото на самоопределување на македонскиот народ и правото на обединување на Пиринскиот дел на Македонија со Демократска Македонија. Тоа требала да се постигне всушност со размена на територии. Бугарија требало да и го даде делот на Македонија кој го добила во 1913 година со Букурешкиот мировен договор, а Југославија на Бугарија да и ги врати териториите кои ги добило Кралството СХС со Нејскиот мировен договор во 1919 година.

Меѓутоа и едната и другата страна знаеле дека прашањето за обединување може да излезе од обично билатерално прашање и да стане меѓународно, односно во прашањето на обединувањето да се замешаат САД и Велика Британија. По бројните неуспешни нацрт-договори направени од едната и другата страна, Велика Британија кон крајот на јануари

---

[393]Ставре Циков, Македонија..., 159.
[394]Оливер Станојоски, Македонскиот автономизам и сепаратизам (1943 – 1946), Скопје, 2012, стр. 139.

1945 година дипломатски реагирала до бугарската влада, да не би одобрила федерација или конфедерација меѓу Југославија и Бугарија.

Во исто време Молотов, министерот за надворешни работи на СССР повикал по еден делегат од Југославија и Бугарија, за да се разгледа прашањето во врска со југословенско-бугарските преговори за обединување. Но, ставот на СССР бил нерешителен и разговарано било за долгорочна стратегија на односите на Југославија и Бугарија, а првично да се потпише сојуз за пријателство и заемна помош. Интересно е дека се разговарало за решавање на македонското прашање и тоа не како размена на територии туку Македонија да добие „полноправна независност како самостојна држава". Веќе во септември 1945 година за југословенската и бугарската страна станало безпредметно обединувањето на Југославија и Бугарија. Со тоа, прашањето на пиринскиот дел на Македонија стана внатрешна работа на Отечественофронтовската Бугарија.

Пролета 1945 година југословенското раководство по сугестија на Москва се инволвира во подготвителната граѓанска војна во Грција. Подготовките се одвивале во ДФМ, а оружјето доаѓало од Бугарија. КПГ спротивно на договорот од Варкиза февруари 1945 година се одлучи за вооружена војна со подршка на СССР, Југославија преку Демократска Македонија и Бугарија. Граѓанската војна која немало на изглед дека ќе се добие, имала катастрофални последици за Македонците во Егејскиот дел од Македонија. Преставуваше, сепак, голема надеж за Македонците за целосно решавање на македонското национално праашање. Македонското комунистичко раководство по инструкции од Белград активно се вклучи во помаѓање на КПГ, а за возврат не барал да му се признае на македонскиот народ во Грција правото на самоопределување. Раководството на КПГ не го измени ставот за македонското прашање и на македонскиот народ во егејскиот дел на Македонија не му го признавало правото на самоопределување, туку само одредени културни и национални права во рамките на Грција.

Кон крајот на април 1945 година била организирана македонска национална организација Народноослободителен фронт (НОФ)[395].НОФ поставил задачи на дејствување, а во септември 1945 година и оперативна програма според кој НОФ се борела за национални и социјални права во рамките на идната комунистичка Грција, а не за правото на самоопределување.Со ова паѓа во вода теоријата на пројугословенската политичка струја и социјалистичка историографија дека во јануари 1945 година немало меѓународни услови за борба во егејскиот дел на Македонија под паролата на „на Солун", и ако се тргнело во раков поход наводно ќе сме ја изгубеле Демократска Федерална Македонија. Какви меѓународни услови се создале потоа за мешање во граѓанската војна во Грција. Се разбира, меѓународните услови биле далеку полоши, а не подобри. Втората светска војна била завршена, Грција припаднала во британската свера на влијание и бил

[395]Раководното тело на НОФ се нарекувало Главен одбор на НОФ во состав: Паскал Митревски-политички секретар, Ѓорги – Џоџо Урдов, Михајло Керамитчиев, Атанас Коровешов и Минчо Фотев. Ташко Мамуровски, Македонците во Егејска Македонија (1945-1946), ИНИ, Скопје, 1995, стр. 120.

потпишан договорот од Варкиза. Секако има нешто заедничко, и во двата случаи. Се внимавало што ќе каже Белград. Во јануари 1945 година имало наредба за учество на Сремскиот фронт, а пролета 1945 инструкции за мешање во граѓанската војна во Грција. Но за КПМ комунистичката кауза била побитна од националната.

Со договорот помеѓу Јосип Броз – Тито и лидерот на КПГ Никос Захаријадис од 2 април 1945 година, за подршка и помош на оружената борба во Грција, македонското партиско раководство е задолжено да нареди на македонската национална организација НОФ, која дејствувала во егејскиот дел на Македонија, да се стави под раководство на КПГ[396]. Практичната реализација на договорот се случила есента 1946 година. Преставник на НОФ во преговорите е Паскал Митревски, кој е задолжен за спроведување на договорот. Секретарот на ЦК на КПМ Лазар Колишевски им издал директива на НОФ дека КПГ сега е нивниот раководител и да имаат доверба во неа, и покрај тоа што во тој момент НОФ е поорганизиран и помасовен од движењето на КПГ. Според Колишевски секој отпор кон овие директиви ќе се сметал за „шовинизам и сепаратизам“[397]. Поради ваквата состојба можеме слободно да констатираме дека овој чин се смета за национално предаство на македонското комунистичко раководство.

Димитар Влахов интегралното решавање на македонското прашање го покренал во Сојузното собрание на ФНР Југославија на 18 јануари 1946 година. Но, освен говорот на Влахов, воопшто не се поведува расправа во Собранието. Киро Глигоров во јуни 1946 година напишал прилог во два дела насловен „Македонија како економска целина“. Глигоров во прилогот обединувањето на Македонија го прикажува од исклучително значење ра завојот на Македонија и регионот. Постигнувањето на економското единство на Македонија, Глигоров сметал дека ќе доведе до комуникациско поврзување на Македонија, Југославија и Подунавјето преку природен излез – пристаништето во Солун, кое ако останело во рамките на Грција, ќе останело периферно пристаниште од трета категорија.

Во 1946 година прашањето за обединување на Македонија, и покрај неповолниот однос на комунистичката власт кон ова прашање, се уште беше актуелно. Причина за тоа е одржувањето на Париската мировна конференција (29 јули – 15 октомври), што преставувала последна надеж за македонските родољуби за целосно решавање на македонското национално прашање. Меѓутоа, југословенското државно раководство не покажувало намера за поставување на македонското прашање на Париската мировна конференција. Во текот на Париската мировна конференција Бугарија направила одличен дипломатски тактички потег. Имено, на 17 август 1946 година Георги Димитров со писмо ги известил ЦК на КПЈ, дека ЦК на БРП донело решение со кое се признава националното и државно организирање на македонскиот народ во НР Македонија во рамките на ФНРЈ и

---

[396]Ристо Кирјазовски, Македонците и односите на КПЈ и КПГ (1945-1949), ИНИ, Скопје, 1995, стр. 11.
[397]Исто, стр. 29.

дека престои обединување на останатите делови од македонскиот народ со НР Македонија. Но сето тоа се условувало со:Потпишување на договор за сојуз помеѓу Југославија и Бугарија, враќање на „западните покраини“ на Бугарија, кои Кралството СХС ги добило со нејскиот мировен договор по Првата светска војна и остранување на граничната линја помеѓу Македонија и Бугарија.

Нешто пред тоа, исто на Париската мировна конференција, Грција стратегиска корекција на границата со Бугарија и Албанија во длабочина од цели 60 километри. Со ова барање всушност поголемиот дел од пиринскиот дел на Македонија требало да и припадне на Грција. Бугарија ќе ја добие безрезервната подршка од Југославија на Париската конференција против територијалните аспиравции на Грција.

Како член на југословенската делегација во Париз, Моша Пијаде[398] категорички се спротиставува на територијалните аспирации на Грција кон Бугарија. Тој покажа посебен интерес за пиринскиот дел од Македонија да се заштити од грчките претензии, но не го поставил македонското прашање на Мировната конференција, туку тоа е актуелизирано од Грција. И во услови на арогантниот и предизвикувачки став на грчката страна, во поглед на аргументите и територијалните претензии, за наводниот стеснат животен простор на грчкиот народ и недостигот од обработливо земјиште во Грција, југословенската делегација не го поставила македонското прашање, иако ги имала сите потребни релевантни аргументи. Дури и македонскиот преставник во југословенската делегација Димитар Влахов, и покрај претходните јавно искажани ставови за целосно решавање на македонското прашање ќе остане лојален на југословенското државно раководство. Тој ја обвинил Грција за територијални претензии кон НР Македонија, изнесе податоци за теророт и денационализацијата на грчкиот режим врз македонскиот народ, и побара граѓански и малцински права за Македонците во Грција.

Југославија имала радикално различен став и пристап за територијалното проширување на Југославија кон запад и целосно решавање на словенечкото и хрватското национално прашање на истата таа Мировна конференција, поточно за прашањето на границите со Италија и Австрија. Комунистите вешто го избегнувале и со одредена доза на присила спречуваа дискусија за обединувањето на Македонија. На македонското Уставотворно собрание, и покрај сугестиите и спречувањето од комунистичкото раководство да се отвори прашањето за обединување, Александар Мартулков[399] – народен пратеник, го покрена прашањето за обединување на Македонија пред пратениците на Усавотворното собрание.

---

[398]Моша Пијаде 1890 – 1957, бил сликар, новинар и ликовен критичар, револуционер и учесник во Народноослободителната борба. Висок државен и партиски функционер на ФНРЈ и КПЈ. Учествувал во создавањето на одлуките на Второто заседание на АВНОЈ и првиот устав на ФНРЈ.

[399]Александар Мартулков 1878-1965 е роден во Велес бил македонски револуционер и публицист. Како член на Македонската социјалистичка група, а подоцна и на ВМРО (Обединета) тој се залагал за ослободување на Македонија. Алексо бил член на Президиумот на АСНОМ и во Собранието на Македонија.

Мартулков барал на заседанието на Уставотворното собрание да се поведе расправа за проект-уставот на Бугарија, кој се разгледувал тогаш во бугарското уставотворно собрание. Тој инсистирал македонското Уставотворно собрание да усвои заклучок со кој ќе се бара отечентвено-фронтовска Бугарија јасно да го одреди својот став кон македонското национално прашање, односно за прашањето за обединување на пиринскиот дел од Македонија со македонската држава. Со интервенција на комунистичкото раководство по говорот на Мартулков немало расправа и истиот бил забранет да се печати. И покрај забраната, БРП дошла до говорот на Мартулков и лично Димитров протестирал кај Јосип Броз – Тито. Македонското раководство го обвинила Павел Шатев за предавањето на говорот на Бугарите на средбата со нивната делегација во Белград на Сеславјанскиот конгрес, што може да се забележи и во извештајот на Колишевски до ЦК КПЈ за забраната за објавувањето на говорот на Мартулков во Уставотворното собрание и односот кон Шатев. Навидум преговорите помеѓу ФНР Југославија и Бугарија продолжиле и во 1947 година, што резултирале со Бледската спогодба[400] помеѓу Тито и Димитров, што потоа со Информирото овие договори никогаш не се реализирале.

## 2.2.Уставот на Народна Република Македонија 1946 година

На 31 декември 1946 година е донесен Уставот на Федеративна народна република Југославија. ФНР Југославија се прогласи за федеративна држава со републикански облик. Со донесувањето на Уставот голем дел од суверенитетот на југословенските народи е префрлен во единствен неделив суверенитет на Југославија. Во првиот член на Уставот е нагласено дека се работи за заедница на рамноправни народи, декларативно спомнувајќи го нивното право на самоопределување со право на отцепување.

Но, во Проект-уставот овие прашања биле намерно изоставени. Затоа претседателот на Демократска Македонија Методија Андонов – Ченто се застапувал за поголема самостојност, која ќе биде уставно загарантирана. Во постапката на донесувањето на Уставот на Југославија, Ченто поднел амандман на членот 1 на Проект-

[400] Договори за Блед Тито - Димитров е името на неколку билатерални договори помеѓу ФНРЈ и Народна Република Бугарија прифатени во Блед во 1947 година. По преговорите во Блед од 30 јули до 1 август 1947 година, делегациите на државните партии се согласиле за мерките што ќе ги преземела владата на Народна Република Бугарија за да се осигурат правата на Македонците во Пиринска Македонија (сега Благоевград) за нивни слободни национални, економски и културни развој и општи односи на Бугарија кон Народна Република Македонија.Во Блед бил прифатен текстот на Договорот за пријателство, соработка и заемна помош меѓу Сојузна народна Република Југославија и Народна Република Бугарија, потпишан и објавен во Евксиноград, како и неколку договори: Договор за економска соработка, Договор за царинско олеснување и подготовки за на југословенско-бугарската граница, за олеснување на граничните премини, за преминување на границата на граничното население и за државјанство меѓу двете земји.За време на преговорите, владата на ФНРЈ Југославија во записникот од конференцијата во Блед навела дека ќе се откаже од 25 милиони долари, во име на воена штета, колку народна Република Бугарија требало да и плати на ФНР Југославија. Заради Информбирото владата на НР Бугарија еднострано го откажала Договорот за пријателство, соработка и взаемна помош и сите останати договори од Блед на 1 октомври 1949 година, освен одлуката за простување на војната.

уставот, со кој што правото на обединување на републиките на југословенската федеративна држава се дополнувал и со „право на Републиките на отцепување“. Тоа предизвикало жестока реакција на Собранието со квалификации дека се работи за загрозување на интегритетот на Југославија и загрозување на основните придобивки на НОБ. Притоа Лазар Колишевски и Методија Андонов – Ченто отишле на состанок со Едвард Кардељ, каде што Ченто недвосмислено барал правото на самоопределување до отцепување да се внесе во Уставот на ФНР Југославија. Покрај Методија Андонов – Ченто, и некои југословенски граѓански партии барале ова право да се венесе во Уставот.Највисокото партиско раководство успеало во намерата да изгради силна сојузна држава, односно конституирање на државен централистички систем[401]. Сите крупни одлуки ги донесуваат мел круг на луѓе, односно Политбирото на ЦК на КПЈ. Со Уставот и дефинитивно се создава сојузна држава со федерални единици, а не сојуз на држави.

Во годините на конституирањето доста актуелно е прашањето за воспоставување граници меѓу федералните единици. Се разграничуваа териториите меѓу одделни републики и со тоа и меѓу Македонија и Србија[402]. Разграничувањето се одвивало со барања на Србија за исправки на границата во нејзина полза и остапки од Македонија. На 21 ноември 1945 година Владата на Демократска Македонија донесува Уредба за определување на бројот на околиите со која се оставаат Качаник, Бујановац, Прешево и Трговиште. Тоа значело прекројување на северната граница, по кое манастирот Св. Прохор Пчински, каде е создадена Демократска Македонија, остана надвор од неа[403].

Српската влада брзала да анектира дел од македонската територија пред да биде донесен Уставот на Македонија. Согласност за тоа дал ЦК на КПМ, кој иако ненадлежен, расправа за границата на 10 септември 1946 година, која ја прогласува границата со Србија за административна и ги прави остапките кон српската влада. Не само што Св. Прохор Пчински веќе не беше дел од Македонија, туку границата се поместила јужно од Качаник на половина пат, меѓу Качаник и Скопје, главниот град на Демократска Македонија, што воено стратешки преставување многу лошо решение за Македонија[404].

Интересно е дека одлуката кога да се свика Уставотворното собрание ја носи ЦК на КПМ на 17 октомври 1946 година. Воедно утврден е составот на Презедиумот на Собранието, и тоа: Богоја Фотев – претседател, Павел Шатев – прв потпреседател и Борче Наумовски – секретар. Исто така посебно е одреден претседател на собрание, а тоа е д-р Борис Спирковски, и секретар Владо Малевски[405]. Како што било одлучено на ЦК,

---

[401]Виолета Ачкоска, Братството и единството (1944 – 1974) – помеѓу хармонијата и дисхармонијата, ИНИ, Скопје, 2003, стр. 45-51.

[402]Исто, стр. 208-2018.

[403]Исто, стр. 210.

[404]Ставре Циков, Вистината за Прохор Пчински, Тајмс Адвертајзинг, Скопје, 2000, стр. 200-225.

[405]Оливер Станојоски, Македонскиот автономизам и сепаратизам (1943 – 1946), Скопје, 2012, стр. 150.

заседанието започнало на 1 ноември со читање на Указот за свикување на Собранието од претседателот Богоја Фотев.

По два месеци заседавање, на 31 декември 1946 година Уставотворното собрание на неговорто II редовно заседание на VII седница едногласно од сите присутни 158 пратеници го прогласи донесувањето на Уставот на Народна Република Македонија пратеници го прогласија донесувањето на Уставот на Народна Република Македонија[406]. Македонската национална држава завршила со своето конституирање не како самостојна држава, туку како федерална единица на ФНР Југославија. Уставот на НР Македонија е во целосна согласност со Уставот на ФНР Југославија. Во НР Македонија важат Уставот на ФНР Југославија и сојузните закони, а дури потоа Уставот на НР Македонија и законите на НР Македонија, кои треба да се целосно усогласени со федеративните[407].

Веќе станало јасно во кој правец ќе се движи политиката на КПМ, очигледно било посочено дека веќе нема место за патриотизам кога се мисли за самостојност или обединување на Македонија. Идеите, платформите и концептите исчезнуваа од ден за ден, заради политичките репресии, немајки слух за било што кое се однесувало за обединување итн., од силен комунистички патриотизам општеството преминало во диктатура на пролетеријатот. Патриотите, интелегенцијата веќе беа ставени на маргините од општеството, отфрлени од се и сешто, што дополнително се потврдило ваквото прашање и на Првиот конгрес на КПМ 1948 година.

Првиот конгрес на КПМ, одржан од 19 до 24 декември 1948 година, ја означувал еуфоричната атмосфера на прифаќањето на директивите на Петиот конгрес на КПЈ одржан претходно (21-28 јули 1948)[408], конгрес на кој Јосип Броз Тито доби целосна подршка за неговата тековна политика и во одбраната од нападите од страна на СССР и Информбирото.

Политичкиот извештај на ЦК на КПМ, поднесен од Лазар Колишевски, и другите документи усвоени на овој прв партиски македонски конгрес, станале рамка во која можеле да си дозволат слобода на искажување поголемиот дел од првите македонски историографи, но и другите толкувачи на општествените промени (филозофи, социолози, правници, економисти итн.) кои требало да бидат апологети на системот. Од историчарите кои имале посебно место во формирањето на општествената свест, не само на младите генерации, туку и на целиот народ, кажано со тогашниот јазик, посебно се барала „партиска чистота“ и нивно целосно посветување на воздигнувањето на славата на Тито и Партијата. Партијност се бара насекаде – во образованието, науката, на полето на

[406]Службен весник, Устав на Народна Република Македонија, 1.3.1947.
[407]Оливер Станојоски, Македонскиот автономизам .........., Скопје, 2012, стр. 150.
[408]Петиот конгрес на КПЈ, кој е одржан во Белград е прв конгрес на југословенските кмунисти по Втората светска војна, во него учествувале 2.344 делегати од вкупно 468.175 членови на КПЈ. Како членови избрани на Централниот комитет на КПЈ од Македонија биле: Вера Ацева, Страхил Гигов, Лазар Колишевски, Видое Смилевски - Бато, Борко Темелковски и Цветко Узуновски – Абас.

културата и уметноста итн[409]. Заради ваквите околности јасно е каде се движела насоката на КПМ, и тоа се гледа кристално чисто во еден дел од политичкиот извештај на ЦК КПМ поднесен од Л. Колишевски на Првиот конгрес на КПМ[410].

Политичкиот притисок и идеолошките чистки биле проследени со истовремено нарушување на принципот на демократскиот централизам внатре во КПЈ-КПМ, но и во СКОЈ. Некогашната редовна точка на дневниот ред на партисите состаноци „Критика и самокритика", му давала право на секој член секого да го прашува. Тоа бил начин на градење искрени другарски односи во Партијата. По објавувањето на Резулуцијата на ИБ, станувале сомнителни сите оние кои прашувале. Другарските и искрените односи биле заменети со страв и сомнеж. Наместо демократски централизам во практика била воведена автократска власт. Партиските состаноци се претвориле во места каде што се прифаќала „линијата на партијата", односно ставовите изнесени во јавните говори на Јосип Броз – Тито и во најтесното сојузно раководство и заклучоците во партиските документи и материјали, доставувани од повисоките до пониските партиски инстанци.

„Информационото биро на комунистичките и работничките партии (Коминформ)" т.е. Информбиро[411] наводно формирано од „потребата" за подобра „размена" на искуствата и за поефикасна координација на заедничките акции на комунистичките партии, набрзо беше претворено во институционална и организирана рамка на судирот на КПЈ со КПСС односно на советско-југословенскиот конфликт во 1948 година. Овој конфликт, помеѓу другото играше една од поважечките улоги во одвивањето на општествено-политичките процеси во македонското општество, чии реперкусии ги расчистуваме до денеска. Тоа имало особена улога во засилувањето на системот на репресија на која беа изложени наводните и реалните приврзаници на Информбирото, т.е. информировци.

Неполна деценија од постоењето на Информбирото (ИБ) е исполнета со жестока кампања против Југославија и КПЈ на надворешен план и барање приврзаници на внатрешен план. Југославија наеднаш остана изолирана и без сојузници[412] на надворешен план, додека на внатрешно-политички план се случува големи преломи: идеолошки чистки, Голи Оток, кршење на законитоста, самоволие, политичко насилство,

---

[409]Виолета Ачкоска, Лекции од историјата на современата македонска држава, Скопје, 2015, стр. 136
[410]Исто, 163.
[411]Формирано при крајот на септември 1947 година во малото полско место Скларска Поремба, Информбирото се состана по втор пат во 1948 година во еден букурешки дворец за да ја изгласа Резулуцијата за состојбите во Комунистичката партија на Југославија. Резолуцијата беше објавена во весникот „Борба" и на тој начин е осуетена акцијата на ИБ да ја растури во вид на брошура во Југославија Трет и последен пат, ИБ се состана во унгарското гратче Марта, во ноември 1949, кога е усвоена Втората Резолуција за Југославија во која за југословенските кмунисти се зборува како за фашисти. Без да одржи други состаноци, Информбирото е распуштено во април 1956 година.
[412]Советската влада одлучила да ги повлече своите воени советници и инструктори (18.3.1948) со мотивација дека се „опкружени со недружељубие", како и цивилни стручњаци (19 март), заради тоа што им било забрането добивање на поверливи информации

радикализација на аграрната политика (форсирана колективизација), пропаѓање на минималните шанси за обединувањето на македонскиот народ.

Од 1948 година Македонија се најде заокружена со речиси најзатворените граници во современа Европа. До најмала можна мерка се сведе физичката и духовната комуникација помеѓу поделениот македонски народ на Балканот. Стотици примери зборуваат за потресните човечки драми на македонските семејства кои останале затворени и разделени зад разните државни граници на балканот и кои ја претрпеле тортурата на разноразните сталинистички режими[413].

Општата несигурност и страв под сеништата на бројните логори и истражни затвори е сивото секојдневие на политичкиот живот во Македонија во годините 1948-1956 година. Во општата кампања на гонењето на „информбировски“[414] и бројни други етикетирани „непријатели“ на КПЈ-КПМ, беа тргнати од јавната сцена, политички ликвидирани или изолирани, настрадаа бројни македонски дејци, оние кои не се помируваа со нецелосно решеното македонско прашање или оние кои не поседуваа „доволна доза на покорност“ кон Титовиот режим и неговите преставници во партиската хиерархија. Судот се користеше за дефинитивни пресметки на Колишевски и со своите политички неистомисленици и со историјата[415].

Според некои податоци, за Резолуцијата на ИБ во ФНРЈ се изјасниле 55.343 членови на КПЈ, од кои 14.500 земјоделци, работници, студенти и ученици, 21.880 учесници во НОВ, 4.153 активни припадници на ЈНА, 1.722 припадници на органите за внатрешни работи, 2.616 членови на разни тела и раководства на КПЈ и 1.189 функционери и членови на Собранието и неговите тела.

Голи Оток – наречен „Мермер“ или „Камен“, првите казнети ги примил на 9.7.1949 година на број 1.200 лица, а веќе кон крајот на идната година бројот ја достигнал бројката 3.663 казнети лица. Од нив 1.657 биле од Србија, 604 од Белград, 1.580 од Црна Гора, 1.378 од Босна и Херцеговина, 957 од Хрватска, 348 од Словенија, 288 од Македонија. Првите жени на Голи Оток биле депортирани во април 1950 година. Дотогаш казните ги

---

[413]Чедомир Лакоскиод од с. Радожда се сеќава дека неговата сестра се омажила во Поградец во 1948 година и цели три децении не ја виделе иако живеела на неколку километри од родното село. По три децении, со специјална дозвола на албанските власти таа успеала да дојде на куса посета кај своите во Радожда. Семејната средба била потресна зошто сите ја испратиле како млада мома, а ја виделе како баба на бројно семејство.

[414]Судбината на Богоја Фотев, првиот министер за земјоделство во Асномска Македонија, ги отсликува траумите на времето и личните драми на луѓето кои не можеа преку ноќ да се променат и да се откажат од „големиот брат“ – Советскиот сојуз.

[415]Така, во екот на започнатите информбировски чистки, во еден материјал на ЦК КПЈ од 1948 година, Лазар Колишевски пишува дека ставовите на Методија Шаторов Шарло „по прашањето на колонистите во Македонија, како и воопшто по националното прашање биле длабоко национал-шовинистички...“ Со оглед на на тоа што во овој период се спроведувала идеолошка и политичка дисквалификација на Сретен Жујовиќ, Колишевски наведува дека „Жијовиќ потполно се согласувал со таквиот став на Шарло за цело време додека бил во Македонија, а на V-та Земска конференција не се оградил од тој став на Шарло...“.

издржувале во Рамски Рид и Забела. Во 1951 година тука пристигнале и првите воени казненици. Вкупно казнети со „општествено корисна работа“ биле 11.694 лица и толку ги имало вкупно на Голи Оток и св. Гргур. Покрај овој број, заради ИБ судски одговарале уште 5.037 лица. Од вкупно казнуваните и осудени за ИБ (16.731) биле: Срби 7.235 или 0,10 % од бројот на населението, Хрвати 2.588 или 0,06 %, Словенци 566 или 0,03 %, Македонци 833 или 0,09 %, Црногорци 3.439 или 0,73 %, Албанци 436 или 0,05 %, Унгарци 244 или 0,05 %, Италијани 87 или 0,16 %, Бугари 251 или 0,40 % и други.

Затоа, и во Македонија, за Резолуцијата на ИБ (поточно за СССР) се определиле стари прекалени борци на НОД, поранешни членови на ВМРО (об.) или предвоени комунисти од „коминтерновската школа“, државотворната иднина на Македонија не ја гледале единствено во рамките на југословенската федерација, туку се бореле и за други опции, а пред се, за интегрално решавање на македонското прашање. Некако се стекнува впечаток дека судирот со ИБ им послужил на централните државно-партиски органи да расчистат со кадрите кои биле носители на поинакви опции или мислења во однос на „генералната линија“ на Политбирото на ЦК КПЈ или на неговите „сигурни“ кадри во Македонија.

Гледано од денешна дистанца, без оглед на сите околности во кои настанал судирот, навистина не бил потребен ни Голи Оток, ни толку многу репресија. Крајните репресивни мерки всушност биле одраз на сталинистичките рецедиви во КПЈ и ја изразувале нејзината недемократска суштина, нејзиниот крут молитизам на чиј врв стоел еден водач, на чии идеи сите се восхитуваат и поклонуваат.

Вистината за бројните ибеовски и други „превоспитувања“ денес е обелоденета, меѓутоа повеќе репресирани се уште одбиваат да ја кажат својата вистина за логорската голгота. Некои до претсмртниот час се плашеле за себе и за своето семејство, а некои се срамеа и чуствуваа мачнина зошто подклекнале во процесот на „ревидирање“[416] на ставовите, дека под принуда станале доушници, информатори[417], а дел од „подобните“

[416]Обично процесот на ревидирање почнувал со самокритика, признание за грешките и плукање врз себе си. Сепак, за вистинското „ревидирање“ одлучувал исклучиво иследникот од републиката од која дошол логорашот. Но „ревидирањето“ зависело и од тоа дали порано или подоцна осуденикот ќе ја потпише изјавата за соработка со УДБ, со што прифаќал да стане поткажувач. „Без потпишување на таква изјава – објаснуваа собните старешини – никој не можел да го напусти Голи Оток. Така беше создаден безпрекорен, но монструозен систем во кој секој секого го контролира и шпионира, што на управата на логорот и овозможуваше целосно да владее со ситуацијата и да ги држи сите конци в рака“. Имало тврдокорни кои никогаш не ги потпишале тие изјави, но повеќето настрадале. Меѓутоа, потпишувањето на таквите изјави за многу логораши станало потешко кога биле пуштени на слобода, зошто и тогаш ги врбувале да бидат доушници и кодоши. Во таква ситуација „многумина целосно се изолираа, се повлекоа во себеси и не контактираа со никого, за да се заштитат од притисоците да поднесуваат усни или писмени извештаи“. (Едно кажување на анонимен Македонец, „Голоточки сведоштва“, ред. Димче Најчевски, „Менора“, Скопје 1999, 138).
[417]Во процесот на превоспитување, логорашите имале задача да се борат против „бандата“ (непревоспитаните), а тоа меѓу другото, значеше, запишал Александар Алексиев „бараме еднаш месечно да отрчаш кај својот иследник и да го известиш за се и сешто. Не е важно за што, бидејќи можеш и да

превоспитувачи се уште упорно тврдеа дека „револуцијата“ бара жртви. А за кого? Зошто? За тоа не сакат да размислуваат зошто одговорот би ги поразил како луѓе и не би можеле да се соочат со ѕверот во себе.

Историската наука, исто така, се уште со скромен успех навлегува во своите детали на психологијата на тоа време и на психологијата на луѓето задолжени за рехабилитација – „општествено превоспитување“ на своите довчерашни другари. Нивната свирепост, бруталност, ниски побуди (да се истакнат пред претпоставените и да напредуваат во службата или пак вербата дека ги уништуваат „непријателите“), идеолошка заслепеност, примитивизам и слепо потчинување на директивите од повисоките места како да постапуваат со „предавниците“, оставиле тешка историска траума. Во својата книга „Власт“, Милован Ѓилас пишува: „Тоа престрого, неодмерено и безобѕирно постапување е последица на ставот дека треба коминформизмот од корен да се откорне“. „Тој став не го одредил никаков форум. Го одредил Тито кој бил највисок, ако не и единствен форум, особено за такви прашања. Тито од советското, сталинистичкото искуство, а исто така и од сопствените желби и амбиции, знаел дека по Револуцијата може и него и државата да ги загрози единствено внатрепартиската комунистичка опозиција. Тито тогаш, во есента 1948 година, викал, и тоа не еднаш или случајно: „Во апс! Во логор! Ами што, кога сакаат да служат на други против својата партија“.

Низ судските досијеа можат да се најдат имињата на оние што биле упатени на „општествено превоспитување“, но не се знае точно за многу, многу поголемиот број луѓе што поминале низ рацете на истражните органи, зад кои не останала никаква пишана трага или трагите се уништени[418]. Посебна ненапишана историја преставува судбината на нивните „жигосани“ семејства: дете, мајка, сопруга или сопруг на „информбираш“. Со месеци молк и никаква вест за затворениот син, ќерка, родител: Каде се? Дали се живи? Што со нивните случувања? Никој не смеел да праша ниту да каже каде се. Насекаде претреси и приведувања[419]. Семејствата препуштени на милост и немилост на „народните“

---

измислуваш, туку да го известуваш, да му докажеш дека утре, кога ќе се најдеш на слобода, кога ќе тргнеш на работа, доколку ти го овозможат тоа, кога ќе се најдеш меѓу пријатели, на фудбалски натпревар, на роден ден, на свадба, на гробишта, каде било, ушите да ти бидат постојано кренати како на оној зајак што го уби таткоми и штом ќе чуеш нешто сомнително, веднаш да го пријавиш тоа. Не е твое да размислуваш дали тоа што си го слушнал или дознал е точно или не е точно, дели е значајно или безначајно. За сето тоа друг е надлежен. Ти си должен да го пријавуиш. И толку. Воопшто не боли! Особено откако ќе отрпнеш“ (Александар Алексиев, Деветте круга на пеколот, „Сигмапрес“, Скопје 2000, 163-164).

[418]Димче Аџи Митрески наведувал дека, покрај Голи Оток, постоеле уште 23 логори и затвори, а биле репресирани околу 450.000 луѓе без нивните семејства кои доживеале посебни тортури.

[419]Ѓорѓи Буровски-Макартуре (с. Русиново) се сеќава дека кога во 1948 година, се вратил од војска атмосферата била многу наелектризирана. Започнало да се звечка со оружјето. Втората вечер по неговото доаѓање се случило бегство. И неговиот помал брат Стефан се спремал за бегање во Грција ама не знаеле зошто. Вечерта припадниците на УДБ ја обиколиле куќата. Тие го барале брат му Стефан. Барајќи ја пребегнатата група, властите поставиле патроли по куќите. Целото село се наполнило со припадници на УДБ од Берово и Скопје. Некои семејства веднаш биле собрани и однесени од селото. Така целата фамилија Ковачовци ги качиле на камион и ги однеле во Кичевско и Битолско.

преставители и „бранители“: понижувања, навреди, губење на пријателите, изолација, сиромаштија, интернација.

Политичкиот извештај ЦК КПМ, поднесен од политичкиот секретар Лазар Колишевски на првиот партиски македонски конгрес, станал рамка во која можеле да си дозволат слобода на искажување поголемиот дел од првите македонски творци. Од историчарите кои имале посебно место во формирањето на свеста, не само на младите генерации, посебно се барала „партиска“ чистота и нивно целосно посветување на воздигнувањето на славата на Тито и Партијата[420].

Воспоставената практика на квази демократија егзистираше речиси и по смрта на Јосип Броз Тито. „И по Тито – Тито“ беше фразата со која се бараше криење зад авторитетот и продолжување на егзистенција на системот на лажна демократија и лажни вредности. Тоа беше последниот обид да се задржи еднопартиската власт и закостенетиот бирократски систем. Расчекорот помеѓу прокламираните демократски права и ветената благосостојба, од една страна, и недемократската практика и социјална беда, од друга, од ден на ден се ширеше за да на крајот од 80-те години избијат на површина нараснатите стремежи за промени и вистинска демократија.

Рушењето на закостениот свет на реалсоцијализмот се покажа како неминовен императив на историјата. Во тие процеси Република Македонија од 1991 година го започна својот нов историски чекор како самостојна и суверена држава.

[420]Виолета Ачкоска, Политика и историја 1944-1998, „Македонска историска наука, достигнувања и проблеми“ „ИНИ“, Скопје 2000, стр. 487-504.

# ЗАКЛУЧОК

Македонското националноослободително движење под силното влијание на илинденската традиција ја увиде историската можност за време на Вторта светска војна, борејќи се на страната на антихитлеровската коалиција, да дојде до национално ослободување и создавање на македонска држава. Во првите години на НОБ носител на македонското националноослободително движење е ПК на КПЈ за Македонија и преставува целосно автономно националноослободително движење. ЦК на КПЈ не можел да прифати автономно национално движење, бидејќи без него немаше легитимитет за возобновување на версајска Југославија со републиканско и федеративно уредување. Затоа со повеќе интервенции се обидувал да го стави македонското национално-ослободително движење под свое раководство и да го насочува кон ослободување само на вардарскиот дел на Македонија, односно само на делот на Македонија под версајска Југославија.

Југословенското комунистичко раководство успеало сериозно да ја загрози автономноста на македонското нациоалноослободително движење од почетокот на НОБ, и со интервенции и притисоци да ја превземе контролата врз него. Тоа се правеше преку комунистичката партиска организација и нејзината хиерархија. Затоа привrзаниците на југословенската линија се комунисти, а привrзаниците на македонската линија се неокомунисти – граѓанска интелегенција или поранешни членови на ВМРО (обединета). Секако дека имало исклучоци во ваквата поделба. Но, комунистичкото движење, сепак е носител на НОБ, па доаѓа до приклучување, зачленување на македонските интелектуалци

со граѓанско-демократски и национални сваќања кон КПМ. Судирот на различните идеи и концепции доаѓа до израз во втората половина на 1943 и во 1944 година, во непосредните подготовки за свикување на државотворно собрание и создавање национална држава на македонскиот народ.

Со конституирањето на македонската национална држава, промакедонската демократска политичка струја, поради својот интелектуален капацитет, успеа да се наметне над македонското партиско раководство. Со тоа Македонија се конституира во демократско-граѓанска држава како федерална единка на авнојска Југославија, целосно прифаќајќи го принципот на самоопределување до отцепување. Делувајќи целосно самостојно, асномската власт ја насочило својата политика кон економско зацврстување на земјата и нејзиното доконституирање, но и кон изнаоѓање начин за дослободување и обединување на Македонија.

Во годините што следат, 1945 и 1946 година доаѓа до финална пресметка меѓу двете политички струи во македонското раководство. Едната, projугословенска, предводена прво од немакедонец – Светозар Викмановиќ – Темпо, потоа од Лазар Колишевски, со недостаток на интелектуален капацитет, определена за интегрална Југославија со федерална Македонија (со ограничена државност), за градење социјалистичко колективистичко општество и диктатура на работничката класа (пролетеријатот). Втората, промакедонска, интелектуална политичка струја со граѓанска идеологија, која се застапувала за самостоја суверена македонска држава (обединета Македонија), граѓанско демократско општество (заосновано на приватна сопственост како негов фундамент), во Југославија или некоја друга федерација, уредена како договорена заедница на соединети самостојни држави. Втората политичка струја имала голема поддршка од македонскиот народ и од сите демократи и прогресивни сили во сите делови на Македонија. Комунистите со својата пропаганда и идеологија исто така имале свои приврзаници. Всушност, искрените комунисти се бореле за демократски и праведен државен систем со поголеми човекови права, но не го знаеле дека тој систем ќе застрани во тоталитаризам и диктатура со системско скратени граѓанско-политички човекови права, што ќе се покрива со издигнување на социјалните права. Проjугословенската политичка струја со интервенција на Белград ја ликвидирала промакедонската политичка струја, односно асномската власт, заслужна за конституирањето на македонската национална држава. Воедно е ликвидиран и дел од нелегалната опозиција. Нелегалната опозиција сметала дека комунистичката власт прави национално предавство, што и не е далеку од вистината.

Имајќи во предвид дека прашањето за обединување на Македонија не било заборавено и по 1945 година, многу битно е да се посочи дека ова тогаш актуелно и многу тешко прашање од локален, федерален преминало на меѓународен план, како точка на дневен ред во политиките на југословенските власти, бугарските и грчките комунисти но со голема резерва, внимавајќи да се задоволат сите инволвирани страни како предмет на

преговори во социјалистички дух. Желбата на комунистичките водства во Југославија, Бугарија и Грција за дополнително прекројување на границите на Балканот траела и во 1945 и 1946 година, но да не го заборавиме фактот дека ваквата желба само останала во билатералните преговори меѓу Федеративна Југославија и Бугарија, додека со раководството на КПГ не било докрај дефинирано заради настаните кој престоеле во однос на граѓанската војна во Грција.

Во однос на тешките преговорите кој се воделе меѓу Југославија и Бугарија во 1945 година и идејата за југословенско-бугарска федерација биле многу битни заради размената на територии меѓу двете држави, а особено за Македонија бидејќи тука директно се разговарало за пиринскиот дел на Македонија. Целата идеја и по бројните неуспешни нацрт-договори ќе ја запечати судбината на ваквото прашање британската надворешна политика во однос на Балканот, недавајќи никаква подршка во однос на ваквото прашање, а да не заборавиме дека Британија е една од креаторите на поствоениот период во однос на политиките и границите на Балканот. Но во исто време будно ваквата состојба ја следи и СССР, исто така заради фактот дека и од е еден од креаторите на политиката на Балканот како и за границите, со предлог дека во иднина и понатака треба да се разговара за ова прашање но претходно да се направи долгорочна стратегија или пак да се потпише сојуз за пријателство и заемна помош, но сето тоа во следниот период завршило без успех во поглед на обединувањето на Македонија.

Прашањето не било изоставено и од грчката политика во однос на Македонија и нејзиното обединување во текот на 1945 и 1946 година, но со далеку поголеми тешкотии заради проблемот во самата Грција кој ќе се стави крај дури во 1949 година. Може слободно да се каже дека соработката помеѓу комунистичките раководства на КПЈ и КПГ со малку присутно вклучување и на БКП била доста актуелна, што подоцна ќе се бара директо одговорен за неуспехот во поставениот план. И за ваквиот проблем инволвирани се двете раководства се мисли на југословенското и грчкото комунистичко раководство, бидејќи КПГ добивала голема подршка од КПЈ но и од КПМ, нормално заради остварување на југословенските политики во нејзината свера на влијание, надевајќи се дека можеби преку обединувањето на Македонија ќе се остварат и политиките на Југославија за уште поголема територијална федерација која ќе излезе на две морића. Тука сосема станува јасно дека ФНРЈ не би се вклучила во ваква авантура доколку ја немала подршката СССР иако заборавајќи ги за кратко одлуките од Техеранската конференција од ноември 1943 каде се ставени конечните граници во однос на Балканот во сверата на влијание на големите сили учесници на оваа конференција.

Согледувајќи ги ваквите настани на Балканот по Втората светска војна, лесно може да дојдеме до заклучок дека комунистичкото раководство на Југославија употребувало два аршини во однос на македонското прашање за негово конечно обединување. Прволт аршин е да не се дозволи било каков автономизам и сепаратизам во КПМ, додека втриот ако се укаже можност за обединување на Македонија тоа да не биде решено од

промакедонската струја во КПМ туку со дозвола на КПЈ секако од големиот водач на федерацијата Јосип Броз – Тито за остварување на неговите лични амбиции во корист на Југославија да стане како територија која ќе ја диктира политиката на Балканот. Последниот обид за да се реши обединувањето на Македонија требало да се случи на Париската мировна конференција но и тука успехот изостанал, така да прашањето си добило конечно решение само Вардарскиот дел на Македонија да остане под раководството на КПМ-КПЈ, а за останатите делови да се создадат услови за нивно етапно решавање. Секако за прашањето во Егејскиот дел на Македонија конечен крај ставила меѓународната политика која повторно и во овој случај ја диктирале Британија и САД, но и безуспешното вклучување на СССР, што ќе остави трајни последици за македонците од овој дел на Македонија.

Да не се заборави дека прашањето за обединување на Македонија не било докрај во интерес на големите сили кои биле на страната на антихитлеровата коалиција, и може слободно да се потврди дека ова прашање не е и денеска на дневен ред на големите сили во поглед на решавање на нивните стратешки цели. По ваквите случувања што се болни за македонското население во Пиринскиот и Егејскиот дел на Македонија ќе останат само една длабока рана во меморијата на македонскиот народ, зошто денеска малцинствата во овие две европски држави не уживаат никакви основни човекови права. Веќе со доаѓањето на пројугословенската струја на чело на владата на Македонија во 1945/6 година ова прашање се оставило во заборав и веќе никогаш не било поставено за дискусија а не пак за да се тоа реши, дури може слободно да се каже дека и било забрането, што ќе посведочат во иднина случувањата кои ќе се одвиваат во поглед на суровите репресиите кој ќе се употребат за луѓето што во нив не била мртва идејата за обединување на Македонија. Комунистичката власт ќе создаде еднопартиски тоталитаризам и диктатура, комунистичка транзиција, непазарни економски мерки според советскиот модел, проследени страотен суров систем и репресија. Носители на власта биле многу мал круг на луѓе во ЦК на КПЈ и ЦК на КПМ кои ги noселе најбитните одлуки во државата, суспендирајќи ги на тој начин Уставите и законите на ФНР Југославија и НР Македонија.

Со уставот на НР Македонија битно се остапило од аснмските определби при конституирањето на македонската национална држава. Македонија изгуби голем дел од самостојноста и суверинитетот, а целосното решавање на македонското прашање воопшто не е поставено како предмет на разгледување, и спречена е сакаква дискусија за тоа, а не уште да добие некакво уставно регулирање.

Веќе на крај слободно може да кажеме дека и со територијалната поделба помеѓу НР Македонија и НР Србија во однос на Св. Прохор Пчински, каде е формирана државноста на Македонија, репресиите потоа, но и со идеолошката поделба за време на Информбирото дека е ставен крајот за обединување на Македонија во рамките на етногеографската територија на Македонија. Посебно по првиот конгрес на КПМ каде

јасно доминирала пројугословенската струја подржана од главниот врв на ФНР Југославија. Целото прашање за идеите, платформите и концептите ќе завши и по 1991 година со распадот на СФРЈ и до ден денеска воопшто не е отворено ниту од европските, балканските а најмалку од македонските лидери.

# РАБОТНА БИБЛИОГРАФИЈА

## 1. ОБЈАВЕНИ ДОКУМЕНТИ

### - Објавена архивска документација


1.Додевски Сашо – 65 ГОДИНИ МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 1944 – 2009 (ДОКУМЕНТИ), Влада на Република Македонија, Министерство за образование и наука, Скопје, 2009 година

2. Александар Христов, Миле Тодоровски, Новица Велјановски – АСНОМ ДОКУМЕНТИ (документи од првото и второто заседание на АСНОМ, том I,книга 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 7)

3.Документи, ПРВАТА ВЛАДА НА МАКЕДОНИЈА, Архив на Македонија, Том II, книга 1, Скопје, 1995 година

4. Киро Дојчиновски, Новица Велјановски и Раде Силјан – НАСТАНИТЕ ОД СКОПСКОТО КАЛЕ (НА 7 ЈАНУАРИ 1945 ГОДИНА – ДОКУМЕНТИ), ИНИ, Матица Македонска, Скопје 1997 година

5.АСНОМ - ДОКУМЕНТИ, том 1,книга 1, Архив на Македонија, Скопје, 1984 година

6. Лилјана Пановска, Тодор Чепреганов – ВЕЛИКА БРИТАНИЈА И МАКЕДОНИЈА 1948 – 1949 (том I), документи, ДАРМ, Скопје, 2003 година

7. Новица Велјановски, ДИПЛОМАТСКИ ДОКУМЕНТИ ЗА ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА ВО ГРЦИЈА 1945 - 1946, кни. 1, ДАРМ, Скопје, 2014, година

8. Новица Велјановски, ДИПЛОМАТСКИ ДОКУМЕНТИ ЗА ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА ВО ГРЦИЈА 1947 - 1949, кни. 2, ДАРМ, Скопје, 2016 година

9.Новица Велјановски, МАКЕДОНИЈА ВО АРХИВОТ НА ЈОСИП БРОЗ ТИТО (1943 – 1953), ДАРМ, Скопје, 2012 година

10. Михајло Миновски, МАКЕДОНИЈА ВО МЕЃУНАРОДНИТЕ ДОГОВОРИ 1941 – 1991, ДАРМ, том II, Скопје, 2008 година

11.Маријан Димитријевски, Зоран Тодоровски, Ристо Бунтески – Бунте, МЕТОДИЈА АНДОНОВ ЧЕНТО (ДОКУМЕНТИ И МАТЕРИЈАЛИ), ДАРМ, Скопје, 2002 година
12. Зоран Тодоровски, Бунтески Ристе – Бунте, МЕТОДИЈА ШАТОРОВ ШАРЛО (ДОКУМЕНТИ И МАТЕРИЈАЛИ), ДАРМ – Македонија литера, Скопје, 2012 година
13. Александар Стојчев, МАКЕДОНИЈА ВО ДОКУМЕНТИТЕ НА ЦИА, Том I, ДАРМ, Скопје, 2018 година
14. Ристо Кирјазовски, КПГ И МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО ПРАШАЊЕ 1918 – 1974, АМ, Скопје, 1982 година
15. Христо Андонов-Полјански, ДОКУМЕНТИ ЗА БОРБАТА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ЗА САМОСТОЈНОСТ И ЗА НАЦИОНАЛНА ДРЖАВА, ТОМ II, Унирзитет Св. Кирил и Методиј – Филозофски факултет, Скопје, 1981 година

## - Списанија, весници и интернет страници

- „Нова Македонија“ од 21.2.1945.
- „Нова Македонија“ од 20.1.1945, 2.
- „Нова Македонија“, 11.1.1945
- „Нова Македонија“ од 9.3.1991.
- „Нова Македонија“ од 23.3.1991.
- Јован Павловски, Против историската вистина, „Дневник“, 13 мај 2000, 15.
- Тодор Атанасовски, Македонија-историски ограбена земја, „Нова Македонија“, 12.8.1994, 13.
- Виктор Цветановски, Автентични сведоштва, „Нова Македонија“, 19.3.1995.
- „Нова Македонија“ од 15.1.1995, Боро Китановски, исто, Прилог 5
- „Вечер“, 6 август 2002
- Густав Влахов, На Македоња не и беше потребна интелегенција, „Млад Борец“, 1668, 29.12.1989
- „Службен весник“, бр: 18, 1 март 1946 година.
- Службен весник на федералната единица Македонија во Демократска и Федеративна Југославија, 1/1945, стр.47/8.
- „Дело“ од 13 и 20 февруари 1997 година.
- „Дело“, 2.2.1996, 20, 31
- „Глас“, бр: 7, 24-25
- „Нова Македонија“ од 22 јануари до 9 февруари 1991 година
- „Дневник“, 14.8.1999
- „Нова Македонија“, год. III, 317, 9 февруари 1946, 2.
- „Македонско дело“, Скопје, 31.3.2000, 25.
- „Нова Македонија“, год. IV, бр: 688, 26.3.1947, 2-3.
- „Нова Македонија“, год. IV, бр: 689, 27 март 1947, 3-4
- „Нова Македонија“, год. IV, бр: 688, 26.3.1947, 2-3.
- „Нова Македонија“, год. IV, бр: 689, 27 март 1947, 3-4
- „Демократија“, 1 од 27 септембра 1945
- „Нова Македонија“, год. IV, бр: 692, 30 март 1947, 3.
- „Глобус“, Скопје 1998
- „Комунист“, Скопје 1976
- „Комунист“, Београд 1958, 719
- Службен весник на ФМ број 1/45
- Службен весник на ФМ бр. 17/45
- Службен весник ФМ, број 24/45
- „Идеје“, год. XV, 1/84, с. 37-39
- „Дневник“, 5 јуни 2000
- Службен весник, Устав на Народна Република Македонија, 1.3.1947.

## - Превземени видеа од интернет(македонски документарни филмови)

1. -https://www.youtube.com/watch?v=FD-Ixzc5hEw&t=2194s
2. -https://www.youtube.com/watch?v=AI8VPVoNAGg&t=1274s
3. -https://www.youtube.com/watch?v=j_EGj0MJNlc
4. -https://www.youtube.com/watch?v=S6gJ5sePm84
5. -https://www.youtube.com/watch?v=CWWFdauORY0&t=1771s
6. -https://www.youtube.com/watch?v=pbVp0ni7twM
7. -https://www.youtube.com/watch?v=wD49A7XpRcE
8. -https://www.youtube.com/watch?v=XMkJiJbICbk
9. -https://www.youtube.com/watch?v=PoLJKwy_iQA&t=893s
10. -https://www.youtube.com/watch?v=2NSxl9niqlU
11. -https://www.youtube.com/watch?v=xxs3mw9I68Y
12. -https://www.youtube.com/watch?v=aPmBjSRpepM
13. -https://www.youtube.com/watch?v=imac7cMl6xk
14. -https://www.youtube.com/watch?v=RuoyWmF3hYs
15. -https://www.youtube.com/watch?v=nr7iTmFZ0Kk
16. - https://www.youtube.com/watch?v=zinvrR_kkds&t=211s
17. -https://www.youtube.com/watch?v=mU64-K1WIUA&t=322s
18. -https://www.youtube.com/watch?v=8Ar_0D596Lo&t=202s
19. -https://www.youtube.com/watch?v=umCSdDKrkv8&t=160s
20. -https://www.youtube.com/watch?v=FJwrmLYJkYE&t=194s
21. -https://www.youtube.com/watch?v=i48NrFBLMt0&t=595s
22. -https://www.youtube.com/watch?v=zp2yodmpscg
23. -https://www.youtube.com/watch?v=Lx87UszWCvM
24. -https://www.youtube.com/watch?v=bKf4UwCTcvk
25. -https://www.youtube.com/watch?v=qyNLT0iV4FU
26. -https://www.youtube.com/watch?v=B-5J3liJSgc
27. -https://www.youtube.com/watch?v=wPGTNZ8BtwA
28. -https://www.youtube.com/watch?v=wmNB3VWpbjI
29. -https://www.youtube.com/watch?v=WXzeeG9B6L4
30. -https://www.youtube.com/watch?v=-CLRWltziP8

## 2. ЛИТАРАТУРА


1. Виолета Ачкоска – ЛЕКЦИИ ОД ИСТОРИЈАТА НА СОВРЕМЕНАТА МАКЕДОНСКА ДРЖАВА (1944-1991), Фолозофски факултет, Скопје, 2015 година
2. Никола Жежов,Виолета Ачкоска, Зоран Тодоровски,Мирјана Нинчовска – ЖРТВИ НА КОМУНИСТИЧКИОТ РЕЖИМ – Четврта книга (едиција македонски искушенија), АРСЛАМИНА, Скопје, 2012 година

3. Виолета Ачкоска – КУЗМАН ЈОСИФОВСКИ – ПИТУ – ВРЕМЕ, ЖИВОТ И ДЕЛО, Кузман Јосифовски – Питу во сеќавањата на Светозар Вукмановиќ – Темпо, ДНУ-Прилеп, ИНИ, Скопје, 1995 година
4. Виолета Ачкоска – БРАТСТВОТО И ЕДИНСТВОТО (1944 – 1974) – ПОМЕЃУ ХАРМОНИЈАТА И ДИСХАРМОНИЈАТА, ИНИ, Скопје, 2003 година
5. Виолета Ачкоска, ПОЛИТИКА И ИСТОРИЈА 1944 – 1998, „Македонска историска наука, достигнувања и проблеми“ „ИНИ“, Скопје 2000 година
6. Виолета Ачкоска, Никола Жежов, ПРЕДАСТВАТА И АТЕНТАТИТЕ ВО МАКЕДОНСКАТА ИСТОРИЈА, Макавеј, Скопје 2004 година
7. Виолета Ачкоска и Никола Жежов – РЕПРЕСИЈАТА И РЕПРЕСИРАНИТЕ ВО НАЈНОВАТА МАКЕДОНСКА ИСТОРИЈА – ПРВ ДЕЛ, Макавеј, Скопје, 2005 година
8. Виолета Ачкоска – ВЕЛЕС И ВЕЛЕШКО (1944 – 1991), Макавеј, Скопје, 2013 година
9. Никола Жежов, ЕНЦИКЛОПЕДИЈА ВМРО 1893-1934, Матица Македонска, Скопје, 2015 година
10. Иван Катарџиев – ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД (1912-1941), том IV, ИНИ, Скопје, 2000 година
11. Вера Весковиќ Вангели, Владо Ивановски – МАКЕДОНЦИТЕ И СЛОВЕНЦИТЕ ВО ЈУГОСЛАВИЈА, Некои специфичности на народноослободителната и антифашистичката војна во Македонија (1941 – 1945), Скопје, 1999 година
12. Владо Ивановски, ПОЛИТИЧКИТЕ СУДСКИ ПРОЦЕСИ ВО СКОПЈЕ ЗА ВРЕМЕ НА БУГАРСКАТА ОКУПАЦИЈА (1941-1944), ДАРМ, Скопје, 2009 година
13. Владо Ивановски – СОЈУЗНИЦИТЕ И МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ (1941 – 1945), Гласник ИНИ, Скопје, 2005 година
14. Владо Ивановски, ОСЛОБОДИТЕЛНАТА ВОЈНА ВО ЗАПАДНА МАКЕДОНИЈА 1941 – 1944, ИНИ, Скопје, 1973 година
15. Киро Глигоров – МАКЕДОНИЈА Е СЕ ШТО ИМАМЕ, Култура, Скопје, 2002 година
16. Јован Лазарев – ДИМИТАР ВЛАХОВ (1878 – 1953), научна трибина, Социјалистичка партија на Македонија, Скопје, 2018 година
17. Михајло Миновски – АВНОЈСКА ЈУГОСЛАВИЈА И МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО ПРАШАЊЕ (1943 – 1946), „Менора“, Скопје, 2000 година
18. Ѓорѓи Цаца – АСНОМ ПЕДЕСЕТ ГОДИНИ МАКЕДОНСКА ДРЖАВА (1944 – 1994), – Уставотворниот карактер на Првото заседание на АСНОМ, МАНУ – ИНИ, Скопје, 1995 година
19. Новица Велјановски – МАКЕДОНИЈА (1945 – 1991) ДРЖАВНОСТ И НЕЗАВИСНОСТ, ИНИ, Скопје, 2002 година
20. Оливер Станојоски– МАКЕДОНСКИОТ АВТОНОМИЗАМ И СЕПАРАТИЗАМ (1943 – 1946), Скопје, 2012 година
21. Драган Кљакиќ – ВРЕМЕТО НА КОЛИШЕВСКИ, „Матица Македонска“, Скопје 1994 година
22. Лазар Колишевски, Аспекти на македонското прашање,Култура, Скопје, 1980 гдина
23. Илија Андонов – Ченто – МОЈОТ ТАТКО – МЕТОДИЈА АНДОНОВ – ЧЕНТО, издавач – авторот, Скопје, 1999 година
24. Владо Поповски, Ванчо Ѓорѓиев, Зоран Тодоровски и Виолета Ачкоска – СОЗДАВАЊЕТО НА СОВРЕМЕНАТА МАКЕДОНСКА ДРЖАВА,Македонска реч – Македоника литература,Скопје, 2014 година
25. Ацева Вера – ПИСМО ДО СВЕТОЗАР ВУКМАНОВИЌ – ТЕМПО, „Култура“, Скопје, 1991 година
26. ПЕТРЕ ПИРУЗЕ – МАЈСКИ (време, живот и дело 1907 – 1980), издаден зборник во Скопје,ИНИ, Скопје, 1997 година
27. Ристе Бунтески - Бунте, МЕТОДИЈА АНДОНОВ-ЧЕНТО, македонски народен трибун, ИНИ, Скопје, 2002 година

28. Димче Савевски, „ПРВОБОРЕЦОТ И РЕВОЛУЦИОНЕР ИЛИЈА АНТЕСКИ – СМОК, ТЕТОВО И ТЕТОВСКО ВО НОВ 1941–1945", книга 2, Тетово, 1991 година
29. Виолета Ачкоска, Александар Атанасовски, Ванчо Ѓорѓиев, Далибор Јовановски, Никола Минов, Стефан Пановски – ВОСТАНИЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА, Филозофски факултет – Скопје, Скопје, 2015 година
30. Блаже Ристоски, МАКЕДОНСКА ЕНЦИКЛОПЕДИЈА, МАНУ, Скопје, 2009 година
31. Димитар Кироваков – ОД КАЈМАКЧАЛАН ДО ГРАМОС, Филозофски факултет – Скопје, Скопје, 2011 година
32. Ричард Џ. Кремптон – БАЛКАНОТ ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА, Виг Зеница, Скопје, 2012 година
33. Александар Трајановски, Михајло Миновски, Александар Апостолов, Даринка Пачемска-Петреска, Зоран Тодоровски, Галена Куцуловска, Љупчо Георгиевски – 100 ГОДИНИ ВМРО (златна книга), Глас на ВМРО – ДПМНЕ, Скопје, 1993 година
34. Мари-Жан Чалиќ – ИСТОРИЈА ЈУГОСЛАВИЈЕ У 20 ВЕКУ, Клио, Белград, 2013 година
35. Ристо Кирјазовски – НАРОДНО ОСЛОБОДИТЕЛНИОТ ФРОНТ И ДРУГИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА МАКЕДОНЦИТЕ ОД ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА (1945 – 1949), Култура, 1985 година
36. Ристо Кирјазовски, МАКЕДОНЦИТЕ И ОДНОСИТЕ НА КПЈ И КПГ (1945-1949), ИНИ, Скопје, 1995година
37. Барбара Јелавич – ИСТОРИЈА НА БАЛКАНСКИТЕ НАРОДИ ОД 1914 ДО 1990 ГОДИНА, Лист, Скопје, 1999 година
38. Ефтим Гашев – НАШАТА КАУЗА, издавач – авторот, Скопје, 1995 година
39. Боро Митровски, Томо Ристовски – ГЕОРГИ ДИМИТРОВ (ЗА МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО ПРАШАЊЕ И ЈУГОСЛОВЕНСКО-БУГАРСКИТЕ ОДНОСИ), Наша книга, Скопје, 1979 година
40. Боро Чушкар – ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ КАРПОШ, Околиски Одбор на сојузот на здруженијата на борци од НОБ за Кумановската околија, Куманово, 1965 година
41. Ангел Динев – ПОЛИТИЧКИТЕ УБИСТВА ВО БУГАРИЈА „Илинден", Скопје, 1951 година
42. Ставре Џиков, ВИСТИНАТА ЗА ПРОХОР ПЧИНСКИ, Тајмс Адвертајзинг, Скопје, 2000 година
43. Ставре Џиков, МАКЕДОНИЈА ВО КОМУНИСТИЧКИОТ ТРИЈАГОЛНИК, „Ѓурѓа", Скопје 1994 година
44. Тодор Чепреганов – БРИТАНСКИТЕ ВОЕНИ МИСИИ ВО МАКЕДОНИЈА (1942 – 1945), Скопје, 2000 година
45. Никола Кљусев, ЛЕМАН, хроника на една младост, „НАМ", Скопје 2003 година
46. Виолета Ачкоска, Информбировската кампања и македонските бегалци од Беломорска (Егејска) Македонија, „Историја", XLIII/1-2, Скопје, 2007 година
47. Зоран Тодоровски, Политичките организации во Македонија по Втората светска Војна „Историја", XXXVI/1-2, Скопје 2000 година
48. Новица Велјановски, Историското значење на Првото заседание на АСНОМ, „Историја", Скопје, 1994/XXX, бр. 1-2, 17
49. Слободан Нешовиќ, СТВАРАЊЕ НОВЕ ЈУГОСЛАВИЈЕ, 1941-1945, Младост, Београд 1981 година
50. Стојан Ристески, СУДЕНИ ЗА МАКЕДОНИЈА(1945-1985), „Време", Скопје, 1993 година
51. Светозар Вукмановиќ Темпо, РЕВОЛУЦИЈА КОЈА ТЕЧЕ, Мемоари, книга II, Београд 1971 година
52. Македонски историски речник, ИНИ, Скопје 2000 година
53. Пецо Трајков, НАЦИОНАЛИЗМОТ НА СКОПСКИТЕ РАКОВОДИТЕЛИ, Софија, 1949 година
54. Боро Китановски, СУДЕЊЕ НА МАКЕДОНИЈА, „Коста Абраш", Охрид, 1997 година
55. Колишевски Лазар, АСПЕКТИ НА МАКЕДОНСКОТОПРАШАЊЕ, „Наша Книга", Скопје, 1979 година
56. Стефан Требст, БУГАРСКО-ЈУГОСЛОВЕНСКА КОНТРАВЕРЗА ЗА МАКЕДОНИЈА (1967-1982), ИНИ, Скопје 1997 година

57. Глигор Крстевски, ОТПОРИ И ПРОГОНИ 1946 - 1950, „Матица македонска“, Скопје 1994 година
58. Глигор Крстевски, МОЕТО ПОЛИЦИСКО ДОСИЕ, „М-графика“, Скопје, 2002 година
59. Никола Жежов, РЕЖИМОТ НА КРАЛСТВОТО НА СРБИТЕ ХРВАТИТЕ И СЛОВЕНЦИТЕ И ОТПОРОТ НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ВО БРЕГАЛНИЧКИОТ ОКРУГ 1918-1924 ГОДИНА, Скопје, 2000 година
60. Илија Максимовски, ПОЛИТИЧКИ ЗАТВОРЕНИК ЗА МАКЕДОНИЈА, Скопје, 1991 година
61. Кочо Топузоски, НИКОЛА КАРЕВ, ЖИВОТ И ПОТОА, „Матица Македонска“, Скопје, 2005 година
62. Димитар Г. Гоцев, НОВАТА НАЦИОНАЛНООСЛОБОДИТЕЛНА БОРБА НА ВАРДАРСКА МАКЕДОНИЈА 1944-1991, „Македонски научен институт“, Софија 1998 година
63. Александар Радевски, РОБОВО, СЕЛО МАЛЕШЕВСКО, Радин, Скопје, 2003 година
64. Петрановиќ Штрбац, ИСТОРИЈА СОЦИЈАЛИСТИЧКЕ ЈУГОСЛАВИЈЕ, документи I, књига II, Београд 1977 година
65. Миомир Мариќ, ДЕЦА КОМУНИЗМА, „Младост“, Београд 1987 година
66. Јонче Фотев, ПИСАНИЈА, „Веда“, Скопје 2003 година
67. Драган Марковиќ, ИСТИНА О ГОЛОМ ОТОКУ, „ИНИ“ 28.12.1988 година
68. Димче Најчевски, ГОЛОТОЧКИ СВЕДОШТВА, „Ненора“, Скопје, 1999 година
69. Александар Алексиев, ДЕВЕТЕ КРУГА НА ПЕКОЛОТ, „Сигмапрес“, Скопје 2000 година
70. Коле Чашуле, РЕЗИМЕ ЗА МОЈАТА ГЕНЕРАЦИЈА, „Матица македонска“, Скопје 1998 година
71. Димче Аџи Митрески, Сеќавања за настани и личности од македонското револуционерно движење, избор, предговор, и редакција Кузман Георгиевски, ИНИ, Скопје, 1997 година
72. Димитар Димитров, Меѓу тоталитаризам и демократија, „Македонска книга“, Скопје, 1994 година
73. Љубен Георгиевски-Љупта, СТУДЕНТИ РЕВОЛУЦИОНЕРИ, I, Скопје, 1968 година
74. Вера Талеска Николовска, ПОТРАГА ПО ВИСТИНАТА, Прилеп, 1991 година
75. Воислав Д. Кушевски, Светозар Наумовски, ДИМИТАР НИКОЛОВСКИ-ТАКИ ДАСКАЛОТ (1921 – 1942), ИНИ, Скопје, 1998 година
76. Стоилко Ивановски-Планински, ВАСИЛ АНТЕВСКИ-ДРЕН, Архив на Скопје,Скопје, 1981 година
77. Дучо Кранго, БУГАРСКИОТ ТЕРОР И ОТПОРОТ НА СКОПСКИОТ ЗАТВОР-СЕЌАВАЊА, Скопје 1986, година
78. Александар Спасовски, РАДЕ ЈОВЧЕВСКИ-КОРЧАГИН, Скопје, 1983 година
79. Глигор Тодоровски, ЗАПАДНА МАКЕДОНИЈА ЗА ВРЕМЕ НА ОКУПАЦИЈАТА (1941 – 1944), ИНИ, Скопје, 1998 година
80. Борче Илиевски, Македонско-српските црковни односи 1944 – 1970, Скопје, 2011 година
81. Љубен Апостолски, ПАНЧЕ АРСОВСКИ, Скопје, 1998 година
82. Крсто Здравковски, ДА НЕ СЕ ЗАБОРАВИ, Архив на Скопје, 1982 година
83. Лилјана Пановска, ТЕРОРОТ ВО ЕГЕЈСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА ПОД ГЕРМАНСКО-ИТАЛИЈАНСКА ОКУПАЦИЈА(1941 – 1944), ИНИ, Скопје, 1995 година
84. Христо Андоновски, МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА ВО БОРБАТА ПРОТИВ ФАШИЗМОТ (1940 – 1944), ИНИ, Скопје, 1968 година
85. Вангел Ајановски-Оче, ЕГЕЈСКИ БУРИ, Скопје, 1975 година
86. Основањето и развојот на Комунистичката партија на Македонија – КПМ, книга 1, Научен собир, Љупчо Арсов, Скопје, 1980 година
87. Основањето и развојот на Комунистичката партија на Македонија – КПМ, книга 2, Научен собир, Масар Кодра, Скопје, 1980 година
88. Васил Јотевски, НАЦИОНАЛНА АФИРМАЦИЈА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ПИРИНСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА (1944-1948), Скопје,
89. Владо Иваноски, ПРЕСПАНСКИОТ СОСТАНОК НА ЦК КПМ ОД АВГУСТ 1943, Скопје, 1983 година
90. Владимир Дедијер, НОВИ ПРИЛОЗИ ЗА БИОГРАФИЈУ ЈОСИПА БРОЗА - ТИТА, книга II, Београд 1981 година
91. Иван Катарџиев, Македонија и Македонците во светот, Матица македонска, Скопје, 1996 година
92. Иван Катарџиев, ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД, том IV, ИНИ, Скопје, 2000 година
93. Народни херои од Македонија, Наша книга, Скопје, 1973 година
94. Иван Катарџиев, Оживувањето на идејата, името и дејноста на ВМРО во Република Македоња, кај: Глигор Крстевски, Отпори и прогони, „Матица македонска“, Скопје 1994година

95. Инадески Митре, ХРОНОЛОГИЈА НА СКОПЈЕ - РАБОТНИЧКО И НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ 1939 - 1945, Архив на Скопје, Скопје, 1974година
96. Стојан Аврамовски, Томе Делчев, Петар Зајковски, Љупчо Зоров, Соња Поповска, Мери Сиљановска, Гоце Стојанов, МАКЕДОНСКИ ВЛАДИ 65 ГОДИНИ, ДАРМ, Скопје, 2005 година
97. Александар Спасовски, ПАРТИЗАНСКОТО ДВИЖЕЊЕ ВО СКОПЈЕ И СКОПСКО 1941 – 1945, Архив на Скопје, Скопје, 1984 година
98. Павле Раковски, Автобиографија (моите страдања), АЕА, Скопје, 2000 година
99. Даринка Пачемска Петреска, ВМРО 1918 – 1934, (хронологија), Филозофски факултет – Скопје, Скопје, 2004 година
100. Тодор Г. Зографски и Димче А. Зографски, КПЈ И ВМРО (ОБЕДИНЕТА) ВО ВАРДАРСКА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ 1920 – 1930, ИНИ, Скопје, 1974 година
101. Воислав Д.Кушевски, МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ ВО ДРУШТВО НА НАРОДИТЕ, Менора, Скопје, 2001година
102. Ташко Мамуровски, МАКЕДОНЦИТЕ ВО ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА (1945-1946), ИНИ, Скопје, 1995 гдина

# СОДРЖИНА

- Предговор
- Вовед

Глава I: Идеи, платформа

1. Комунистичката партија во Македонија (1919 – 1944)
   1.1. Првите партизани во Вардарска, Пиринска и Егејска Македонија
   1.2. Целите на НОБ и обидите за обединување на Македонија
   1.3. Формирање на КПМ (1943)
2. НОБ до првото заседание на АСНОМ
   2.1. Преспанско советување (1943)
   2.2. Манифест (1943)
   2.3. Приговор на АНОК кон Манифестот на Главниот штаб на НОВ и ПОМ

Глава II: Асномска Македонија (1944 – 1946)

1. Историско-политичките основи и подготовките за свикување на Првото заседание на АСНОМ (делегати)
   1.1. Првото заседание на АСНОМ – 2 август 1944 година
2. Одлуки (решенија)
   2.1. Независна Држава Македонија – НДМ (1944)

2.2.Второто заседание на АСНОМ
2.3.Настаните на Скопското кале, Штип, Велес и Куманово
3. Третото заседание на АСНОМ – Првата влада на ДФМ

Глава III: Македонија од ДФМ до Информбирото (1946 – 1949), групи, организации (државен социјализам)
1. Репресии
1.1.„Демократски фронт на Македонија – Илинден 1903“
1.2.ВМРО на Тренчев-Терзиев
1.3.ВМРО – СДРМА (ПРАВДА)
- Заклучок
- Работна библиографија
- Извори
- Литература
- Содржина